ДУШАН РИСТЕВСКИ - МАКЕДОН

ТВОРЕШТВОТО НА СЛАВЕ КАТИН

ДУШАН РИСТЕВСКИ - МАКЕДОН

ТВОРЕШТВОТО НА СЛАВЕ КАТИН

На 80 годишниот роденден на Славе Катин.

ДУШАН РИСТЕВСКИ - МАКЕДОН

ТВОРЕШТВОТО НА СЛАВЕ КАТИН

Издавачи:
„*Македонска искра* “ – Скопје и
Македонското литературно друштво „Григор Прличев“-Сиднеј
Август 2021

Рецензенти:
проф, д-р Вера Стојчевска-Антиќ
Александар Донски и Славе Катин

Корица: Контура - Скопје
Технички уредник: Владо
Печатено во Македонија

***

DUSHAN RISTEVSKI – MACEDON

CREATIVE WORK OF SLAVE' KATIN

Published by
Macedonian Iskra (Spark) – Skopje
Macedonian Literary Association "Grigor Prlichev" - Sydney
August 2021

Reviewers: Prof. Vera Stojchevska – Antich, PhD
Aleksandar Donski and Slave' Katin

Cover designed: Kontura - Skopje
Technical Editor: Vlado
Printed in Macedonia

* * *

Copyright by Dushan Ristevski-Macedon
National Library of Australia card number and
ISBN 978 0 6450553 6 8

ДУШАН РИСТЕВСКИ - МАКЕДОН

ТВОРЕШТВОТО НА СЛАВЕ КАТИН

ВОВЕД

Делото ***„Творештвото на Славе Катин“*** е значајно и по многу нешта единствена монографија од овој вид која е посветена на публицистичката дејност на доблесниот Македонец, истакнат и докажан новинар, духовен посветеник и горд припадник на својот библиски род и македонската земја. Публикацијата претставува исцрпен осврт за делата на Славе Катин кои се однесуваат на вистината на неговото творештво кое е посветено на македонското иселеништво ширум светот, на црковно-духовниот живот, на потеклото, животниот пат и постигнувањата на голем број познати личности во дијаспората и во Македонија.

Публицистот Славе Николовски-Катин кој е познат само како Славе Катин е книжевник, журналист, публицист и аналитичар на Македонците во светот. Тој е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија, на животот на Македонците во светот, на Македонската православна црква – Охридска архиепископија и на Античка Македонија. Славе Катин е вљубеник во својата татковина Македонија, во македонскиот народ насекаде по светот, а за тоа секогаш го водела светата мисла да остави вечни траги за идните македонски генерации.

Неговото име е познато, признато, уважено и респектирано на низа полиња и дециниски потврдено во македонските заедници во светот, македонските православни општини, цркви и манастири во светот, македонските друштва, информативните гласила и друг вид асоцијации во дијаспората. Славе Катин е борец за самостојна, независна и културно-духовно обединета етничка Македонија и за обединување на македонскиот народ во иселеништвото и во етничка Македонија, особено во Република Македонија.

Исто така, неговото творештво се однесува и на низа други аспекти поврзани со македонската дијаспора, како и со културата, литературата, јазикот, историјата, журналистиката и религијата. Тој е автор на шеесет публикации, од кои 22 со името Македонија, 18 монографии за познати личности од дијаспората и Македонија, 7 лексикографски изданија, потоа на стотина научни трудови презентирани на различни симпозиуми, трибини и други собири, како и на околу 5.000 новинарски текстови објавени во Македонија и во светот, меѓу кои одреден број од текстовите и делата можат да се видат и прочитаат на неговата веб-страница.

Меѓутоа, последниве години неговото внимание сè повеќе го преокупираат успешните Македонци во дијаспората, чиј број не е мал, а кои му даваат своевиден белег на овој стар иселенички феномен. И не само заради спецификата на миграциските движења во светот, особено во минатиот век, туку поради фактот што Македонците, независно на кои светски меридијани ќе се најдат, посебен белег им даваат на тамошните општества во кои се интегрираат.

Треба да се истакне дека не е лесно и едноставно да се пишува за луѓе кои инспирираат, кои задолжуваат и кои завештуваат, за луѓе кои оставаат неизбришливи траги со животот и со своите дела кај современиците и кај поколенијата што доаѓаат. Таков е случајот со Славе Катин кој е Македонец од Македонија, од печалбарското Љубојно во Преспа, од Охрид, кој како преспански охриѓанец живее во Скопје, а половина век патува за неговото Торонто во Канада и припаѓа на целиот демократски свет. Славе Катин, без сомнение, е еден од успешните Македонци во светот.

Тој длабоко и силно е поврзан со судбината, вистината и настаните во Македонија, со Македонците од сите делови на Македонија кои, не по своја вина ги напуштиле дедовските корени. Тој е Македонец по националност и православен христијанин по вера. Во исто време тој е еден од најголемите иницијатори и организатори на одбраната на македонското име и вистината за Македонија, тој е бранителот и афирматорот на историјата на етничка Македонија и честа на македонскиот народ во светот од Античка Македонија до денес.

Со монографијата *„Творештвото на Славе Катин“* се прави обид да се фрли светлина врз неговиот животен пат и творештво. Трудот е компониран во повеќе делови, во кои секој дел има по повеќе посебни текстови, претставувајќи хронолошка и тематска заокружена целина. Публикацијата е поделена на пет делови и тоа:

Првиот дел е посветен на македонското иселеништво. Во него се поместени петнаесетина текстови за делата на Славе Катин, кои го третираат и се однесуваат на судбината и вистината на македонското иселеништво насекаде по светот.

Вториот дел се однесува на црковно-духовното живеење на Македонците во иселеништвото и во етничка Македонија. Во него се вклучени публикации посветени на улогата на Македонската православна црква-Охридска архиепископија и нејзината значајна улога во животот и духовното опстојување на македонските иселеници, како и нејзините постигнувања на црковно-духовното поле во Република Македонија.

Третиот дел се однесува и е посветен на десетината лексикографски дела на Славе Катин, почнувајќи од неговото прво дело „Англиско-македонскиот лимнолошки лексикон“, отпечатен во 1986 година, па до речниците во слики за деца и младинци отпечатени на осум јазици.

Четвртиот дел е посветен на дела со историски карактер, кои се однесуваат и разјаснуваат многу дилеми од историски аспект на Античка Македонија. Исто така, се вклучени и дела за Илинденското востание во 1903 година и ослободителната борба на напатениот македонски народ кој само мал дел се ослободи од многуте непријатели во 1945 година.

Петтиот дел се однесува на бројни монографски публикации на познати и признати бизнисмени, личности од културата, религијата, науката и други области. Сите тие оставаат трајни белези за животите и делата на личностите

За сите нив Македонија, таа срцевина на Балканот од искона била и во иднина ќе биде крстосница на најзначајните магистрали помеѓу Северна и Средна Европа, од една, и Медитеранот и Блискиот Исток, од друга страна. Преку овие магистрали постојано се движеле цивилизации од Север кон Југ и од Југ кон Север и секоја зад себе оставала траги од својата материјална

култура. Веројатно дека оваа вистина за Македонија била и мотив за железниот канцелар Бизмарк кон крајог на XIX век да ја изговори познатата сентенца: „Оној што владее со Долината на реката Вардар, владее и со Балканот“.

Публикацијата *„Творештвото на Славе Катин“* претставува значаен придонес во натамошното проширување на сознанијата за драмата на македонскиот народ и за нејзините режисери, коишто со неизмерна упорност ја продолжуваат со години, децении и векови и сè уште упорно ја продолжуваат сатанската намера и се надеваат до конечното искоренување на Македонците од нивниот дел на Балканот.

Со ова монографско дело, донекаде, се успеа да се оттргнат некои дела на Катин од заборавот и преку неговите публикации да се овековечи дел од животот на македонските иселеници, Македонската православна црква - Охридска архиепископија, Античка Македонија, вистината за македонскиот народ во етничка Македонија и за Република Македонија. Публикацијата е дело на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје и на Литературното друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј, издадено во 2021 година, по повод 80-тиот роденден на Славе Катин. Ова е дело на неговиот повеќегодишен ангажман во проучувањето на македонското иселеништво, кое доведе до публикување на вака бројни трудови од оваа област. Тоа покажува дека Славе Катин е исклучително голема, позната, призната и неодминлива личност во македонската дијаспора и во Македонија.

Душан Ристевски-Македон

INTRODUCTION

The monograph entitled ***"The Publications of Slave Katin"*** is significant and in many ways the only book of this kind dedicated to the journalistic activity of the virtuous Macedonian, prominent and proven journalist, spiritual devotee and proud member of his biblical family and of Macedonian the country. The publication is an exhaustive review of Slave Katin's works dedicated to the Macedonian Diaspora around the world, the church-spiritual life, the origin, life path and achievements of many celebrities in the Diaspora and in Macedonia.

Publicist Slave Nikolovski-Katin who is also known as Slave Katin is a publicist, writer, journalist and analyst of the Macedonians around the world. He is known to the Macedonian and international public for his numerous publications, journalistic and scientific papers that are dedicated mainly to ethnic Macedonia, the life of Macedonians in the world, the Macedonian Orthodox Church - Ohrid Archbishopric, and Ancient Macedonia. Slave Katin is a lover of his homeland Macedonia, the Macedonian people all over the world, and for that he was always guided by the holy thought to leave eternal traces for future generations of Macedonians.

His name is well known, recognized, valued and respected in a number of fields and has been confirmed for decades in Macedonian communities around the world, Macedonian Orthodox communities, churches and monasteries around the world, Macedonian societies, news outlets and other associations in the Diaspora. Slave Katin is a fighter for an independent, sovereign and united ethnic Macedonia and for the unification of the Macedonian people outside and inside ethnic Macedonia, especially in the Republic of Macedonia.

Also, his work refers to a number of other aspects related to the Macedonian Diaspora, as well as culture, literature, language,

history, journalism and religion. He has authored sixty publications, of which 22 have the name Macedonia, 19 monographs on celebrities from the Diaspora and from Macedonia, 7 lexicographical editions, as well as hundreds of scientific papers presented at various symposia, forums and other gatherings, as well as about 5,000 journalistic texts published in Macedonia and the world over, among which a number of texts and works can be seen and read on his website.

In recent years however, his attention has been increasingly preoccupied with successful Macedonians in the Diaspora, whose number is not small, and who give a kind of mark to this old emigrant phenomenon. And not only because of the specifics of migration movements in the world, especially in the last century, but also because of the fact that Macedonians, regardless of which world meridians they find themselves, provide a special mark to the societies in which they integrate.

It should be noted that it is not easy and simple to write about people who inspire, who owe and who pledge, about people who leave indelible marks with their lives and deeds with contemporaries and future generations. Such is the case with Slave Katin who is a Macedonian from Macedonia, from the migrant village Ljubojno in Prespa, an Ohrid resident originating from Prespa who lives in Skopje, and for half a century had traveled to Toronto in Canada and belongs to the whole democratic world.

Slave Katin, without a doubt, is one of the most successful Macedonians in the world. He is deeply and strongly connected with destiny, truth and events in Macedonia, with the Macedonians from all parts of Macedonia who, through no fault of their own, left their ancestral roots.

He is a Macedonian by nationality and an Orthodox Christian by faith. At the same time he is one of the greatest initiators and organizers of the defense of the Macedonian name and of the truth about Macedonia, he is a defender and affirmer of ethnic Macedonia's history and honour of the Macedonian people the world over.

The monograph "The Publications of Slave Katin" is an attempt to shed light on Slave's life path and work. The book is composed of several parts, in which each part has several sections, representing

a chronological and thematic rounded whole. The publication is divided into five parts:

The first part is dedicated to the Macedonian Diaspora. It contains twenty texts about Slave Katin's works, which refer to the fate of the Macedonian emigration all over the world.

The second part refers to the church-spiritual life of the Macedonians in the Diaspora and in ethnic Macedonia. It includes publications dedicated to the task of the Macedonian Orthodox Church-Ohrid Archbishopric and its important role in the life and survival of Macedonian emigrants, as well as its achievements in the spiritual-ecclesiastical field in the Republic of Macedonia.

The third part refers to and is dedicated to Slave Katin's dozen lexicographical works starting from his first work "English-Macedonian limnological lexicon", published in 1986, to the dictionaries in pictures for children and youth printed in six languages.

The fourth part is dedicated to works of historical character, which refer to and clarify many dilemmas from a historical aspect of Ancient Macedonia. Also included are works on the 1903 Ilinden Uprising and the liberation struggle of the troubled Macedonian people who, in small part, ousted the many enemies in 1945.

The fifth part refers to numerous monographic publications of well-known and recognized businessmen, cultural figures, religion, science and people from other fields. A brief overview of each section is also presented here.

For all people, Macedonia, the core of the Balkans, from the beginning was and will be the crossroad of the most important highways leading between Northern and Central Europe, on the one hand, and the Mediterranean and the Middle East, on the other. Civilizations from North to South and from South to North were constantly moving along these highways, each leaving behind traces of their material culture.

This truth about Macedonia was probably the motive for Chancellor Bismarck at the end of the XIX century to utter the famous words: "He who rules the Vardar River Valley, rules the Balkans."

The monograph "The Publications of Slave Katin" is a significant contribution to further the expansion of knowledge about the

Macedonian people's drama and about the directors who, with immeasurable persistence, have continued for years, decades and centuries and still persistently continue with their satanic acts, hopes and intentions to finally eradicate the Macedonians from their part of the Balkans.

This monographic work, to some extent, will remove some of Katin's works from oblivion and, through his publications, will immortalize parts of the life of Macedonian emigrants, the Macedonian Orthodox Church - Ohrid Archbishopric, Ancient Macedonia, the truth about the Macedonian people in ethnic Macedonia and the Republic of Macedonia.

The publication is the work of the Publishing House "Makedoska Iskra" in Skopje and the Literary Society "Grigor Prlichev" in Sydney, published on the occasion of Slave Katin's 80th birthday. This is the work of his many years of engagement in the study of the Macedonian Diaspora, which led to the publication of numerous papers in this field. It shows that Slave Katin is an exceptionally great, well-known, recognized and enduring person in the Macedonian Diaspora and in Macedonia.

Dushan Ristevski – Macedon
(Translated by Risto Stefov)

КОЈ Е СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН?
(Биографија)

СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ–КАТИН, кој е познат само како **Славе Катин** е голем вљубеник во својата родна Преспа, во етничка Македонија и македонскиот народ, како и во Македонската православна црква - Охридска архиепископија и во Македонците насекаде во светот. Тој и' е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија и на животот на Македонците во дијаспората.

Славе Катин не припаѓа на политичка партија, бидејќи тој е припадник на етничка Македонија, на Македонците во дијаспората и на Македонската православна црква- Охридска архиепископија (МПЦ-ОА), која како институција игра значајна улога во опфаќањето и сплотеноста на Македонците надвор од Македонија, особено во прекуокеанските земји и насекаде во светот.

Разновидната палета на Катин за реализација на стратешките цели на ова поле опфаќа бројни напори, од кои дел веќе функционираат. Покрај релативно честите посети на трите континенти и неговите приватни средби со мигрантите, преку неговите монографски публикации за најуспешните од нив, Катин, исто така, се обидува да предизвика интерес кај државните лидери во земјата за соработка со дијаспората. Ова особено се очекува со објавување на неговата 55 книга Израел и Македонија (на англиски, македонски и хебрејски).

Катин е роден на 19 август 1941 година во Долна Преспа, во куќа која во тој период ја заплискувале брановите на Преспанското Езеро, во непосредна близина на старата населба Наколец. Тој е роден точно на почетокот на Втората светска војна, кога Хитлеровска Германија, опијанета од идеологијата

на фашизмот, се крена против целиот свет, верувајќи дека има сили да завладее со него.

Во неговата биографија е забележано дека извесен период по неговото раѓање, семјеството се преселува во Љубојно, од каде е неговата мајка Сандра. До завршувањето на осумгодишното училиште во Љубојно и средното училиште во Скопје го носи презимето на мајка му – Грежловски, а потоа на факултет во Белград продолжува со презимето на неговиот биолошки татко Ристо (Барџевски) – Николовски. Во Љубојно Славе го минува поголемиот дел од детството, од младоста, а се навраќа во него скоро цел живот. Катин таму има библиотека со околу 4.000 книги Таму од мали нозе го почувствувал тешкиот печалбарски живот на луѓето од Преспа, особено преку печалбарската сага на дедо му Алексо (Алек) Ристов – Грежлов во Детроит, мајка му Сандра и очихот Јосиф Ничевски во Торонто

Основното и осумгодишното училиште (со мала матура) го завршува во училиштето „Димитар Влахов“ во Љубојно, а Средно техничкото училиште, геодетски отсек во училиштето „Здравко Цветковски“ во Скопје. Студирал две години Геодезија на Вишата геодетска школа во Белград., се школувал и во Торонто, а дипломирал на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Во брак е со Нада Николовска, родена Иванова, во Виница во 1949 година. Таа денес е пензионерка, а беше советник и инспектор по македонски јазик во Бирото за развој на образованието и наука при Министерството за образование на Република Македонија. Нада Николовска - Катин е автор на дваесетина учебници и друга литература и на повеќе од дваесет дидактички дела по македонски јазик кои значат голем придонес во наставниот процес во училиштата во Македонија. Нејзините дела, во исто време се и афирматори и бранители на македонскиот јазик и литературата во земјата и светот.

Нада и Славе Катин имаат две деца: Синот Александар,(Алек- кој го носи името на прадедото Алексо- Алек) роден во Скопје во 1974 година, доктор по ветеринарна медицина - ДВМ и ќерката Дафинка,(која го носи името на пра-пра бабата Дафина) родена во Штип во 1975, професор по англи-

ски, шпански и македонски јазик. Александар е женет со Радмила Николовска, родена Чрчева, во Гостивар во 1974 година, доктор по ветеринарни науки. Тие имаат три ќерки, Сандра Николовска - Катин, родена во Скопје во 2003 година, која го носи името на покојната мајка на Славе Катин. На нејзиниот шести роденден Катин објави пригодна монографија со цртежи што таа ги направи во градинката и фотографии од нејзиното предшколско детство. Втората ќерка Костадина (Дина) Николовска - Катин, е родена во Скопје во 2006 година. И на нејзиот шести роденден Катин објави пригодна монографија со цртежи што таа ги направи во градинката и фотографии од нејзиното предшколско детство. Третата ќерка Надја, која го носи името на бабата Нада, е родена во 2016 година.

Дафинка, пак, е мажена за Џампаоло Скатоца познат како Џипи (Giampaolo Scatozza - Jippi) роден во Рим, Италија. Тој завршил Музичка академија во Рим и сега е џез музичар, (бубневи) и професор по музика, со кого има една ќерка Изабел (Isabel) Катин – Скатоца родена во Торонто во 2006 година и синот Масимо (Massimo) Катин - Скатоца, роден во Торонто во 2007 година. И на нивните шести родендени Славе Катин објави пригодни монографии со цртежи што тие ги направија и фотографии од нивното предшколско детство. Изабел е и автор на тријазичната стихозбирката „Дождот“, која беше промовирана во Љубојно на 02,08 2017 година на големиот македонски национален празник Илинден.

По завршувањето на средното образование, неколку години Славе Катин работи како геометар во Собранието на Општината Ресен. Како студент во Белград, во почетокот на 1966 година заминува за Канада, каде останува четири години. Во Торонто се школува на специјализираниот Институт за англиски јазик и литература „Раерсон“. Извесен период работи како геодет, а пројавува активност и во македонската колонија во Торонто. Еден мандат, во 1968 година, бил генерален секретар на Црковната управа на Македонската православна соборна црква “Свети Климент Охридски” во овој град. Паралелно се занимавал со новинарство, активно сорабо-тувајќи со списанието “Духовна искра” од Торонто, но и со други

печатени и електронски македонски медиуми во Канада и Соединетите Американски Држави.

Во летото 1970 година, по препорака на тогашниот југословенски амбасадор Митко Чаловски се вратил во Македонија како студент на Владата на тогашна Социјалистичка Република Македонија, преку Матицата на иселениците од Македонија. Заедно со неколку студенти од Канада и Австралија имал статус и бенефиции како странски студент во Македонија, со цел, пак, да се врати во Канада.

Меѓутоа, во 1972 година стапил во брак со Нада Иванова, професор по македонски јазик и литература и останал да живее во Македонија, во древниот Охрид. По дипломирањето на Филолошкиот факултет (1974), Катин четири години работи како координатор и стручен преведувач во Хидробиолошкиот завод во Охрид, во периодот на истражувањето на Охридското Езеро, утврдено со Договорот помеѓу Заводот и Смитсоновата фондација од Вашингтон. Во овој период, интензивно работи на повеќе преводи од научен и стручен карактер, од македонски на англиски јазик и обратно, за потребите на Заводот, но и на низа преводи на англиски јазик на научни трудови објавувани во земјата и странство.

Од 1979 до 1984 година, Катин е во Матицата на иселениците од Македонија, каде ја води Информативната служба и работи како преведувач и новинар во списанието “Македонија”. Од 1984 до 1990 година се наоѓа во Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија (РК ССРНМ), каде го уредува “Информативниот преглед” и други информативни публикации на оваа општествена организација. Воедно, од Претседателството на РК на ССРНМ е именуван за раководител на Службата за информирање, за секретар на Комисијата на РК ССРНМ за меѓунационални односи и секретар на Одборот за остварување на улогата на ССРНМ во сферата на религијата и верските заедници.

Од 1991 до 1998 година Катин (именуван од Собранието на Република Македонија, како самостојна и независна држава) ја врши функцијата потпретседател на Републичката комисија за односи со верските заедници. Во 1999 година повторно се враќа во Матицата на иселениците од Македонија, сега веќе

трансформирана во Министерство за иселеништво, кое, по една реконструкција на Владата, е рангирано (деградирано) во Агенција за иселеништво. Со цел поангажирано да се посвети на иселеништвото, во 2001 година, Катин ја напушта Агенцијата и заминува во предвремена пензија.

Меѓутоа, во овие дваесеттина години по пензионирањето, тој е активен во издавачката дејност. Како главен и одговорен уредник на една од престижните издавачкати куќи–Книго-издателството "Македонска искра" од Скопје, тој постигнал видни резултати во издаваштвото, особено во учебникарството. Славе Катин уредил и објавил неколку стотини наслови од кои најголем број се учебници и дидактичка литература, кои значат голем прилог и придонес во образовните процеси во Република Македонија и за учениците во дијаспората, а кои се одобрени од Министерството за образование и наука на Република Македонија, потоа дела на македонски иселеници, асоцијации и организации во Канада, САД, Австралија и Европската Унија, како и книги на бројни познати и непознати автори од Македонија, како и дела од творештво на Славе Катин.

Како функционер на Владата на Република Македонија, Славе Катин бил на посети и разговори кај поглаварите на Романската, Украинската, Руската и Српската православна црква, потоа во Цариградската патријаршија во Истанбил и Ватикан во Рим. Исто така, бил и во делегацијата на Владата на Република Македонија за погребот на Мајка Тереза во Калкута, Индија, а многу пати патувал со делегации на Македонската православна црква -Охридска архиепископија за Канада, Соединетите Американски Држави, Австралија, бројни европски земји, Турција и Израел.

Во неговиот богат творечки опус почнувајќи од првото авторско дело ***„Англиско-македонски лимнолошки лексикон*** **(1986),** па до денес, посебно внимание заслужуваат следните негови дела: **„*Македонците во САД и Канада" (2002)*** (на македонски и на англиски јазик), ***„Македонски холокауст", (1990), „Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД" (1991), „Во Австралија како дома" (1992), „Македонскиот иселенички печат" (1993), „Печалбарски копнеж" (1993), „Македонски***

иселенички паноптикум“ (1996), „Иселенички хоризонти“ (1999), „Атанас Близнаков“* (2000), *„Моите патувања низ светот“ (2001),„Илинден 1903-2003 и македонските иселеници“ (2003), „Иселеничка вртелешка“ (2008), и „Светот на дланка“ (2014)** (на македонски јазик), како и на публикациите ***„По патеките на Евлија Челебија“ (2007) *(на турски јазик)*и ***„Љубовни приказни“* (2011)** (на англиски јазик), ***„Македонците во светот“* (2017)** и ***„Преспанска разгледница“* (2020)** (на македонски јазик).

Особено внимание заслужуваат неговите монографии ***„Андреа Бранов“*** од Мелбурн, Австралија **(2001). „Семејството *Јановски“*** од Торонто, Канада **(2002), *„Светле (Стив) Стамевски“*** од Детроит, САД **(2005), *„Митрополитот Кирил“*** од Македонија **(2007), *„Ѓорѓи (Џорџ) Томов“*** од Њујорк **(2007), *„Бошко Рајчовски–Пелистерски“*** од Флорида **(2008), *„Петар Стаматов“*** од Чикаго **(2010), *„Ѓорѓија–Џорџ Атанасоски“*** од Флорида, **(2012 / 2015) „Атанас *Близнаков“*** од Гери, САД **(2015 / 2017)** (на македонски и англиски јазик), и ***„Есма Реџепова-Теодосиевска“*** од Скопје **(2015),** (на македонски, англиски и ромски јазик), како и делото ***„Гога Печенковски“*** од Ресен **(2004)** (на македонски).

Славе Катин е коавтор и на делата: „***Придонесот на Македонија во светската цивилизација“* (2004), *„Од Панонија до Егеј“* (2007), (на македонски) со** академик д-р Антоније Шкокљев-Дончо, ***„Македонија во античко време“* (2010)** и ***„Балканот и Македонија“* (2014)** (на англиски) со академик д-р Антоније Шкокљев-Дончо и Ристо Стефов, потоа ***„Во чест на Свети Кирил и Методиј“* (1994), *„Ореолот на Дева Марија и Света Богородица Сливничка во Преспа“* (2007),**(на македонски) со проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ, и ***„40 поклонениј пред гробот на свети Кирил во Рим“*(2008)** (на македонски), со проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ и епископ Климент, како и делата ***„Македонски вознес“* (1994)** (на македонски и англиски), ***„Поетски иселенички меридијани“* (1995)** и***„Илинден 1903 во Хамбург“* (1997),** (на македонски јазик) трите со Фиданка Танаскова, ***„Илинден во Љубојно и Преспа“* (2013) (на македонски и англиски)** со Бошко Рајчовски–Пелистерски

и ***„Силјан Мицевски“*** од Битола **(2015)** со Ѓорѓи Лумбуровски (на македонски јазик).

Тој е познат и со неговите лексикографски изданија за деца ***„Ајде да учиме македонски и англиски“*** **(1997)** (на француски, германски, турски, со Исние Шабан, албански, со Лирија Реџепи, влашки со Захарица Порчу и со Љатив Демир на ромски јазик), и ***„Англиско-македонски биотехнички речник“*** **(1994),** потоа **“*Англиско-македонски ветеринарен речник”*(1996)** со проф. Илинка Дракулевска-Грубовиќ и проф. Никола Јордановски, ***„Библиски речник“*** **(1997),** со проф. м-р Петко Златески, ***„Водич низ компјутерската терминологија“*** **(2000),** со Стеван Томовски.

Тој е познат и по преведените бројни дела и трудови од македонски на англиски јазик и обратно, меѓу кои: ***„Селото Неволјани-Леринско“*** **(1986)** (од македонски на англиски) од Ристо Кираџиев од Торонто, на преводите на **„Јубилејното издание посветено на 50-годишнината од основањето на Хидробиолошкиот завод–Охрид“, Охрид, (1985),** на **Развојот и *исхраната на младите ципринид во Охридското Езеро“*** **(1988),** (од македонски на англиски), докторска дисертација на биологот Милчо Точко од Охрид, ***„Страници за Македонија и Македонците“*** **(1990)** од Христо Андоновски, од Скопје и ***„Македонски стопански речник“*** **(1990)** на Стопанската комора на Македонија, како и други преводи на научни трудови од македонски на англиски јазик и обратно. Тој е особено познат со преводот од англиски на македонски јазик на романот ***„Александар Македон-ски“*** **(1988)** од Улрих Вилкен.

Две публикации се објавени за Славе Катин и тоа: Монографија за животот и делото, насловена ***„Катин“ (2004),*** на македонски и на англиски јазик и книгата за неговата публицистичка дејност, насловена ***„Македонски иселенички портрет“*** **(2004),** на македонски јазик, од Борче Наумовски, поранешен министер за култура на Република Македонија.

Во текот на неговата работа и творечка дејност објавил шеесет публикации, лексикографски изданија, преводи од македонски на англиски јазик и обратно. Исто така, автор е на над четири илјади новинарски текстови и други единици од науката, фељтони, репортажи, осврти, портрети, преводи од

литературата, јазикот религијата и културата на англиски и на македонски јазик, како и на друг вид текстови и материјали што се објавени во земјата и во светот.

Славе Николовски – Катин бил акредитиран новинар од Македонија за ***Австралиско-македонски неделник*** од Мелбурн во период од три години и за ***Меѓународна политика*** од Белград. Поголемиот број од неговиот опус на материјалите се однесува и е сврзан со активностите и животот на македонските православни црковни општини во Австралија, Канада, САД и Европската Унија, како и на македонските иселеници во прекуокеанските и европските земји, а 50-тина преводи од македонски на англиски во рубриката „Од месец до месец" во списанието ***Македонија*** се однесуваат на културно-политичкиот и општествениот живот во Република Македонија.

Има учествувано на шеесетина симпозиуми, трибини, конференции и друг вид сесии во земјата и во светот на кои има презентирано, главно, реферати што се однесуваат на културата, литературата, јазикот и религијата, како и на информативната и друга дејност на македонските иселеници во прекуокеанските и во западноевропските земји.

Како активен новинар бил избран за секретар на Здружението на новинарите на Македонија, на која должност остана пет години. Потоа бил член на Претседателството и на Комисијата за меѓународна соработка на Здружението. Бил член и на Советот на Центарот за странски јазици во Скопје, на Издавачкиот совет на „Меѓународна политика" од Белград и член на „Друштвото на литературните преведувачи на Македонија". Два мандата бил потпретседател, како и член на Друштвото за литература и култура Македонија-Канада, потоа бил почесен член на Здружението за примена на македонскиот јазик во службената и во јавната комуникација; потпретседател и доживотен член на Одборот на Фондацијата „Атанас Близнакоф" при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" . Бил член на Меѓународната академија за слобода на религијата во Вашингтон, САД, а почесен член е на Литературното друштво „Браќа Миладиновци" од Торонто, Канада и на Литературното друштво „Григор Прличев" од Сиднеј, а е член на Друштвото за наука и уметност од Битола.

Ефектите од ваквите посети на угледни Македонци од дијаспората на својата Татковина, допрва ќе се почувствуваат, како што ќе се почувствува и придонесот на Катин на овој план. Историската димензија на неговиот национален проект поврзан со иселеништвото, објективно го афирмира во уникатен лидер на едно светско семакедонско движење за промоција на Македонија, не само како колевка на една стара цивилизација, туку и како држава која придонесува развиениот свет сè повеќе да ја чувствува и во сопствениот развој.

Славе Катин, во период од педесетина години објавил околу 5.000 текстови, главно, за Македонија, за иселеништвото, религијата, културата, македонскиот јазик и литературата и други области во информативни гласила во Република Македонија и странство и тоа во: „Нова Македонија", „Вечер", списанијата „Македонија", „Македонска ревија", „Литературен збор", „Културен живот", „Студентски збор" „Лик", „Весник на МПЦ", „Трудбеник", „Бирлик", „Климентов збор". „Духовна искра", „Обединети Македонци", "Македонија", „Искра" „Повод", „Австралиско-македонски неделник", „Македонска искра", Македонски весник", „Духовна искра", „Македонски иселенички алманах", особено во веб-порталот „Македонска нација', како и во други гласила и портали во Македонија и странство, како што се: „Македонско Сонце", „Pollitecon Publications", „Македонски збор", Публицитет", „Матица на иселениците од Македонија", „Macedonia info Diaspora", „Илинден", „Виножито", „Медиа 24.мк" „Огледало" „Преспаинфо", „Македонска виделина" и други.

Славе Катин е добитник на голем број награди и признанија од бројни организации, друштва, установи, цркви и црковни општини во Република Македонија и во странство. Тој, исто така, е добитник на најпрестижната награда ***„Крсте Петков Мисирков"*** на Здружението на новинарите на Македонија од областа на журналистиката.

Душан Ристевски-Македон

WHO IS SLAVE' KATIN?

(Biography)

SLAVE' NIKOLOVSKI – KATIN, who is better known as **Slavè Katin**, loves his native Prespa, Macedonia, the Macedonians people, the Macedonian Orthodox Church-Ohrid Archdiocese, as well as all the Macedonian people living in the Diaspora. He is well known to the Macedonian people as well as to the international community especially for his numerous publications and journalistic and scientific papers which he has devoted mostly to ethnic Macedonia and to the Macedonian people around the world.

Slavè does not belong to any political party. He belongs to Macedonia, to the Macedonian people, to the Macedonians in the Diaspora and to the Macedonian Orthodox Church-Ohrid Archbishopric, an institution which plays an important role in keeping the Macedonian people outside Macedonia and in the world together.

Slavè's diverse palette for realizing strategic objectives in this field covers numerous endeavours, part of which he has already successfully achieved. In addition to his relatively frequent visits to the three continents and his meetings with migrants, through his monographic publications about their successes, Slavè has also tried to arouse interest in the leaders of those counties to collaborate with the Macedonian people in the Diaspora. This was especially expected after publishing his 55th book entitled "Israel and Macedonia" (in English, Macedonian and Hebrew).

Slavè Katin was born on August 19, 1941, in Dolna Prespa in a house located near the shores of Lake Prespa. His house was so close to the lake its walls were regularly splashed by the lake waters when the waves were high. His home was located near the old Nakolets settlement. Slavè was born at the beginning of World War II when Hitler's Germany, intoxicated by fascist ideology, rose against the entire world believing it had the power to seize it.

According to Slavè's biography, several months after he was born his family moved to his mother Sandra's house in the village Ljubojno. Slavè completed his primary education in Ljubojno and his

technical studies in Skopje during which time he was known by his mother's maiden name – Grezhlovski. Then, when Slavè began his university studies in Belgrade he started using his biological father's name. His father was named Risto (Bardzevski) – Nikolovski. Slavè spent most of his childhood and early years in Ljubojno, where today he has a library containing about 4,000 books. As he has done in his entire life, Slavè, to this day regularly visits his home in Ljubojno. From a very young age Slavè was well versed with the hard life of the immigrants from Prespa, particularly through his grandfather, Alekso (Alek) Ristov- Grezhlov's migrant saga in Detroit, USA, his mother Sandra's and his stepfather Josif Nichevski's life in Toronto.

Slavè completed his eight years of primary school in the "Dimitar Vlahov" school in Ljubojno and earned his surveyor's certificate at the Secondary Technical School "Zdravko Tsvetkovski" in Skopje. He studied at the Geodesy Department in the University of Belgrade. He then continued his education in Toronto. He eventually graduated from the Department of English Language and Literature Studies at the Faculty of Philology "Blazhe Koneski" at the University of St. Cyril and Methodius in Skopje.

Slavè married Nada Nikolovska, maiden name Ivanova, born in Vinitsa in 1949. Today Nada is retired but before that she worked as a Macedonian language advisor for the development of education curriculums in the Republic of Macedonia's Ministry of Education and Sciences. Nada Nikolovska - Katin is also an author. She has written over twenty school books and other literature, as well as more than twenty didactical Macedonian language school works, which have greatly contributed to the educational process in the schools in Macedonia and abroad.

Nada and Slavè have two children: Their son Aleksandar, (named after his grandfather Alekso-Alek), was born in Skopje in 1974. He is a doctor of veterinary medicine – DVM. And their daughter Dafinka, (named after her great-grandmother Dafina), was born in Shtip in 1975. She is a professor of English, Spanish and Macedonian. Aleksandar is married to Radmila Nikolovska, maiden name Churcheva, born in Gostivar in 1974. She is a Doctor of veterinary sciences. Aleksandar and Radmila have three daughters, Sandra Nikolovska – Katin, born in Skopje in 2003, named after Slavè Katin's mother. On her 6th birthday, Slavè published a mono-

graph with Sandra's drawings which she drew in kindergarten, and with photographs of her preschool period. Aleksandar and Radmila's second daughter, named Kostadina (Dina) Nikolovska – Katin, was born in Skopje in 2006. On her 6th birthday, Slavè published a monograph with Dina's drawings she drew in kindergarten, and with photographs of her preschool period. Alek and Radmila's third daughter, born in 2016, was named Nadja, after Aleksandar' mother Nada.

Nada and Slavè's daughter Dafinka married Gianpaolo Scatozza, also known as Jippi. He was born in Rome and completed a course in the Music Academy at a university in Rome. He is now a jazz musician and a music teacher. Dafinka and Jippi have two children, a daughter named Isabel Katin – Scatozza, born in Toronto in 2006, and a son named Massimo Katin - Scatozza, born in Toronto in 2007. On their 6th birthday, Slavè also published monographs with Isabel and Massimo's drawings and photographs of their preschool period. At a very young age Isabel has authored a poetry book entitled "The Rain" written in the three languages she communicates in her everyday life: English, Macedonian and Italian. Upon her request the first book was launched in Ljubojno on August 2, 2017, during Ilinden, a Macedonian national holiday.

After completing his Technical education, Slavè, for several years, worked as a surveyor for the Municipality of Resen in Macedonia. At the beginning of 1966, during his studies in Belgrade, Slavè went to Canada, where he remained for four years. He attended the specialized Institute for English Language and Literature studies in Toronto. He also worked as a surveyor for a while, and was active among the Macedonian community in Toronto. In 1968 he served one term as General Secretary in the Macedonian Orthodox Church of "St. Clement of Ohrid" Committee in Toronto. At the same time he was active in journalism, collaborating with the "Duhovna iskra" (Spiritual Spark) magazine in Toronto, and with other Macedonian printed and electronic mediums in Canada and in the United States of America.

Under the recommendation of Yugoslav ambassador his Excellency Mitko Chalovski, in the summer of 1970, Slavè was instructed to return to Macedonia and assume a role as a student in the "Matitsa" for Immigrants of Macedonia in the Socialistic Republic of Macedonia's Government. Slavè, as well as a few students from

Canada and Australia, was accepted as a foreign student in Macedonia with aims of being returned to Canada.

In 1972, however, Slavè married Nada Ivanova, a professor of Macedonian language and literature, and decided to stay in Macedonia, in ancient Ohrid. After graduating from the Faculty of Philology, Slavè took on a job as coordinator and translator for the Hydro Biological Institute in Ohrid where he worked for five years. This was during the period when research was done on Lake Ohrid under an Agreement between the Institute and the Smithsonian Foundation in Washington. During this period Slavè worked on a number of scientific and technical translations, translating from Macedonian to English and vice versa for the needs of the Institute. He also worked on translating a series of scientific papers published in the country and abroad.

From 1979 to 1984 Slavè worked for the “Matitsa” for Macedonian emigrants where he headed the Information Service and worked as a translator and journalist for the “Makedonija” (Macedonia) magazine. Between 1984 and 1990 he worked at the National Conference of the Socialist Soyuz (Alliance) of the Working People of Macedonia (RK of SSRNM), where he edited the “Informativniot pregled” (Informative Summary) and other informative publications of this public organization. At the same time the executive council of SSRNM RK appointed him head of the Information Service and secretary of the SSRNM RK commission for interethnic relations and on the board for realizing SSRNM’s role in the sphere of religion and religious communities.

From 1991 to 1998, Slavè was appointed Vice President of the National Commission for relations with the religious communities by the Assembly of the Republic of Macedonia. In 1999, once again, he returned to the “Matitsa” which by now had been transformed into the Ministry of Emigration, and following a reconstruction of the government, was again named Agency of Emigration. In 2001, Slavè left the Agency aiming to devote himself more intensively with the Macedonian emigrants but retired early.

During his last twenty years after his retirement, Slavè has been active in the publishing business. As an editor-in-chief of one of the more prestigious publishing houses – “Makedonska iskra” (Macedonian Spark) in Skopje, he has achieved great results in

publishing, especially in publishing school books. Slavè has edited and published several hundred titles, out of which the greatest number are school books and didactical literature, which are a great contribution and achievement in the educational processes in the Republic of Macedonia and for the Macedonian pupils in the Diaspora, approved by the Ministry of Education and Sciences of the Republic of Macedonia. A number of books about the Macedonian people, Macedonian associations, and Macedonian organizations in Canada, Australia and the United States were also published. These were written by well-known and unknown authors from Macedonia, as well as books written by Slavè himself.

As an official Government representative of the Republic of Macedonia, Slavè has visited and has had discussions with leaders of the Romanian, Ukrainian, Russian and Serbian Orthodox Churches. Slavè has also visited the Patriarchy in Tsarigrad (Istanbul) and the Vatican in Rome. Slavè was member of the Republic of Macedonia's Delegation during Mother Teresa's funeral in Calcutta, India, and many times has traveled with Macedonian Orthodox Church-Ohrid Archbishopric delegations to Canada, the United States of America, Australia, and a number of European countries, as well as Turkey and Israel.

Within his creative opus of works, starting from Slavè's first book,*"**An English-Macedonian Limnological Dictionary"* **(1986)** up to the present day, the following publications deserve mentioning: *"**Macedonians in the United States and Canada"* **(2002**) (printed in Macedonian and English), *"**Macedonian Holocaust"* **(1990),** ***"The Macedonian Orthodox Churches in Australia, Canada and the United States"*** **(1991),** ***"In Australia as at Home"*** **(1992),** ***"Macedonian Immigrant Press"*** **(1993),** *"**An Emigrant Desire"* **(1993),** *"**Macedonian Immigrants Panopticon"* **(1996),** "***Emigrant Horizons"*** **(1999),** ***"Atanas Bliznakoff"*** **(2000),** ***"My Travels Around the World"*** **(2001**), ***"Ilinden 1903-2003 and the Macedonian Immigrants"*** **(2003),** ***"Immigrants' Carousel***" **(2008),** and ***"The World on a Palm"*** **(2014),** (in Macedonian). Slavè is also author of the publications ***"On the Trail of Evliya Çelebi"*** **(2007),** (in Turkish), ***"Love Stories" (2011)*** (in English) ***"Macedonians in the World" (2017)*** (in English), and ***"A Postcard of Prespa" (2020)*** (in Macedonian).

In addition, Slavè has published the following monographs: ***"Andrea Branov"*** from Melbourne, Australia (in Macedonian and English) **(2001),** ***"The Janovski Family"*** from Toronto, Canada (Macedonian and English) **(2002),** ***"Svetle (Steve) Stamevski"*** from Detroit, US (Macedonian and English) **(2005),** ***"Metropolitan Kirill"*** from Macedonia (Macedonian and English) **(2007),** ***"George Tomov"*** from New York, US (Macedonian and English) **(2007),** ***"Bosko Rajchovski -Pelisterski"*** from Florida (Macedonian and English) **(2008),** ***"Gorgija - George Atanasoski***" from Florida (Macedonian and English) **(2012 / 2015),** ***"Atanas Bliznakoff"*** from Gary, US (Macedonian and English) **(2000 / 2017),** ***"Esma Redzepova-Teodosievska"*** from Skopje **(2016)** (English, Macedonian and Roma), ***"Goga Pechenkovski"*** from Resen **(2004)** and ***"Siljan Mitsevski"*** from Bitola **(2015)** (in Macedonian) as well as ***"Macedonian Imigration Meridians"*** **(2017)** (in Macedonian) and ***"Israel and Macedonia"*** **(2017)** (English, Macedonian and Hebrew).

Slavè has also co-authored the following publications: ***"The Contribution of Macedonia to World Civilizisation"*** **(2004),** ***"From Panonia to the Aegean"*** **(2007)** (in Macedonian), with Academic Antonije Shkokljev-Doncho, PhD; ***"Macedonia in Ancient Time"*** **(2010),** and ***"The Balkans and Macedonia"*** **(2014)** (in English), with Academic Antonije Shkokljev-Doncho, PhD and Risto Stefov, ***"In Honor of St. Cyril and St. Methodius"*** **(1994),** ***"The Aureole of the Virgin Mary and St. Mary Monastry of Slivnitsa in Prespa"*** **(2007**), with Professor Vera Stojchevska-Antich, PhD ***"40 Pilgrimages in Front of the Grave of St. Cyril in Rome"*** **(2008),** (in Macedonian),with Professor Vera Stojchevska-Antich, PhD and Archbishop Kliment, as well as of the books ***"Macedonian Exaltation"*** **(1994),** ***"Poetic Immigrant Meridians"*** **(1995),** and ***"Ilinden 1903 in Hanburg*** **(1997),** (in Macedonian) with FidankaTanaskova, ***"Petar Stamatoff"*** from Chicago **(2010)** with Professor MetodijaTrajkovski, and ***"Ilinden in Ljubojno and Prespa"*** **(2013)** (in Macedonian and English) with Boshko Rajchovski - Pelisterski, as well as ***"Siljan Mitsevski"*** **(2015)** (in Macedonian) with Georgi Lumburovski.

Slavè is also known for his numerous translations such as***:"The Village of Nevoljani, District of Lerin"*** **(1986)** by Risto Kiradziev

(in Macedonian and English), the translation of the book ***"Jubilee Edition of the 50th Anniversary of the Hydro-biological Institute of Ohrid"*** **(1985),** ***"Development and Nutrition of the Young Cyprinids of Lake Ohrid"*** **(1988),** the doctoral dissertation of Milcho Tochko, (from Macedonian to English), ***"Pages About Macedonia and the Macedonians"*** **(1990)** by Hristo Andonovski, ***"Macedonian Economic Directory"*** **(1990)** by the Economic Chamber of Macedonia (from Macedonian to English), and vice-versa of other various scientific works. Slavè is especially known for his translating of the novel ***"Alexander the Great"*** **(1988)** by Urlich Wilken, (from English to Macedonian).

In addition to the 50 above mentioned publications, Katin has also authored more than a hundred scientific papers in various fields, and over 3,000 journalistic and other texts published in the Republic of Macedonia and in the world. Two books about Slave Katin have also been published, they are: A monograph about his life and work entitled ***"Katin"*** **(2004),** (in Macedonian and English), and a book about his publicist activity entitled ***"Macedonian Emigrants Portrait"*** **(2004),** (in Macedonian) by Borche Naumovski, former Republic of Macedonia Minister of Culture.

During his vocation Slavè has produced sixty publications, lexicographical editions, translations from Macedonian to English and vice versa. He has also authored over four thousand journalistic texts and other works of science, feuilletons, reports, reviews, portraits, translations of literature, language, religion and culture in English and Macedonian, as well as other types of texts and materials published in Macedonian and the world over.

Throughout his vocation Slavè has participated in about 60 symposia, tribunes, conferences and other sessions in Macedonia and throughout the world where he has presented papers relating to culture, literature, language and religion, as well as information and activities on Macedonian overseas and western European expatriates.

Slavè is an accredited Macedonian journalist and worked for the newspapers ***"Australian-Macedonian Weekly"*** in Melbourne for three years, and for the newspaper ***"International Politics"*** in Belgrade. Most of his works referred to here are connected with the life and activities of the Macedonian Orthodox parishes in Australia,

Canada, U.S. and the European Union, as well as with the Macedonian expatriates overseas and in European countries. Around 50 translations from Macedonian to English have been published in the magazine ***"Macedonia"*** under the column "From month to month" which reflected the cultural and social life in the Republic of Macedonia.

As an active journalist, Slavè was elected secretary of the Association of Macedonian Journalists, a position he held for five years. He was then an Association member of the Presidency and the Commission for International Cooperation. He was also a member of the Center for Foreign Languages Council in Skopje, a member of the Publishing Council of "International Politics" in Belgrade and a member of the "Association of Macedonian Literary Translators". He was vice president for two terms, as well as member of the Society for Macedonia-Canada Literature and Culture. He was appointed honorary member of the Association for the use of the Macedonian language in official and public communication; Vice President and lifelong member of the "Atanas Bliznakov" Foundation Board at the Ss. "Cyril and Methodius" university. He was a member of the International Academy for Religious Freedom in Washington DC in the USA, and an honorary member of the Literary Society "Miladinov Brothers" in Toronto, Canada and of the Literary Society "Grigor Prlichev" in Sydney, Australia. Slavè is also member of the Society of Sciences and Arts in Bitola, Macedonia.

Slavè has participated in numerous symposiums, panels, and seminars within the country and abroad at the request of hosts who appreciated and respected his views on a series of issues in their fields. In this respect Slavè has established an exceptionally rich and dynamic communication link with numerous people in the country and throughout the world. Thus, he began to build a great golden bridge to link the emigrants with their fatherland, especially after Macedonia became an independent state, as well as make their mutual acquaintance and togetherness regardless of the distance between them. However, his contributions do not end there. Slavè is well aware that Macedonia can be helped even more if individuals and businesses invest in a series of significant projects

to bring speedier development, i.e. if successful businessmen in the Diaspora show more interest.

The effects of respectful Macedonians from the Diaspora visiting their fatherland have not yet been felt, but they will and so will Slavè's contribution in this field. The historical dimension of his national project regarding the emigrants, objectively affirms Slavè as a unique leader of a global all-Macedonian movement for promoting Macedonia, not only as the cradle of an ancient civilization, but also as a country which can contribute to the development of the world.

Over a period of fifty years, Slavè has published over 5,000 texts, mainly about Macedonia, the Macedonian Diaspora, religion, culture, language, literature, etc., in the following newspapers and magazines in the Republic of Macedonia and abroad: "Nova Makedonija", "Vecher", " Makedonija", Makedonska revija", "Literaturen zbor", "Kulturen zhivot", "Studentski zbor", "Vesnik na MPC", "Trudbenik", "Birlik", "Lik", "Klimentov zbor", "Duhovna iskra", "Obedineti Makedontsi", "Iskra", "Povod", "Avstralisko-makedonski nedelnik", "Makedonska iskra", "Makedonski vesnik", "Duhovna iskra", "Makedonski iselenitski almanah", especially in the Web-portal "Makedonska natsija", as well as in other press and portals in Macedonia and abroad, such as: "Makedonsko Sontse" , "Pollitecon Publications", "Macedonian World", "Publitsitet", "Matitsa na iselenitsite od Makedonija", "Macedonia info Diaspora", "Ilinden", "Rainbow", "Media 24", "Ogledalo","Prespa info" and others.

Slavè has received many awards and recognition from a number of organizations, associations, institutions, churches and church communities in the Republic of Macedonian and in the Diaspora. He has also been awarded the prestigious ***"Krste Petkov Misirkov"*** Award from the Association of Macedonian Journalists in the field of journalism.

Dushan Ristevski – Macedon
(Translated by Risto Stefov)

ПРВ ДЕЛ

МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО

СЛАВЕ КАТИН И НЕГОВИТЕ ДЕЛА ПОСВЕТЕНИ НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО 33

СО ПОЧИТ КОН МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (1) 40

ПУБЛИЦИСТИКАТА – ГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК И ЉУБОВ КОН МАКЕДОНСКИОТ И АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ЗА КАТИН (2) 45

„МАКЕДОНСКИ ХОЛОКАУСТ“ - ПРВО ДЕЛО ПОСВЕТЕНО НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (3) 49

ИНФОРМАТИВНИТЕ ГЛАСИЛА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ВО СВЕТОТ (1945-1992) (4) 53

ПЕЧАЛБАРСКИОТ КОПНЕЖ НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (5) 59

ДЕЛ ОД СУДБИНАТА НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО ВО СВЕТОТ (6) 65

ИСЕЛЕНИЧКИ ХОРИЗОНТИ КОН ПАТУВАЊАТА НИЗ СВЕТОТ (7) 71

ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНЦИТЕ ВО САД И КАНАДА“ – ЗНАЧАЈНО ДЕЛО НА СЛАВЕ КАТИН (8) 76

ПАТУВАЊАТА ПО СВЕТОТ ПРЕТСТАВЕНИ ВО ДЕЛАТА „СВЕТОТ НА ДЛАНКА“ И „ЕВЛИЈА ЧЕЛЕБИЈА“ (9) 88

ИСЕЛЕНИЧКА ВИСТИНА ВО ДЕЛАТА „ИЛИНДЕН ВО ЉУБОЈНО И ПРЕСПА“ И „ИСЕЛЕНИЧКА ВРТЕЛЕШКА“ (10) 94

ДЕЛОТО „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“ – БИОГРАФСКИ КОЛАЖ ЗА ИСЕЛЕНИЦИТЕ (11) 99

„MACEDONIANS IN THE WORLD“ (МАКЕДОНЦИТЕ ВО СВЕТОТ) (12) 105

„МАКЕДОНЦИТЕ ВО СВЕТОТ“ – ДЕЛ ОД ИСЕЛЕНИЧКАТА ВИСТИНА (13) 112

ВИСТИНАТА ЗА ЕТНИЧКА ПРЕСПА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „ПРЕСПАНСКА РАЗГЛЕДНИЦА“ (14) 117

ДЕЛ ОД ПУБЛИКАЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЦИ ОД СВЕТОТ ПРОМОВИРАНИ ОД СЛАВЕ КАТИН (15) 122

СЛАВЕ КАТИН И НЕГОВИТЕ ДЕЛА ПОСВЕТЕНИ НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО

Славе Николовски-Катин е познат, меѓу другото, по неговите дваесеттина објавени публикации посветени исклучително на македонското иселеништво. Почнувајќи од првото дело за иселеништвото ***„Македонски холокауст“*** до 50-тото дело во неговото творештво „Светот на дланка“, во шеснаесетте публикации тој го претставува значајниот придонес во натамошното проширување на сознанијата за драмата на македонскиот народ во дијаспората.

Така, делото *„Македонски холокауст“* непосредно и аргументирано ги прикажува животните судбини на Македонците. Во секој презентиран текст читателот го чувствува присуството „на последното целивание“ на Македонецот со родната грутка, со најблиските во родниот крај и со гробовите на починатите. Никој од насилно отселените од родниот праг не верувал ниту, пак, ќе поверува дека латинската поговорка: „Ibi bene ibi patria“(Таму каде што ти е убаво, таму ти е и татковината) претставува вистина. Затоа и за навек вака ќе се одгласуваат како вистина испеаните песни: „Бог да бие кој прв спомна Америка“, „Туѓината пуста да остане“ и други македонски песни.

Втората публикација во која е опишано дел од македонското иселеништво е насловена ***„Во Австралија како дома“.*** Во неа авторот ги пренесува неговите творечки преокупации како патописец, портретист, репортер и хроничар на дел од настаните во македонските колонии во Австралија. По структура тие се репортажи, портрети, белешки, разговори, записи. По содржина овие новинарски текстови обработуваат прашања и проблеми од областа на животот и активностите на македонските

доселеници, особено на Македонците од Беломорска Македонија кои живеат и работат во демократска и мултикултурна Австралија.

Книгата ***„Македонскиот иселенички печат“*** од Славе Николовски-Катин е резултат на неговата долгогодишна истражувачка работа во областа на печатот и новинарството и достигнувањата на македонските иселеници во прекуокеанските земји - Австралија, Канада и Соединетите Американски Држави, како и во голем број земји во Европската Унија и пошироко. Таа го опфаќа периодот од 1945 година, односно од конституирањето на Народна Република Македонија до 1992 година, времето кога Македонија стана самостојна суверена и независна држава. Таа е прв обид за дело од ваков вид во Македонија кое има за цел да пополни една празнина во историска анализа на печатот и новинарството на македонските иселеници.

Публикацијата ***„Печалбарски копнеж“*** на своите страници опфаќа вкупно 44 новинарски и публицистички текстови за македонски иселеници во Канада и во Соединетите Американски Држави. Всушност, преку овие написи авторот раскажува за своите бројни средби со Македонците во тие две прекуокеански земји. Тие чести средби се резултат на неговите патувања и престои по разни поводи и во подолг временски период, но поголемиот број од овие текстови ги одразуваат контактите, средбите и разделбите на авторот со македонските иселеници.

Во книгата ***„Македонски иселенички паноптикум“*** низ прилозите кои својата прва промоција ја имаа на бројни симпозиуми, конференции и трибини во земјата и светот, Славе Катин открива еден навидум познат, а, всушност, недоволно осознаен феномен на Македонците во дијаспората: способноста за нивно брзо адаптирање и интегрирање во новата средина; изостреното чувство за прифаќање на новите општествени норми и стандарди и успешното вклучување во новите економски и социјални процеси. Таквиот modus vivendi им овозможува да го свртат вниманието на тамошниот естаблишмент врз сопствените цивилизациски вредности и врз својот автентичен геокултурен автопортрет, со кој Македонецот е препознатлив, речиси, на сите меридијани.

Македонските доселеници во Соединетите Американски Држави и Канада секаде и во секоја пригода го истакнуваат своето македонско битие изразено преку сопствената богата, културна, национална и црковно-духовна историја. Во таа насока е и публикација ***„Македонското иселеништво во САД и Канада“.*** Таа претставува значаен придонес во проширувањето на сознанијата за македонското иселеништво во Северна Америка. Во неа е дадено духовното, црковното, националното, општественото и културно-образовното живеење на Македонците. Посебен акцент е ставен на црковното живее-ње на Македонците од нивното доаѓање во САД и Канада па до денес.

Трудот го опфаќа периодот од доаѓањето на доселениците во новите средини па се до денес, што претставува макотрпна, но и одговорна самоиницијативност да се создаде таква публикација. Таа го одбележува најважниот период на македонските православни црковни општини и активностите на македонските доселеници во новите средини, а со тоа ја отсликува македонската вистина на иселениците.

„Иселеничките хоризонти“, пак, е книга која се чита во еден здив, зашто раскажувачката парадигма на Славе Катин пленува со стилот и начинот на трансформацијата на настаните што се нижат како на лента од возбудлив филм кој нé води од континент на континент. Светот што ни го открива не е имагинарен, туку реален и непосредно доживеан, во кој авторот е соучесник и сведок, а не само посматрач. Неговите оценки и констатации извираат од живиот контакт и фактографијата со која го соочуваат неговите соговорници и затоа треба да се прифатат како релевантни факти и една продлабочена анализа за македонското иселеништво.

Заедничкото дело ***„Поетски иселенички меридијани“*** на Славе Катин и Фиданка Танаскова, пак, е збир на поетските остварувања на Македонците во Австралија, Америка, Канада и Европа. Презентираните стихови длабоко ја изразуваат својата духовност – тагата и љубовта, надежите и верувањата, желбите и сеќавањата, испреплетени со новото во животните крстопати и со она што ја следи нивната судбина во далечните простори. Книгата е прв труд од ваков вид, во кој на едно место се собрани стихови на сто и педесетина Македонци – творци од

Австралија, САД, Канада и Европа, до кои авторите успеаја да дојдат по нивното повеќегодишно трагање.

Исто така и монографијата за македонскиот клуб ***„Илинден 1903“*** во Хамбург е заедничко дело на Славе Катин и на новинарката Фиданка Танаскова. Монографијата била објавена кога клубот ја одбележувал дваесетгодишнината од основањето во 1998 година. Во 1978 година биле удрени темелите на институцијата што ја продолжила традицијата и континуитетот на одржувањето на македонскиот национален субјективитет и интегритет. Овој пат во една друга национална средина, во срцето на Европа, во пазувите на еден пријателски народ со долга историја и култура, во Германија.

Во рамките на патувањата ширум светот, Катин има објавено многубројни текстови и публикации за македонските иселеници. Притоа, покрај разговорите за нивната животна голгота, не биле заобиколени ни типичните интимни прашања и проблеми. Карактеристична е нивната генетска поврзаност со семејството.

Потврда за тоа е книгата со наслов ***„Иселеничка вртелешка“,*** која содржи 20 исповеди на наши луѓе од различни возрасти, со различен социјален статус, без оглед во кој дел од светот живеат, а во чии срца не згаснува љубовта кон родната земја Македонија. Тоа значи дека македонскиот човек се судира со фактот дека во дијаспората главен проблем не е само голиот опстанок туку и изборот на животниот сопатник, односно формирањето семејство, што за секој Македонец е света работа, за што се поднесуваат и големи жртви. Интимните приказни содржани во оваа книга на Славе Катин најдобро го потврдуваат овој факт. Тие се објавени и на англиски јазик во делото ***„Love stories“ (Љубовни приказни).***

На турски јазик, пак, е објавено делото на Катин под наслов ***„По трагите на Евлија Челебија“,*** во кое се опишани неговите патувања и трагања ширум Турција. Притоа, посебно место во книгата имаат средбите и разговорите на авторот особено со Македонците муслимани и Турците кои водат корени и се тесно поврзани со Румелија, односно Македонија.

Репортерските записи насловени како ***„Моите патувања по светот“,*** всушност се описи на краишта, предели, градови,

држави, во кои новинарот патувал и го опишува она што на тој пат го привлекувало неговото внимание. Во новинарското обликување на репортажите кај авторот доаѓа до израз неговата автентичност, документарност и конкретно прикажување на она што е најбитно.

Слична е темата и во репортерските записи во јубилејното 50 дело на авторот Славе Катин. Сето ова наведува на заклучокот дека Славе Николовски-Катин е репортер со енциклопедиски познавања и информации за градовите и за земјите што ги посетил и преку оваа збирка репортажи несебично се прикажуваат на читателската публика во Македонија земјите кои авторот ги посетил, притоа барајќи ги Македонците на тие простори, со цел да го збогати историскиот преглед на македонските иселеници ширум светот.

Делото, пак, насловено ***„Илинден во Љубојно и Преспа“*** од Славе Катин и коавторот Бошко Рајчовски-Пелистерски од Соединетите Американски Држави е посветено на Илинден, на илинденските иселенички средби во Љубојно и Преспа. Илинден, Втори август е запишан со позлатени букви во историјата на македонскиот народ, а особено во историјата на Преспа.

На тој ден во 1903 година избувнало Илинденското востание, а на истиот тој ден, односно на 2 август во 1944 година, Македонија била конституирана во држава. Во ова дело акцент е ставен на сто и педесетината македонски православни цркви во цела етничка Преспа и на бројни цркви во дијаспората, како дел од црковно-националното живеење на Македонците во иселеништво.

Благодарение на демократските процеси што настанале по осамостојувањето на Република Македонија како независна, демократска и самостојна држава, Илинденските средби во Љубојно добиле нова организациско-културна и програмска шема, дух и димензија. Како резултат на таквите услови, на средбите кои имале карактер само на илинденска прослава започнале да се прошируваат и да се внесуваат и други активности и содржини на културен план.

Така, уште во 1992 година во текот на празничните денови во библиотеката на Домот во Љубојно, пред повеќе од двесте

присутни, за првпат се одржала промоција на книга. Тоа било делото „***Во Австралија како дома*“** од Славе Николовски–Катин, за кое зборувале проф. д-р Томе Саздов, како претседател на Мати-цата на иселениците од Македонија и писателот Раде Силјан како издавач. Исто така, на присутните им се обратиле проф.д-р Васил Тупурковски и писателот Цане Здравковски. Публика-цијата „Во Австралија како дома“ од Славе Николовски-Катин било прво издание промовирано во Љубојно.

Публикацијата ***„Светот на дланка“*** е 50-то. издание на Славе Катин, во кое се објавени 40 репортажи од доживувањата и посетите на 40 земји во светот, и тоа: со 50 двонасочни, или 100 еднонасочни патувања преку Атлантскиот Океан, почнувајќи од првиот лет во САД во 1965 година и во Канада во 1966 година, па сè до 2014 година, потоа трите патувања до Австралија, посетите на: Индија, Арапските Емирати, Средна и Јужна Америка, Европската Унија и голем број земји на Блискиот Исток и Африка.

Делото ***„Македонците во САД и во Канада“*** („Македонска искра“, 2002) на Славе Николовски-Катин претставува своевиден рубин камен кој ја осветлува библиската вистина за постоењето и вековните страдања на македонската нација во срцето на Балканот. Мотивиран од овој факт, Катин ја започнал и успешно ја остварува својата историска мисија, потврдувајќи и докажувајќи дека Македонецот има планетарни цивилизациски корени со кои се гордее, независно дали живее во својата татковина - Македонија или во Америка, Канада, Австралија и во Европа.

Делото „Македонците во САД и во Канада“ се доживува како „семејно житие“ за Македонците во дијаспората, за нивната иселеничка одисеја, со сите елементи битни за историскиот егзодус на еден народ, од неговото осознавање како нација до денес.

Делото „***Македонците во светот“,*** на македонски јазик е издание на „Македонска искра“ од Скопје и на Фондацијата „Џорџ Атанасоски“ од Прилеп, издадена во 2020 на 520 страници и е публикација на аналитичарот на иселеништвото, Славе Катин, а рецензенти се д-р Лефтер Манче од Канада,

Џорџ Атанасоски од САД, Гојко Јаковлески од Европа и м-р Душан Ристевски од Австралија. Таа претставува значајна и своевидна документација за одбрана на националното, духовното и културното битие на Македонецот во светот.

Публикацијата „***Macedonians in the World“*** (Македонците во светот) од Славе Катин е дело на Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје и на Фондацијата „Џорџ Атанасоски“ од Прилеп. Делото е на англиски јазик, на 432 страници, чии рецензенти се академик Антонио Шкокљев-Дончо од Белград и бизнисменот Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски од САД.

Публикацијата ***„Преспанска разгледница“*** е 60-то. дело на Славе Катин почнувајќи од неговото прво издание „Англиско-македонски лимнолошки речник“, што го издаде Хидробиолошкиот завод од Охрид во 1986 година, па до денес. Инаку, Славе Катин е голем вљубеник во својата родна Преспа, во Македонија и македонскиот народ како и во македонската дијаспора.

Тој е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно на животот на Македонците во светот. Исто така, неговата работа се однесува и на низа други аспекти поврзани со македонската дијаспора, како и со културата, литературата, јазикот, историјата, журналистиката и посебно религијата.

Едно продолжение го користиме за промоции на дела на македонски иселеници по светот што ги промовирал Славе Катин со цел да ги афирмира Македонците кои се вљубеници во пишаниот збор. Меѓу нив ќе ги споменеме делата: ***„Македонците во новата татковина“*** од Кире Циревски од Сиднеј, ***„Деновите на новинарите од иселеништвото“,*** од Крис и Ицо Најдовски од Мелбурн, ***„Светите браќа Кирил и Методиј“*** на Трајко Огненовски во Елвангел, Германија, монографијата ***„Сеќавања“*** од Дана Скендова-Скотланд од Торонто и ***„Селото Неволјани - Леринско“*** од Ристо Кираџиев од Торонто.

СО ПОЧИТ КОН МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (1)

Македонското иселеништво е алфа и омега во творештвото на Славе Катин. Сè што напишал и објавил во неговите книги, патеписи, репортажи, прикази, белешки, е длабоко проникнато со животот и опстанокот на Македонците во светот. Тие се негова генетска преокупација, која го потврдува фактот дека е маќепсан од феноменот на македонската голгота.

Македонија е опсесија на Славе Катин, од која нема да се раздели до крајот на својот живот. Зашто на овој свет дошол да трага по Македонците, по оние вистинските во земјата и во светот и со нив да го споделува и доброто и злото, давајќи сè од себе да го осветли нивниот живот, нивните победи и порази, во сите фази на нивната цивилизациска битка за одржување во планетарната орбита, како ѕвезда чиј сјај не потемнува.

Еден од добрите познавачи на неговото творештво, професор д-р Вера Стојчевска-Антиќ, во повеќе прилики по повод промоциите на делата на Катин, ќе истакне „Да се зборува за македонското иселеништво во светот, значи да зборуваме самите за себе, за нашата историја, за нашата миграција, за нашата историско-општествена состојба во егзистенцијалниот континуитет. Кога го читаме она што Катин го напишал за нашите преселници, тоа значи дека со нескротлив интерес се самозапознаваме.

Зашто тие преселници се наши роднини, оние кои своите генеолошки гранки ги пресадуваат во некоја далечна земја, за нас позната преку прераскажувањата, а во која, еве, продолжува семејниот растеж, честопати пренесен од кај Драгорот долж Аризона, од Треска кај Нијагара, од Преспанското Езеро кај Циришките Езера, или крај бескрајните океани на Америка и Австралија.

Чувството за македонското иселеништво е такво зашто нашите преселници се некогашните соседи со кои растевме и ги

формиравме навиките во маалата во кои живеевме, или тие се нашите сограѓани кои сега ги среќаваме наместо сретсело или на плоштадите во Македонија, ширум светот, крај плажите на Лонг Бич во Лос Анѓелес, во Мајами Бич или сред Лозана и Фрајбург.

Во тие моменти јас го наоѓав важниот спој на некогашниот заеднички живот, макар за еден ден или за неколку часови, „кои живот значеа“, нагласува Стојчевска-Антиќ и додава: „дека дружејќи се со нив, Катин ги запознал постепено и перманентно, со сите нивни преокупации, судбини, истории. Не може човек да го запознае менталитетот на нашиот преселник, без личните контакти со него, во сообразност со средината што ја одбрал за своја втора земја, по Татковината. Катин имал многу средби со нив, многу изминати денови, како син на вредни преселници“.

Педесет години Славе Николовски-Катин ја следи преселничката судбина на Македонците, нивната економска ситуација, културниот престиж, улогата на МПЦ во нивното мотивирање за реализација на бројни програми на медиумски, културно-уметнички, спортски и духовен план.

Со фактографски материјали за состојбите на македонските преселници во светот, со афинитет да ги овековечи нивните судбини, со умешност и талент од секое пократко или подолго патување да подготви репортажа, патопис, скица или белешка и воедно со неизмерно чувство и љубов кон историјата на македонското печалбарство, Катин секогаш на секој Македонец му подарува убава литература, низ која ќе ја доживее својата судбина, не само во државата во која се преселил, туку и во својата Татковина.

Промоторите на книгата ***„Иселенички хоризонти“*** во Штутгарт, Германија, не случајно истакнале: „Славе Катин е еден од најдобрите познавачи на македонското иселеништво, кој со својата богата пишана продукција, со секој свој наслов ги збогатувал хоризонтите на македонската вистина. Во нив тој ја откривал болната трагедија на Македонците, подигната до ниво на една колективна национална судбина и историска категорија, притоа, исполнувајќи ја општествената мисија во одржувањето и градењето на врските меѓу раселените Македонци и оние што

живеат и создаваат во сопствената слободна и независна држава на Балканот.

Сублимирајќи ја судбината на Македонците на Балканот со онаа на раселените, Катин остварува своевидна историска синтеза која овозможува автентичен поглед на македонската историја, создавана низ вековите, низ нивните буни и востанија против бројните освојувачи. Низ диоптријата на Катин секој Македонец ја согледува големината на просторот на неговата држава, која низ вековите доживувала трансформации во нејзиното распарчување, од нејзините соседи, кои и покрај жилавите напади и освојувања низ вековите, не можеле целосно да ја освојат.

Преокупиран со македонската колективна судбина, Катин останува фанатично приврзан кон оваа важна национална тема. Тој ни ја открива најболната македонска трагедија, кревајќи ја и возвишувајќи ја на ниво на една колективна национална судбина и историска категорија, притоа, исполнувајќи ја општествената мисија во одржувањето и градењето на врските меѓу раселените Македонци и оние кои живеат и создаваат во Република Македонија, истакнуваат промоторите на делото на Катин „Иселенички хоризонти“, додавајќи дека „егејскиот, односно беломорскиот, пиринскиот и преспанскиот дел во Албанија, Катин ги оживува со цврста историска документираност и која се потпира на потребната фактографска аргументираност, што на неговите дела на оваа тема им дава и еден мошне значаен историографски белег“.

Катин е автор кој најимпресивно ги доловува талкањата на македонските економски емигранти по светот, односно нивното раселување, па и современото отселување, а низ тоа и нашето размакедончување, нашата најболна рана, која, за жал, и денес не стивнува.

Поминувајќи од судбина до судбина, секоја различна по својот скитнички знак, Катин ефектно го прикажува духот и психата на тие несреќни луѓе, кои сè уште не можат да ја прифатат својата судбина. Потврдувајќи се како автор со вистински афинитет кон оваа тема, Катин е нејзин верен и смел истражувач, нејзин страствен опсерватор и протагонист, нејзин очевидец и елоквентен сведок.

Неговите текстови не само што ги опишуваат средбите и настаните, туку предизвикуваат љубов и верност кон Татковината, а низ нив се сублимира и авторовата визија за македонството. Токму поради тоа, делата на Катин имаат и историски аспекти, хуманистички пораки, интимни исповеди, патриотски мечти, но и психолошки и социјални елементи.

А најдра-гоценото што го нудат, е сознанието дека сето тоа треба да се види со сопствени очи и да се доживее лично. Зашто тој, без предрасуди и хипотеки, едноставно и уверливо, документирано и емотивно, ја прикажува трагедијата и предизвиците на македонските иселеници, како своевиден водич на историската вистина и на македонските судбини низ светот.

Делата на Катин претставуваат илустративен пример за современиот миг на македонскиот државен и политички однос кон нашите иселеници и нивните културни, црковни и спортски друштва и клубови. Однос што отвора нови можности, содржини и перспективи за градење поблиски односи и врски со македонското иселеништво, по примерот на Италија, Грција, Полска и Хрватска. Колку ќе се успее во тоа, ќе покаже иднината.

Зашто во минатото миграционите процеси во Македонија се одвивале паралелно со актуелните настани на Балканот, кога македонскиот народ влегувал во разни фази на туѓи влијанија. Во ситуациите кога запаѓал во нови зависни состојби, неговата економска состојба се влошувала. Не е случајно што македонскиот печалбарски бран започнал многу одамна. Крајот на XIX век регистрира поголеми македонски преселнички групи, особено од Битолско, Леринско и Преспа, во Соединетите Американски Држави, а по Првата светска војна и во Австралија.

По Илинденското востание печалбарството се засилило, а продолжило и по Балканските војни и Првата светска војна. Иселувањето продолжило и меѓу двете светски војни, а особено по Втората светска војна, кога била поразена Демократската армија на Грција, во Граѓанската војна, на чија страна учествувале Македонците од егејскиот дел на Македонија, надевајќи се на дефинитивно стекнување со национални и социјални права.

Наместо тоа, доаѓа до масовни преселби, особено од Леринско-костурскиот крај. Во фокусот на Катин се и други специфични периоди, кои довеле до преселби во други земји, а особено во САД и Канада.

Во обединувачкиот чин на Македонците во дијаспората, посебно место и улога има Македонската православна црква, чие дејствување континуирано го следи перото на Катин. По обновувањето на Охридската архиепископија во 1958 година и по прогласувањето на автокефалноста во 1967 година, Македонската православна црква направи силен пробив и во прекуокеанските и европските држави. До крајот на Народноослободителната војна Македонците во дијаспората се приклучувале кон други православни цркви во новите средини, вршејќи ги православните обреди, не на македонски јазик и не во свои цркви.

Првата иницијатива за отворање македонска православна црква се родила во Мелбурн, Австралија, во 1956 година. Новоизградениот храм „Свети Ѓорѓи“ е првата МПЦ осветена од македонски владика. Веќе во 1962 година е поставен камен-темелник на МПЦ „Свети Петар и Павле“ во Гери - Индијана, а во 1964 година на црквата „Свети Климент Охридски“ во градот Торонто.

До Втората светска војна, бројот на Македонците во Австралија бил само неколку илјади. Меѓутоа, по војната овој број рапидно се зголемува, бидејќи, речиси цели села од егејскиот дел на Македонија, како и од Битолско, од Охридско, од Преспанско и од други делови на Македонија, се преселиле во Австралија. И така, никнувале македонските православни цркви во светот. Овој феномен станува посебна преокупација на Катин, кој на оваа тема и дава посебно место во своите дела за дијаспората.

ПУБЛИЦИСТИКАТА – ГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК И ЉУБОВ КОН МАКЕДОНСКИОТ И АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ЗА КАТИН (2)

Во еден подолг период Славе Николовски-Катин го свртува вниманието на себе со својата динамична информативна и публицистичка дејност поврзана со иселеничкиот корпус поради што е централна фигура во односите меѓу црквата и државата, од една страна, и односите на државата, црквата и дијаспората, од друга страна.

Публицистичкиот опус на Катин опфаќа 60 наслови на книги, од кои 22 се со името „Македонија“ и се тесно поврзани со иселеништвото. Со ваков импозантен историографски корпус посветен на македонската дијаспора, не можат да се пофалат многу македонски историчари.

И не само тоа. Македонската голгота во делата на овој автор е осветлена од сите аспекти: историските околности кои довеле до нејзината појава, динамиката со која се развивала, структурите на населението кои се нашле под нејзин удар, динамиката на нивното интегрирање во новите средини, негувањето на културните традиции, комуникациите со Татковината, економската консолидација и нивното афирмирање како значаен етнички фактор во државите во кои се доселиле и останале да живеат.

Македонската иселеничка проблематика е доминантна во делата „Македонски холокауст“ (НИО „Студентски збор“, 1990), „Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД“ („Нова Македонија“, 1991), „Во Австралија како дома“ („Матица македонска“, 1992), „Македонскиот иселенички печат“ (НИО „Студентски збор“, 1993), „Печалбарски копнеж“ („Матица македонска“, 1993), „Македонски иселенички паноп-

тикум“ (Друштво за наука и уметност, Битола, 1966), „Иселенички хоризонти“ („Македонска искра“, 1999), „Моите патувања низ светот“ („Македонска искра“, 2001), „Македонците во САД и во Канада“ („Македонска искра“, 2002), „Илинден 1903-2003 и македонските иселеници“ („Македонска искра“, 2003), „Иселеничка вртелешка“ („Македонска искра“, 2008), „Love Stories“(„Македонска искра“, 2011), „Светот на дланка“ („Македонска искра“, 2014), „Македонски иселенички меридијани“, („Македонска искра“ и „Матица македонска“, 2017), „Израел и Македонија“ („Македонска искра“, 2017), „Macedonians in the World“ („Македонска искра“, 2018), „Македонците во светот“ („Македонска искра“, 2020), и „Преспанска разгледница“ („Македонска искра“, 2020).

Особено внимание заслужуваат неговите монографии: „Атанас Близнаков“ од Гери, САД (2000) (на македонски јазик), „Андреа Бранов“ од Мелбурн, Австралија (2001), „Семејството Јановски“ од Торонто, Канада (2002), „Светле (Стив) Стамевски“ од Детроит, САД (2005) ,„Митрополитот Кирил“ од Македонија (2007), „Ѓорѓи (Џорџ) Томов“ од Њујорк (2007), „Бошко Рајчовски–Пелистерски“ од Флорида (2008), „Петар Стаматов“ од Чикаго (2010), „Ѓорѓија–Џорџ Атанасоски“ од Флорида (2012), „Атанас Близнаков“ од Гери, САД (2015), „Благој Механџиски“ (2015 -неотпечатена) „Гојко Јаковлевски“ (2020 - неотпечатена) „Стив Пљакас“ и „Семејството Видиновски“ од Торонто, Канада, „ (на македонски и англиски јазик) и „Есма Реџепова-Теодосиевска“ од Скопје (2015), (на македонски, англиски и ромски јазик), како и делата за „Силјан Мицевски“ (2014 - неотпечатена), „Гога Печенковски“ од Ресен (2004) (на македонски јазик).

Славе Катин е коавтор и на делата: „Придонесот на Македонија во светската цивилизација“ (2004), „Од Панонија до Егеј“ (2007), (на македонски) со академик д-р Антоније Шкокљев-Дончо, „Македонија во античко време“ (2010) и „Балканот и Македонија“ (2014) (на англиски) со академик д-р Антоније Шкокљев-Дончо и Ристо Стефов, потоа „Во чест на Свети Кирил и Методиј“ (1994), „Ореолот на Дева Марија и Света Богородица Сливничка во Преспа“ (2007) (на македонски) со проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ, и „40 поклонениј пред

гробот на свети Кирил во Рим“(2008) (на македонски), со проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ и епископ Климент, како и делата „Македонски вознес“ (1994) (на макед-онски и англиски), „Поетски иселенички меридијани“ (1995) и „Македонците во Хамбург (1978-1998)“ (1997) (на македонски јазик) трите со Фиданка Танаскова, „Илинден во Љубојно и Преспа“ (2013) (на македонски и англиски) со Бошко Рајчовски–Пелистерски и „Силјан Мицевски“ од Битола (2015) со Ѓорѓи Лумбуровски (на македонски јазик).

Наведениве наслови недвосмислено говорат за широкиот интерес и упатеност на Катин во исленичката проблематика. Посебна потврда за тоа е и фактот што своето високо мислење за неговите дела го дале голем број истакнати македонски историчари, научни работници, новинари и публицисти, со нагласена интелектуална позиција во македонското општество и надвор од него.

На промоцијата на првото дело на Славе Николовски - Катин „Македонски холокауст“, во Клубот на новинарите на Македонија, Живко Василевски, претседател на Културно-просветниот собор на Собранието на Република Македонија, а потоа и претседател на Матицата на иселениците од Македонија, истакнал дека во сегашниот миг на разгорени страсти за господарење со средиштето на Балканот, а и во иднина, ова дело на Катин ќе претставува значајна и своевидна документација за одбраната на националното битие на Македонецот, но и аргументација за проширување на сознанијата на општествено-политичката, културната и научната јавност во светот за македонскиот дел на Балканот.

Исто така, тој рекол „дека делото на Славе Катин „Македонски холокауст“, е посветено, главно, на иселеништвото, при што овој истакнат македонски општествен и културен работник ќе рече: „Тоа претставува значаен придонес во натамошното проширување на сознанијата за драмата на македонскиот народ и за нејзините режисери, коишто со невидена упорност ја продолжуваат со години, децении и векови и сè уште упорно ја продолжуваат и се надеваат на конечното искоренување на Македонците од нивниот дел на Балканот.

Македонија, таа срцевина на Балканот, од искона била и ќе биде крстосница на најзначајните магистрали меѓу Северна и Средна Европа, од една, и Медитеранот и Блискиот Исток, од друга страна. Преку овие магистрали постојано се движеле цивилизациите од Север кон Југ и од Југ кон Север и секоја зад себе оставила траги од својата материјална култура. Веројатно оваа вистина за Македонија била и мотив „железниот“ канцелар Бизмарк, кон крајот на XIX век да ја изговори познатата синтагма: „Оној што владее со долината на Вардар, владее и со Балканот“.

Оваа вистина претставувала основа за завојувачката политика на Отоманската Империја кон Европа, како што била и мотив во политичката стратегија на балканските монархии за доминација на Балканот. Во контекстот на геостратешкото значење на Македонија на Балканот, а и пошироко, се кроела судбината на Македонија и на Македонците, се кроеле нејзините голготи и искоренувањето. Во прилог на тоа говорат бројните притисоци над Македонците, колонизациите со немакедонско население, асимилацијата и денационализацијата и како крајно средство, физичкиот геноцид над македонското население.

Тој ги дава сведоштвата за Лерин, Желево, Габреш, К'басница, Воден, за Љубојно, Брајчино, Велгошти, Вевчани, за Мелник, Петрич и Сандански, за Мала Преспа и преселбите и разделбите на Македонците и за нивниот непребол кон дедовската родна грутка.

Во фокусот на неговото внимание се иселениците, кои се потврдуваат како мошне значаен фактор во борбата на Македонецот за својата национална легитимација, или поточно за својот јазик и култура, колку слични, толку и различни од историјата, јазикот и културата на другите словенски народи“.

Во рамките на овие и вакви ангажирања на аспирантите за владеење со Балканот, станува сосема разбирлива и вистината за една третина од отселените Македонци од својата родна грутка во прекуморските земји. Оваа судбина е карактеристична и за народот од Израел и за Ерменците. Во „Македонскиот холокауст“ Славе Катин непосредно и аргументирано ги прикажува животните судбини на Македонците.

„МАКЕДОНСКИ ХОЛОКАУСТ“ - ПРВО ДЕЛО ПОСВЕТЕНО НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (3)

Публикацијата ***„Македонски холокауст“*** е дело на НИО „Студентски збор“ од Скопје, отпечатено во 1990 година, на 236 страници, на македонски јазик, чии рецензенти се: Живко Василевски и Христо Андоновски, а корицата ја дизајнирал академскиот сликар Ѓорѓи Даневски.

Славе Николовски-Катин започнал да пишува за македонското иселеништво од првото дело насловено *„Македонски холокауст“,* публикација која го претставува значајниот придонес во натамошното проширување на сознанијата за драмата на македонскиот народ во дијаспората.

Македонската голгота во делата на Славе Катин е осветлена од сите аспекти: историските околности кои довеле до нејзината појава, динамиката со која се развивала, структурите на населението кои се нашле под нејзин удар, динамиката на нивното интегрирање во новите средини, негувањето на културните традиции, комуникациите со татковината Македонија, економската консолидација и нивното афирмирање како значаен етнички фактор во државите во кои се доселиле и останале да живеат.

Така, делото *„Македонски холокауст“* непосредно и аргументирано ги прикажува животните судбини на Македонците. Во секој презентиран текст читателот го чувствува присуството „на последното целивание“ на Македонецот со родната грутка, со најблиските во родниот крај и со гробовите на починатите, што завршува со солзи на очите.

Никој од насилно отселените од родниот праг не верувал ниту, пак, ќе поверува дека латинската поговорка: „Ibi bene ibi

patria“ (Таму каде што ти е убаво, таму ти е и татковината) претставува вистина. Затоа и за навек вака ќе се одгласуваат како вистина испеаните песни: „Бог да бие кој прв спомна Америка“, „Туѓината пуста да остане“ и други македонски песни.

На промоцијата на првото дело на Славе Катин *„Македонски холокауст“,* во Клубот на новинарите на Македонија, Живко Василевски, претседател на Културно-просветниот собор на Собранието на Република Македонија, а потоа и претседател на Матицата на иселениците од Македонија, истакнал дека во сегашниот миг на разгорени страсти за господарење со средиштето на Балканот.

А и во иднина, ова дело на Катин ќе претставува значајна и своевидна документација за одбраната на националното битие на Македонецот, но и аргументација за проширување на сознанијата на општествено-политичката, културната, научната и друга јавност во светот за македонскиот дел на целиот Балкан.

Исто така, тој истакнал дека делото на Славе Катин *„Македонски холокауст*“, е посветено, главно, на иселеништвото, при што овој истакнат македонски општествен и културен работник ќе рече: „Тоа претставува значаен придонес во натамошното проширување на сознанијата за драмата на македонскиот народ и за нејзините режисери, коишто со невидена упорност ја продолжуваат со години, децении и векови и сè уште упорно ја продолжуваат и се надеваат на конечното искоренување на Македонците од нивниот дел на Балканот.

Македонија, таа срцевина на Балканот, од искона била и ќе биде крстосница на најзначајните магистрали меѓу Северна и Средна Европа, од една, и Медитеранот и Блискиот Исток, од друга страна.

Преку овие магистрали постојано се движеле различни цивилизации од Север кон Југ и од Југ кон Север и секоја зад себе оставила траги од својата материјална култура. Веројатно оваа вистина за Македонија била и мотив „железниот“ канцелар Бизмарк, кон крајот на XIX век да ја изговори познатата синтагма: „Оној што владее со долината на реката Вардар, владее и со Балканот“.

Оваа вистина претставувала основа за завојувачката политика на Отоманската Империја кон Европа, како што била и мотив во политичката стратегија на балканските монархии за доминација на Балканот. Во контекстот на геостратешкото значење на Македонија на Балканот, а и пошироко, се кроела судбината на Македонија и на Македонците, се кроеле нејзините голготи и искоренувањето.

Во прилог на тоа говорат бројните притисоци над Македонците, колонизациите со нема-кедонско население, асимилацијата и денационализацијата и како крајно средство, физичкиот геноцид над македонското население во сите делови на етничка Македонија.

Во ова дело Славе Катин ги дава сведоштвата за Лерин, Желево, Габреш, К'басница, Воден, за Љубојно, Брајчино, Велгошти, Вевчани, за Мелник, Петрич и Сандански, за Мала Преспа и преселбите и разделбите на Македонците и за нивниот непребол кон родната грутка. Во фокусот на неговото внимание се иселениците, кои се потврдуваат како мошне значаен фактор во борбата на Македонецот за својата национална легитимација*".*

Во рамките на овие и вакви ангажирања на аспирантите за владеење со Балканот, станува сосема разбирлива и вистината за една третина од отселените Македонци од својата родна грутка во прекуморските земји. Оваа судбина е карактеристична и за народот од Израел и за Ерменците. Во публикацијата насловена *„Македонскиот холокауст"* Славе Николовски-Катин непосредно и аргументирано ги прикажува животните судбини на Македонците.

Ова дело на Катин претставува илустративен пример за современиот миг на македонскиот државен и политички однос кон нашите иселеници и нивните културни, црковни и спортски друштва, клубови и други асоцијации во Америка, Канада, Австралија и Европската Унија..

Однос што отвора нови можности, содржини и перспективи за градење поблиски односи и врски со македонското иселеништво, по примерот на Италија, Грција, Полска, Германија, Хрватска и други земји. Колку ќе се успее во тоа, ќе покаже иднината.

Во оваа публикација е забележано дека Грција, за жал, е земјата од каде што, потекнува зборот "демократија". Заедно со Македонија е земја од минатото, со надеж дека ќе биде земја на иднината, и, конечно, таа е сосед на Република Македонија, кој треба да биде своевитен генератор, а не кочничар без преседан кон подоброто утре на еден Господов народ кој постое од античко време до денес.

Меѓутоа, Грција ја користи позицијата дека е мезениче на Англија и Соединетите Американски Држави и продолжува да блокира, бидејќи е членка на Европската Унија. Сепак, треба да не се заборави дека таа не е национално хомогена, туку, всушност, е мултинационална држава, имајќи ги сите потенцијални политички последици. Обврзна е на Грција, а и на Бугарија, да ја прифатат европската регулатива во врска со третманот на малцинствата и заштитата на нивните човекови и културни права.

Исто така, треба да се истакне дека македонскиот и грчкиот народ, без оглед на нивната државна политика, соработувале во добри и лоши времиња. Ова е потврдено во последниве децении со зголемување на соработката меѓу двете земји и нивните народи на културно и друго поле.

Како потврда на ова, на пример, да посочиме дека се направени преводи од македонски јазик на грчки јазик и обратно, а има соработка помеѓу фолклорни и забавни групи, театарски и други асоцијации во двете земји, Република Грција и Република Македонија.

Голем број на грчки интелектуалци ги осудуваат политиките и неправдите нанесени на познати и признати македонски граѓани кои потекнуваат од Егејска Македонија. Исто така, мора да се нагласи значењето на грчкиот Хелсиншки комитет и други здруженија за заштита на човековите и други права.

ИНФОРМАТИВНИТЕ ГЛАСИЛА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ВО СВЕТОТ (1945-1992) (4)

Публикацијата ***„Македонскиот иселенички печат“,*** (НИО „Студентски збор“, Скопје, 1993, 1-254. (на македонски јазик) чиј автор е Славе Николовски-Катин е прв обид за дело од ваков вид во Македонија и има за цел да ја пополни празнината во историската анализа на печатот на македонските иселеници во светот. Ова дело чиј рецензенти се проф. д-р Боро Мокров и проф. д-р Весна Шопар (професори по новинарство) има за цел да ја збогати новинарската историографија, која во последните неколку децении е широко развиена кај Македонците на петтиот континент.

Навлегувајќи во сложената структура на македонската дијаспора, своите професионално разработени проекти на публицист и истражувач, Катин ги реализирал со динамика на добро организирана институција, што придонесува за неговата избалансирана годишна публицистичка продукција, каква што не може да се најде и кај професионални институти. Потврда за оваа констатација е фактот што Славе Николовски-Катин во 1993 година, ја објавил студијата „Македонскиот иселенички печат“ (1945-1992), во издание на НИО „Студентски збор“ од Скопје.

Мотивиран од Кенедиевата синтагма „Не прашувајте што сторила татковината за вас, туку што можете вие да сторите за неа“, тој успеал да ја заврши и објави книгата која го опфаќа иселеничкиот печат од трите континенти – главно, онаму каде што живеат и работат поголеми агломерации на македонското иселеништво - Австралија, Северна Америка (САД и Канада) и Европа.

Според текстот „Вистината за македонскиот иселенички печат“ на д-р Томе Груевски книгата „Македонскиот иселенички печат“ од Славе Николовски-Катин е резултат на неговата долгогодишна истражувачка работа во областа на печатот и новинарството и достигнувањата на македонските иселеници во прекуокеанските земји - Австралија, Канада и Соединетите Американски Држави, како и во голем број европски земји, денес во Европската Унија.

Таа е подготвена со цел да ја пополни празнината во областа на печатот на Македонците надвор од нивната татковина, за периодот од 1945 година, односно од конституирањето на НР Македонија до 1992 година, времето кога Македонија стана самостојна суверена и независна држава на балканската ветрометина.

Оваа книга, исто така, има за цел да им биде од помош на новинари, културни, историски, политички, научни и други работници кои можат да најдат голем број податоци во врска со активностите, ентузијазмот, љубовта и достигнувањата, особено на полето на новинарството на македонските иселеници во новата средина.

Весниците во голем број случаи го носат името „Македонија“, кое јасно говори за нивната силна врска со нивната дедовска земја, додека одреден број гласила го носат името на историски настани или личности од старата татковина. Така, под името „Македонија“ во Австралија, Канада, Соединетите Американски Држави и Европа има 40 гласила чии содржини вклучуваат културни и историски настани, настојуваат да ги разбудат патриотските чувства кај читателите и, уште поважно, тоа се гледа како еден начин на значајна и голема поддршка на Македонија.

Публикацијата „Македонскиот иселенички печат“ од Славе Катин е прв обид за дело од ваков вид во Маке-донија и има за цел да пополни голема празнина во историска анализа на печатот на македонските иселеници во Австралија, Канада, САД европските земји. Оваа публикација, се надеваме, ќе ја збогати литературата за оваа област, која во последните неколку децении е широко развиена кај Македонците во целиот свет.

Во Австралија, Северна Америка (САД и Канада) и Европа, за период од 45 години, печатот е опфатен со околу 150 печатени гласила и преку 40 радио и ТВ часови. Тој број денес е намален на околу дваесеттина активни гласила и триесеттина радио и ТВ часови. Се работи за изданија (гласила) на одделни друштва, поединци или цркви кои се пласираат и пошироко од седиштето на нивното појавување.

Македонските информативни гласила во прекуокеанските земји и Европа имаат посебно значење и играат огромна улога во зачувувањето на македонскиот јазик, во продлабочувањето на националниот дух и самобитноста и за продолжувањето на културните традиции на Македонците во англосаксонскиот свет, нагласува Катин во својот воведен збор кон оваа, за наши прилики, ретко значајна студија.

Тој е свесен дека печатот во дијаспората е оној интегративен фактор кој на нашите иселеници им овозможува не само да ги афирмираат своите активности поврзани со националната припадност и култура, туку и да ги следат и бидат во тек со најбитните настани и случувања во нивната матична држава, каде им се семејните корени.

Во исто време, тие го збогатуваат и мозаикот на мултинационалните култури во Соединетите Американски Држави, Канада, Австралија и Европа, зашто македонските културни вредности, во светски рамки, претставуваат највисок цивилизациски дострел на една од најстарите нации во светот - македонската нација.

Публикацијата „Македонскиот иселенички печат“ претставува прв труд од ваков вид во Македонија, кој има за цел да пополни извесна празнина во историографската анализа на печатот кај иселеништвото во Австралија, Канада, Соединетите Американски Држави, и Европа.

За нејзиното подготвување Катин користел многу извори (публикации, научни трудови, извештаи, разговори и други архивски податоци), но и сопствениот фонд со кој располага за оваа сфера, потврдени врз основа на неговите долгогодишни истражувања.

Инаку, појавата на „Македонскиот иселенички печат“ во дијаспората е израз на долготрајната макотрпна борба на маке-

донските доселеници (без разлика од кој дел на Македонија дошле), за афирмација на својот национален идентитет и на дедовската земја Македонија. Македонците на петтиот континент секаде и во секоја пригода го истакнуваат македонското битие, изразено преку сопствената, богата, културна, национална и духовна историја.

Во таа насока се и настојувањата на авторот да ги претстави хронолошки по години информативните гласила пред читателите, да ја прикаже љубовта на Македонците кон пишаниот збор, вистината на информирањето, постигнатите резултати на полето на новинарството и публицистиката и со еден аналитички пристап да се претстави историскиот развој на новинарската дејност кај Македонците од сите делови на разделена Македонија кои свиле нови гнезда во далечна и демократска Австралија.

Делото „Македонскиот иселенички печат“ на Славе Катин е резултат на авторовата долгогодишна истражувачка работа во областа на печатот и новинарството и публицистичките достигнувања на македонските иселеници во прекуокеанските земји - Австралија, Канада и Соединетите Американски Држави, како и во голем број европски земји.

Публикацијата е подготвена да го претстави печатот на Македонците надвор од нивната татковина, за периодот од 1945 година, односно до конституирањето на НР Македонија од 1992 година, времето кога Македонија станала самостојна суверена и независна држава.

Улогата на средствата за јавно информирање е незаменлива во продолжувањето на културните традиции на македонските доселеници во англосаксонскиот свет. Тие настојуваат целосно да го запознаат читателот, слушателот и гледачот со македонскиот јазик, културата, историјата, фолклорот, обичаите и со други карактеристики донесени од стариот крај.

Во подготвувањето на публикацијата „Македонскиот иселенички печат“ се користени информативни гласила, публикации, научни трудови, писма, разговори, извештаи и друг вид материјал, како и фондовите за иселеништво кои се наоѓаат во Архивот на Македонија, Матицата на иселениците од Македонија, во Министерството за односи со странство, Универзи-

тетската библиотека „Свети Климент Охридски“ и други институции, како и приватни архиви на иселеници ширум светот.

Притоа, најзначајна била личната архива на авторот на публикацијава, Славе Катин, која тој најчесто ја собирал при посетата и престојот во Австралија, Канада, САД и бројни европски земји, а која се наоѓа во Архивот на Македонија и е подарок на македонскиот народ и на Македонија, со надеж дека материјалите ке послужат на сите заинтересирани личности од различни области

Оваа публикација не претендира на исцрпност, туку, напротив, таа само ги поткрепува наводите и констатациите изречени при третирањето на одделни прашања за значењето на книгата за развојниот пат на македонскиот иселенички печат и новинарството надвор од Македонија. Затоа, секоја добронамерна сугестија на читателите посебно ќе биде корисна во дополнувањето на нејзината содржина и збогатување на информативната дејност.

Публикацијата „Македонскиот иселенички печат“ има за цел да пополни извесна празнина во историографската анализа на печатот во иселеништво. Нејзиното објавување само ја збогатила и онака оскудната литература од оваа област, која во последните децении е широко развиена сред Македонците во светот.

Според Славе Катин, Македонците од сите делови на Македонија во дијаспората претставуваат една хомогена целина, веќе афирмирана и често посочувана како пример по својата организираност и различна активност и меѓу другате етнички групации.

Тоа особено е изразено во македонските православни црковни општини, кои се вистинско огледало на нивните активности, односно духовни, културно-просветни и забавни центри за македонскиот народ и за новите генерации од македонско потекло.

Во македонските православни црковни општини македонските доселеници, без оглед на тоа од кој дел на Македонија се дојдени, зборуваат ист јазик, пеат исти песни, играат исти ора, учат на македонски јазик и ги продолжуваат македонските традиции и обичаи донесени од Македонија.

Паралелно со создавањето на македонските друштва, црковните организации и другите асоцијации изразено особено по Втората светска војна, македонските доселеници во прекуокеанските и европските земји покренуваат и издавање на иселенички весници, списанија и отворање радио и ТВ часови на мајчин јазик, преку кои ги изразуваат целите и задачите на организациите, нивните активности и целокупното живеење, како и стремежите и постигнувањата на македонските доселеници во целина.

За излегувањето на публикацијата „Македонскиот иселенички печат“ посебни заслуги имаат издавачот „Студентски збор“ од Скопје и почитуваниот директор и учител во новинарството, Насте Стојкоски. Исто така, голем е придонесот на поранешниот дипломат во Австралија, Ванчо Андонов и неговото дело „Македонците во Австралија“ („Култура“, Скопје, 1973 година), и проф. д-р Томе Груевски за неговото дело „Јавното информирање во Македонија“ („Студентски збор“, Скопје, 1991 година).

Посебно треба да се споменат Министерството за образование и наука и Министерството за информации, за нивното разбирање и помош за печатењето на оваа публикација. Исто така, значајна е помошта на бројни автори од иселеништвото, чии дела се користени, како и многу добронамерници и вљубеници во македонскиот печат и новинарството во македонската дијаспора.

Благодарение на порталот „Македонска нација“ од Скопје, публикацијата **„**Македонскиот иселенички печат“, била печатена во континуитет 30 продолженија за македонските информативни гласила во Австралија, 25 за Канада и Соединетите Американски држави и 20 продолженија за Европа (Европската Унија). Исто така, поголем број продолжение од делото **„**Македонскиот иселенички печат“ биле објавени во различни информативни гласила во Република Македонија и во прекуокеанските земји.:

ПЕЧАЛБАРСКИОТ КОПНЕЖ НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (5)

Во текот на работата и творечката дејност Славе Катин објавил шеесет публикации, лексикографски изданија, преводи од македонски на англиски јазик и обратно. Исто така, автор е на над четири илјади новинарски текстови и други едиции од науката, фељтони, репортажи, осврти, портрети, преводи од литературата, јазикот, религијата и културата на англиски и на македонски јазик, како и на друг вид текстови и материјали што се објавени во земјата и во светот.

Во еден подолг период Катин го свртува вниманието на себе со својата динамична информативна и публицистичка дејност поврзана со овој корпус, поради што е централна фигура во односите меѓу црквата и државта, од една, и односите на државата, црквата и дијаспората, од друга страна. Ваквата негова позиција му овозможила номинација во разни друштва, здруженија и организации во Републиката и пошироко.

Исто така, забележително е неговото учество на бројни симпозиуми, трибини и семинари во земјата и странство, на барање од нивните организатори кои ги ценат и почитуваат неговите погледи по низа прашања од сферите во кои дејствуваат. На овој план, Катин остварил исклучително богата и динамична комуникација со бројни субјекти во државата и светот. Тоа му овозможило да навлезе во суштината на проблемите со кои биле преокупирани Македонците во дијаспората, но и државните структури во земјата, кои во разни периоди имале различни погледи кон иселеништвото, што е и причина за отсуството на една конзистентна државна стратегија кон нив.

Свесен за тој факт, Катин настојувал да ја пополни таа празнина, да го надомести тој вакум со предлози и сугестии, но и со конкретни практични чекори да воспостави извесен баланс

во односите на државата со раселените Македонци, со што започнал да го гради големиот (златен) мост на нивното поврзување со Татковината, како самостојна и независна држава. Но, и нивното меѓусебно запознавање и зближување, независно од оддалеченоста на нивните дестинации. Меѓутоа, неговиот придонес не запрел тука. Катин бил свесен дека на Македонија може да ѝ се помогне најмногу ако во неа се инвестира во реализацијата на низа проекти од значење за нејзиниот побрз развој, односно ако за тоа се заинтересираат и самите тие во дијаспората, како успешни бизнисмени. .

Како по некое непишано правило, издавачката продукција на Катин секоја година се збогатува со нови дела за македонската иселеничка галаксија. Така, во 1993 година се појавил неговиот ***„Печалбарски копнеж“,*** издание на „Матица македонска“ во 1993, на 156 страници, чиј рецензенти се д-р Томе Саздов и Фиданка Танаскова, (посветено на неговите родители) кое доживува и второ издание.

„Во публицистички текстови за македонските иселеници во Америка и Канада, Катин раскажува за своите средби и разговори со нив во македонските православни цркви, клубови и друштва, во овие две големи држави на Американскиот континент. Пред нас дефилираат најразлични човекови судбини на повеќе генерации македонски иселеници, чии заеднички одлики, како своевидни мотиви во овие раскажувања, се носталгијата кон родниот крај, врските со старата татковина и стремежите за зачувување на нивниот национален и културен интегритет“, истакнува д-р Томе Саздов во својот предговор кон ова дело.

Со оглед дека публикацијата „Печалбарски копнеж“ се појавила само две години по осамостојувањето на Македонија, како суверена и независна држава, во неа посебен акцент е даден на заложбите на македонските иселеници за брза консолидација и успешна трансформација на земјата во демократска држава и нејзината ориентација за вклучување во евроатлантските структури.

Во овој историски момент, заедничка и единствена благородна цел на сите Македонци, е развојот на Република Македонија како матица на сите свои чеда, без оглед од кој дел на Македонија потекнуваат и на кои меридијани живеат тие.

Од тие причини, ова дело на Катин е богата, автентична и значајна современа хроника на македонското иселеничко движење во дијаспората, во случајов во Соединетите Американски Држави, и Канада. Всушност, во книгата „Во Австралија како дома“, со овој свој нов ракопис, Катин ги заокружува своите репортерски записи и кажувања за бројните македонски иселеници од различни воздрасти.

Тие првобитно биле само макотрпни печалбари, а денес се и видни граѓани на земјите во кои живеат и работат во попријатни околности, но со ненамалена желба и копнеж почесто да се најдат во прегратките на својата прва татковина - Македонија.

Ваквите оценки за ова дело на Катин биле изнесени и на промоцијата на книгата во Матицата на иселениците од Македонија, во излагањето на нејзиниот претседател д-р Димитар Керамичиев, како и во кажувањата на Фиданка Танаскова, уредник во „Нова Македонија“ која, меѓу другото, вели дека авторот на оваа книга сторил завиден напор да ни стави на дланка макар парче од таа разгранетост и реалност на македонскиот етникум ширум северно-американскиот континент.

На Илинденските средби во Љубојно во 2000 година биле промовирани книгите: „Печалбарски копнеж“, „Македонски иселенички паноптикум“ и монографијата за најголемиот донатор од иселеништвото „Атанас Близнаков“ чиј автор е Славе Николовски-Катин. Пред присутните, на „Полена“ за трите книги и за творештвото на Катин зборувале проф. д-р Томе Саздов, д-р Петре Лубаровски и Бошко Рајчовски–Пелистерски. Стихозбирката „Тој не се врати“ чиј автор е Бошко Рајчовски–Пелистерски, пред аудиториумот за првпат ја претставил Славе Катин, додека за стихозбирката „Кандилда“ чиј автор е д-р Цвета Карапашовска–Толевска зборувал публицистот Мишо Китановски. Промоциите на „Полена“ со воодушевување биле прифатени од присутните, па како да ги отворија широко вратите „Љубанските илинденски иселенички средби“ да добијат плус една културна димензија која продолжила да се негува сите овие години.

Печалбарството на Славе Катин е поврзано со неговото печалбарско Љубојно во Преспа. Тоа е типично македонско,

преспанско, печалбарско село од кое, како и од голем број села под Пелистер, многумина заминале и се задомиле во многу земји од светот, но тие доаѓаат во родното место,особено за Илинден. Затоа и останала поговорката „Ојш кај ќе ојш, во Љубојно за Илинден дома да си дојш“.

Благодарение на демократските процеси што настанале по осамостојувањето на Република Македонија како независна, демократска и самостојна држава, Илинденските средби во Љубојно добиле нова организациско-културна и програмска шема, дух и димензија.

Како резултат на таквите услови, на средбите кои имале карактер само на илинденска прослава започнале да се прошируваат и да се внесуваат и други активности и содржини на културен план. Така, уште во 1992 година, во текот на празничните денови во библиотеката на Домот во Љубојно, пред повеќе од двесте присутни гости, за првпат се одржала промоција на книга.

Тоа било делото ***„Во Австралија како дома“***, дело на „Матица македонска“издадено во 1992 годинана 136 страници, чиј рецензенти се Хридто Андоновски и Фиданка Танаскова од Славе Николовски–Катин, за кое зборувале проф. д-р Томе Саздов, како претседател на Матицата на иселе-ниците од Македонија и писателот Раде Силјан како издавач. Исто така, на присутните им се обратиле проф. д-р Васил Тупурковски и писателот Цане Здравковски. Публикацијата „Во Австралија како дома“ од Славе Николовски-Катин е прво издание промовирано во Љубојно.

По содржина новинарските текстови во публикацијата „Во Австралија како дома“ обработуваат прашања и проблеми од животот и активностите на македонските доселеници, особено на Македонците од Беломорска Македонија кои живеат и работат во демократска и мултикултурна Австралија.

Публикацијата „Во Австралија како дома“ од Славе Николовски-Катин е прво издание промовирано во Љубојно, а е издание на „Матица македонска“, Скопје, 1992, 1-136, во кое тој ги пренесува своите творечки преокупации како патеписец, портретист, репортер и хроничар на дел од настаните во македонските колонии во Австралија.

„Тој овојпат се фокусира на прашањата и проблемите од областа на животот и активностите на македонските доселеници, особено на Македонците од Беломорска Македонија кои живеат и работат во демократска и мултикултурна Австралија, каде, за разлика од својата земја, ги уживаат сите социјални и човекови права“, вели во својот предговор кон книгата, познатиот македонски публицист и научен работник Христо Андоновски, еден од компетентните познавачи на македонското иселеништво.

Подвлекувајќи дека на тие далечни простори на петтиот континент, Македонците постигнуваат забележителни резултати на национален и духовен план, во бизнисот, културата и образованието и во социјалниот живот, воопшто, тој нагласува дека нивните дострели на овој план придонесуваат Македонците да бидат познати и признати, како од домашниот фактор, така и од другите етнички групи кои живеат во демократска Австралија.

Не случајно ова дело на Катин го носи насловот „Во Австралија како дома“, зашто македонските иселеници во оваа земја се чувствуваат како дома. Паралелно со остварените материјални услови, кај нив е видлива и трансформацијата на животните и работните навики во новите средини во кои се доселиле.

Не е мал бројот и на оние Македонци кои со своите интелектуални и образовни, духовни и други способности, се пробиле во повисоките сфери на австралиското општество, како професори, лекари, адвокати, бизнисмени, писатели, уметници, па и членови на високите државни структури. Затоа голем број од нив новата средина Австралија ја избрале како своја, постојана - втора татковина, зашто им пружа услови да се чувствуваат токму како дома.

Како што веќе е истакнато, оваа книга за првпат е промовирана пред голем број љубители и обожаватели на Катин во Љубојно, на првите Илинденски празнувања во 1992 година, а потоа во црквата „Свети Климент Охридски“, друштвото „Браќа Миладиновци“ од Торонто, заедно со издавачот „Матица македонска“ организирале промоција на повеќе свои изданија, меѓу

кои и на книгата „Во Австралија како дома“, за која зборувал писателот Раде Силјан, како нејзин издавач .

Инаку, „Љубанските илинденски иселенички средби“ се доживувале и свечено и празнично во сите домови во Љубојно и кај сите посетители. На Илинден Љубојно добива свечен празничен лик. Тогаш се чувствува топло гостопримство и срдечност кај сите оние што доаѓаат и се среќаваат со своите роднини, пријатели, познати...

Ако долнопреспанци со пушка во рака биле учесници во двата Илиндена за слобода на Македонија, денес тие со продолжувањето на македонските традиции и духовно-националното живеење, со обичаите и со културните настани ги зацврстуваат корените на Македонија, на македонскиот народ во Преспа и насекаде во светот - средбите и Македонија да бидат вечни.

Иселеничките средби се исполнети со интересни содржини. Тогаш ечат песни и ора, се радуваат луѓето на многуте визити, видувања, спомени и завет - дека каде и да се, ама на Илинден, во Долна Преспа да се.

Овој голем ден на верската и националната симболика на македонскиот народ се издигна до ниво на магија која го поврзува, независно дали Македонецот се наоѓа во Македонија, Австралија, Европа, Канада, Соединетите Американски Држави, Европската Унија или на други простори во светот. Овој македонски празник е ден над деновите, симбол над симболите, кој со својата исконска моќ како магнет ги обединува и поврзува сите Македонци.

„Љубанските илинденски иселенички средби“, покрај другарувањата во родното место, со невидена сила ги привлекуваат иселените повторно да се вратат на дедовските корени. На средбите се паметат деновите со прекрасната атмосфера и моментот кога селото е живо како во дамнешните времиња. На иселеничките средби сите се дел од многубројните случувања кои остануваат за паметење во родното печалбарско Љубојно

ДЕЛ ОД СУДБИНАТА НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО ВО СВЕТОТ (6)

За егзодусот на Македонците, расеани на сите континенти по светот и нивната вековна битка за опстанок и зачувување на својот национален идентитет се напишани голем број текстови и дела во Македонија и во македонското иселеништво. Сите тие документи се дел од историјата на Македонците од етничка Македонија.

За дел од таа документација за егзодусот, Славе Катин зборува во публикацијата ***„Македонски иселенички панoптикум“,*** дело на „Друштвото за наука и уметност Битола“, отпечатено во 1996 година, на 296 странци на македонски јазик, чиј рецензенти се проф д-р Вера Стојчевска-Антиќ и проф. д-р Петре Георгиевски. Негова преокупација се пулсациите на нивниот ангажман во изградбата на новата и одржувањето на врските со старата татковина, со што во иселеничката галаксија вградува нови и привлечни cosвездија, со кои е автентичен и препознатлив, не само на нашите, туку и на други меѓународни простори, на кои, не случајно, сè почесто е присутен.

Во овој труд, низ прилозите кои својата прва промоција ја имале на бројни симпозиуми, конференции и трибини во земјата и светот, Славе Николовски–Катин открива еден навидум познат, а, всушност, недоволно осознаен феномен на Македонците во дијаспората: способноста за нивно брзо адаптирање и интегрирање во новата средина (радикално поинаква во секој поглед); изостреното чувство за прифаќање на новите општествени норми и стандарди и успешното вклучување во новите економски и социјални процеси.

Таквиот modus vivendi им овозможува да го свртат вниманието на тамошниот естаблишмент врз сопствените цивилизациски вредности и врз својот автентичен геокултурен

автопортрет, со кој Македонецот е препознатлив, речиси, на сите меридијани.

Авторот на оваа книга, во секој случај, нуди една нова диоптрија за поинакво фокусирање на миграциските процеси меѓу Македонците, за едно подлабоко проучување на овој феномен, кој своите вистински димензии, значења и суштина, сé повеќе ќе ги добива токму во оваа фаза од развојот на Македонија како самостојна и независна држава, како рамноправен меѓународен субјект, прифатен и признат од светската заедница на народите, со својата историја и култура, без чии вредности не може ни да се замисли ризницата на светската култура.

Очигледно е дека истражувачката трансферзала на Катин се движи во координати кои откриваат низа сличности во одот низ маките на македонскиот и еврејскиот народ во Европа и светот, правејќи ги комплементарни за проучување низ феноменот на миграциите во планетарни рамки, но и низ нивните генетски пориви и нивното влијание врз промените во државите во кои се стационирани на подолг рок, или како често се вели дека се таму за стално.

Во „Македонскиот иселенички паноптикум“, Славе Катин, низ сите аспекти, тоа евидентно го покажува и докажува, откривајќи низа значајни визури од животот и дејствувањето на македонското иселеништво во развојот и унапредувањето на економските и културните процеси во тие држави, со што и ги збогатува општите сознанија за скромниот придонес на Македонците и на овој план.

Посебно место во ова значајно дело на Катин имаат процесите на сопственото организирање и функционирање на Македонците во новата средина, а во тие рамки и придонесот на Македонската православна црква, која не само што ги организира и координира, туку и успешно ги синхронизира иницијативите и активностите на Македонците, без оглед на нивната социјална структура.

Причините за тоа, не се само во дистанцата од родниот крај или во носталгијата за него, туку и во чувството за припадност на една стара етничка заедница, чиј опстанок зависел и зависи од функционирањето на законитостите релевантни за „освојy-

вање“ на просторот во рамките на други планетарни простори и цивилизации. Токму поради тоа и укажувањата на Катин дека Македонија како самостојна и независна држава треба посмело да ги користи светските искуства на нашите сонародници во Соединетите Американски Држави, Канада, Австралија и Европа (Европската Унија), кои нам во овој поглед, очигледно ни недостасуваат.

На промоцијата во Друштвото за наука и уметност во Битола, д-р Трајко Огненовски истакнал:

„Македонскиот иселенички паноптикум“ на Катин нуди една нова диоптрија за поинакво фокусирање на миграциските процеси меѓу Македонците. Таа е книга за едно пофундирано проучување на овој феномен, кој своите вистински димензии, значење и суштина, сè повеќе ќе ги добива токму во оваа фаза од развојот на Македонија, како независна држава и рамноправен меѓународен субјект, прифатен и признат од светската заедница на народите, со своја историја и култура, без чии вредности не може да се замисли ризницата на светската култура.

Дел од богатствата на македонскиот дух, преку фолклорот, музиката и песната, носијата, накитот и резбата, веќе се присутни на културните простори на државите во кои Македонците се времено или трајно населени, како што е присутно и нивното книжевно творештво на својот мајчин јазик или на јазикот на кој зборува македонскиот народ. Во сегашниот миг, а и во иднина ова дело, како и целокупниот опус на Катин, ќе претставува значајна и своевидна аргументација за одбраната на националното, духовното и културното битие на Македонецот во светот“.

Исто така, на Печалбарските средби во Вевчани, на 14 јануари 1997 година, била промовирана книгата „Македонски иселенички паноптикум“. Ова дело на Катин го претставиле м-р Ѓорѓи Лумбуровски, претседател на Друштвото за наука и уметност од Битола и д-р Вера Стојчевска- Антиќ, кои го привлекоа вниманието на преку 500 присутни посетители на овој свечен чин во „Вевчанската Република“, како милуваат бевчанци да се изразат..

Катин во коавторство со Фиданка Танаскова, во 1996 година, се појавува со книгата ***„Поетски иселенички меридијани“,*** зборник на поезија, во издание на Матицата на иселениците од Македонија, посветен на Македонците раселени ширум светот. По тој повод д-р Димитар Керамичиев, како претседател на Матицата, во предговорот кон ова издание подвлекува дека овој поетски животопис ги сублимира мислите, надежите, исчекувањата, соништата и стварноста на македонските иселеници, односно нивните денонoќија во далечните и непознати светови, кога секој со своите среќни и тажни судбини си ја плете својата иднина.

Во тие непроспиени ноќи, или подоцна, во тие успешни или кошмарни години и децении, многумина од нив пишувале и стихови, инспирирани од носталгијата за Татковината, за старата мајка, за најблиските, за новите татковини, за новите текови и животни врвици, за небиднината, сновиденијата, проклетијата, среќата, печалбарството, далечините...

Книгата содржи 80 песни посветени на откорнатите од родните прагови, на раселените, на заминатите како печалбари, на тешката мисла и носталгијата овековечени низ поетскиот збор, низ стиховите чувани и носени во душата, како утеха за изгубената мајчинска топлина или за дедовските огништа, за безграничната љубов кон родниот праг, кон полињата и планините, реките и езерата - кон својата сакана Македонија.

Со децении Македонците пејат за толку многу вистини и за убавите нешта во животот. Пишуваат за љубовта, за своите најблиски, за младоста, за новите утра, за една поинаква судбина и стварност, иако живеат во нови далечни светови, во Торонто, во Чикаго, Сиднеј, Мелбурн, Перт, Детроит, Келн, Њу Џерси, Дизелдорф, Малме, Гетеборг, Вулунгонг.

„Оваа книга што трпеливо стих по стих ја собираа и обликуваа добрите познавачи на македонското иселеништво Славе Николовски-Катин и Фиданка Танаскова, претставува своевиден зборник на поетското творештво на Македонците во дијаспората, прв труд од ваков вид кој пополнува една голема празнина во истражувањата на македонското иселеништво во светот.

Истовремено, со овој труд се збогатува истражувачкиот опус на Катин на оваа тема, зашто иселеничките поетски и творечки пораки во ова дело се и општочовечки релации и синтеза на едно минато и една сегашност, доживеани со јазикот на универзалноста“, заклучува д-р Керамичиев.

На промоцијата, пак, што се одржала во Сиднеј во друштвото „Григор Прличев“, Иван Трпоски, поет и автор на десетина книги, истакнал:

„Катин и Танаскова се вистински иселенички повесничари, кои при секој нивен престој во некоја иселеничка колонија, со своите пера оставаат вечни белези во македонските весници. Нивните очи се најполни со иселенички ликови, нивните срца се најболни од иселеничките доживувања, нивните души се преболни од сознанието дека македонството расте во светот, а се намалува во Македонија. Да, таа трагедија ја знаат токму тие! Затоа во нивните бележници има место за сечија воздишка, сечиј морник, сечија солза...

Во „Современост“ бр. 3 и 4 од 1996 година, проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ, говорејќи за ова дело на Катин и Танаскова, нагласува:

„Пред нас имаме покомплетен избор на поезија од нашите сонародници во Австралија, Европа, Канада и САД, инспирирана од иселеничкиот копнеж и носталгијата кон Татковината. Иако нашиот човек се населил во различни средини, во држави многу оддалечени едни од други, нивниот носталгичен сон по „стариот крај“ останува длабоко всаден во нив. Преселбите, непроспиените денонoќија, немирите што ги носеле новите средини, логично, наоѓаат посебен израз кај поетите што ни се претставени во изборот на оваа книга“, вели Стојчевска притоа, цитирајќи, стихови од Џим Томев, Илија Башевски, Андреа Бранов, Васка Дренкова, Иванка Петровска, Пандора Петровска, Панде Манојлов, Доне Качоров и други поети.

Освен носталгични звуци кај поетите Македонци од Европа, Канада и САД, стиховите на австралиските поети не ги забораваат личностите од рангот на Александар Македонски, Гоце Делчев, Григор Прличев, свети Климент Охридски и други ликови од македонската историја, на кои многумина им посветиле песни.

Во 1998 година Славе Катин, во коавторство со Фиданка Танаскова ја објавува Монографијата за Македонскиот клуб ***„Илинден 1903 од Хамбург“,*** Германија, по повод дваесет-годишнината од неговото формирање, во издание на „Македонска искра“ од Скопје. По тој повод, претседателот на Клубот Никола Грујовски, во воведот истакнал дека „Германија како наша втора татковина ни овозможи нам на Македонците дел од својот живот, по силата на економските околности да го минеме во рамките на една стара европска цивилизација. Просторно најблиска на нашата Татковина, овозможувајќи ни да ги остваруваме своите потреби и интереси на начин кој обезбедува зачувување и развивање на нашиот национален и културен идентитет. Оттука и нашата благодарност кон оваа држава, која меѓу првите ја призна Република Македонија како самостојна и независна држава и со неа воспостави дипломатски односи на ниво на амбасади“.

Говорејќи за Клубот, Љубица Хаџи-Георгиева, како негова истакната активистка, во поговорот на монографијата истакнала дека „Дваесетгодишниот јубилеј - гледан од аспект на историјата е многу кус и незначаен период. Меѓутоа, погледнат од аспект на идејата, мисијата и улогата на луѓето кои се собираат и му даваат живот на тој Клуб, јубилејот е многу важен и многу значаен за сите нас. Во почетокот, истакнала таа, нашите луѓе се наоѓале на маргините на општествените настани во новата средина, одвај забележани. Но, со време, секој од нив со својот придонес, позитивен или негативен - со своето дејствување, или, едноставно, живеејќи во тие краишта, станал значаен фактор, носител на информации, белези и карактеристики на еден народ кој дотогаш во новата средина бил своевидна енигма. А Клубот во Хамбург и околината станал мост меѓу Македонците и Татковината, чувар на вредностите кои им овозможиле да го зачуваат својот идентитет“

Одбележувајќи го овој настан, во „Нова Македонија“ во мај 1998 година, пишувало дека Катин и Танаскова прават многу успешен спој на своевидниот временски мост, нагласувајќи ја големата мисија на Клубот „Илинден 1903“ и Црковната општина „Свети Ѓорѓи Кратовски“ во мултикултурната средина во Хамбург.

ИСЕЛЕНИЧКИ ХОРИЗОНТИ КОН ПАТУВАЊАТА НИЗ СВЕТОТ (7)

Славе Николовски-Катин ја следи преселничката судбина на Македонците, нивната економска ситуација, културниот престиж, улогата на МПЦ во нивното мотивирање за реализација на бројни програми на медиумски, културно-уметнички, спортски и духовен план.

Со осет и љубов кон историјата на македонското печалбарство, Катин секогаш на секој Македонец му подарувал убава литература, низ која ќе ја доживее својата судбина, не само во државата во која се преселил, туку и во својата Татковина. Тоа особено го изразил во книгата ***„Иселенички хоризонти“*** (1999), чиј рецензенти се д-р Вера Стојчевска-Антиќ и Мартин Треневски, кога Славе Катин направил уште еден крупен чекор во освојувањето на македонските олимписки височини на дијаспората.

Овој пат низ пристап кој судбината на македонскиот народ ја осветлува низ призмата на нејзините најдраматични фази низ кои минува нашата татковина Македонија во последните 150 години. Со сите нејзини отпори и страдања, низ битките за докажување на нејзиниот национален и духовен идентитет и интегритет.

Всушност, повеќегодишната истражувачко-научна работа на публицистот Славе Катин покажува дека неговото внимание е фокусирано на сите позитивни аспекти релевантни за целосно согледување на причините и последиците кои доведоа до македонската голгота.

Но, секако, не на еден стереотипен и вообичаено прагматичен начин, типичен за луѓето од историската наука, туку низ пристап на непосредна комуникација и опсервација на настаните, лично доживеани низ средбите и разделбите со

нивните актери од бројниот македонски иселенички ешалони на сите континенти.

Со нив тој остварува лични повеќе временски контакти и разговори, низ кои, не само изворно, туку и најемотивно и јасно ја отсликува нивната судбина, но и суштината на овој историски феномен.

Од овие причини, делата на Катин имаат посебна привлечност и атрактивност, што е резултат на неговата раскажувачка способност. Тие придонесуваат државите, градовите и регионите во светот населени со Македонци, да ги чувствуваме како да ни се на дофат, блиски, познати, како и ние самите да сме дел од нив.

Се разбира, таквиот впечаток, како што веќе истакнав, го создава пристапот на Катин кон појавата на иселеништвото, експлицирана во неговата вистинска димензија што ја чини магнетизмот на националниот арсенал и духовниот потенцијал на Македонската православна црква, како неодминлив стожер на Македонците во дијаспората.

„Иселенички хоризонти“ е книга која се чита во еден здив, зашто раскажувачката парадигма на Катин пленува со стилот и начинот на трансформацијата на настаните што се нижат како на лента од возбудлив филм, кој нè води од континет на континент. Како вистински глобротер, со чувство за откривање на возбудливите страни на животот, Катин е специфична појава во нашата културна и научна јавност.

Светот што ни го открива не е имагинарен, туку реален и непосредно доживеан, во кој, тој е соучесник и сведок, а не само посматрач. Неговите оценки и констатации извираат од живиот контакт и фактографијата со која го соочуваат неговите соговорници и затоа треба да се прифатат како релевантни факти на една продлабочена анализа за нашето македонско иселеништво.

На промоцијата на 5 мај 1999 година, во присуство на претставници на Владата на Македонија, на Македонската православна црква, верските заедници, научни, културни и други јавни работници, научниот работник професор Вера Стојчевска-Антиќ, истакнала:

„Во книгата ни се открива најболната македонска трагедија, кренатa и возвишена до ниво на една колективна национална судбина и историска категорија. Станува збор за книга која се вклопува во континуитетот на преселничката белетристика, дополнувајќи ги уште пошироко сознанијата за македонската дијаспора“. Како што веќе е истакнато, ова дело на Катин е промовирано и во Германија.

Импресивната публицистичка продукција на Славе Катин во 2001 година, е збогатена со книгата ***„Моите патувања низ светот“,*** издание на „Македонска искра“ 2001 година, на 192 страници на македонски јазик, чиј рецензенти се проф. д-р Томе Груевски и д-р Васил Тоциновски, во која се опфатени возбудливите импресии од неговиот престој во 20 држави на сите континенти, во кои живеат и македонски иселеници.

Станува збор за Италија, Франција, Германија, Данска, Шведска, Унга-рија, Романија, Украина, Чешка, Русија, Канада, Соединетите Американски Држави, Бразил, Австралија, Индија, Турција, Египет и Израел, како и за други земји кои Славе Катин ги посетил.

Поентата за оваа книга Катин ја наоѓа во библиските стихови на Матеја дека „Блажени се кротките, зашто тие ќе ја населат земјата! Блажени се милостивите, зашто тие ќе бидат помилувани! Блажени се миротворците, зашто тие ќе се наречат синови Божји!“

По повод ова издание, професорот по журналистика д-р Томе Груевски, напишал:

„Добриот репортер умее да ги поврзе работите од различни подрачја и од различни епохи во една целина која ги возбудува мечтите и поттикнува на размислување. Во новинарското обликување на репортажите на Катин доаѓа до израз неговата автентичност, документарност и конкретното прикажување на она што е најбитно во сите тие репортерски видувања на голем број вистини што постојат..

Тоа е сигурната информираност за она за што се пишува со мерка и рамнотежа во оценката и квалификациите на ситуацијата, пренесувањето на атмосферата и амбиентот, смислата за реалност во извлекувањето на заклучокот и одредување на пораката на секоја одделна репортажа, со јазик богат, сочен и

разновиден, литерарно изнијансиран, во суптилен, разбирлив и слоевит стил“.

Во својата обиколка околу светот, на ограничен број страници, Катин пренел многу записи од животот и опстојувањето на човечката цивилизација, истакнал во поговорот на ова дело д-р Васил Тоциновски. Квантитетот на страниците во книгата, од една страна, и неограничените пространства на светот, од друга страна, се наметнале како егзистенцијална неминовност во еднаквоста на почетокот и крајот на судбината по чии легенди и преданија трага Славе Катин и од нив искрено се извлекува сегашноста како нераскинлива алка со минатото и иднината.

Затоа, секое патување претставува нешто ново, недоживеано, невидено, како во споредба со градот на контрастите Киев, со московските вечери, недогледните канадски хоризонти, за миг застанати во Монтреал, така и за зимската романса во Рио де Жанеиро, за плачот на Калкута, за светата слава на Истанбул, за земјата на фараоните и нејзината престолнина Каиро, за Светата земја Израел.

Патувањата на Катин низ светот се производ на иселеничката магија на Македонците, распрснати на сите континенти. Понесен од магнетизмот на нивната судбина, тој патува со надеж и верба дека ќе ги пронајде и лично ќе ја доживее нивната апокалипса. Затоа Катин трага по нив, не жалејќи време и напори да го оформи македонското иселеничко cosвездие, без кое не може да се замисли планетарниот универзум.

Тој ги забележува познатите историски реалности кои се прекршуваат низ внатрешните немири и возбуди на душата, мислата и срцето со неповторливото негово субјективно гледиште. Затоа тие и не можат да се најдат така оригинални на друго место како во делата на Катин.

Со оглед на фактот дека Славе Николовски-Катин, како никој друг досега, ги открива македонските иселенички хоризонти во нивната оптимална димензија, објективно може да се очекува, не само обединување на Македонците кои се доселиле во многу земји во светот, туку и една поконсенквентна политика на Владата на Македонија, која не случајно, за оваа цел промовира и посебен ресор.

Потпирајќи се на неговите дела, природно е да се очекува државата да ја доизгради долгорочната стратегија кон иселеништвото, за чија реализација се незаобиколни сознанијата и оценките на Катин за состојбите во дијаспората, за кои, инаку ретко каде можат да се најдат толку автентични оценки како неговите.

Репортерските записи насловени како „Моите патувања по светот“, всушност се описи на краишта, предели, градови, држави, во кои новинарот патувал и го опишува она што на тој пат го привлекувало неговото внимание. Во новинарското обликување на репортажите кај авторот доаѓа до израз неговата автентичност, документарност и, конкретно, прикажување на она што е најбитно.

Сето ова наведува на заклучокот дека Славе Николовски-Катин е репортер со енциклопедиски познавања и информации за градовите и за земјите што ги посетил и преку оваа збирка репортажи несебично се прикажуваат на читателската публика во Македонија земјите кои авторот ги посетил, притоа, барајќи ги Македонците на тие простори, со цел да го збогати историскиот преглед на македонските иселеници во многу земји ширум свето

Записите „Моите патувања низ светот“ своја промоција имале во Скопје, во Народната библиотека „Свети Климент Охридски“, на која за ова дело говореле Фиданка Танаскова и д-р Томе Груевски. Исто така, оваа публикација имала промоција и во Торонто, во Македонската православна црква „Свети Кли-мент Охридски“, во организација на Литературното друштво „Браќа Миладиновци“, со излагање на познатиот македонски академски сликар Ѓорѓи Даневски, кој долги години живее и работи во Торонто.

Зборувајќи пред голем број членови на Друштвото, претставници на црквата и други присутни од македонската колонија во Торонто, сликарот Даневски истакнал дека ова дело претставува репортерско видување и еден вид потрага по Македонците во светот. Во него Катин успеал да ги поврзе суштините на одделни градови, места и региони во светот, од различни епохи, во една целина, која ги возбудува духовите и поттикнува на размислување.

ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНЦИТЕ ВО САД И КАНАДА“ – ЗНАЧАЈНО ДЕЛО НА СЛАВЕ КАТИН (8)

.

Македонците во Соединетите Американски Држави и во Канада имаат долга историја која датира од втората половина на XIX век и со различен интензитет трае до денес. Тоа било диктирано од жестокоста на искушенијата низ кои минувал македонскиот народ во борбата за својот опстанок. Македонците во новите средини започнале организиран живот уште со нивното доаѓање. Така, во периодот од повеќе од сто години биле формирани поголем број друштва, клубови и асоцијации на Македонците од етничка Македонија, на тие американски простори.

Тоа особено е презентирано во делото ***„Македонците во САД и во Канада“*** издание на „Македонска искра“, во 2002, на 382 страници на македонски и англиски јазик, чиј рецензенти се Митрополитот Кирил и Академикот Блаже Ристовски. Тоа е дело на Славе Николовски-Катин кое претставува своевиден рубин, камен кој ја осветлува библиската вистина за постоењето и вековните страдања на македонската нација во срцето на Балканот. Мотивиран од овој факт, Катин ја започнал и успешно ја остварува својата историска мисија, потврдувајќи и докажувајќи дека Македонецот има планетарни цивилизациски корени со кои се гордее, независно дали живее во својата татковина - Македонија или во Америка, Канада, Австралија и Европа (Европската Унија).

Делото „Македонците во САД и во Канада“ се доживува како „семејно житие“ за Македонците во дијаспората, за нивната иселеничка одисеја, со сите елементи битни за историскиот егзодус на еден народ, од неговото осознавање како нација до денес. Импресивен е фактот дека во сите фази низ кои минал,

независно од угнетувањата, прогонувањата, негирањата и асимилацијата што над него биле вршени, Македонецот успеал да се одржи и како птицата феникс да го продолжи своето битисување низ историјата. Најсветол пример на овој план е возобновувањето на Светиклиментовата црква на Плаошник во Охрид (разурната уште во XV век), во септември 2002 година.

Делото, насловено „Македонците во САД и во Канада“ е едно од позначајните дела на Славе Катин, кое, меѓу другото ја содржи и ја презентира улогата на Македонската православна црква во македонските процеси и ефектите од нејзините ангажмани во средината на доселениците, одржувањето и негувањето на верските и културните традиции, како и улогата на МПЦ-ОА во односите со соседните земји денес.

Епархијата, како и црквите се легално регистрирани македонски институции, признати од властите на Соединетите Американски Држави и Канада, а познати и широко прифатени од Македонците во овие земји. Од 1975 година до денес, Епархијата секоја година одржува црковно-народни собири, на кои доаѓа до израз заедништвото на македонските доселеници, на бројните фолклорни групи и спортските екипи.

Затоа, може да се каже дека иселениците кај Славе Катин не се третирани како гола статистика, туку се доживуваат како река која незапирливо тече, како планетарна појава која ги облагородува државите во кои се доселиле, дејствувајќи како амалгам на овие релативно нови цивилизации, не само на американскиот, туку и на австралискиот и европскиот континент. Кај Катин иселеништвото пулсира со живот чија динамика се чувствува на сите овие простори, создавајќи нови релации и нова клима во односите со старата татковина.

Често се вели дека оваа студија на Катин е своевиден калеидоскоп на историската вистина за нашето иселеништво. Во неа се прекршуваат сите вековни премрежија низ кои минувал македонскиот народ низ историјата. Она што му се случувало во Македонија, се рефлектирало, во иста или по-радикална мерка и во дијаспората. И таму нашите луѓе биле третирани како Бугари, Срби или Грци, како на такви им биле нудени цркви и весници низ кои ќе ја изразат својат „фактичка национална припадност“. „Од таквата грижа“, за жал, нашите

соседи не се откажале и денес, кога Балканот се демократизира и трансформира за вклучување во Европската Унија.

Аргументите на авторот на ова дело одат во прилог на фактот дека нема сила која може да го скрши духот и вербата на Македонецот во својата национална кауза. Состојбите на овој план денес во Америка, Канада, Австралија и Европа, најдобро го потврдуваат тоа. Македонците во државите на овие континенти денес ја доживуваат својата вистинска национална афирмација, што е, пред сè, нивна заслуга, но и заслуга на нивната матична држава, а особено на Македонската православна црква, која одиграла извонредно значајна улога во зачувувањето на националниот и духовниот идентитет и културните традиции на македонскиот народ, на сите светски меридијани.

Факт е дека Македонците во Татковината и оние во дијаспората, преку делото ќе научат повеќе за себе, ќе осознаат многу нови вистини за својата макотрпна борба за опстанок. Тоа ќе биде нишката која ги поврзува, запознава и зближува, како припадници на еден библиски народ со најдолга историја на планетата, како победнички народ, на чие чело се наоѓале водачи (Филип и Александар Македонски) со планетарна аура, без чии подвизи не може да се замисли, не само македонската, туку и историјата на многу народи.

Затоа, оваа книга уште повеќе ќе ги обедини Македонците, ќе ги зближи и мотивира за нови освојувања и пробиви во економијата и културата на државите во кои живеат, но и за афирмација на нивните вредности како припадници на една од најстарите цивилизации во Европа и светот.

Со еден збор, ова дело на Славе Катин е своевиден македонски мост по кој Македонците во Татковината и светот чекорат со една мисла и една цел: создавање стратегија на поврзување и соработка, во рамките на која сите тие ќе бидат генератори на овие процеси, кои ќе придонесат, не само за економскиот развој на Република Македонија, туку и за консолидација на односите со иселеништвото, од една страна, и смирување на денешните исцрпувачки трендови за доброто на земјата, од друга страна.

Славе Катин, својот генерален пристап кон оваа материја го модифицира и со неговото свртување од македонските заедници кон успешните поединци, чии продори во сферите на бизнисот, го привлекуваат не само вниманието на земјата во која живеат, туку и на старата Татковина, преку повремените контакти што со неа ги одржуваат по разни поводи (прослави, јубилеи, приеми), но не и мотивирани од македонската власт за вложување на нивниот капитал во матичната земја.

Инаку, на 8 декември 2002 година, во Торонто, Канада, се одржала промоција на делото „Македонците во Соединетите Американски Држави и во Канада“. Неговата промоција ја направил познатиот македонски академски сликар од Торонто, Ѓорѓи Даневски. Во своето излагање тој истакнал:

„Делото на Славе Катин е драгоцено, репрезентативно и сеисе-леничко, кое остава трајни сведоштва за бурниот историски развој на Македонците од сите делови на Македонија на северноамериканскиот континент. Во исто време, делото на Катин претставува значен прилог кон македонската книжнина, историографија и вистина, зашто тоа зборува за организираното живеење, постигањата на македонските иселеници на национално, верско, културно, образовно и спортско поле.

Исто така, во него се претставени напорите и борбата на Македонците за одбрана на нашиот национален идентитет, традициите и обичаите, кои извираат од нашите библиски корени. Затоа, оваа книга со право може да се нарече „Библија за судбината на Македонците во САД и во Канада“, истакнал Ѓорѓи Даневски.

Драгица Белчевска, водител и уредник на македонскиот радиочас „Глас од Македонија“, од Торонто, пак, истакнала:

„Посебен акцен во ова капитално дело на Катин за Македонците на северноамериканскиот континент е ставен врз македонските православни цркви, манастири и црковни општини, како и на македонските организации, друштва, медиуми, клубови и друг вид асоцијации што Македонците ги формирале во период подолг од сто години.

Со тоа се заокружува една значајна страница за македонската вистина и се осветлува историскиот и развојниот пат

на Македонците на овие светски демократски и многунационални простори“.

Во Детроит, Соединетите Американски Држави, пак, во организација на Друштвото „Полог“ (чиј почесен член е и Катин), на 15 декември 2002 година, делото „Македонците во САД и Канада“ било промовирано пред голем број членови на Друштвото на Македонската православна црковна општина „Света Богородица“, на повеќе македонски друштва и асоцијации, бизнисмени и други видни гости. Оваа значајна средба ја отворил претседателот на Друштвото „Полог“, Љупчо Атанасовски, а за ликот и делото на Славе Катин зборувал свештеникот Благоја Ацески.

Делото „Македонците во САД и во Канада“, го промовирал познатиот иселеник, бизнисменот Мишко Васовски, претседател на Македонско-американската асоцијација. Тој истакна дека делото на Катин е драгоцено, репрезентативно и семакедонско, кое остава трајни сведоштва за бурниот историски развој на Македонците од сите делови на Македонија кои денес живеат на северноамериканскиот континент, се вели во статијата на Дени Гавровски, објавена во повеќе информативни гласила во Република Македонија.

За творештвото на Катин зборувал и свештеникот на МПЦ „Света Богородица“ Благоја Ацески, кој посебно подвлекол дека во ова капитално дело на Катин за Македонците на северноамериканскиот континент, посебен акцент е ставен врз македонските православни цркви, манастири и црковни општини, како и на македонските организации, друштва, медиуми, клубови и други асоцијации формирани од иселениците во изминатите сто години.

Со тоа, според него, се заокружува една значајна страница за македонската вистина и се осветлува историскиот и развојниот пат на Македонците на овие демократски и повеќенационални простори во САД.

Благодарение на порталот „Македонска нација“ од Скопје, од публикацијата „Македонците во САД и Канада“, биле печатени триесетина продолженија.На промоцијата на делото „Македонците во САД и во Канада“ што се одржала на 16 април 2003 година во Народната и Универзитетска библиотека „Свети

Климент Охридски“ во Скопје, свое излагање под наслов ***„Нов пристап кон иселе-ништвото“*** имал и митрополитот на Македонската православна црква господин Кирил. Во исцрпното излагање митрополитот Кирил го рекол следното:

„Имам посебна чест и големо задоволство, пред сè, во квечерието на големиот христијански празник Цветници, а особено во пресрет на празникот над празниците, Светото Христово Воскресение - Велигден, како и големите јубилејни чествувања: 100 години од Илинденското востание, 100 години од Македонското иселеништво и 40 години од евангелисувањето на првата Македонска православна црква „Свети Петар и Павле“ во градот Гери, Индијана, во САД, да бидам еден од учесниците на промоцијата „Македонците во Соединетите Американски Држави и во Канада“.

Тоа, покрај досегашните е уште едно големо дело создадено од перото на нашиот неколку деценски драг пријател и истакнат оригинален хроничар на македонската иселеничка голгота и вознес во период од 4 децении, братот по Господа, Славе Николовски-Катин.

Како долгогодишен надлежен епархиски архијерej на Македонската православна црква за прекуокеанските земји, ќе се потрудам преку делото „Македонците во САД и во Канада“ на господинот Славе Катин, да ви претставам дел од севкупното национално-духовно, црковно и културно-просветно опстојување на нашите по крв и вера браќа и сестри Македонци кои се определиле да живеат во демократските и од Бога благословени држави САД и Канада.

Во оваа пригода сакам да нагласам дека познатството, соработката и другарувањето со господинот Катин трае од 1969 година, од времето на моето востоличување за надлежен архијерej на Американско-канадската македонска православна епархија, во македонската православна црква „Свети Климент Охридски“, во космополитската прекрасна метропола Торонто, во демократска Канада.

Оттогаш до денес со внимание ја следам неговата плодотворна и бериќетна творечка дејност, за која повеќепати сум се изјаснил. Еден од овие прекрасни мигови била и промоцијата на монографијата за Македонската православна

црква „Свети Климент Охридски“ од Торонто, којашто била извршена во истоимената црква во 1994 година.

Еве и денес ја имам таа посебна чест и задоволство, драги браќа и сестри по Господа, да зборувам за уште едно негово животно дело насловено „Македонците во САД и во Канада“. Ова дело кон крајот на минатата година, поточно на патрониот празничен ден на големиот свети Климент Охридски ја доживеа својата промоција во Торонто, а потоа и во Детроит, двата големи центра на македонската дијаспора на северноамериканскиот континент.

Оваа двојазична публикација, на македонски и на англиски, претставува круна на богатиот книжевен опус на господинот Славе Катин, посветен на иселеништвото, сублимиран во повеќе од 20 тематски изданија, во кои се осветлува животот и импресивните активности на Македонците во САД и во Канада, како и нивната одисеја за опстој во новите средини, но и за совладување на предизвикот на носталгијата за својата родна и мила татковина Македонија.

Од тие причини, оваа публикација за нашите браќа и сестри откинати од дедовските корени, безмалку се доживува како ново библиско откровение за Македонците надвор од Татковината, за нивната преселничка судбина, со сите елементи битни за историскиот егзодус на еден страдален народ, од неговото осознавање до денес.

Импресивен е фактот дека низ сите фази низ кои минал Македонецот, независно од угнетувањата, прогонувањата, негирањата и асимилацијата што над него биле вршени сепак успеал да се одржи и како птицата феникс да го продолжи своето битисување низ историјата.

Тоа е особено изразено со воскреснувањето во новиот праведен живот од обновата на самостојноста на Охридската архиепископија во 1958 година и прогласувањето на Светиклиментовата црква за автокефална во лицето на Македонската православна црква, во 1967 година.

Она што се случувало во иселеништвото во XX век и што се случува денес, е своевиден предизвик за голем број научни и други истражувачи од Македонија и пошироко, меѓу кои е и господинот Славе Катин. Тој се потрудил и успеал длабоко да

навлезе во порите на историската вистина за Македонците во дијаспората, притоа и посебно да се ангажира за духовниот и историски развој на македонските православни цркви и културно-просветни центри, кои ги собираат чедата Македонци од сите делови на расчеречена Македонија.

Во изминатиот период, во нив се постигнати видни резултати во духовниот, црковниот, културно-просветниот, спортскиот и социјалниот живот. Во Соединетите Американски Држави и Канада, се изградени преку триесетина македонски православни цркви и манастири, во кои мисионерствуваат и толку македонски народни пастири.

Во црквите, покрај словото Божјо се употребува македонскиот јазик, со успех работат македонски неделни училишта, каде се учи македонски јазик, национална историја, географија и веронаука. Со тоа се отворени процесите за создавање фолклорни, културно-уметнички, забавни, литературни, социјални, хуманитарни, спортски и други друштва и асоцијации. Исто така, во црквите се издаваат весници, списанија, билтени, а се отворени и радио и ТВ часови на македонски јазик.

Македонските православни цркви и манастири во САД и во Канада имаат посебно место во делото на господинот Славе Катин, за што со најдлабоки, братољубиви архипастирски чувства ја изразуваме нашата трајна благодарност. Посебно е возбудлив начинот на кој се отсликани овие македонски жаришта на религијата, културата и националното опстојување. Неговите аргументи одат во прилог на фактот дека нема сила која може да го скрши духот и непокорот на Македонецот во неговата борба за национално опстојување.

Денес Македонците во Соединетите Американски Држави и во Канада ја доживуваат својата вистинска национална ренесанса и афирмација, што е, пред сè, нивна заслуга, заедно со нашите свештенослужители, но и заслуга на нивната матична држава, а особено на Македонската православна црква, која одиграла, игра и ќе игра огромна улога во зачувувањето на националниот идентитет, културните традиции и обичаите кај Македонците од сите делови на Македонија.

Всушност, Црквата е оној *спиритус мовенс* во иселеништвото кој ги обединува нашите македонски чеда во Господа,

ги мотивира и инспирира во севкупното живеење. Тие живеат со вербата и со аманетот за вечно обединување како народ за себе и за сите идни македонски рожби. Огромни се нивните саможртвени подвизи, проследени со многу труд, средства и усилби за да се создаде она што денес на широко го имаат на тие демо-кратски простори во Соединетите Американски Држави и Канада.

Само за пример ќе нагласам дека минатата година извршивме евангелисување на најголемиот и најзначаен црковно-национален храм во Соединетите Американски Држави, црквата „Света Богородица“ во Детроит, чија инвестиција е околу 10 милиони долари. Тоа зборува дека такви големи дела прават само големи луѓе - Македонци, со христијанска чиста душа и силен патриотизам.

На крајот од моето скромно излагање сакам да нагласам дека привлечноста на делото „Македонците во САД и во Канада“ од господинот Славе Катин се разликува од другите публикации на оваа тема, по тоа што Катин му приоѓа на иселеништвото од еден подруг агол. Тоа е откривањето на причините, а не само на околностите за појавата и генезата на овој феномен.

Тој не го третира тоа како гола статистика, туку го доживува како река која незапирливо тече, но и како планетарна појава која ги облагородува државите во кои Македонците свиле ново гнездо. Кај Катин иселеништвото пулсира со живот, тој живее со него, ја чувствува динамиката на сите овие простори, зашто македонските иселеници создаваат нови релации и нова клима во односите на САД и Канада со дедовската земја Македонија, зацврстувајќи ги мостовите на севкупната соработка.

Најискрено ви го препорачувам ова значајно и обемно дело од почитуваниот господин Славе Николовски-Катин, како непресушен извор за вистината на животот, развојот и растежот на македонските иселеници, организирано преку македонските иселенички асоцијации.

Посебно треба да се нагласи плодната дејност на македонските православни цркви и културно-просветни друштва во состав на Американско-канадската македонска православна епархија, на нашиот голем делател и творец на голем број

трудови од оваа област со најискрени братољубиви чувства на најдлабока почит молитвено му посакуваме Господ да му дарува многудецениско долголетие, да го следи Божјиот благослов со одлично здравје во сите денови од неговиот живот и создавање на уште вакви и слични добри дела.

Затоа што живеењето без создавање на добри и трајни дела за својот народ, за својата Татковина и својата Света црква, не е живеење!“, истакнал почитуваниот митрополит на Македонската православна црква, господин Кирил.

На промоцијата на делото „Македонците во САД и во Канада“ што се одржала на 16 април 2003 година во Народната и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“, во Скопје, свое излагање под наслов ***„И Катин како Мисирков, предупредува!“*** имал академик Блаже Ристовски. Тој во своето излагање го истакнал следното:

Минатото столетие се карактеризира со големо индивидуално и семејно раселување на луѓето. Токму Македонија ја снајде судбината да ја загуби и територијалната и етноисториската целост, да создаде најпосле своја држава на едно делче од својата земја, но како народ Македонците да живеат во мнозинство надвор од сопствената државно-конституирана татковина. Славе Катин како мото на својата најнова книга ги поставил знаменитите зборови на Џон Кенеди со прашањето: Што сме сториле ние за татковината?

За жал, ние направивме огромно многу, и што е уште пожално, и натаму ја интензивираме таа работа: крвавевме за сопствената слобода, се боревме за својата држава, но дозволивме други да ни ја раководат борбата, други да ни ја кројат националната програма, а ние да бидеме само егзекутори на сопствената судбина.

Кренавме најмногу ослободителни востанија на Балканот, но секогаш со недокрај јасно поставени цели и задачи. Нашите водачи се поставија во услуга на туѓи перспективи. Најпосле, време е да си го поставиме нашето огледало пред нас и да погледнеме: Каде и зошто сме оделе во новата историја и каде сме стигнале?

Се заканивме и годинава да ја одбележиме стогодишнината од македонската државност, заборавајќи дека во последниве

децении најсвечено, со сите државни почести прославивме неколку стогодишнини на македонската државност! Но, уште не сме кадарни државно да се организираме, па само парцијално, одвреме-навреме ќе се појави по некоја (повеќе лична или институционална) иницијатива со заглушен глас за стогодишнината. И, пак, недвосмислено, недржавнички, симптоматично укажувачки...

А токму пред сто години големиот и видовит Мисирков нè предупреди: Македонци, освестете се и обединете се околу една национална програма, оти инаку нè загрозува сигурното разграбување и уништување! Ние сè уште изгледа не умеевме да го слушнеме тој предупредувачки глас...

Наши луѓе го помогнаа и го потпишаа делењето на народот и татковината. Наши лидери дозволија да бидат водени во судбоносните историски моменти. И денеска - наши умови, пак, се ставија во туѓа услуга и во служби на силните на денот со наши (макар и правно неповикани и умствено некомпетентни) раце го потпишаа и го изгласаа раздржавувањето на македонската држава. Па каде да ги бараме виновниците?

Го носевме светот со сопственото тело, а ја оставивме разнебитена татковината, секојдневно да не се празни и да не се однародува, други стопани да не се одомаќинуваат... Ќе даде ли некој конечен отчет и за своето благоутробие?

А Славе Николовски-Катин денеска ни поднесува еден прекрасен регистар на „успесите“ на раселените Македонци во Соединетите Американски Држави и Канада. Овој пат не и за оние во Австралија, Нова Зеландија и по цела Европа... И тој, како Мисирков пред сто години, инди-ректно ни укажува: Македонци, свестете се, оти ќе нè снема!

Славе Катин ја проследува „иселеничката голгота“ како судбина на Македонија, зборува за историјата, но и за сегашноста, за македонското организирање во минатото, но и за она злокобно дезорганизирање денеска, кога туѓи прсти џбуркаат во душите на Македонците и овде и во дијаспората. Катин пишува за македонските цркви и манастири, но и за оние „под туѓа јурисдикција“...

Пишува за успесите на Македонската православна црква во организација на црковно-духовниот живот на иселените Маке-

донци, но со директна или индиректна рефлексија на она што ни се случува во Светиклиментовиот храм надвор, ама и овде, дома... Има ли освестување и осознавање што ни се случува?

Славе Катин педантно ги проследува и печатените медиуми на македонското иселеништво пред Втората светска војна, но и оние разновидни органи и средства за информации денеска во Соединетите Американски Држави и Канада. Катин детално ги регистрира и културно-националните центри, организации, друштва и разни други асоцијации во САД и Канада и завршува со „македонската вистина денес“. А вистинското осознавање на таа вистина е мошне жестоко...

Славе Катин не е единствен на ова широко поле. И пред него и со него има и други македонски истражувачи, опишувачи и патриоти што веќе оставиле свој придонес во општата културно-национална историја на Македонците во светот. Но, токму тој Славе Катин, со оние 20-тина нам познати разновидни репрезентативни изданија, веројатно во овој момент е најконтинуираниот и најсеопфатниот обопштувач на вистинската слика на македонското иселеништво и не само во Соединетите Американски Држави и Канада.

Можеби и други ќе се зафатат така внимателно за да ги проследат и македонските иселеници во Австралија, Нова Зеландија, Европа, но и во Јужна Америка, па и по другите континенти. Светот треба да знае за нас не само овде, во оваа држава што ние со своја крв ја создадовме и сѐ уште велиме и ја сметаме македонска. Особено со изданија како ова, паралелно на македонски и на англиски и со многу автентични, главно, колоритни илустрации. А на задната корица дури и картата на Македонија од март 1913 година од монументалниот национален деец Димитрија Чуповски. Колку за да се знае...

Па нека им е честита и оваа историска скица за Македонците во САД и Канада на неуморниот Славе Катин и „Македонска искра“ нека бувне во силен пламен за да ја осветлува вистината за Македонците во светот истакнал академик Блаже Ристовски.

ПАТУВАЊАТА ПО СВЕТОТ ПРЕТСТАВЕНИ ВО ДЕЛАТА „СВЕТОТ НА ДЛАНКА“ И „ПО СТАПКИТЕ НА ЕВЛИЈА ЧЕЛЕБИЈА“ (9)

Публикацијата ***„Светот на дланка“*** е 50-то издание на Славе Катин, во кое се објавени 40 репортажи од доживувањата и посетите на 40 земји во светот, и тоа: со 50 двонасочни, или 100 еднонасочни патувања преку Атлантскиот Океан, почнувајќи од првиот лет во Соединетите Американски Држави во 1965 година и во Канада во 1966 година, па сè до 2014 година, потоа трите патувања до Австралија, посетите на: Индија, Обединетите Арапски Емирати, Средна и Јужна Америка, Европа (Европската Унија) и голем број земји на Блискиот Исток и Африка.

Публикацијата „Светот на дланка“, чии рецензенти се проф. д-р Вера Стојчевска–Антиќ и публицистот Ставре Џиков, е дело на „Тримакс“од Скопје, а второто издание на „Македонска искра“од Скопје, како второ издание, отпечатено во 2014 година, на 440 страници на македонски јазик, каде на едно место, како на дланка пред читателот се отвораат широки хоризонти.

Тој може да пропатува ширум светот, да се запознае со голем број земји, места, култури и религии донесени од освојувачите, особено на Англичаните, Шпанците, потоа градови, интересни споменици на културите на домородното население, со Французите и Португалците како и со креолизацијата на јазиците и народите на тие новооткриени простори.

Во поголемиот број земји во светот што ги посетил Славе Катин живее и македонско население од сите делови и краишта на етничка Македонија. Затоа, одењето по светот како новинар; потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници

на Република Македонија; како член на државни, црковни, новинарски и други делегации и како човек на кого светот му е предизвик, патувањата беа тесно поврзани со запознавањето, истражувањето и афирмацијата на македонските православни цркви, црковни општини, манастири, друштва и други асоцијации ширум светот.

Публикацијата „Светот на дланка“ е 50-то издание на Славе Катин, почнувајќи од првото дело „Англиско–македонскиот лимнолошки речник“, што го издаде „Хидробиолошкиот завод“ од Охрид во 1986 година. Како куриозитет добро е да се спомене е дека по повод 40-годишниот брачен живот на Славе Катин и неговиот животен сопатник Нада Николовска–Катин, во февруари 2014 година заминале за убавата и интересната Флорида.

Оттаму, со најголемиот брод на светот наречен „Волшебникот на морињата“ ги посетиле Хаити, Јамајка и Мексико и, пак, се вратиле во Мајами. Потоа со џип ги прокрстариле источните држави на Соединетите Американски Држави на пат за Торонто, од каде нивното најдолго патување го продолжиле за Виена и Скопје.

Во текот на овој период Славе Катин објавил повеќе од две илјади новинарски и други текстови на македонски и на англиски јазик во земјата и во светот и бил учесник на педесет научни симпозиуми, конференции и други научни собири. Првите новинарски текстови ги објавил во списанијата „Духовна искра“, „Климентов збор“ и „Обединети Македонци“ од Торонто, пред педесетина години, а потоа, меѓу другите, објавувал и во списанието за иселениците ширум светот „Македонија“ и „Иселеничкиот алманах“, како вработен во Матицата на иселениците од Македонија.

Текстовите од неговото новинарско перо се нижеа на страниците на „Македонска ревија“ (Macedonian review), „Нова Македонија“, „Вечер“, „Студентски збор“, „Миграција“, „Бирлик“, „Наша штампа“, „Културен живот“, „Лик“, „Просветена жена“, „Трудбеник“, „Битолски весник“, „Современост“, „Македонски глас“, „Весник на МПЦ“, во Македонија, како и во „Македонски весник“ и „Снегулка“ од Шведска, „Македонски збор“ од САД, „Македонија“ од Канада, „Искра“, „Повод“ „Македонска мисла“,

„Ново доба“, „Наш свет“, и „Австралиско–македонски неделник“ од Австралија, за кои бил акредитиран новинар од Република Македонија.

Неговите патувања во различни земји во светот му биле мошне возбудливи, исполнети со многу непреспиени ноќи, искушенија, релаксирачки моменти, сознанија и предизвици да запознае различни држави, места, градови, народи, култури, религии, обичаи и многу карактеристики на современиот свет. Притоа, имал можност да посети бројни споменици кои имаат светско значење и кои оставаат вечни траги во сеќавањата на посетителот.

Затоа тешко е посебно да се издвои место, град или држава, бидејќи сите тие Господови дарби на мајката Земја имаат свое значење, величие, карактеристики и улога во афирмирањето на државите од светот кои тој ги посетил и каде тој се чувствувал како да едома..

Публикацијата „Светот на дланка“ е еден дел од историската неправда, а со тоа и иселеничката голгота, особено од беломорскиот дел на Македонија. Тоа е голем предизвик да се фрли светлина на страдањата и борбата на македонскиот народ во иселеништвото за одбрана на нивниот национален идентитет, верата, културата, традициите и обичаите, кои извираат од неговите библиски корени.

Тој историски факт може да се најде и најсилно да се почувствува кај Македонците во дијаспората, кои како припадници на една од најстарите цивилизации во Европа, во битката за одбрана на националната кауза, морале да минат низ големи искушенија и страдања и да се потврдат како успешни градители на Новиот свет.

Меѓутоа, со создавањето на македонска држава во 1945 година, по Втората светска војна, и со прогласувањето на нејзината самостојност и независност во 1991 година, состојбата во дијаспората рапидно се измени. Круната на тој историски вознес беше обновата на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква, чија улога на обединувачки фактор на Македонците дојде до израз и во етничка Македонија и кај Македонците во дијаспората, кои само тие и античките Македонци се нарекуваат со тоа име. Затоа, во

оваа публикација, меѓу другото, е направен обид да се осветли дел од иселеничката одисеја на Македонците расселени насекаде во светот.

Во Ресенскиот Сарај на 15 септември 2014 година била промовирана книгата „Светот на дланка“ на Славе Катин, која промоторот, професор Вера Стојчевска-Антиќ, ја нарекла „сага на импресии од четириесет земји“. Инаку, оваа книга е десеттата книга на Катин, кој е од преспанското село Љубојно, која била промовирана во Домот на културата „Драги Тозија“, сместен во Ресенскиот Сарај, каде авторот го започнал својот работен век.

Пред ресенската публика проф. д-р Вера Стојчевска–Антиќ и Славе Катин ги претставиле и делата на брачниот пар Неда и Алексо Лозановски, кои живеат и творат во Торонто, Канада. И двајцата се членови на Друштвото на писателите на Македонија, долгогодишни учесници на Струшките вечери на поезијата, и едни од основачите на литературното друштво „Браќа Миладиновци“ во Торонто. Неда и Алексо, кои зад себе имаат бројни дела, како поетски, така и различни монографии и трудови посветени на Преспа и на Македонија, потекнуваат од Преспанско, од селата Штрбово и Арвати.

Публикацијата „Светот на дланка“, доживеала голема промоција во Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Торонто, Канада на 19. октомври 2014 година. Ова дело со иселенички содржини било промовирано во рамките на Литературното друштво „Браќа Миладиновци“ кое е во состав на Црквата „Свети Климент Охридски“, а во исто време кога се одржувала интересната Модна ревија во организација на Женската секција при Црквата.

Во присуство на голем број македонски иселеници од сите делови на Македонија, за делото зборувал професор Филип Ангеловски, водител и диригент на Црковен хор кој ја отворил промоцијата.

Филип Ангелковски во своето излагање, меѓу другото, истакнал дека книгата „Светот на дланка“ на публицистот Славе Николовски–Катин за прв пат се промовирала на северноамериканскиот континент и дека таа претставува репортерско видување, патувачки летопис, документ на хроничарски пристап

и фактографска меморија на волшебната имагинација на авторот.

Публикацијата ***„По стапките на Евлија Челебија“,*** од Славе Николовски–Катин е издание на „Македонска искра“, од Скопје, во 2007 година, 1-192, на турски јазик, во превод на Нестрин Омер-Наумовска и Халит Зеинулах во која се дадени неговите патувања и трагања ширум Турција. Притоа, посебно место во книгата имаат средбите и разговорите на авторот особено со Македонците муслимани и Турците кои водат длабоки корени и се тесно поврзани со старото име Румелија, односно Македонија.

Делото содржи текстови за Република Турција, татковината на Кемал Ататурк која е земја на големите контрасти, а Истанбул е најголем економски и културен центар кој се протега на три морски брега и се простира на седум ридови. Тој е градот на Јустинијан I кој бил роден во селото Таор, кај Скопје, во Македонија, а бил византиски цар, император на Источното Римско Царство.

Бизантион, Цариград, Константинопол, Истанбул, доста имиња за единствениот босфорски град. Доста страници во историјата говорат за неговата многувековност и опстојување. Славата го следи уште од моментот кога римскиот император Константин решил да ја пресели престолнината од Рим во Византија, како што тогаш се нарекувал Истанбул.

Денес тоа е град со многубројни сведоштва за културно-историското минато, со споменици од византискиот и од отоманскиот период, а во исто време е најголем економски и културен центар на современа Република Турција. Всушност, Истанбул е раскрсница на азиската и европската култура, цивилизација и религија. Тој, всушност, претставува врата од Север кон Југ и од Исток кон Запад.

Во Истанбул има над 50 царски палати и други културно-историски споменици. Најпознатата меѓу нив е Палатата на Топкапи со преубавите царски одаи и хареми. Да споменам дека во музејот „Топкапи“ ги видовме и специјалните чинии што ја менуваат бојата при допир со отров, наменети само за царевите. Без здив останавме и пред дијамантот познат како

„Кашички елмас“ и пред камата украсена со дијаманти и други непроценливо вредни предмети.

Затоа, често се вели дека за многу луѓе на светот е предизвик да се посети татковината на Кемал Ататурк. Земјата на големите контрасти, која се разликува од онаа Турција во минатото. Земјата која била освоена од Александар Македонски и приклучена кон Македонската Империја.

Потоа, империјата во која беше и Македонија цели пет векови. Кемал Ататурк чии родители потекнуваат од Македонија, од селото Коџаџик, Дебарско (а тој се води дека бил роден во Солун, а гимназија завршил во Битола), е човекот кој животот го посветил на Турција и на нејзината посреќна иднина. Човекот кој, меѓу другото, ја одбулил турската жена, ја одвоил верата од државата и го вовел латинското писмо во турскиот јазик. Тој е човекот кој е широко прифатен од народните маси. Затоа патувањето во Турција е предизвик и во исто време големо задоволство.

Турските истражувачи велат дека ни неговите постојани жители не ги знаат доволно сите негови убавини. Не се знае ни точниот број на неговото население. Според официјалните документи, во Истанбул живеат околу 10 милиони жители, меѓу кои голем број Македонци христијани, Македонци муслимани и Турци родени во Македонија.

Затоа, токму во Истанбул, пред концертот на Националниот ансамбл „Танец“ што се одржа во септември 2008 година, беше промовирана публикацијата „По стапките на Евлија Челебија“ од Славе Николовски–Катин.

Инаку, во порталот „Македонска нација“ од Скопје, од публикацијата **„**Светот на дланка“, биле печатени во континуитет над 130 продолженија за патувањата на Славе Катин по светот. Исто така, поголем број продолжение од делото **„**Светот на дланка“ биле објавени во различни информативни гласила во Република Македонија и во прекуокеанските земји.:

ИСЕЛЕНИЧКА ВИСТИНА ВО ДЕЛАТА „ИЛИНДЕН ВО ЉУБОЈНО И ПРЕСПА“ И „ИСЕЛЕНИЧКА ВРТЕЛЕШКА“ (10)

Монографијата ***„Илинден во Љубојно и Преспа“*** која е на македонски и англиски јазик е исцрпно издание за историскиот развој на Љубојно и Преспа и е дело на Славе Николовски-Катин, и неговиот коавтор Бошко Рајчовски-Пелистерски, а е издание на „Македонска искра“, од Скопје и на Македонското друштво „Љубојно“ од Детроит, САД, 2013 година, 1-320, чиј рецензенти се проф. д-р Петре Георгиевски, д-р Никола Јанкуловски и д-р Петре Лубаровски, а делото ***„Иселеничка вртелешка“*** од Славе Катин е издание на „Македонска искра“, од Скопје издадено во 2008 година на 240 страници.

На прославата 40 години на „Љубанските илинденски иселенички средби“, во 2014 година била промовирана монографијата „Илинден во Љубојно и Преспа“, во која е претставен дел од историјата на етничка Преспа, еден од најубавите и најзначајни делови од Македонија. Таа е посветена на Илинден, на илинденските иселенички средби што се одржуваат во селото Љубојно и Преспа.

Во ова дело акцент е ставен на сто и педесетината македонски православни цркви во цела етничка Преспа и на бројни цркви во дијаспората, како дел од црковно-националното живеење на Македонците во иселеништвото.

Инаку, да се пишува за минатото и сегашноста за Љубојно, Преспа, за Македонците од поделена Македонија е одговорна задача, но истовремено причинува големо задоволство. Во ова време на светска глобализација прекрасно е чувството кога ќе се најде на едно место најголемиот и најзначајниот дел од една исто-

риска вистина за настаните, личностите, за минатото, сегашноста и иднината на еден убав македонски крај од незаборавот.

Не случајно делото е насловено „Илинден во Љубојно и Преспа“ и е посветено на Илинден и на илинденските иселенички средби во Љубојно и Преспа, затоа што Илинден, Втори август е запишан со крупни позлатени букви во историјата на македонскиот народ, а особено во историјата на Преспа. На тој ден, во 1903 година, избувнало Илинденското востание, а на истиот тој ден, односно на 2 август 1944 година, Македонија била конституирана во држава.

А, Илинден, тој величествен ден на сенародниот македонски копнеж за борба и слобода, на најголемиот празник од сите празници во Македонија, го прави Љубојно да е најубаво, највесело и најпривлечно место. На Илинден во Љубојно се игра и се пее, се јаде и се пие, се чувствува топло гостопримство и срдечност кај сите оние што доаѓаат да се сретнат со своите роднини, пријатели, познати.

Иселеничките средби, кои се одржале 40 пати досега, се исполнети со интересни содржини како што се промоции, литературни читања, беседувања, разговори и друго. По традиција, на 2 Август сретсело на Полена се одржува општ собор на многуилјадниот народ. Ечат песни и ора, се радуваат луѓето на многуте визити, видувања, спомени и завет - *дека каде и да се, ама на Илинден, во Љубојно да се*.

На Илинден во Љубојно се собираат голем број иселеници од прекуокеанските и од европските земји, Преспанци што живеат низ Македонија, голем број Македонци од егејскиот дел на Македонија што живеат ширум светот, гости и иселеници од другите села, туристи и бројни повратници од Преспа, Битолско, Охридско и од други места.

За одржувањето на љубанските средби, меѓу другите заслужни се љубанчани, Месната заедница Љубојно, „Илинденските денови“ - Битола, Општината Ресен, Агенцијата за иселеништво на Република Македонија, бројни оркестри, естрадни уметници, фолклорни групи, медиумите во Македонија, како и голем број вљубеници во Љубојно и нивни пријатели, кои дале значаен прилог и придонес средбите да бидат добро организирани, масовни, да имаат поширок карактер и да бидат вечни. Притоа, посебно признание треба да им се оддаде на долгогодишните

организатори: Владо Пашариковски, Бошко Рајчовски-Пелистерски, Славе Катин, Ламбе Алабаковски, Славица Петревска-Диневска и други.

Монографијата „Илинден во Љубојно и Преспа“, всушност е само откинат дел од вистината за овој предел на етничка Македонија. Таа е збир на факти, искажувања и придонес на авторот и на голем број Македонци со позитивна енергија ширум светот.

Затоа и пораката на делото е тоа нека биде поттик на идните генерации, без разлика каде се наоѓаат, да не ги забора-ваат корените на прадедовската земја, да бидат продолжувачи на македонската државност, јазик, црква, култура, обичај, верувања и чувари на македонската земја и вистината за тој напатен дел од Македонија - Преспа.

Ова илустрирано дело излезе благодарение на големиот број содружници, пријатели, интелектуалци, обични, едноставни вљубеници во овој дел на Македонија и насекаде во светот. Сите тие со своите сеќавања, податоци, финансиска помош и позитивен однос кон својата татковина Македонија помогнаа монографијата да види виделина од македонското Сонце.

За одбележување е дека на 20. октомври 2013 година во Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Торонто се одржала промоција на монографијата „Илинден во Љубојно и Преспа“.

Во текстот на Алексо Лозановски се вели дека ова значајно дело било промовирано во рамките на Литературното друштво „Браќа Миладиновци“ кое е во состав на Црквата „Свети Климент Охридски“ од Торонто.

Во присуство на голем број иселеници промоцијата ја отворила Маја Доневска–Иванова, претседател на Друштвото „Браќа Миладиновци“, а за монографијата зборувал свештеникот на црквата професор Илија Донев.

Во своето излагање, меѓу другото, тој рекол дека монографијата е сведок на судбини на Љубојно, на Преспа, на Македонија. Во делото е изразена силната љубов кон родната земја, особено на оние кои го напуштиле родното дедовско огниште, но се поврзани по семејна или друга врска со тој убав, борбен, патриотски и значаен дел на етничка Македонија.

Монографијата претставува значаен прилог и придонес на публицистичкото творештво. Таа е огледало и свидетелство на убавиот збор и откривање на судбината на печалбарскиот крај Преспа. Монографијата е документ за голем број луѓе, настани, појави, интелектуалци или вљубеници во дедовскиот крај, во Преспа.

Всушност, тоа е дело особено за настаните во овој крај кои се одржаа по повод „40-те Љубански илинденски иселенички средби“ и „Фолк – фест Преспа 2013“ кои се одржаа токму на ден Илинден во Љубојно. На тие иселенички средби била промовирана монографијата „Илинден во Љубојно и Преспа“, во која е претставен дел од истотија на овој по многу нешта убав и значаен дел од Македонија.

Исто така, во оваа монографија се презентирани Преспанци кои живеат насекаде по светот, како и голем број факсимили од различни текстови и фотографии кои ја збогатуваат содржината на делото. со сета скромност е огледало за начинот на комуницирањето.

Во рамките на патувањата на Славе Катин ширум светот, има објавено многубројни текстови и публикации за македонските иселеници во САД, Канада, Австралија, Европа. Притоа, покрај разговорите за нивната животна голгота, не биле заобиколени ни типичните интимни прашања и проблеми.

Карактеристична е нивната генетска поврзаност со семејството. Потврда за тоа се книгите под наслов „Иселеничка вртелешка“, „Македонска искра“ – Скопје, 2008,1-254, на македонски јазик и преводот на англиски јазик насловен Love Stories (Љубовни приказни), „Македонска искра“, Скопје, 2011 година, 1-130, кои содржат по 20 исповеди на наши луѓе од разни возрасти, со различен социјален статус, без оглед во кој дел од светот живеат, а кај кои не згаснува нивната љубов кон родната дедовска земја Македонија.

Интимните приказни содржани во оваа книга најдобро го потврдуваат овој факт. Независно каде започнува и каде завршува битката за корените на македонското семејство, дали во Северна Америка, Европа, Австралија или во други земји, значајно е дека „крвта не е вода“. И затоа изборот на партнерот не е ни лесна ни едноставна работа.

Инаку, на 19. октомври 2014 година, точно на пладне, во салата на катедралната Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Торонто, се одржале промоции на публикациите ***„Love stories“,*** или како македонско издание насловено „Иселеничка вртелешка“, од авторот Славе Катин.

Во своето излагање Соња Лозановска, уредник на весникот „Македонија“, меѓу другото, рекла дека познавањето на историјата, културата, фолклорот, јазикот, духот, религијата и други карактеристики на Македонците од сите делови на Македонија, раселени насекаде по светот, му овозможила на Славе Николовски–Катин да напише текстови со љубовна содржина кои се интересни и евидентни, а кои се однесуваат на судбината и вистината на македонските иселеници.

Книгата „Иселеничка вртелешка“ на Славе Катин е прозно дело на македонски јазик, а е отпечатено и на англиски јазик под наслов „Love stories“ („Љубовни приказни“). Таа содржи дваесет љубовни стории, главно, за љубовниот живот во Татковината и во дијаспората, каде се случуваат најразлични љубовни настани, кои се невообичаени, пикантни и интересни.

Интимните приказни во ова издание, нагласила Соња Лозановска, на свој начин го потврдуваат љубовниот, семејниот, македонскиот дел од животот. Во делото се пренесени типичните интимни прашања и проблеми, особено на Македонците во дијаспората. Славе Катин познавајќи го животот, напредокот, животните судбини, семејните обичаи и постигнувањата на Македонците во Канада, САД, Австралија и Европската Унија, успева на сликовит начин, раскажувачки да нé пренесе во љубовните безконечни лавиринти, кои оставаат силен и траен впечаток кај читателите.

Инаку, во порталот „Македонска нација“ од Скопје, од публикацијата **„**Илинден во Љубојно и Преспа“, биле печатени во континуитет над 45 продолженија. Исто така, поголем број продолжение од ова дело биле објавени во различни информативни гласила во Република Македонија и во прекуокеанските земји.:

ДЕЛОТО „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“ – БИОГРАФСКИ КОЛАЖ ЗА ИСЕЛЕНИЦИТЕ (11)

Обемното дело ***„Македонски иселенички меридијани“*** е плод на повеќегодишни истражувања, патувања и континуирано следење на оваа доста суптилна, многузначна и актуелна повеќедецениска и интерконтинентална тема. Делото е еден вид алманах посветен на еден дел од Македонците, чии корени се од сите делови на македонската земја, а кои го обележале своето време во христијанството како религија на Македонците во Австралија, Канада, САД, Европа (Европската Унија), етничка Македонија и во печалбарска Преспа.

Монографското дело „*Македонски иселенички меридијани*“ е издание на „Македонска искра“ и „Матица македонска“ од Скопје, отпечатено во 2017 година, на 592 страници, на македонски јазик, додека резимето под наслов *„Дел од вистината на Македонците во светот“* е отпечатено на македонски, англиски, француски, германски, руски и српски јазик. Рецензенти на оваа публикација се архиепископот Стефан, поглавар на Македонската православна црква – Охридска архиепископија и проф. д-р Вера Стојчевска–Антиќ.

Во воведот на ова дело се вели дека по повеќегодишна работа излезе од печат оваа книга, која е дел од судбините и вистините на Македонците во светот. Таа е еден вид именик, или биографски колаж со карактеристични податоци поместени со низа бројки и факти од животот и делата на околу 150 личности од македонско потекло, кои свиле нови гнезда на различни страни на светот.

Инаку, изборот на личностите кои се претставени зависел од нив, од нивните критериуми, пробиви, дела и постигнувања. Со оглед на средината за која се наменети и на очекуваното

влијание врз свеста на луѓето во таа средина направил самостоен избор. Второ, тоа што посебно треба да се нагласи за ова дело е фактот дека во него се застапени имињата на дел од голем број живи личности, активни творци, најголем дел од нив родени во Македонија или, пак, дошле да живеат во неа и го посветиле својот труд, талент и љубов, како и личности кои денес не се меѓу живите.

Отсекогаш на енциклопедиските изданија во светот, или поточно речено, во развиениот свет со долги културни традиции, им се посветувало должно внимание. Нивното значење било и е повеќекратно, бидејќи тоа, меѓу другото, се изданија кои на читателот му даваат кратка употреблива информација а по обемот и разнородноста на информациите што ги содржат ја развиваат свеста на еден народ и влијаат за консолидација на постигнувањата и развојот.

Во книгата се објавени имињата на повеќе од 150 познати и признати иселеници, со различни образованија и занимања, општественици и духовници вградени во изградбата на Македонската православна црква од нејзиното конституирање до денес, како и дваесетина текстови за иселеништвото и Македонската православна црква – Охридска архиепископија. Застапени се академици, научници, писатели, новинари, публицисти, донатори, хуманисти, патриоти, носталгичари и вљубеници во Македонија.

Нивниот број би можел да биде многу поголем. Тоа во случајот не е толку битно, туку битно е што овој импозантен број имиња, значајни за нашата национална, духовна, културна, стопанска и научна дејност, го прикажува македонското иселеништво во минатото и сегашноста.

Бројноста на имињата на луѓето објавени на страниците на ова дело покажува дека тие себеси се вградија во темелите во историјата на македонското иселеништво и на Македонската православна црква - Охридска архиепископија, на нивните црковно-духовни и национални центри, како што се црковните општини, манастири, фолклорни, литературни, научни и друг вид друштва и асоцијации.

Во годините што изминаа македонските православни цркви во прекуокеанските, европските и други земји, станаа втор дом

за македонските доселеници. Во црквите членуваат, помагаат и даруваат бројни ентузијасти, од кои голем дел не сакаат да им се спомене дури ни името, а работат и придонесуваат со силна љубов и жар. Тоа го прават заради вербата во она што го даваат, а тоа е за доброто на сите кои со гордо кренати глави и полни срца, со силен восхит зборуваат и раскажуваат за патот по кој тргнал Македонецот за да стаса денес до вакви традиционални зданија и до толку импозантни постигнувања во иселеништвото.

Делото е поделено на осум поглавја и тоа на: делови во кои се опфатени личности кои се дел од вистината за христијанството во Македонија, потоа на личности кои се дел од македонската вистина во дијаспората-во Австралија, Канада, Соединетите Американски Држави, Европа (Европска Унија), етничка Македонија.

Или поконкретно, во Првиот дел се дадени текстови за 13 личности кои се дел од вистината за ширењето на христијанството во Македонија и во дијаспората, за христијанството како религија на Македонците насекаде во светот, за апостол Павле кој го раширил христијанството преку Македонија во Европа , меѓу кои за: солунските браќа светите Кирил и Методиј и нивното дело, за свети Климент и свети Наум Охридски, за Македонската православна црква - Охридска архиепископија, за архимандритот хаџи Павел Граматиков, за Метеорите, за света Мајка Тереза и нејзиното дело од Македонија до Индија, архиепископите Доситеј, Михаил и Стефан, за митрополитите Кирил и Методиј, за 40-годишниот јубилеј на Американско-канадско-македонската епархија, за свештениците Кирил Стојановски, Атанас Попов и Илија Донев, за судбината и делото на архимандритот Никодин Царкњас и за авторовите дела поврзани со религијата.

Обемното дело *„Македонски иселенички меридијани“* е плод на повеќегодишни истражувања, патувања и континуирано следење на оваа доста суптилна, многузначна и актуелна повеќедецениска и интерконтинентална тема. Така, во Вториот дел се говори за Македонците на петтиот континент и за Австралиско-македонската црковна епархија, како и за 21 личност. Посебно место е посветено за д-р Реџинал де Брej,

угледниот славист, поет, преведувач и светски научник кој бил вљубеник во македонскиот јазик и во Македонија. Тој бил составувач на новиот македонско-англиски толковен речник, бил член на Македонската академија на науките и уметностите надвор од работниот состав и професор на Австралискиот национален универзитет во Канбера.

Во Третиот дел е дадена вистината за Македонците во демократска и мултикултурна Канада и за „Обединети Македонци“, првата македонска организација. Во делот за личностите се презентирани пригодни текстови за 32 личности од етничка Македонија.

Посебен простор во овој дел е даден на личностите кои се вградиле во историскиот развој на првата македонска православна црква во Канада, соборниот храм „Свети Климент Охридски“.

Во делот за личностите, меѓу другите, се презентирани пригодни текстови за: Филип Ангелковски, Џон (Лазо) Битов, за Георги (Џорџ) Бранов, Георги Даневски, Маја Доневска–Ивановска, за Том Јанев – поборник за вистината на Античка Македонија и за семејството Јановски и други. Посебен простор е посветен на Лефтер Манче, естетскиот хирург од светски глас, на Џим (Митре) Николов и фолклорната група „Селани“, за Алек Петличков и ансамблот „Македонка“, за Ван Петров, Стив Пљакас, Спиро Сандерс, Стив Ставро–Дикло, Ристо Стефов, д-р Борис Стојчев, како и за Фото Томев, Алек Џигеров и професор Џеимс (Џим) Џуглов.

Четвртиот дел е посветен на текстови за судбината на Македонците во Соединетите Амерканси Држави и нивните активности пред Втората светска војна. Во овој дел е даден простор за фондациите „Атанас Близнакоф“ и „Петар Стаматоф“ за стипендирање студенти од Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, за Фондацијатан „Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски“ во Прилеп, потоа за организациите „Светски македонски конгрес“, „Македонија 2025“ и за „Обединетата македонска дијаспора“, како и 20 личности кои биле и се дел од животот на Македонците во Соединетите Американски Држави.

Исто така, во овој дел, меѓу другите е застапен Мајк Зафировски, научник и претседател на „Македонија 2025“,

организација која е основана во 2007 година во Краун Поинт, Индијана, а канцеларијата во Скопје е отворена во 2011 година. Оваа организација има за цел да го поттикнува економскиот развој и привлекувањето на странските инвеститори во Македонија.

Претставена е и „Обединета македонска дијаспора“(ОМД), која се смета за водечка меѓународна организација која ги застапува интересите и потребите на Македонците кои живеат надвор од Македонија - ширум светот. Од формирањето во 2004 година до денес таа има постигнато завидни резултати.

Исто така, (во овој дел) се застапени и Антон Димитров, Методија (Мето) Колоски, д-р Ферид Мурад, Душко Синадиновски, д-р Леон Сперов, Јосиф Грежловски-Гандето, Алексо Трајков, Светле (Стив) Стамевски, Борис Ничов и други.

Во Петтиот дел се поместени материјали за Македонците вработувањето во европските земји и за делот од активностите на македонската политичка емиграција. Потоа се дадени текстови за: 15 познати и признати личноси од Европа (Европската Унија).

Во ова поглавје се поместени материјали за Драган Богдановски, основоположникот на ДПМНЕ и за Гоце Македонски (Гојко Јаковлески, алиас Гојко Делчев-Рафкин), како и за Маноил (Мане) Јаковлески и неговиот портал „Македонска нација“, еден од најчитаните во иселеништвото. Потоа дадени се текстови за: Драшко Антов, Мустафа Берекетли, Исмаил Бојда, Владимир Рарев, д-р Никола Гроздановски, д-р Игор Јанев и Славе Катин. Посебен простор е посветен на академиците Ристо Василевски, Богомил Карлаварис, Синиша Станковиќ и Антоније Шкокљев-Дончо.

Во Шестиот дел се презентирани 31 автор на различни дела, бизнисмени, новинари, публицисти, доктори на науки, академици и други, кои, покрај тоа што даваат или дале голем придонес на сите полиња на општественото, културното, црковното и друго живеење, тие имаат тесна врска со македонското иселеништво насекаде по светот. Исто така, во овој дел е даден одреден број личности од сите делови на Македонија.

Во овој дел се дадени текстови за: Христо Андоновски, Ристо Гуштеров - големиот донатор на Македонската православна црква, за академиците Жан Митрев, Владо Камбовски и Блаже Ристовски, за бизнисмените Силјан Мицевски, Трифун Костовски, Благој Механџиски-Зегин, Тодор Петров и Светскиот македонски конгрес, за Есма Реџепова–Теодосиевска – втората Мајка Тереза, за Стерјо Спасе и Богоја Фотев, како и за д-р Вера Стојчевска-Антиќ, д-р Виолета Ачкоска, д-р Цане Мојаноски, Димитар Керамичиев, Фиданка Танаскова, Раде Силјан, Стефан Влахов-Мицов, Коле Манев, Стојко Стојков, Паскал Гилевски и многу други.

Во Седмиот дел посебно место е посветено на Преспанци како што се: митрополитот Кирил, градоначалниците на Ресен и Пустец, д-р Ѓоко Стрезовски и Едмонд Темелко, на писателите Мето Јовановски, Методија Фотев и Славе Катин, на проф. д-р Петре Георгиевски – познатиот социолог, на проф. д-р Никола Јанкуловски ректорот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, амбасадорите Ристо Никовски кој е гласноговорникот за Македонија и Петре Наковски, Панде Колемишевски, бранителот на новинарската фела и други творци и борци.

Во Додатокот, пак, се дадени текстови за иселувањето и иселеничката судбина на Македонците од етничка Македонија, текст на англиски јазик за судбината и вистината за Македонците во светотот, како и заклучоци на германски, француски, руски и српски јазик, со цел да се запознаат и другите читатели со содржината на делото „Македонски иселенички меридијани“.

Инаку, во порталите „Македонска нација“, „Македонско сонце“ од Скопје и „Pollitecon Publications“ од Сиднеј, од публикацијата „Македонски иселенички меридија“, биле печатени во континуитет над 200 продолженија. Исто така, поголем број продолжение од ова дело биле објавени во различни информативни гласила во Република Македонија и во прекуокеанските земји.

„MACEDONIANS IN THE WORLD“ („МАКЕДОНЦИТЕ ВО СВЕТОТ“) (12)

По повод новогодишните и божиќните празници излезе од печат книгата ***„Macedonians in the World“ („Македонците во светот“)*** од Славе Катин, публицистот кој е голем вљубеник во својата родна Преспа и во Охрид, во етничка Македонија и македонскиот народ, како и во Македонската православна црква - Охридска архиепископија и во Македонците од сите делови на Македонија раселени насекаде во светот.

Славе Катин ѝ е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија и на животот на Македонците во дијаспората. Покрај 55-те публикации, во период од педесет и пет години Катин е автор и на повеќе од 100 научни трудови од различни области и на повеќе од 3.000 новинарски и други текстови објавени во Република Македонија и во светот. Тие, главно, се однесуваат на Македонија, иселеништвото, религијата, културата, македонскиот јазик и литература и други области, објавени, главно, во информативни гласила во Република Македонија и странство.

Делото „Macedonians in the World“ („Македонците во светот“) од Славе Катин е плод на неговите патувања по светот. Имено, како член на државни и црковни делегации тој бил на посети и разговори кај поглаварите на Румунската, Украинската, Руската и Српската православна црква, потоа во Цариградската патријаршија во Истанбул и 5 пати бил со делегации во Ватикан во Рим. Исто така, бил и со делегацијата на Владата на Република Македонија за погребот на Мајка Тереза во Калкута, Индија, а многу пати патувал со делегации на Македонската православна црква - Охридска архиепископија за Канада, Соединетите Американски Држави, Австралија, во

Европската Унија, Турција, Израел, Русија, Украина, Бразил и други земји.

Публикацијата „Macedonians in the World“ („Македонците во светот“) од Славе Катин, е дело на Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје и на Фондацијата „Џорџ Атанасоски“ од Прилеп. Рецензенти на ова дело кое е отпечатено на англиски јазик, на 432 страници се покојниот академик Антонио Шкокљев-Дончо и бизнисменот Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски.

Во оваа публикација е запишано дека Македонија има долга и макотрпна историја проткаена со бескрајни страници, но и со премрежиња и турбуленции кои оставиле длабоки траги кај населението што со векови живее на овие простори и кај Македонците од етничка Македонија ширум светот.

Меѓутоа, макотрпниот живот, целокупните состојби, силната љубов кон својата вера, народ, земја, минато и иднина направи Македонците да си формираат свои суверени и независни држави. Многу тешко, макотрпно и со многу пожртвуваност се формира државата - Република Македонија, а уште потешко се стекна слободата и, сето тоа возвишено, со силна вера, со голема љубов и со најголема надеж треба да се брани, да се гради, да се чува и да се развива новосоздадената држава.

Во делото „Macedonians in the World“ („Македонците во светот“), е даден развојниот пат на македонското иселеништво, кое во основа се совпаѓа со развојот на настаните на Балканот и уште повеќе во зависност од тоа како се движеле настаните околу Македонија. Како резултат на тоа преселничките печалбарски движења на Македонците и нивниот интензитет биле условени, пред сè, од тешките економски услови за живеење и работа, а во многу помалку случаи и од причини што имаат национално-политички карактер.

Во оваа публикација посебно е дадена улогата на македонските православни цркви и црковни општини, клупски и други асоцијативни облици на собирање во прекуморските и во европските земји. Најголемиот број Македонци членуваат или се редовни посетители на тие многубројни асоцијации, каде тие организираат верски, национални, фолклорни, спортски, културни и други манифестации.

Делото е поделено на седум глави. Првата глава е насловена „Вистината за Македонија“, потоа следат главите „Македонската православна црква - Охридска архиепископија“, „Македонците во светот“, „Македонски асоцијации во САД“, „Македонски асоцијации во Канада“, „Македонскиот печат во Австралија и Европа“ и седмата глава е посветена на Македонците во сите соседните земји.

Во делото посебно е нагласено дека од 1991 година до денес Македонија минува низ сцилите и харибдите на својата демократска трансформација. Жилаво се бори со тешките економски, социјални, меѓуетнички, верски и други проблеми, кои ја потресуваат од корен. Македонската млада држава, сè уште не може да се ослободи од старите апетити на некои соседи, но и од глобалните интереси на големите држави, кои се прекршуваат на Балканот, по распаѓањето на комунизмот во Источна Европа.

Исто така, се вели дека хендикеп за Македонија се и внатрешните партиско-политички конфронтации, неединството во македонскиот политички блок и агресијата на некои соседни држави. Македонскиот народ и деловите од него иселени во Соединетите Американски Држави, Канада, Австралија, Европа и ширум светот, веќе дваесетина години заедно се во грч како да се излезе од досега затворениот маѓепсан круг на промените и да се влезе во една релативно помирна фаза на стабилизација на земјата и консолидација на нејзиниот стопански развој врз принципите на пазарната економија.

Во делото „Macedonians in the World“ („Македонците во светот“), исто така, се вели дека и покрај негативните појави на политички, општествен, стопански, културен, верски и друг развој, Македонецот, како библиски народ има верба, надеж и љубов кон иднината и се надева дека ќе опстои сè додека светот светува и веков векува.

Публикацијата „Macedonians in the World“ („Македонците во светот“) од Славе Катин е дело на Издавачката куќа Македонска искра“ од Скопје и на Фондацијата „Џорџ Атанасоски“ од Прилеп. Делото е на англиски јазик, на 432 страници, чии рецензенти се академик Антонио Шкокљев-Дончо од Белград и бизнисменот Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски од САД.

Делото, пак, „Македонците во светот“, на македонски јазик е издание на „Македонска искра“ од Скопје и на Фондацијата „Џорџ Атанасоски“ од Прилеп, издадена во 2020 на 520 страници и е публикација на аналитичарот на иселеништвото, Славе Катин, а рецензенти се д-р Лефтер Манче од Канада, Џорџ Атанасоски од САД, Гојко Јаковлески од Европа и м-р Душан Ристевски од Австралија. Делото претставува значајна и своевидна документација за одбрана на националното, духовното и културното битие на Македонецот во светот.

Публикацијата „Македонците во светот“ на Славе Катин е негово 58 дело. Тој е автор на дваесеттина дела со името Македонија, дваесеттина монографиии за познати и признати личности во иселеништвото и во Македонија, како и на десеттина лексикографски изданија, а многу пати патувал со делегации на Македонската православна црква - Охридска архиепископија за Канада, Соединетите Американски Држави, Австралија, во Европската Унија, Турција, Израел, Русија, Украина, Бразил и други земји.

Првата промоција на публикацијата „Macedonians in the World“ („Македонците во светот“) од Славе Катин се одржала на 21 август 2019 година, во Народната и универзитетска библиотека „Григор Прличев“ во Охрид. Свеченоста ја отворила Гордана Змејкоска, директор на Библиотеката, која рекла дека ѝ причинува чест и задоволство што по втор пат отвора промоции на книги на овој познат автор на кој цел творечки опус му е поврзан со Македонија и Македонците во светот.

За делото зборувал познатиот новинар м-р Милчо Јованоски, кој во своето излагање, меѓу другото рекол дека во книгата е даден развојниот пат на македонското иселеништво кој во основа се совпаѓа со развојот на настаните на Балканот и уште повеќе во зависност од тоа како се одвивале настаните околу Македонија. Тешките, лоши, често и невозможни услови за живеење, политичките состојби и постојаната борба за опстанок присилиле голем број Македонци да се определат за преселби, за печалбарство.

За иселувањето е карактеристично што Македонците од етничка Македонија најпрво се определувале за иселување во

Соединетите Американски Држави и Канада, а потоа за Австралија, Европа и други земји.

Исто така, на 10 ноември 2019 години во салата на МПЦ „Света Богородица“ во Кембриџ, Онтарио се одржала промоција на публикацијата „Macedonians in the World“ („Македонците во светот“), чиј автор е Славе Катин. Свеченоста ја отворил свештеникот на МПЦ „Света Богородица“, Гоце Деспотовски.

За делото „Macedonians in the World“ („Македонците во светот“), зборувал претседателот на МПЦ „Света Богородица“ Петар Медичков. Меѓу другото тој истакнал дека во ова дело е даден развојниот пат на македонското иселеништво, кое во основа се совпаѓа со развојот на настаните на Балканот и уште повеќе во зависност од тоа како се движеле настаните околу Македонија. Како резултат на тоа преселничките печалбарски движења на Македонците и нивниот интензитет биле условени, пред сè, од тешките економски услови за живеење и работа, а во многу помалку случаи и од причини што имаат национално-политички карактер. Тешките, лоши, често и невозможни услови за живеење и постојаната борба за опстанок присилиле голем број Македонци да се определат, покрај другото и за преселби во многу земји во светот.

Исто така, во излагањата на промоцијата за публикацијата „Macedonians in the World“ („Македонците во светот“), беше нагласено дека во неа особено е дадена улогата на македонските православни цркви и црковни општини, клупски и други асоцијативни облици на собирање во прекуморските и во европските земји. Најголемиот број Македонци членуваат или се редовни посетители на тие многубројни асоцијации, каде тие организираат верски, национални, фолклорни, спортски, културни и други манифестации.

Во двете публикации, меѓу другото, е запишано дека Македонија има долга и макотрпна историја проткаена со бескрајни страници, но и со премрежиња и турбуленции кои оставиле длабоки траги кај населението што со векови живее на овие простори и кај Македонците од етничка Македонија ширум светот.

Македонија е земјата каде древните Македонци и римската цивилизација оставиле бројни траги, а потоа христијанството и

исламот долго се бореле за превласт. Таа е земја каде што се судирале, но и меѓусебно проникнувале древно-македонскиот, елинскиот, римскиот, словенскиот, муслиманскиот, српскиот, бугарскиот, грчкиот, албанскиот и други етноси и каде македонскиот народ опстојал под сите видови притисоци и вековни обезличувања и се зачувал со силата на својата исконска култура и традиција.

Меѓутоа, макотрпниот живот, целокупните состојби, силната љубов кон својата вера, народ, земја, минато и иднина направило Македонците да си формираат свои суверени и независни држави. Многу тешко, макотрпно и со многу пожртвуваност се формира државата - Република Македонија, а уште потешко се стекна слободата и, сето тоа возвишено, со силна вера, со голема љубов и со најголема надеж треба да се брани, да се гради, да се чува и да се развива новосоздадената држава.

Во делото посебно е нагласено дека од 1991 година до денес Македонија минувала низ сцилите и харибдите на својата демократска трансформација. Жилаво се борела со тешките економски, социјални, меѓуетнички, верски и други проблеми, кои ја потресуваат од корен. Македонската млада држава, сè уште не може да се ослободи од старите апетити на некои соседи, но и од глобалните интереси на големите држави, кои се прекршуваат на Балканот, по распаѓањето на комунизмот во Источна Европа.

Во делото „Macedonians in the World“(„Македонците во светот“) се вели дека и покрај негативните појави на политички, општествен, стопански, културен, верски и друг развој, Македонецот, како библиски народ има верба, надеж и љубов кон иднината и се надева дека ќе опстои сè додека светот светува и веков векува

Делото е поделено на седум глави. Првата глава е насловена „Вистината за Македонија“, потоа следат „Македонската православна црква - Охридска архиепископија“, „Македонците во светот“, „Македонски асоцијации во САД“, „Македонски асоцијации во Канада“, „Македонскиот печат во Австралија и Европа“ и седмата глава е посветена на Македонците во соседните земји.

Во публикацијата „Macedonians in the World“(„Македонците во светот“) се презентирани настаните пред Втората светска војна, кога асоцијациите на македонските доселеници биле под силно туѓо влијание, особено од бугарската, а подоцна и од грчката пропаганда. Но без оглед на тоа, тие ја задржале својата македонска етничка припадност, зошто нивните друштва и асоцијации создавале можности за меѓусебни контакти и за побрза интеграција во новото општество.

Меѓутоа, по конституирањето на Република Македонија во 1944 година и по возобновувањето на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква, рапидно се изменија состојбите на организиран црковно-духовен и национален план. Македонските православни цркви започнаа да го опфаќаат мнозинството на македонските иселеници кои се сплотени во самостојни асоцијации, во состав на македонските православни цркви, манастири и други црковни организации во кои членуваат Македонци, без оглед од кој дел на Македонија потекнуваат.

За животниот пат на авторот на делото „Macedonians in the World“ („Македонците во светот“) во публикацијата, меѓу другото, е забележано дека новинарот, публицистот, истражувачот и преведувачот - Славе Катин е голем вљубеник во својата родна Преспа и во Охрид, во етничка Македонија и македонскиот народ, како и во Македонската православна црква - Охридска архиепископија и во Македонците од сите делови на Македонија раселени насекаде во светот.

Славе Катин ќе е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија и на животот на Македонците во дијаспората. Покрај 58-те публикации, Катин е автор и на повеќе од 150 научни трудови од различни области и на над 4.000 новинарски и други текстови објавени во Република Македонија и во светот. Тие, главно, се однесуваат на Македонија, иселеништвото, религијата, културата, македонскиот јазик и литературата.

„МАКЕДОНЦИТЕ ВО СВЕТОТ“ – ДЕЛ ОД ИСЕЛЕНИЧКАТА ВИСТИНА (13)

Делото ***„Македонците во светот“,*** издание на „Македонска искра“ од Скопје и на Фондацијата „Џорџ Атанасоски“ од Прилеп, издадена во 2020 година на 520 страници (на македонски јазик), е публикација на аналитичарот на иселеништвото, Славе Катин, а рецензенти се д-р Лефтер Манче од Канада, Џорџ Атанасоски од Соединетите Американски Држави, Гојко Јаковлески од Европа и м-р Душан Ристевски од Австралија Таа претставува значајна и своевидна докумен-тација за одбрана на националното, духовното и културното битие на Македонецот во светот.

Публикацијата „Македонците во светот“ од Слааве Катин е обид да се осветли иселеничката одисеја на Македонците во Соединетите Американски Држави, Канада, Европската Унија и Австралија и да се остави неизбришлива трага за нивното постоење и активности во државите во кои несебично ги вградиле своите човечки и интелектуални способности за развојот на македонската вистина во тие демократски општества.

Во делото „Македонците во светот“ авторот Славе Катин открива еден навидум познат, а, всушност, недоволно осознаен феномен на Македонците во дијаспората: способноста за нивното брзо адаптирање и интегрирање во новата средина; изостреното чувство за прифаќање на новите општествени норми и стандарди и успешното вклучување во новите економски, социјални, културни и други процеси.

Таквиот *modus vivendi* (начин на живот) им овозможува да го свртат внима-нието на тамошниот естаблишмент врз сопствените цивили-зациски вредности и врз својот автентичен геокултурен автопортрет, со кој Македонецот е препознатлив, речиси, на сите меридијани.

Трудот го опфаќа периодот од доаѓањето на доселениците во новите средини од пред стотина години до денес, што претставува макотрпна, но и одговорна самоиницијативност да се создаде таква публикација. Публикацијата го одбележува најважниот период на активностите на македонските доселеници во новите средини, а со тоа ја отсликува македонската вистина, за која македонските иселениците насекаде ширум светот постојано се борат..

Публикацијата „Македонците во светот“ на Славе Катин е 58. дело, почнувајќи од неговото прво издание „Англиско-македонски лимнолошки речник“, што го издаде Хидро-биолошкиот завод од Охрид во 1986 година, па до денес.Тој е автор на дваесеттина дела со името Македонија, дваесеттина монографиии за познати и признати личности во македонското иселеништвото и во Македонија, како и на десеттина лексикографски изданија

Публикацијата е поделена на девет делови и тоа: Вистината за Македонија; Македонската православна црква – Охридска архиепископија; Македонското иселеништво; Црковно-духовни центри во Австралија; Македонски православни цркви во Соединетите Американски Држави и Канада; Црковно-национални центри во Европа (Европската Унија); Медиумите на Македонците во дијаспората; Македонските различни асоцијации во светот; Македонците во соседните земји и делот Додаток.

Книгата „Македонците во светот“ на Славе Катин е дело кое заслужува и внимание и респект, колку од домашната, толку и од пошироката научно–културна јавност, а и од секој Македонец во дијаспората и во Татковината. Во овој период и во иднина, трудот ќе претставува значајна и своевидна документација за одбрана на националното, духовното и културното битие на Македонецот во светот.

Македонците во светот имаат долга историја која датира од втората половина на XIX век и со различен интензитет трае до денес. Тоа било диктирано од жестокоста на искушенијата низ кои минувал македонскиот народ и другите народи во борбата за својот опстанок, на просторот на кој постоела и се развивала

државата на големиот македонски цар Александар Македонски (Велики).

Распаѓањето на Османлиското Царство и формирањето на балканските држави, пак, биле повод и причина за приграбување и освојување на територијата на Македонците и за нивно асимилирање како народ, во рамките на бугарската, српската и грчката држава, под насилничкиот патронат на Големите сили и нивните глобални интереси за доминација.

Дел од богатствата на македонскиот дух, преку фолклорот, музиката и песната, носијата, накитот и резбата, веќе се присутни на културните простори на државите во кои Македонците се времено или трајно населени, како што е присутно и нивното книжевно творештво на својот мајчин македонски јазик или, пак, на јазикот на кој зборува мнозинскиот народ, а се пласираат и афирмираат низ сопствените печатени или електронски медиуми и воопшто низ повеќе насочената комуникација, која сé поинтензивно се остварува меѓу деловите на македонскиот народ во светот со нивната матична држава – Република Македонија.

Во овој труд, низ голем број од прилозите, кои својата прва промоција ја имаа на бројни негови публикации, симпозиуми, конференции, трибини во земјата и светот, Славе Катин открива еден навидум познат, а, всушност, недоволно осознаен феномен на Македонците во дијаспората: способноста за нивно брзо адаптирање и интегрирање во новата средина (радикално поинаква во секој поглед); изостреното чувство за прифаќање на новите општествени норми и стандарди и успешното вклучување во новите економски, културни, социјални и други процеси.

Таквиот *modus vivendi* им овозможува да го свртат вниманието на тамошниот естаблишмент врз сопствените цивилизациски вредности и врз својот автентичен геокултурен автопортрет, со кој Македонецот е препознатлив, речиси, на сите меридијани.

Иселеничката голгота, особено од беломорскиот дел на Македонија, е голем предизвик да се фрли светлина на страдањата и борбата на мкдонскиот народ за одбрана на неговиот национален идентитет, верата, културата, традициите

и обичаите, кои извирале од неговите библиски корени. Тој историски факт може да се најде и најсилно да се почувствува кај Македонците во светот, во битката за одбрана на националната кауза, морале да минат низ големи искушенија и страдања и да се потврдат како успешни градители и големи чувари на Новиот свет.

Со создавањето на македонската држава во 1945 година, по Втората светска војна, и со прогласувањето на нејзината самостојност и независност во 1991 година, состојбата во иселеништвото рапидно се изменила. Круната на тој историски вознес беше обновата на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква, чија улога на обединувачки фактор на Македонците дојде до израз и во Македонија и кај Македонците во Соединетите Американски Држави, Канада, Австралија, Европа (Европската Унија) и во голем број други земји.

Затоа, во публикацијата „Македонците во светот“ е направен обид да се осветли иселеничката одисеја на Македонците во светот од сите нејзини аспекти и да се остави неизбришлива трага за нивното постоење во државите во кои се доселиле и во кои несебично ги вградиле своите човечки, интелектуални и други способности за развојот на тие демократски општества. Македонските доселеници насекаде во светот секаде и во секоја пригода го истакнуваат своето македонско битие изразено преку сопствената богата, културна, национална и црковно-духовна историја.

Во таа насока е и публикацијата „Македонците во светот“ на авторот Славе Катин. Таа претставува значаен придонес во проширувањето на сознанијата за македонското иселеништво во Соединетите Американски Држави, Канада, Австралија, Европската Унија. Во неа е дадено духовното, црковното, националното, општественото и културно-образовното живеење на Македонците.

Посебен акцент е ставен на црковното живеење на македонските доселеници од нивното доаѓање до денес. А, нивниот развоен пат во светот се совпаѓа со судбината и развојот на настаните на поширокиот Балкан, особено со собитијата околу Македонија.

Во овој историски преглед е направен обид за периодизација на целокупното живеење на македонските доселеници. Посебна нагласка и простор е посветен на македонските православни цркви и манастири, кои претставуваат нивен втор македонски дом. Со тоа се настојува да се осветли историскиот и развојниот пат на македонските православни црковни општини, на информативните гласила, организациите, друштвата и другите асоцијации на Македонците на тие простори. Поточно, да се посочи она место на македонската црковно-национална историја, за кое се избирале самите македонски доселеници насекаде во светот.

Инаку, Славе Катин е голем вљубеник во својата родна Преспа, во Македонија и македонскиот народ како и во македонската дијаспора. Тој ѝ е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на животот на Македонците во светот.

Исто така, неговата работа се однесува и на низа други аспекти поврзани со македонската дијаспора, како и со културата, литературата, јазикот, историјата, журналистиката и посебно религијата.

Трудот го опфаќа периодот од доаѓањето на доселениците во новите средини до денес, што претставува макотрпна, но и одговорна самоиницијативност да се создаде таква публикација. Таа го одбележува најважниот период на активностите на македонските доселеници во новите средини, а со тоа ја отсликува македонската вистина..

Благодарение на порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, како и „Мактел“ од Сиднеј, од публикацијата „Македонците во светот“, биле печатени и сега се печатат бројни продолженија кои ќе им помогнат на читателите да се запознаат со вистината за Македонците од сите делови на Македонија.

ВИСТИНАТА ЗА ЕТНИЧКА ПРЕСПА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „ПРЕСПАНСКА РАЗГЛЕДНИЦА“ (14)

Публикацијата ***„Преспанска разгледница“*** на Славе Катин е издание на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје, а рецензенти се: публицистот Свето Стефановски и примариус д-р Методија Томевски. Таа е отпечатена на 420 страници и содржи педесеттина репортажи од доживувањата, активностите, историските податоци, посетите, бројните културно-историски настани и други текстови кои се однесуваат на родната Преспа на авторот.

Публикацијата „Преспанска разгледница“ е 60-то јубилејно дело на Славе Катин почнувајќи од неговото прво издание „Англиско-македонски лимнолошки речник“, отпечатен во далечната 1986 година

Славе Катин не припаѓа на политичка партија, бидејќи тој е припадник на етничка Македонија, на Македонците во дијаспората и на Македонската православна црква - Охридска архиепископија (МПЦ - ОА), која како институција игра значајна улога во опфаќањето и сплотеноста на Македонците надвор од Македонија, особено во прекуокеанските земји и насекаде во светот.

Катин постојано патува, но секогаш се навраќа во неговото Љубојно, каде во неговиот македонски дом има и библиотека со 5.000 книги. За него Преспа е природен резерват, еден од позначајните на Балканот кој има отворен хоризонт. Раскошните планински визури на Пелистер, Галичица, Иван Планина и Преспанското Езеро, богатиот и редок растителен и животински свет и благородната клима од Преспа направиле вистинско чудо на природата во западниот дел на етничка Македонија.

Во делото „Преспанска разгледница“ Славе Катин пишува за Преспа како значаен дел на Македонија, за Македонците од поделена Македонија, особено за минатото и сегашноста на етничка Преспа. Затоа тој вели дека да се пишува за Преспа е одговорна задача, но истовремено причинува големо задоволство. Во ова време на светска глобализација прекрасно е чувството кога ќе се најде на едно место дел од една историска вистина за настаните, личностите, за минатото, сегашноста и иднината на еден убав македонски крај од незаборавот кој се вика Преспа.

Мајката природа на Преспа ѝ подарила богатство на убавини и атрактивности. Во исто време, историјата ѝ оставила непроценливи траги од значајни настани. Затоа Преспанци каде и да се во родниот крај или надвор од него, се радуваат со сето тоа што го има во Преспа, се гордеат и го чуваат ваквото богатство за идните генерации.

Она што на Преспа и на нејзината историја ѝ дава посебен белег е нејзиното богатство со богатите културно-историски споменици, уште од времето кога била староримска крстосница и прва престолнина на цар Самуил, а денес е туристичка дестинација.

Борбата за национално ослободување од Отоманската Империја во овој крај организирано започнала многу одамна. Уште пред создавањето на Тајната македонска одринска револуционерна организација (ТМОРО) во 1893 година, Преспа била центар на многу настани од овој период.

Така, на 15 август 1894 година во куќата на Татарчеви во Ресен, било одржано советување со кое непосредно раководеле Даме Груев и Пере Тошев. Тука биле донесени значајни одлуки за натамошниот развој на револуционерното движење во Македонија.

Ова прво советување на ТМОРО, по своите историски одлуки се смета за „голема илинденска искра“. Во текот на Илинденското востание на овој терен дејствувале 12 комитски чети со над 2.000 востаници. Најжестоки битки се воделе во реонот на селата Крушје, Лева Река, Болно, Евла, Златари, Кривени, Љубојно, Брајчино, Долно Дупени, Герман и други песпански места.

Меѓутоа, незаборавен е фактот дека првото слободно утро во Ресен и Преспа осамнало на 5 ноември 1944 година, кога борците на Петтата и Седмата македонска народно-ослободителна ударна бригада победоносно влегле во Ресен и го развеале знамето на слободата.

Со тоа се означи крајот на вековното ропство и почетокот на новиот слободен развој на Народна Република Македонија, а во тие рамки и на Ресен и Преспа во целина. Во годините по Втората светска војна, овој крај, од изразито заостанато аграрно подрачје, доживеа значајна преродба, израснувајќи во модерен индустриски, земјоделски и туристички центар, со современа и развиена прехранбена и текстилна индустрија.

Црквите и манастирите градени во времето на свети Климент и свети Наум Охридски (IX и X век) и во времето на Самуиловото Царство во X и XI век, биле разурнувани од разни антимакедонски завојувачи, многу од нив биле обновувани, но, пак, уништувани за време на владеењето на Турската Империја. Но, Преспанци ги обновиле старите и изградиле нови цркви во сите населени места.

Со тоа се потврдува дека во Преспа се создале дела од највисок уметнички дострел во своето време кои ја збогатуваат не само македонската, туку и светската ризница на уметноста и културата. Неговото христијанско население го негувало и го негува култот на Пресвета Богородица и на Исус Христос...

Тоа се потврдува со фактот што во голем број преспански села се изградени цркви посветени на Дева Марија. Меѓу нив, црквите во селата Сливница, Брајчино, Јанковец, Евла, Љубојно, Арвати, Крани, Нивици, Курбиново, Долно Дупени, Бела Црква и други населени места.

Треба да се нагласи дека не се памети кога населението ја има именувано котлината на Горна Преспа, Долна Преспа и Мала Преспа. Меѓутоа, запишано е дека Горна Преспа го зазема северниот дел, Долна Преспа јужниот, а Мала Преспа југозападниот дел на Преспа. Горна и Долна Преспа ги одделува ридот Веќе кај Претор, а Мала Преспа и Горна Преспа копнено се одделени со Пречна Планина. Делот на Долна Преспа, пак, со Малото Преспанско Езеро од Мала Преспа ги одделува планината Сува Гора.

Еден од бисерите на македонската убава езерска земја на Балканот е Преспанското Езеро, познато по својот жив свет, крајбрежјето, изворите, природните убавини, геолошките, геоморфолошките, хидролошките, лимнолошките и други научни вредности. Тоа придонесува Преспа да биде позната со своите културни, естетски, воспитно-образовни, здравствени, туристички рекреативни и други стопански значења и вредности за општествена заедница.

Преспанското Езеро е карактеристично и единствено по тоа што во него има два острова, Голем и Мал Град. Островот Големиот Град е единствен во Република Македонија. При посетата на овој остров се забележува дека тој е огромна карпа, која, веројатно, се откинала од соседните планини од големи земјотреси. Таквите тектонски промени во минатото направиле големи измени во Преспа и пошироко.

Како природна реткост островот Голем Град кој зафаќа површина од околу 2 километра квадратни, е заштитен со закон и спаѓа во рамките на Националниот парк „Галичица“. Островот е познат како омилено излетничко место за посетителите на Преспа, како и археолошки локалитет со остатоци од живеалишта, цркви и некрополи.

Општината Ресен има 44 населени места. Долна Преспа, пак, со помал дел од Преспанското Езеро и Малото Езеро, влегува во составот на Грција и Албанија. Оваа положба, всушност, резултира од поделбата на Македонија по Балканските војни и Првата светска војна.

Ресен се наоѓа на северниот дел од Преспанската Котлина. Тој е овоштарски центар, познат по далеку прочуените преспански јаболка. Ресен е особено познат по грнчарството, заради што долги години во него успешно работи Керамичката колонија, на која секое лето престојуваат керамичари од разни држави и од Македонија. Во него посебно внимание привлекува зградата на Музејот на Преспа, односно некогашниот беговски дворец (Сарајот), изграден од Нијази бег уште за време на турското владеење.

Често се вели дека Ресен е градот на јаболката. Тој е општински центар сместен на северниот дел од Преспанската Котлина. Ресен е овоштарски центар познат по далеку прочуе-

ните преспански јаболка. Но, овој крај од Преспа е познат и како туристички регион со убави летувалишта крај езерскиот брег.

Меѓутоа, миграциските движења во етничка Македонија си го направија своето. Така, Преспа стана крај во кој почна рано да се оди на печалба. Денес Преспанци како печалбари можат да се најдат на работа и постојан престој во прекуокеанските земји Америка Канада и Австралија, во Европа (Европската Унија), како и во некои делови на Хрватска, Србија, Бугарија, Турција и други држави ширум светот.

Во делото „Преспанска разгледница“ Славе Катин пишува за Преспа како значаен дел на Македонија, за Македонците од поделена Македонија, особено за минатото и сегашноста на етничка Преспа. Затоа тој вели дека да се пишува за убавата Преспа е одговорна задача, но истовремено причинува големо задоволство.

Во ова време на големата светска глобализација прекрасно е чувството кога ќе се најде на едно место дел од една историска вистина за настаните, личностите, за минатото, сегашноста и иднината на еден убав македонски крај од незаборавот кој се вика Преспа.

Затоа, авторот на ова дело Славе Катин како публицист и новинар кој го прокрстарил светот и оставил траги за Македонците во дијаспората, со големо задоволство се зафати да пишува и да даде придонес за етничка Преспа, да пишува за неговата родна Преспа која ја носи во срцето и е чест посетител на тој убав македонски крај.

Благодарение на порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, како и неколку портали од Ресен и Охрид, од публикацијата „Преспанска разгледница“, биле печатени околу сто продолченија. во континуитет. Исто така, поголем број продолжение од ова дело биле објавени во различни информативни гласила во Република Македонија, соседните држави Албанија и Република Србија, како и во бројни прекуокеански земји.

ДЕЛ ОД ПУБЛИКАЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЦИ ОД СВЕТОТ ПРОМОВИРАНИ ОД СЛАВЕ КАТИН (15)

Ова продолжение го користиме за промоции на дело на македонски иселеници по светот што ги промовирал Славе Катин со цел да ги афирмира Македонците кои се вљубеници во пишаниот збор.

Така, во организација на Министерството за иселеништво на Република Македонија, во октомври 1999 година, во Скопје е промовирана книгата под наслов ***„Македонците во новата татковина“*** од Кире Циревски, наш иселеник во Австралија, истакнат новинар и публицист, кој живее и работи во Сиднеј, каде што е печатена оваа негова публикација. На нејзината промоција во Скопје, зборувал големиот публицист, истражувач и историчар на македонската дијаспора, Славе Николовски-Катин, како претставник на ова Министерство.

Во своето излагање, меѓу другото, Славе Катин рекол: „Овој единствен и по многу нешта карактеристичен труд е автентичен приказ за судбината на печалбарот на Петтиот континент, кој дава жива слика за активностите и постигнатите резултати на Македонците во Австралија“, вели тој, додавајќи дека Кире Циревски е роден Преспанец, од убавото Перово, а во Австралија живее и твори повеќе од триесет години. Важи за еден од истакнатите активисти во Македонската заедница во Сиднеј и пошироко во Нов Јужен Велс.

Публикацијата „Македонците во новата татковина“ е дело за културното и духовното живеење на Македонците во дијаспората, во која се евидентирани вистините за Македонецот, за Македонската православна црква, за активностите во областа на фолклорот, културата, јазикот и литературата, проникнати со

стремежите за афирмација на македонскиот национален идентитет. Трудот опфаќа подолг временски период од животот на Македонците во Нов Јужен Велс, посебно во Кантонот Рокдеил, кој често се нарекува македонски град, затоа што во него најбројни се Македонците од Битолско-преспанскиот и Охридскиот регион. Станува збор за една ретко успешна книга посветена на македонското иселеништво, овојпат во Австралија.

Во рамките, пак, на ***„Деновите на новинарите од иселеништвото“,*** одржани на 24 јули 2000 година во Скопје, Славе Катин имаше чест и задоволство да промовира уште едно издание на македонски иселеник. Тоа е книгата под наслов „Оспорен идентитет - Македонците во современа Австралија“ од Крис и Ицо Најдовски, кои даваат осврт на негирањето на постоењето и самобитноста на македонската нација, не само низ историјата на Балканот, туку и пошироко и во демократска Австралија.

Тие ги објаснуваат нивните корени, но и упатуваат на остра критика на политичките структури, особено во Австралија, во која во последните години на минатиот век, беше евидентно кршењето на плурализмот, односно на мултикултурализмот, демократијата и почитувањето на човековите права на доселениците од етничка Македонија, иако тие се потврдија како трудољубиви, честити и лојални граѓани на оваа далечна земја, нагласува Катин во својот промотивен говор за ова дело, објавено на англиски јазик.

Во книгата посебно место зазема борбата на Македонците во Австралија за одбрана на името на својата татковина Република Македонија и проблемите настанати со додавката „Славомакедонци“ наметната од австралиските власти под притисокот на грчкото лоби. Сепак, вистината победува и со пресудата на Врховниот суд на Викторија овој спор е разрешен во корист на Македонците.

Книгата ***„Светите браќа Кирил и Методиј“*** на Трајко Огненовски, чии рецензенти се архиепископот на МПЦ г.г. Михаил и проф. д-р Томе Саздов, Славе Катин имал задоволство да ја промовира надвор од Македонија, во Елванген, Германија, по повод откривањето на спомен-обележјето за

свети Методиј Солунски на 1 јуни 1996 година. Затоа и книгата го носи името на Светите браќа. Во својот вовед во неа, архиепископот Охридски и Македонски г.г. Михаил истакнува дека делото на свети Кирил и Методиј има епохално значење и претставува основа за целокупната словенска писменост, книжевност и култура.

Во своето излагање на промоцијата во Германија, Славе Катин рекол дека: „свети Кирил и свети Методиј биле мисионери што го ширеле христијанството, зближувајќи ги Словените од Европа и Балканот. Додека свети Кирил бил голем творец, ерудит, лингвист, филозоф и искусен мисионер, свети Методиј – бил духовник, градител на христијански храмови, педагог, голем организатор на црковниот живот и упорен борец за признавање на словенскиот јазик и писмо, во ширењето на Христовото учење“, вели Славе Катин.

На 17 октомври 2015 година, во Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Торонто, Славе Катин ја промовирал двојазичната (на англиски и македонски) монографија ***„Сеќавања“*** од авторот Дана Скендова-Скотланд од метрополата Торонто. Делото е издание на издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје, чиј главен и одговорен уредник е Славе Катин.

Монографијата е историска вистина за животната приказна на семејството Скендови која започнала во познатото револуционерно село Неволјани, Леринско, во егејскиот дел на Македонија. Селото во кое се родени или имаат потекло плејада македонски интелектуалци, револуционери, бизнисмени и други личности кои се бореле и ден-денес се борат за афирмација на македонските идеали и кои постигнале видни резултати на повеќе полиња.

Животот на Дана Скендова-Скотланд, пак, започнал во Битола во 1944 година, во градот на конзулите и градот на културата и образованието, за потоа во 1952 година заедно со родителите да замине во Канада каде што живее и денес. Од родната Македонија таа го понела единственото чувство дека е Македонка и дека ќе остане тоа каде и да живее, на кој и да е дел на земјата.

Нема поблагородна работа од чувството да се осветли историската вистина за едно семејство, за една Македонка и нејзиното поколение како што е Дана Скендова-Скотланд. Проникнувањето во семејните и индивидуалните хоризонти на семејството Скендови и на Дана ја откриваат сликата за судбината на Македонците од библиска Македонија, особено за прогонетите од своите дедовски огништа, од егејскиот дел на Македонија.

Со право може да се каже дека членовите на семејството Скендови се големи приврзаници и почитувачи на нивната втора татковина – демократска Канада и родната Македонија, затоа без сомнение може да се потенцира дека семејството претставува еден вид мост меѓу Македонија и Канада.

Животната приказна на Дана Скендова-Скотланд, истовремено, е еден вид сторија и историска вистина за Македонија, а преку неа и за македонското иселеништво. Со оваа автобиографија за нејзиниот животен пат, сублимирано се проектира најновата фаза на историјата на една скромна иселеничка која е на распетие меѓу Македонија и Канада. Со тоа значењето на оваа автобиографија ги надминува рамките на едно обично дело за животот на едно македонско семејство надвор од Македонија.

Инаку, автобиографијата „Сеќавања“ на Дана Скендова-Скотланд претставува огледало на нејзиниот животен пат, судбина, минато, сегашност, дел од нејзините лични и семејни постигнувања, како и дел од иднината на нејзиното семејство. Затоа може да се каже дека со оваа автобиографија во кратки црти се проектира еден дел од македонската историја. Во оваа книга е даден дел од сликата за Дана и нејзиното семејство Скендови, младото поколение, нејзиниот сопруг Блер Скотланд, нивната животна приказна и судбина, нивниот заеднички живот и постигнувања на секој план. Во автобиографското дело, на многу интересен, наративен начин, на англиски и на македонски јазик се презентирани историскиот, животниот, семејниот, иселеничкиот и творечкиот опус, пред сè, на Дана Скендова–Скотланд.

Дана, покрај тоа што е вљубеник во Торонто, во канадскиот живот, демократските процеси и слободи, таа е голем

роднокраен поборник и вљубеник во македонскиот поетски пишан збор, во македонското духовно живеење и македонската заедница. Истовремено, со своето скромно поетско постигнување е позната, докажана и призната во македонската заедница во Торонто, особено преку Литературното друштво „Браќа Миладиновци“, што е во рамките на МПЦ „Свети Климент Охридски“ во Торонто,

Во автобиографијата на Дана Скендова-Скотланд се прави обид да се фрли светлина врз нејзиниот животен пат. Трудот е компониран во неколку дела, во кои секој има по повеќе глави, претставувајќи хронолошка и тематска заокружена целина, иако во основа тие меѓусебно се надоврзуваат и се надополнуваат. Во делото се поместени голем број фотографии и други материјали кои треба да придонесат за поцелосно запознавање на нејзината многустрана значајна личност. Дана прави обид да ги прикаже позначајните моменти од нејзиниот живот и дело на еден наративен начин со обични раскажувачки манири.

Затоа, со задоволство, на сите читатели ја препорачувам автобиографијата на Дана Скендова-Скотланд, бидејќи книгата не е само откинат дел од вистината за нејзиниот живот и постигнувања, туку таа е и збир на факти, искажувања и придонес на авторката кон пишаниот збор. Притоа, пораката на делото е тоа нека биде поттик на идните генерации, без разлика каде се наоѓаат, да не ги забораваат корените на прадедовската земја, да бидат продолжувачи на љубовта кон родниот крај, дедовските корени, јазик, црква, култура, обичај, верувања, со што ќе бидат чувари на македонската вистина на дедовската земја Македонија.

За одбележување е дека во Пензионерскиот клуб на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Торонто, во далечниот декември 1986 година била претставена книгата ***„Селото Неволјани - Леринско“*** од Ристо Кираџиев, чиј текст го подготвил за печат и го уредил на македонски јазик Славе Николовски-Катин, а го превел на англиски јазик поетот и писател од Мелбурн Џим Томев. Ова е приватно издание на Ристо Кираџиев кој преку податоците во делото ја изразил големата љубов кон родниот крај и кон Егејска Македонија.

ВТОР ДЕЛ:
ЦРКОВНОТО ЖИВЕЕЊЕ

СЛАВЕ КАТИН И НЕГОВИТЕ ДЕЛА ПОСВЕТЕНИ НА ЦРКОВНОТО ЖИВЕЕЊЕ 129

МАКЕДОНСКИТЕ ОПШТИНИ, ЦРКВИ И МАНАСТИРИ НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ВО АВСТРАЛИЈА, КАНАДА И САД (1) 135

МОНОГРАФИЈАТА ЗА СОБОРНИОТ ХРАМ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО ТОРОНТО (2)..... 140

ВО ЧЕСТ НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ И ПОКЛОНЕНИЈАТА ВО РИМ (3)..... 144

СРЕДБИ СО ПАПАТА ЈОВАН ПАВЛЕ ВТОРИ ВО РИМ (4)..... 150

ЦРКОВНОТО ЖИВЕЕЊЕ ВО ДЕЛОТО ЗА МАНАСТИРОТ „СВЕТА БОГОРОДИЦА“ ВО СЛИВНИЦА (5) 155

ЗНАЧАЈНО ДЕЛО ЗА „СВЕТИТЕ ЗЕМЈИ“ ИЗРАЕЛ И МАКЕДОНИЈА (6) 161

ДЕЛА ЗА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ПРОМОВИРАНИ ОД СЛАВЕ КАТИН (7)..... 167

ЕРУСАЛИМ И ОХРИД - ГРАДОВИ НА ВЕЧНОСТА (8) 175

СЛАВЕ КАТИН И НЕГОВИТЕ ДЕЛА ПОСВЕТЕНИ НА ЦРКОВНОТО ЖИВЕЕЊЕ

Македонската православна црква - Охридска архиепископија е важен фактор кој игра значајна улога во публицистичката дејност на Славе Катин. Тоа било повод тој да ја подготви публикацијата ***„Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД“,*** во издание на НИО „Нова Македонија“, Скопје, 1991 година, а која содржи 192 страници. Таа е прв и скромен историски обид за периодизација на македонските православни цркви и манастири во прекуокеанските земји. Во овој труд се настојува да се осветли историскиот и развојниот пат на црковните општини и на македонските доселеници. Делото опфаќа подолг временски период што претставува макотрпна, но и одговорна самоиницијативност да се создаде дело кое би го одбележало најважниот период на македонските православни црковни општини и активностите на македонските иселеници во нивните нови средини.

Инаку, македонските православни цркви во прекуокеанските земји се национално-духовни јадра кои го одразуваат единството и непосредно придонесуваат за афирмација на прататковината. Преку културно-просветните, верските и националните форми на собирање во македонските православни цркви, всушност, Македонците излегле од тесните рамки на дејствување и се афирмирале како важна етничка група во новите средини каде имаат развиен општествен живот.

Публикацијата **„*Македонски вознес“,*** која е монографија за првата Македонска православна црква во Канада „Свети Климент Охридски“ во Торонто, е дело на Славе Николовски-Катин и Фиданка Танаскова. Тоа е издание на црквата отпечатено во 1994 година на 232 страници на македонски и на англиски јазик, а по повод 30-годишнината од постоењето на овој значаен македонски храм. Монографијата како вознес на

постигнувањата на црковно и национално поле на Македонците од сите делови на Македонија во Торонто, разработува одредени прашања во врска со важноста на активностите на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ и овековечување на своето постоење и мисија.

По повод излегувањето на оваа монографија архиепископот охридски и македонски господин господин Михаил го напишал следното: „Плодот што го роди дрвото посадено од свети Климент Охридски во Македонија, доведе до создавање на Охридската архиепископија, која денес постои во лицето на Македонската православна црква. Корените, пак, на тоа Светиклиментово дрво се раширија насекаде низ Македонија и светот и стасаа до северноамериканскиот континент, каде изникна еден од најзначајните духовно-национални и културно-просветни храмови што го имаат македонските иселеници– црквата „Свети Климент Охридски“ во Торонто“.

Д-р Вера Стојчевска-Антиќ и Славе Николовски-Катин се автори и на Монографијата ***„Ореолот на Дева Марија и манастирот Света Богородица во селото Сливница во Преспа“,*** издание на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје, 2007 година, на 164 страници. Книгата претставува обид да се осветли култот, славата и честа на Мајката на Исус Христос во светот и во Македонија, особено во манастирот „Света Богородица Слимничка“ во селото Сливница во Преспа. Таа го претставува нејзиниот лик кој е интензивно насликан на бројни икони и фрески во македонските цркви и манастири, како и пишани текстови поврзани со неа во бројни староцрковни книги.

Во книгата е даден хронолошкиот развој на култот на Божјата Мајка почнувајќи од нејзиното раѓање па сè до денес. Овој дел го прикажува животниот пат на пресветата Дева Марија преку евангелија и текстови од Новиот завет, преку делата на уметници и анонимни автори, преку легенди и митови, преку апокрифи. Посебен дел е посветен на македонските народни песни во кои светата Дева Марија се величи, а прикажан е и список на цркви во Република Македонија кои го носат името на пресветата Божја Мајка.

Во случајов ги претставуваме најпопуларните текстови посветени на Пресвета Богородица. Од канонските состави неминовно е претставено раѓањето на Дева Марија, воведувањето на Пресветата во храмот, благовеста, значајниот настан, раѓањето на Исус Христос, успението на Света Богородица. Од апокрифните текстови значајно место добива насловот „Одењето на Богородица по Маките“, новозаветен македонски текст. Од средновековната црковна поезија истакнато место зазема „Акатистот на Пресвета Богородица“, а од молитвените текстови – „Молитва кон Пресвета Богородица“.

И ***„Библискиот речник“*** (1997), на проф. д-р Петко Златески и Славе Катин е првенец од ваков вид на македонски јазик, а е издание на „Библиското здружение на Република Македонија“ и на книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје. Тој е подготвен да служи како патоказ за истражувањето на Библијата, како помагало за секој љубител и читател на Светото писмо. Тој содржи, главно, историски и археолошки податоци за личностите од Библијата, поединости за настаните, податоци за библиските книги со информации наменети за денешниот културен и религиозен свет. Исто така, дадени се и повремени кратки објаснувања на одделни теолошки термини, проследени со бројни библиски цитати. На тој начин, доаѓа до израз изворниот мотив за составување на овој Речник, тој да биде не само со научни, туку и со информативни карактеристики.

Речникот е богат со разновидни илустрации кои на читателот му го доближуваат чудесниот свет на Библијата, го освежуваат и оживуваат и на моменти наликува на еден вид мала енциклопедија. Затоа, со право може да се рече дека со својот скромен придонес од областа на библиското проучување, Словото Божјо ќе биде „како дождот и снегот што паѓаат од небото, ја напојуваат земјата и ја прават способна да раѓа и да зеленее, како оган и чекан што крши карпа, но и како духовна храна послатка дури и од восочен мед.

Историјата на Македонската православна црква се карактетеризира со три основни фази и тоа Охридската архиепископија (XI век до 1967 година); Јурисдикцијата на туѓите цркви во Македонија (1757-1944 година) и Македонската православна

црква олицетворение на Охридската архиепископија (од 1944 до денес). Затоа, во 1994 година се навршиле 50 години самостоен слободен просветен и културен живот и растеж во Република Македонија. Во таа 1994 година, а по повод 25-годишнината на поклоненијата на светиот гроб на свети Кирил во Рим, излегло од печат делото ***„Во чест на светите Кирил и Методиј“*** (1994) од д-р Вера Стојчевска–Антиќ и Славе Николовски-Катин. Тоа е издание на „Матица македонска“ и содржи 212 страници.

Во ова издание се одразени и повеќеродни дејности, манифестации, собири, институции, личности, изданија и други активности кои се носители на името, дејноста, работата на светите Кирил и Методиј и нивните ученици. Разбирливо е дека во него ги проследуваме и јубилеите кои во одредени години ги потенцираат активностите и дејностите во врска со претставувањето, изучувањето или откривањето на нивното сестрано дело. Исто така, своевиден простор е посветен на културната манифестација „Во чест на свети Кирил“ и поклоненијата на светиот гроб на свети Кирил во Рим, во период од 25 години (1969-1994).

На делото ***„40 поклонениј пред гробот на свети Кирил Филозоф“,*** пак, автори се д-р Вера Стојчевска-Антиќ, Славе Николовски-Катин и викарниот епископ хераклејски Климент. Тоа е издание на Книгоиздателството „Македонска искра“ (2008) на 228 страници. Во ова издание се одразени повеќеродни дејности, манифестации, собири, институции, личности, изданија и други активности кои се носители на името, дејноста, работата на светите Кирил и Методиј и нивните ученици. Разбирливо е дека во него се проследени и јубилеите кои во одредени години ги потенцираат активностите и дејностите во врска со претставувањето, изучувањето или откривањето на нивното сестрано дело. Исто така, своевиден простор е посветен на манифестацијата „Во чест на свети Кирил“ и поклоненијата на гробот на свети Кирил Солунски во Рим, во период од 40 години (1969-2014).

Монографијата ***„Израел и Македонија***“ е дело на „Македонска искра“ од Скопје и Фондацијата „Ѓорѓија–Џорџ Атанасоски“ од Прилеп, отпечатена во 2017 година, на 380 страници,

на англиски, македонски и хебрејски јазик. Рецензенти на делото се м-р Петко Златески, професор на Богословскиот факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје и Горан Садикарио, директорот на Музејот на холокаустот во Скопје.

Израел за Евреите е ветената земја од Господа на Аврама и на неговите следбеници. Според библиските преданија од Стариот завет, првите доселувања на Евреите во ветената земја - Канаан започнале околу 2.000 години пред новата ера. Израел бил и останал факелот на светоста каде раѓањето, чудотворието и моќта на Спасителот Исус Христос е божествено сочинение и овоземна припадност следена од многуте стотици милиони следбеници кои ги има во сите земји од целиот свет.

Да се патува по „Светата земја“ е голем предизвик, зашто таквото патување е повеќе од секое друго; таму се патува низ библиската земја, во земјата на пророците и патријарсите, низ земјата на царевите, земјата на апостолите… Да се чекори по земјата на Христовото детство, по бреговите на реката Јордан, на Галилејското Езеро и на Мртвото Море, по земјата осветена од Исуса Христа е ретко доживување за секој христијанин, за секој човек без разлика на неговите религиски убедувања и верувања.

На Светскиот ден на книгата во 1997 година, промовирано е изданието ***„ Библијата за млади - Стар и Нов завет“,*** во издание на Библиското здружение на Република Македонија. Ова значајно дело е превод од руски јазик што го направил д-р Јован Белчевски. Делото го претставиле брегалничкиот митрополит господин Стефан и Славе Николовски-Катин, заменик-претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

На промоцијата на делото ***„Партениј Зографски - епископ полјански“,*** која се одржала во Валандово на 12 јуни 1997 година, Катин истакнал дека со оваа најнова публикација, македонскиот книжевник и новинар Костадин Кајдамов значајно ја збогатил македонската црковна и национална историографија и литература. Со своето долгогодишно истражување за животот и делото на истакнатиот духовен великодостојник (архимандрит, епископ и митрополит), преродбеник и народен

трибун Партениј Зографски, успеал да создаде дело за него кое покажува дека со својата неуморна духовно-црковна и просветно-образовна дејност, засекогаш се вградил во црковната и културната историја на македонскиот народ.

По повод осум векови од основањето, 140-годишнината од обновувањето на манастирот „Свети Јоаким Осоговски“ и 20-годишнината од конституирањето на Полошко-кумановската епархија на автокефалната Македонска православна црква, на 7 април 1992 година, во Крива Паланка се одржала свечена промоција на Монографијата за „Манастирот ***„Свети Јоаким Осоговски“,*** чиј автор е Јордан Михајловски.

Во летото 1994 година во Охрид, на македонската културна јавност, Катин ѝ ја претставил книгата под наслов ***„Патописи и разговори“*** од Вера Стојчевска-Антиќ, чие име го среќаваме во тандем со него, на неколку заеднички дела на теми од македонската културна историја. Станува збор за патеписни белешки и разговори на овој наш истакнат научен работник, од престојот во Соединетите Американски Држави и Канада, како и од разговорите со повеќе нејзини колеги од тамошните универзитети.

Пред голем број претставници на Македонската православна црква и беровчани, во 1995 година, Катин ја промовирал книгата ***„Записи и натписи во манастирот „Свети Архангел Михаил“ во Берово“,*** од прота Ахил Николов Теохарев. Книгата е посветена на Берово од средината на XVIII век и на неговата манастирска црква, изградена во 1818 година. Името на Јоаким Крчовски, вели Катин, не случајно е поврзано со манастирот „Свети Архангел Михаил“, бидејќи по потекло е од Владимирово, а освен тоа, во наведената година бил учител во Берово. По барање на беровчани и поп Пецо издејствувал дозвола од турските власти за изградба на црквата и на училишниот простор.

МАКЕДОНСКИТЕ ОПШТИНИ, ЦРКВИ И МАНАСТИРИ НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ВО АВСТРАЛИЈА, КАНАДА И САД (1)

Во македонското духовно и културно живеење во еден подолг период беше поевидентен недостигот од еден, макар и глобален, преглед: од појавата на македонските православни црковни општини до современиот црковен живот на македонските доселеници во прекуокеанските земји, Соединетите Американски Држави, Канада и Австралија

Македонската православна црква (МПЦ) играла значајна улога во опфаќањето и сплотеноста на Македонците надвор од Македонија, особено во прекуокеанските земји. По обновувањето на самостојноста на Охридската архиепископија во 1958 година и на автокефалноста во 1967 година, МПЦ направила силен пробив меѓу бројното македонско иселеништво од сите делови на Македонија во прекуокеанските земји САД, Канада и Австралија, како и меѓу Македонците во денешната Европска Унија и во други земји.

Македонската православна црква е организирана преку своите епархии: Американско-канадската и Австралиско-македонската православна епархија која била формирана во 1967 година, а која во 1974 година е поделена на: Американско-канадска и Австралиска епархија, во чија диоцеза денес е и Нов Зеланд, а од 2016 година постои и Сиднејско-австралиска епархија Од 1984 година постои и Македонска православна епархија за Европа.

Македонските православни цркви во иселеништвото се најзначајните и најмасовните собиралишта на Македонците од сите делови на Македонија. Во тие македонски храмови, покрај богослужбата, слободно се слуша македонскиот збор, мајчиниот јазик донесен од стариот крај.

Покрај за доволувањето на црковно-религиозните чувства и потреби, основните начела на Македонската православна црква во своето дејствување во дијаспората биле и се, меѓу другото, јакнење на единството сред македонскиот народ, слогата, евангелската љубов, чувството за слобода, разбирање и заедништвото со сите луѓе во средините во кои се определиле да живеат.

Тоа придонесува Македонците да бидат добри, чесни, примерни и трудољубиви граѓани во своите нови татковини. Трудејќи се да обезбедат достоен живот за себе и за своите фамилии, тие секогаш се подготвени искрено да придонесуваат за поголем просперитет на новата татковина

Тоа беше повод авторот Славе Николовски-Катин да ја подготви значајната публикација ***„Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД“,*** во издание на НИО „Нова Македонија“, Скопје, 1991 година, а која содржи 192 страници. Таа е прв и скромен историски обид за периодизација на македонските православни цркви и манастири во прекуокеанските земји. Во овој труд се настојува да се осветли историскиот и развојниот пат на црковните општини и на македонските доселеници. Делото опфаќа подолг временски период што претставува макотрпна, но и одговорна само-иницијативност да се создаде таква публикација која би го одбележила најважниот период на македонските православни црковни општини и активностите на македонските иселеници во нивните нови средини.

Во рамките на едицијата „Сведоштва“ на „Нова Македонија“, се појавува со делото под наслов „Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД“. Како што истакнал академик Блаже Ристовски, тогашен потпретседател на експертската влада на Република Македонија и претседател на Комисијата за односи со верските заедници, (на промоцијата во „Сарајот“ во Ресен, по повод осумте века на црквата „Свети Ѓорѓи“ во Курбиново):

„Катин дава глобален преглед од појавата на македонските православни црковни општини до современиот црковен живот на македонските доселеници во прекуокеанските земји, Соединетите Американски Држави, Канада и Австралија. Активното

духовно и културно-просветно живеење на Македонците во дијаспората, наметнува, во определен обем и време, низа суштински прашања што се однесуваат на вистината за Македонската православна црква и за македонскиот народ во минатото и за сегашните состојби во македонските православни црковни општини надвор од Републиката.

Во овој историски преглед, Катин прави обид за периодизација на македонските православни цркви, црковни општини и манастири во прекуокеанските земји, свесен дека натамошното истражување на црковниот и националниот живот на македонските иселеници може да доведе до промени и во поглед на обемот на материјалот во соодносот меѓу одделните периоди.

Во ова дело, Катин настојува да го осветли историскиот и развојниот пат на македонските православни црковни општини и на македонските иселеници во прекуокеанските земји. Поточно, да го фокусира она место во македонската црковно-национална историја, за кое се изборите самите македонски иселеници. Тоа опфаќа подолг временски период што претставува макотрпна, но и одговорна работа каква што бара публикација за развојот на македонските православни цркви и црковни општини, како и активностите на македонските иселеници во нивните средини.

Оттука, во подготовката на книгата се користени научни трудови, публикации, извештаи, писма, разговори и други извори поврзани со оваа тема. Но, и покрај тоа, Катин е свесен дека ова негово дело не претендира на исцрпност, заради што и очекува дополнувања и сугестии кои би ги збогатиле сознанијата за активностите, животот и историјата на македонското иселеништво, од сите делови на Македонија и на македонските православни цркви и црковни општини во Австралија, Канада и САД“, истакна д-р Ристовски.

Во публикацијата „Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД“ е опишано дека во нашето духовно и културно живеење последните години сé поевидентен е недостигот од еден, макар и глобален, преглед: од појавата на македонските православни црковни општини до

современиот црковен живот на македонските доселеници во прекуокеанските земји, САД, Канада и Австралија.

Треба да се нагласи дека една од одредбите на Црковно-народниот собор што се одржала во Охрид од 17 до 19 јули 1967 година, кога била прогласена автокефалноста на Македонската православна црква во лицето на Охридската архиепископија, била донесена и одлуката на Светиот архијерејски синод да се формира Американско-канадско-австралиско-македонска епархија.

Оваа значајна црковна институција, од почетокот до денес, меѓу другото, има за цел да ги продлабочува врските и да ја јакне љубовта, верата и надежта меѓу македонските иселеници во прекуокеанските земји со Татковината и со Црквата, како и да биде мост за подобро запознавање и зближување на Македонија со земјите каде што живеат тие. Во почетокот епархијата била заедничка за САД, Канада и Австралија. Подоцна, се одлучила за Австралија да се формира Австралиско-македонската епархија, а денес Австралиско-новозеландско-македонската епархија, која се одделила како посебна институција, а се формирала и Австралиско–сиднејска православна епархија и Европската епархија.

Според одлуката на Синодот на МПЦ, за прв архијерej на целата Епархија бил избран тогашниот викарен епископ тивериополски, господин Кирил, кој на 10 август 1969 година бил интронизиран како нејзин надлежен епархиски архијерej. Чинот на интронизацијата бил извршен во најголемата македонска иселеничка колонија и црковно-културен центар на Македонците од сите делови на Македонија - Торонто, од страна на тогашниот дебарско-кичевски митрополит господин Методиј. Во службата на интронизацијата учествувале свештени лица, а во присуство на голем број Македонци од сите македонски колонии од Канада и САД, бројни гости и официјални личности на македонските организации и асоцијации, како и претставници на канадската влада и на медиумите.

На 4 октомври 1969 година, во просториите на МПЦ „Свети Климент Охридски“ во Торонто, со учество на бројни делегати и гости за првпат било формирано Епархиско собрание, како највисоко тело на оваа Епархија. Потоа биле избрани:

верификациона комисија, записничар, потпретседател, како и Епархиски управен одбор, Епархиски црковно-судски совет и Епархиски црковно-просветен совет.

По дванаесет години, Американско-канадско-македонската црковна епархија официјално била регистрирана пред американските власти на државата Њујорк. Тој чин претставува историски момент за македонските иселеници и еден од најзначајните настани во животот и дејноста на Македонската православна црква на северноамериканскиот континент.

Може да се каже дека 12 септември 1981 година, е светол датум за Македонците од Соединетите Американски Држави Соединетите Американски Држави и од Канада, кога во Македонската православна црква "Свети Димитрија" во Рочестер, во државата Њујорк, митрополитот господин Кирил ги потпишал документите и го означил законското регистрирање на Епархијата во присуство на видни личности од македонските заедници, свештени лица и пред американски адвокат.

Имено, по одржувањето на молитвата во храмот „Свети Димитрија", во хотелот „Американа", во кој се наоѓала канцеларијата на адвокатот, со потписите на архијерејот и архијерејскиот заменик, првпат надвор од границите на Македонија се озаконила и се признала епархија на МПЦ. Во тој период, Епархијата ја сочинувале 15-тина црковни општини со 10-тина парохиски свештеници.

Веста за регистрирањето на Епархијата брзо се разгласила преку средствата за јавно информирање на македонските, во американските и канадските медиуми. Меѓутоа, посебно внимание на овој настан посветил њујоршкиот дневен весник „Тајмс Јунион", на чии страници било објавено законското регистрирање на Епархијата, постоењето на Македонската православна црква и на македонската нација во целина.

Инаку, во порталите „Македонска нација" и „Македонско сонце" од Скопје, од оваа публикацијата биле печатени околу 150 продолженија. Исто така, поголем број продолжение од ова дело биле објавени во различни информативни гласила во Република Македонија и во прекуокеанските земји.:

МОНОГРАФИЈАТА ЗА ХРАМОТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО ТОРОНТО (2)

Прославувањето 55 години од постоењето на првата Македонска православна црква „Свети Климент Охридски“ во Канада, стожерот на најголемиот број активности што Македонците ги развиваат во Торонто и пошироко претставува мотив повеќе за изразување на љубовта и почитта кон родната земја Македонија

Овој црковно-национален дом е најголем центар на раселените од сите делови на Македонија. Тоа е место на другарување на Македонците од седум до седумдесет и седум годишна возраст. Со други зборови, таа е македонски центар за поколенијата.

Тоа е постигнато благодарение на демократска Канада која се смета за светски пример на мултикултурно општество. Таа е прва земја во светот која официјално го признала мултикултурното шаренило и ја продолжила континуираната, значајна и доследна недискриминациска политика. Со тоа, мултикултурата на заедништво, почит и љубов кон Канада се прогласила за политика на власта на Канада, каде што секој староседелец или новодојденец како Канаѓанин има право на слобода на свеста, верата, мислата, изразувањето, мирното собирање и дружење, уживање и развој во сопствената култура, пропагирање и применување на сопствената религија и употребата на мајчиниот јазик.

Македонска православна црква „Свети Климент Охридски“ е изградена во убавата метропола Торонто. Тој е распространет на брегот на езерото Онтарио, на осумдесетина километри од Нијагарските Водопади и претставува град со многу европски нишани, кој магично го привлекува и опива посетителот и намерникот. Торонто е град со прекрасни облакодери, раскошни населби со архитектура адаптирана од целиот свет, со умет-

нички галерии, музеи, опера и со други многубројни културно-историски споменици. Тој е најголемиот индустриски, културен, политички, административен и спортски центар, како и бисер на Онтарио и метропола со големи перспективи.

По повод 30-годишниот јубилеј на првата Македонска православна црква „Свети Климент Охридски“отпечатено е делото ***„Македонски вознес“,*** чии автори се Славе Николовски-Катин и Фиданка Танаскова. Тоа е едно од значајните изданија на „Свети Климент Охридски“, од Торонто, отпечатено во 1994 година, на 232 страници, на македонски и англиски јазик.

Монографијата е исполнета со интервјуа, писма, документи заедно со статии од весници, списанија, публикации и други материјали. Таа е исполнета со информации, фотографии, документи и другите писмени материјали од управите на црквата „Свети Климент Охридски“

Особен придонес за монографијата беше помошта со материјали на тогашниот претседател, г-дин Никола Стојановски, кој ја започна идејата за објавувањето на оваа дело. Исто така голем е придонесот и на другите членови на управите на црквата, особено на женската секција, другите групи и голем број Македонци од Торонто, Потоа за одбележување е тоа што членовите на управите на црквата за годината 1993/94 имаа разбирање да се финансира објавувањето на делото.

Исто така, треба да се потенцира придонесот на многу други добронамерници и пријателите на Македонците во Торонто. Нивниот ентузијазам и поддршка придонесоа многу за иднината на црквата „Св. Климент Охридски“ и на Македонската православна црква во целина. На тој начин тие придонесуваат за благосостојбата на Македонците во новата средина водемократска Канада, како и на земјата на нивните предци, етничка Македонија.

Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Канада е стожерот на најголемиот број активности што Македонците ги развиваат во Торонто и пошироко и претставува мотив повеќе за изразување на љубовта и почитта кон родната земја Македонија. Црквата е национален дом и најголем центар на раселените од сите делови на етничка Македонија.

Во својата рецензија за книгата, полошко-кумановскиот архијерej, митрополитот Кирил, истакнал дека големиот празник, тридеценискиот јубилеј на светиот македонски храм „Свети Климент Охридски“ во Торонто е вистински македонски вознес за сите браќа и сестри од род македонски, за сите имени и безимени кои вградиле огромна љубов, дарување, труд и самопрегор во неговите темели и го подигнале овој прекрасен и најголем соборен храм на северноамериканскиот континент.

Црквата била и останува да биде симбол на македонското име, непокор, тврдокорност и постоење на далечните прекуокеански простори, во чии двери пулсира една извонредно динамична активност, атрактивна, привлечна и неодминлива за сите генерации Македонци, подвлекува митрополитот Кирил во предговорот под наслов „Летопис на генерациите“.

„Повеќе од еден век е зад нас откако од македонската родна земја тргна кон канадскиот простор и сè уште трае масовната брановита преселничка река. Така, денес само во Торонто е формирана повеќе од стоилјадна македонска комуна. Во сите години зад нас, македонскиот етникум развил импозантен самоорганизиран колаж кој остварил извонредно широка и значајна активност на сите полиња. Црквата „Свети Климент Охридски“ со оваа монографија го овековечува своето постоење и мисија“..., истакнал вториот рецензент на оваа книга, Христо Андоновски.

Во посветата на монографијата за црквата „Свети Климент Охридски“, господин господин Михаил вели:

„Плодот што го родило дрвото посадено од свети Климент Охридски во Македонија, довело до создавање на Охридската архиепископија, која денес постои во лицето на Македонската православна црква. Корените на тоа Светиклиментово дрво се раширile насекаде низ цела Македонија и светот и стасале до северноамериканскиот континент, каде изникнал еден од најголемите и најзначајни духовно-национални и културно-просветни храмови што македонските иселеници го имаат - Црквата „Свети Климент Охридски“ во Торонто. Во изминатите три децении црквата остварила значаен црковен, духовен, национален и културен развој, со што дала голем придонес во севкупното живеење на македонските доселеници од сите

делови на Македонија и го збогатила мозаикот на демократска и мултикултурна Канада“.

Промоцијата на ова дело била извршена во Соборната црква на Американско-канадската македонска православна епархија „Свети Климент Охридски“ во Торонто на патрониот ден на црквата, а на која зборувал митрополитот господин Кирил. Исто така, ова дело било промовирано и во Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ во Скопје, од господин господин Михаил и проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ, кои истакнале дека делото на Катин и Танаскова претставува значајна алка во синџирот на Светиклиментовата традиција во светот и во Македонија.

На овој настан, во Гласникот на Институтот за национална историја се осврнал и историчарот д-р Александар Трајановски, кој ова дело на читателите им го препорачал како реликвиум, кој претставува нов придонес во македонската црковно-национална историографија. Свечена промоција оваа монографија доживеала и во Струмица, каде што за неа во Домот на културата зборувале професорите д-р Вера Стојчевска- Антиќ и д-р Димитар Керамичиев.

Промоцијата на ова дело била извршена и во Соборната црква на Американско-канадската македонска православна епархија „Свети Климент Охридски“ во Торонто на патрониот празник на црквата, а на која зборувал митрополитот господин Кирил. Исто така, ова дело било промовирано и во Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ во Скопје, од господин господин Михаил и проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ, кои истакнале дека делото на Катин и Танаскова претставува значајна алка во синџирот на Светиклиментовата традиција во светот и во Македонија.

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од публикацијата за катедралниот храм „Свети Климент Охридски“ од Торонто биле печатени околу 100 продолженија. Исто така, поголем број продолжение од ова дело биле објавени во различни информативни гласила во Република Македонија и во прекуокеанските земји.

ВО ЧЕСТ НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ И ПОКЛОНЕНИЈАТА ВО РИМ (3)

Во 1994 година се навршиле 50 години самостоен слободен просветен и културен живот и растеж во Република Македонија. На Второто заседание на АВНОЈ од 29 ноември 1943 година на македонскиот народ во Републиката му се признати правата за национална слобода. На 2 август 1944 година, АСНОМ, на своето Прво заседание во манастирот „Свети Прохор Пчињски" прогласил дека македонскиот народ влегува како национално слободен и рамноправен член во рамките на Федеративна Народна Република Југославија врз принципите поставени на Второто заседание на АВНОЈ.

Конституирањето на македонската држава, нација, јазик и организираниот црковен живот, неминовно значело асоцијативно и суштинско поврзување со Кирило- методиевската традиција, со создавачите на старословенскиот јазик, во чија основа влегле говорите од околината на Солун. Врз база на овој македонски бил изграден литературниот старословенски јазик.

Кирило-методиевската традиција зафатила благородни и длабоки корени и во Македонија. Вредните ученици на светите браќа Кирил и Методиј, светите Климент и Наум Охридски, ја продолжиле нивната целокупна глаголска традиција, особено кога Климент Охридски во 886 година ги ставил темелите на Охридската книжевна школа. Оттогаш, низ Македонија струи Климентовата писменост, книжевноста и организираниот црковен живот, особено со неговото хиротонисување за прв словенски епископ во Велика, во 893 година. Истата година свети Наум го напуштил Бугарскиот црковно-просветен и книжевен центар во Преслав и го заменил Климента на учителското место во Охридската школа.

Во ова издание ќе бидат одразени и повеќеродни дејности, манифестации, собири, институции, личности, изданија и други активности кои се носители на името, дејноста, работата, на светите Кирил и Методиј и нивните ученици. Разбирливо е дека во него ќе ги проследиме и јубилеите кои во одредени години ги потенцираат активностите и дејностите во врска со претставувањето, изучувањето или откривањето на нивното сестрано дело. Исто така, своевиден простор е посветен на културната манифестација „Во чест на свети Кирил“ и поклоненијата на светиот гроб на свети Кирил во Рим, во период од 25 години (1969-1994).

Така, во мај 1994 година, македонската културна и научна јавност била соочена со еден настан кој го свртел нивното внимание, предизвикан од најновото дело на Вера Стојчевска-Антиќ и Славе Николовски-Катин посветено на солунските браќа, под наслов ***„Во чест на светите Кирил и Методиј“***. Тоа е издание на книгоиздателството „Матица македонска“ од Скопје, издадено во 1994 година на 212 страници на македонски јазик, чиј рецензенти се проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска и архиепископот охридски и македонски господин господин Михаил

„Човече, кажи ни како си им ги создал на Словените книгите и ги учиш од нив, што досега никој не измислил, ниту апостолите, ниту Римскиот папа, ниту Григориј Богослов, ниту Ероним, ниту Августин. А ние знаеме само три јазици на кои е достојно во книгите да се слави Бог - еврејскиот, елинскиот и латинскиот?“ Философот на тоа одговорил: „Не врне ли дожд од Бога еднакво врз сите? А сонцето, не грее ли, исто така, за сите? Зарем не дишеме воздух сите еднакво? Па тогаш како не се срамите да признаете само три јазици, а сите други народи сакате да бидат слепи и глуви...“

Авторите на ова дело, по овој повод, ќе истакнат дека во 1994 година се навршиле 50 години самостоен слободен просветен и културен живот и растеж во Република Македонија. Конституирањето на македонската држава, нација, јазик и организираниот црковен живот, неминовно значи асоцијативно и суштинско поврзување со Кирилометодиевата традиција, со

создавачите на старословенскиот (старомакедонскиот) јазик, во чија основа влегле говорите од околината на Солун.

Врз база на овој македонски е изграден литературниот старословенски јазик. Кирилометодиевата традиција зафатила благородни и длабоки корени и во Македонија. Вредните ученици на светите браќа Кирил и Методиј, светите Климент и Наум Охридски, ја продолжиле нивната глаголска традиција, особено кога Климент Охридски во 886 година ги удрил темелите на Охридската книжевна школа. Оттогаш низ Македонија струи Климентовата писменост, книжевност и организираниот значаен црковен живот, особено со неговото хиротонисување за прв словенски епископ во Велика, во 893 година.

На промоцијата на ова убаво технички обликувано издание, која се одржа во НУБ „Свети Климент Охридски“, зборувале проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска и архиепископот охридски и македонски господин господин Михаил.

„Оваа книга зазема посебно место меѓу трудовите посветени на Кирилометодиевото дело. Содржи хронолошки приказ на сите црковни чествувања и манифестации посветени на делото на светите браќа во периодот од 1944 до 1994 година, што ги организирале и во кои учествувала Република Македонија во Рим.

Претставени се хронолошки сите прослави, научни и други собири одржани од страна на световни и верски институции во Република Македонија и надвор од нејзините граници. Освен тоа, се дава преглед и на истражувачката и на издавачката дејност, поврзани со животот и делото на светите браќа Кирил и Методиј, на нивните следбеници и на книжевната традиција што ни ја оставиле тие“, истакнала во своето излагање проф. Скаловска.

Поглаварот на Македонската православна црква господин господин Михаил подвлекол дека „секој приод кон светлите средновековни традиции од нашата културна историја е значаен, а навраќањата кон врвиците на светителите и просветителите се добредојдени во оваа наша мала, но истрајна средина, со цел нивното дело да го доближат до нашиот човек. Браќата претставуваа благородно свртување кон „светилниците на все-

лената“, како што ги нарекол светите браќа охридскиот архиепископ Теофилакт.

Објавувањето на монографијата ќе предизвика интерес и кај младите и кај постарите наши современици и кај обичните граѓани - верници, бидејќи ги содржи обединети и световните и верските чествувања на светите браќа Кирил и Методиј“, истакнал архиепископот охридски и македонски господин господин Михаил.

Овој исклучителен настан во македонското издаваштво, го одбележале сите јавни гласила во земјата и оние на Македонците во дијаспората.

Публикацијата ***„40 поклонениј пред гробот на свети Кирил Философ во Рим“,*** од авторите д-р Вера Стојчевска–Антиќ, Славе Николовски–Катин и викарниот епископ хераклејски Климент е едно од изданијата на реномираната издавачка куќа „Македонска искра“ од Скопје, отпечатена на 228 страници на македонски јазик, чиј главен и одговорен уредник е авторот Славе Катин. Рецензенти на ова дело се архиепископот господин господин Стефан и проф. д-р Ѓоко Ѓорѓиевски, декан на Богословскиот факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, а било издадено во 2008 година, кога се навршија шеесетина години самостоен слободен, просветен и културен живот и растеж во Република Македонија.

Треба да се нагласи дека во публикацијата „40 поклонениј пред гробот на свети Кирил Философ во Рим“, се проследени јубилеите кои во одредени години ги потенцирале активностите и дејностите во врска со претставувањето, изучувањето или откривањето на нивното сестрано дело. Исто така, своевиден простор е посветен на манифестацијата „Во чест на свети Кирил“ и поклонениј на гробот на свети Кирил Солунски во Рим, во период од 40 години (1969-2014).

За ова дело архиепископот охридски и македонски господин господин Стефан ќе напише дека пораката на светиот апостол Павле - помнете ги вашите наставници, што ви го проповедаа Словото Божјо (Евр. 13, 7), нашла и има вистинско место меѓу македонскиот народ кога е во прашање чествувањето на македонските и сесловенските просветители, браќата од Солун - светите Кирил и Методиј.

Во книгата „40 поклонениј пред гробот на свети Кирил Философ во Рим“ е запишано дека од средината на IX век па наваму, Кирил и Методиј, двајца просветители и учители, свештенослужители и рамноапостоли, имаат водечко место во духовната историја на македонскиот и на многубројните словенските народи.

Како нови апостоли и учители на сите земји во коишто огреаја на земјата како сонце со вистинска вера и убавина... го прос-ветија и нашиот народ и нема да се посрамиме споредувајќи ги сите нивни добри дела и подвизи со оние на Божјите угодници.

Инаку, во 2008 година, по 40-ти пат, Македонската црковно-државна делегација се поклонила на гробот на свети Кирил во Рим, и на свети Методиј му дала заслужна почит во Елванген - Германија, местото каде што темнувал повозрасниот брат. Исто така, претставници на МПЦ и на Министерството за култура при Владата на Република Македонија учествувале на Сесловенското чествување во Русија.

Секако, покрај молитвеното во храмовите на МПЦ, во Татковината и меѓу иселените Македонци по светот, на светите браќа им била посветена почит од институциите што ги носеле нивните имиња, од просветните работници, студентите и учениците и од сите коишто го почитувале делото на големите просветители и рамноапостоли, светите браќа Кирил и Методиј. Од оваа година во Република Македонија нивниот ден е прогласен за државен празник.

Токму затоа, со изданието „40 поклонениј пред гробот на свети Кирил Философ во Рим“, во еден преглед сакаме да ги проследиме поважните дејности во врска со кирило-методиевската традиција во периодот од 1969 до 2007 година. На овој начин ги регистрираме барем поважните појави во Македонија поврзани со епохалното дело на светите браќа и нивните ученици, укажувајќи на длабоките корени на оваа традиција кај нас, зачувана и во нашето современо живеење и чествување како долг кон нашите беспримерни учители.

Македонскиот јазик спаѓа во јужнословенските јазици, а се формирал од словенските племиња што живееле на Балканскиот Полуостров. Уште тогаш, во IX век, тој се одликувал со

карактеристични особености во однос на јазичните црти. И понатаму во својот развој доживувал своевиден напредок. Прашањето за современиот литературен македонски јазик било поставено уште во XIX век, а решено дури со победата на НОБ. Македонскиот литературен јазик ја доживеал својата кодификација со одлуките донесени на АСНОМ 1944 година.

Во педесетгодишниот период растела јазично-творечката дејност. Во поновиот труд на Блаже Конески со наслов „Македонскиот литературен јазик“ (Реферати на македонските слависти за XI меѓународен славистички конгрес во Братислава, Скопје, 1993 година, 9-33), не случајно е истакнато: „Развитокот на функционалните стилови на македонскиот литературен јазик во периодот на неговата кодификација ја потврдува обемноста и успешноста на таквите напори“.

Веднаш по НОБ се обновиле училиштата во Македонија. Повеќе од нив го задржале или го добиле името „Свети Кирил и Методиј“ и „Свети Климент Охридски“. Овие имиња на нашите современи македонски училишта не се само симболични наслови, туку една жива врска на писмената, книжевната и културната традиција што ја вкореniле солунските браќа и светители Кирил и Методиј во IX век.

Важен дел од манифестациите посветени на браќата Кирил и Методиј во Македонија се организирани во чест на свети Кирил Филозоф кој починал во Рим на 27 февруари 869 година. Токму затоа, на Денот на браќата просветители, на 24 мај, пред неговиот гроб се извршило свечено поклонување и ред други културни, црковни и научни дејности.

Благодарение на порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од овие две значајни публикации за духовно-националното живеење биле печатени над 200 продолченија. Исто така, поголем број продолжение биле објавени во различни информативни гласила во Република Македонија и во прекуокеанските земји.

СРЕДБИ СО ПАПАТА ЈОВАН ПАВЛЕ ВТОРИ ВО РИМ (4)

Во 1969 година Македонската православна црква, македонската држава и македонскиот народ достојно го одбележале 1100-годишниот јубилеј од смртта на сесловен-скиот и рамноапостол свети Кирил Солунски, авторот и творецот на словенската азбука и темелоположителот на нашата писменост.

Во 1969 година било одлучено Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква да испрати своја поклоничка група во Рим заедно со државна делегација во базиликата посветена на свети Климент Римски каде што мирува телото на свети Кирил Солунски, Константин Филозоф, како што го викале во Магнаур, заради бистрината на умот и заради логичноста на мислењето.

Кај македонскиот народ отсекогаш било длабоко и искрено почитувањето на свети Кирил Солунски и неговиот брат свети Методиј. Нашите прадедовци и дедовци на нив им се обраќале молитвено за закрила и духовно раководство речиси секојдневно, а не само кога бил денот на нивниот празник. Ги споменувале за да се потсетат какви светители стојат во нивното црковно и национално битие.

Им се молеле за духовна поткрепа и светлина тогаш кога нивните непријатели биле жестоки и кога сопствените сили им биле при крајот, тогаш кога темнината била ужасна, а надежта на умирање. И тогаш кога ропството и гневот биле неподносливи светите браќа и нивните ученици им боскотеле во мракот и ја поткрепувале нивната вера во посветла и поубава иднина.

На 14 февруари 1969 година се навршиле 1.100 години од блажената смрт на свети Кирил Солунски. На тој ден во Базиликата „Свети Петар“ се отслужила концелебрација (сослужение) во слава на просветителското дело на свети Кирил Солунски. Во таа импозантна катедрала посветена на

првиот Христов апостол, кој, исто така, како и свети Кирил Солунски, дошол од Исток во илјадалетниот град, или градот на вечноста - Рим, за да го проповеда христијанското учење.

А Рим е местото каде од памтивек се случувале различни дејствија од политички, национални, историски, културни, духовни и други случувања, кои оставиле длабоки траги не само за италијанскиот народ, туку и за голем број европски и други христијански народи. За нас Македонците Рим е значаен по тоа што во близината на метрополата се наоѓа гробот на кралот Персеј кој беше последниот македонски крал на големата Античка Македонија, како и по тоа што во Рим се наоѓа гобот на Свети Кирил Солунски, пред кои се поклонуваат државни и црковни делегации.

Така, првата делегација на Македонската православна црква ја сочинувале митрополитите преспанско-битолски господин Климент, американско-канадско-австралиски господин Кирил и протојерej ставрофор господин Климе Малевски, во делега-цијата на Извршниот совет на СР Македонија биле: д-р Иван Катарџиев и Владо Малески, а делегацијата на Македонската академија на науките и уметностите и на Универзитетот во Скопје, кој од 24 април 1969 година го носи името „Кирил и Ме-тодиј“ а денес - „Свети Кирил и Методиј“ ја сочинувале академикот проф. д-р Харалампие Поленаковиќ и проф. Фрањо Бачиќ.

Македонската православна црква отслужила молебен, а делегацијата на тогашниот Извршен совет на СР Македонија положила венец од името на благодарниот македонски народ со натпис:

„На свети Кирил Солунски, сесловенски просветител, со израз на благодарност од македонскиот народ“.

Треба да се одбележи дека папата Павле VI ги дочекал делегациите на словенските народи со иста срдечност, со каква што биле пречекани словенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј, од папата Адријан II.

Од педесетте поклонениј и одржувањето на свеченостите „Во чест на Свети Кирил“ на неговиот гроб во црквата „Сан Клементе“ во Рим, во продолжение ќе се задржиме на поклонението во 1995 година. Имено, Славе Катин како

потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија, заедно со државни и црковни делегации на Македонската православна црква пет пати бил на прием кај папата Јован Втори во Рим.

Затоа придонесот на Славе Катин би го заокружиле со посетата на државно-црковната делегација на Македонија во Рим, која традиционално се одржува секоја година на 25 мај - Денот на славјанските просветители светите Кирил и Методиј, со посета на гробот на свети Климент и прием кај папата во Ватикан, реализирана во мај 1995 година. За овој настан, како член на делегацијата, Славе Николовски-Катин пишува во „Нова Македонија“:

„Се исполнила светата правдина. По единаесет векови од светото му чинодејствие, неговата татковина Македонија, македонскиот народ, чиј предок е и православната црква (канонската наследничка и продолжителка на неговото свето евангелско дело) му оддадоа должна почит токму нему, на свети Кирила Солунски, продолжителот на светото дело на свети апостол Павле во Македонија и во словенските земји.

Во италијанската престолнина - Рим, во Базиликата „Сан Клементе“ каде што почиваат моштите на апостолскиот светител и солунски чудотворец, бил највисокиот врв на суверена и независна Македонија, нејзиниот претседател Киро Глигоров, кој го предводел државниот дел од македонската делегација, а на чело на црковниот врв се наоѓал поглаварот на Македонската православна црква Неговото Блаженство господин господин Михаил. Преубедение било тоа на самото место за тоа колку е возвишена гордоста да си Македонец, кога на своевидното сретение со духот и бесмртното дело на свети Кирила, на секој намерник или посетител затреперува целото тело и се збогатува духот.

Велам и со гордост ќе преповторам дека бев непосредник во годинашното историско, величествено македонско свето чинодејствие, традиционално наречено „Македонија во чест на свети Кирил“. Во незаборав ми се преточува возвишената достоинственост на македонскиот претседател Киро Глигоров кога на Светикириловиот гроб положи прекрасен венец. Велат ќе остане единствен во Ватикан, не толку по грижливо

одбраните цветови, колку по духот на безграничната љубов со која зрачи тој венец, оти е дел од неговите потомци.

Тешко може да се опише со обични зборови и достоинството на нашите современи Кирилометодиевци, архиепископот господин господин Михаил и митрополитот Кирил. Вториот со право остана подолго над светоодарот, чувствувајќи, како што самиот вели, како по жилите блажено му се разлева светоотоčјето Кирилово, со длабок молитвен шепот, кој извира од освештеното срце, што целосно е предадено на Господовите, на апостолските, на светикирилометодиевските и на светиклиментонаумовските богомилозни корења во македонскиот народ.

Тоа светодуховно меѓукирилско сретение во светиот град уште повеќе ќе го облагороди треперливиот глас на нашиот архиепископ Михаил со пригодната богослужба во чест на свети Кирила.

Кој може да ги заборави неговите беседнички промисли дека светите браќа Кирил и Методиј се служеле со јазикот на Македонците од Солунско во ширењето на христијанството. Тој нивни мајчин стародревен македонски јазик е и прв книжевен јазик на Словените. Така, рамноапостолот свети Кирил Солунски е творец и на азбуката за словенските народи и темелоположител на нашата писменост.

Тие од Бога вдахновени луѓе се раководеле многу повеќе од идеите и идеалите на Светото евангелие и на Светата црква, отколку што го прават денес оние што се сметаат за продолжители и закрилници на Светата ортодоксија.

Делото на свети Кирила го продолжија неговите ученици, големите македонски рамноапостоли свети Климент и свети Наум Охридски, на чии извориштa низ вековите опстојуваат македонскиот народ и неговата Црква. Благодарение на тие свети корења Македонија денес е самостојна и независна држава, а Македонската православна црква-Охридска архиепископија е автокефална.

Благост и длабокопочитание зрачело од лицата на луѓето од Ватиканскиот двор на посебната аудиенција што ја направил Неговата Светост папата Јован Павле Втори за македонската државно-црковна делегација. Светиот отец бил радосен. Велат

дека многу ретко му се случувало тоа во вакви прилики. Се поздравувал со чувство на посебна блискост, ракувајќи се со секој член на нашата делегација, со двете раце со што покажал дека сме негови мили гости. Неговиот интерес бил, главно, фокусиран на Македонија и на духовниот живот во неа.

Се изненадив колку многу знае за нашата земја. Папата и неговото официјално опкружување и сите други личности со кои се сретнавме во Ватикан не употребија друго име за нашата земја, освен името Македонија.

Така и ја знаат, бидејќи нивната историја, особено црковната, дури од древнина чува голем дел од вистината за Македонија. Во Ватикан за Македонија се зборува како за света христијанска земја. Токму затоа папата Јован Павле Втори со задоволство ја прифати поканата да ја посети нашата земја“, вели на крајот од својот текст Славе Николовски-Катин за „Нова Македонија“.

Свесен дека до таа посета, во годините потоа, објективно и не можеше да дојде, главно, поради големите историски промени на Балканот, предизвикани од распадот на еднопартискиот систем, но и заради големите воени и економски кризи што го зафатија регионот.

Само две години подоцна, во септември 1997 година, Славе Катин присуствувал на погребот на Мајка Тереза во Калкута, како член на македонската државна делегација, која по овој повод допатувала во Индија да ѝ оддаде последна почит на својата сограѓанка Агнеса Гонџа Бојаџиу, која за својата хуманитарна дејност стана добитник на Нобеловата награда за мир, на наградата на УНЕСКО за придонес во образованието, на наградата „Џавахарлал Нехру“, наградата „Универзална мајка“ и на многу други награди и признанија. Во 1948 година, папата Пие XII ѝ дава дозвола да живее како независна калуѓерка, а папата Јован Павле Втори, во 2003 година ја прогласи за светица.

ЦРКОВНОТО ЖИВЕЕЊЕ ВО ДЕЛОТО ЗА МАНАСТИРОТ „СВЕТА БОГОРОДИЦА“ ВО СЛИВНИЦА, ПРЕСПА (5)

Славата и честа што и се оддаваат на Пресвета Богородица во Македонија ја паметат многу генерации наназад. Нејзиниот лик е достоинствено и интензивно обработуван во бројните живописи и икони во македонските цркви и манастири. Нејзиниот ореол не ги одминал и книжевните и народните творби. Токму затоа, целокупното богатство собрано во Македонија, опфатено со нејзината личност, дело и бројни добродетели, нужно бара широки истражувања.

Едно од таквите дела во кое е просветена Пресвета Богородица е делото ***„Ореолот на Дева Марија и манастирот Света Богородица во селото Сливница во Преспа“,*** чии автори се проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ и Славе Николовски-Катин, а е издание на „Македонска искра“ од Скопје во 2007 година, на 164 страници, на македонски јазик. Рецензенти на монографското дело се: Димитар Ќорнаков и д-р Петре Георгиевски.

Во делото е забележано дека култот на Пресвета Богородица е присутен во Македонија, но тој бара и многу опсежни студии во областите на црковно-канонското наследство, книжевно, историско, уметничко, археолошко, социјално, историско, теолошко, фолклорно итн. Бројните уметнички дела во црквите и манастирите, ракописите во старите и новите книгохранилишта, иако празнети низ вековите заради скапоценостите што ги содржеле, бараат нови заокружени видувања и анализи.

Во случајов ги претставуваме најпопуларните текстови посветени на Пресвета Богородица. Од канонските состави неминовно е претставено раѓањето на Дева Марија, воведувањето на Пресветата во храмот, благовеста, значајниот

настан, раѓањето на Исус Христос, успението на Света Богородица. Од апокрифните текстови значајно место добива насловот „Одењето на Богородица по Маките“, новозаветен македонски текст. Од средновековната црковна поезија истакнато место зазема „Акатистот на Пресвета Богородица“, а од молитвените текстови – „Молитва кон Пресвета Богородица“. Во колкава мера народот ги прифатил овие текстови, најочигледно зборува богатството на македонското народно творештво со религиозен карактер.

Широкиот ореол на Пресвета Богородица е присутен низ цела Македонија. Преспанскиот регион брои над шеесет и две црковни градби со нејзиното име. Овој регион со сите убавини и богатства што ги поседува, со Преспанското Езеро опколено со зачувани природни убавини, чува вековна традиција и култ кон Пресвета Богородица. Покрај тоа, Преспа е полна со историски настани и случувања: Распослана на римската магистрала Виа Игнација, седиште на првата Самуилова престолнина, место на првата Словенска митрополија, со учество на дванаесет комитски чети во Илинденското востание, со бројни паднати жртви во НОБ, а денес израсната во напредна туристичко-стопанска област во Македонија.

Репортажите претставени во монографијата, пак, даваат слика за целокупната Преспа. Прилогот е трагање по убавото, минатото и сегашноста, а се пренесени културните богатства на овој регион во Македонија.

Во овие насоки се движат и нашите афинитети пред нашата и поширокатa светска јавност да ги истакнеме вистинските вредности и втемелените историски, верски, митски и народни верувања. Вековните верски и други преданија и легенди ги памети и современиот жител крај вековните црковни градби и култни места.

Не случајно во оваа прилика истакнуваме само еден карактеристичен пример, а нив во Македонија ги има во изобилство - Сливничкиот манастир и Пресвета Богородица Сливничка. Нејзините соседи со векови наназад, а и денес раскажувале и раскажуваат за „присутноста на Пресвета Богородица во манастирот“.

Ако во светот доминираат светилиштата на Богородица, кои се јавуваат со растот на нејзиниот култ ширум светот, како на пример, случајот со Катерина Лабурс во Париз, „Фатима во Португалија, „Гарабандал“ во Шпанија, не помалку се важни повторливите настани во Сливничкиот манастир, раскажувани од сé уште живите околни жители. Вакви примери имало и има честопати во сакралните култни маста и живеалишта.

Во случајов само сакаме да укажеме на насоките кои го откриваат култот на Дева Марија создаван низ вековите во Македонија, а присутен во нашата современост, кога се множат црковните градби со нејзиното име. Еден убав пример ни открива сливничкиот манастир „Пресвета Богородица“, сместен во живописот на чистата планинска и шумска природа, на Баба Планина во Преспа, во длабок спокој и сон, недостапно допрен дури и од љубопитниот Македонец во Преспа. Таа тајновитост и убавина не можела да не го разбуди народниот творец да ја воспее и да ја возвиши.

Книгата претставува обид да се осветли култот, славата и честа на Мајката на Исус Христос во светот и во Македонија, особено во манастирот Света Богородица Слимничка во селото Сливница во Преспа. Таа го претставува нејзиниот лик кој е интензивно насликан на бројни икони и фрески во македонските цркви и манастири, како и пишани текстови поврзани со неа во бројни староцрковни книги.

Книгата „Ореолот на Дева Марија и Света Богородица Сливничка во Преспа“ на Вера Стојчевска-Антиќ и Славе Николовски-Катин е содржински богата во однос на култот на Дева Марија проследен со текстови од многу книги посветени на нејзиниот живот. Оваа значајна и по многу нешта единствена книга, исто така, е посветена на Пресветата Дева Марија и на Слимничкиот манастир изграден во 1607 година, кој одбележа 400 години од своето постоење.

Бидејќи Сливничкиот манастир се наоѓа во Преспа, авторите Вера Стојчевска-Антиќ и Славе Катин даваат живописен опис на овој регион, нагласувајќи го неговото значење за црковните активности на Македонија во минатото, како и денес. Читателите ќе се запознаат со Преспа како главен град на македонското царство на цар Самуил; потоа со Преспа како

место на кое се формирала првата Македонска архиепископија; со Преспа како регион во кој многу Илинденци биле организирани, а чиј дух бил присутен и во текот на НОБ.

Посебен дел во книгата е посветен на селото Сливница и на величествениот манастир „Пресвета Богородица Сливничка“. Живописниот опис на ова село, со своите пет цркви и манастири, едноставно, го одзема здивот. Како Слимничкиот манастир да оживува и ги поканува ненајавените и добронамерните гости да го посетат. Делот што изобилува со легенди и митови само го потврдува значењето и важноста на култот на Пресветата Дева Марија во Македонија, бидејќи таа е сакана и величена – и поради тоа е видена, а нејзините дела почувствувани. Дадени се искажувања и описи на локалните жители кои лично го доживеале присуството на Пресветата Марија како потврда на она што е горе наведено.

Историјата на Македонската православна црква е тесно поврзана со историјата на македонскиот народ. Тие со векови заедно егзистираат и во исто време страдаат и се борат против денационализацијата и неправдата кон македонскиот народ на Балканот и на други места насекаде по светот. Црквата одиграла првостепена улога за македонскиот народ во текот на тешките периоди на ропство. Затоа се вели дека Црквата била основата на националното признавање и лулка на ренесансата на Македонците во подолг период.

Македонската православна црква игра значајна улога во собирањето на Македонците како во државата, така и во светот. Тоа е особено изразено со конституирањето на Република Македонија, по обновувањето на Охридската архиепископија во 1958 година и по прогласувањето на нејзината автокефалност во јуни 1967 година. Македонската православна црква направила силен пробив меѓу православните Македонци во државата и меѓу бројната македонска емиграција во прекуокеанските земји - САД, Канада и Австралија, како и меѓу Македонците во Европската Унија и во други земји ширум светот.

Преспа како дел од Македонија е карактеристичен регион во кој Македонската православна црква одиграла значајна улога. Христијанското население од Преспа ги искажувало духовните и интелектуалните потенцијали низ дејноста на Охридската

архиепископија. Негувањето на црковната литература, архитектура и сите видови на ликовната и применетата уметност, сврзани за иконографијата и литургијата во науката се високо оценети.

Со тоа се потврдува дека во Преспа се создале дела од највисок уметнички дострел во своето време кои ја збогатуваат не само македонската, туку и светската ризница на уметноста и културата. Неговото христијанско население го негувало и го негува култот на Пресвета Богородица, на Исус Христос... Тоа се потврдува со фактот што во голем број преспански села се изградени цркви посветени на Дева Марија. Меѓу нив, црквите во селата Сливница, Брајчино, Јанковец, Евла, Љубојно, Арвати, Крани, Нивици, Курбиново, Долно Дупени, Бела Црква и други населени места.

Повеќевековниот христијански живот на Македонците, од времето на свети Климент, низ долгата историја на Охридската архиепископија, до времето на преродбата во XIX век, придонесе да се создадат ремек-дела на уметноста со универзално значење, со исклучителна естетска вредност. Така, во црквите и манастирите во Преспа се созадени значајни ликовни дела со кои се гордее човечкиот род.

Иконите, фреските на свети Ѓорги во Курбиново, како и архитектонските облици, делата на применетата уметност од манастирот „Света Богородица“ во Сливница, влегуваат во антологијата на значајните остварувања на тоа време. Во тие дела се распознаваат оригиналните карактеристики и белези сврзани за македонската културна традиција во Преспа.

Преспа е лулка на македонската иконографија - значајно е присуството на повеќе стотини портрети на света Богородица, Исус Христос, свети Климент и свети Наум Охридски и нивните современици и други светци. Тоа е доволен доказ за културниот континуитет на традицијата на Македонците од најстари времиња до денес. Притоа, треба да се нагласи дека македонскиот духовен простор во Преспа никогаш не бил затворен.

Напротив, православните духовници, писатели и ликовни творци секогаш биле во благородните хуманистички текови коишто се засноваат на Христовото учење и на традициите на Светиклиментовата црква. Таков е случајот со црквата „Свети

Ѓорги“ во Курбиново, како и со неколкуте други значајни цркви во Преспа, меѓу кои е и манастирот „Света Богородица“ во Сливница, кој во 2007 година го прослави своето 400-годишно постоење.

Во Преспа се создала специфична градителска и ликовна култура и по укинувањето на Охридската архиепископија, особено во борбата на црковно-училишните општини да имаат богослужба на црковнословенски, односно македонски јазик. Притоа, се подигнати бројни цркви и манастири од македонски камен, дрва, керпич, со македонска душа и срце. Сите тие цркви најчесто се со монументални димензии и со базиликална форма за да потсетуваат на величината на старата црковна слава.

Периодот на преродбата во Македонија ќе донесе и во Преспа специфична иконографија во рамките на православието, со особена нагласка врз македонските светци, на нивните житија и на словенската писменост на Балканот, како што е примерот со манастирот „Света Богородица“ во селото Сливница, во Долна Преспа. Таа е дел од големиот придонес на Македонците во културниот и духовниот развој на православието во сесловенската уметничка ризница.

Македонецот градел духовно-културни храмови со силна желба, љубов и вера кон православието. Со цел да опстои на овие балкански простори, православниот народ во Преспа во периодот од десетина векови си помагал со другите народи, си пружал христијанска рака, затоа издржал и ропство, асимилација, прогонување, а и неправди. Тој опстанал и ќе опстои сé додека веков векува и светот светува, зошто македонскиот народ е библиски, со голема христијанска душа, со вера, надеж и со љубов кон својата Црква и држава.

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од ова значајна публикација за духовно-националното живеење во Преспа биле печатени околу над 80 продолченија. Исто така, поголем број продолжение од ова дело биле објавени во различни информативни гласила во Република Македонија и во информативни гласила во иселеништвото ширум светот.

ЗНАЧАЈНО ДЕЛО ЗА „СВЕТИТЕ ЗЕМЈИ“ ИЗРАЕЛ И МАКЕДОНИЈА (6)

Патувањето во Израел беше дел од нашите посети на педесетина различни земји во светот. Но, тоа беше највозбудливото патување, исполнето со многу искушенија, сознанија и предизвици да ја запознаеме „Светата земја“, нејзините библиски места, градови, култури, религии, обичаи и многу карактеристики на нејзиниот современ свет. Притоа, имавме можност да посетиме бројни споменици кои имаат светско значење и кои оставаат вечни траги во сеќавањата на посетителот. Тоа го инспирира Славе Катин да ја напише оваа книга за „Светите земји“ Израел и Македонија.

Монографијата ***„Израел и Македонија***“ е дело на „Македонска искра“ од Скопје и Фондацијата „Ѓорѓија–Џорџ Атанасоски“ од Прилеп, отпечатена во 2017 година, на 380 страници, на англиски, македонски и хебрејски јазик. Рецензенти на делото се м-р Петко Златески, професор на Богословскиот факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје и Горан Садикарио, директор на Музејот на холокаустот во Скопје.

Израел за Евреите е ветената земја од Господа на Аврама и на неговите следбеници. Според библиските преданија од Стариот завет, првите доселувања на Евреите во ветената земја - Канаан започнале околу 2.000 години пред новата ера. Израел бил и останал факелот на светоста каде, раѓањето, чудотворието и моќта на Спасителот Исус Христос е божествено сочинение и овоземна припадност следена од многуте стотици милиони следбеници кои ги има во сите земји од целиот свет.

Кога се пишува за Израел треба да се каже дека центарот на светот е точно таму, на меѓата меѓу европскиот, азискиот и африканскиот континент. Токму таму е сместена „Светата земја“, чие име е добиено поради настаните поврзани за

религиите и бидејќи копјата секогаш се кршат токму тука, на израелската територија.

Од друга страна, пак, приказните кажуваат нешто друго. Имено, „Светата земја“, го добила своето име, затоа што Бог се погрижил таму да растат овошја и зеленчуци, кои давале плодови (храна) за тамошните жители. На тој начин, тамошните луѓе мислеле дека Бог ги сака премногу, се грижи за нив, им дава храна и затоа тие се свети, а земјата на која растат тие растенија е света.

Исто така, Црквата на Светиот гроб, каде што Исус Христос бил погребан и воскреснал, е најсветото место за христијаните од сите меридијани, па не случајно се вели и дека е место на верата, надежта и љубовта на луѓето кои доаѓаат секој со својата вистина љубов и исчекувања, поклонение и молит-ва, радост и тага.

Според библиските преданија од Новиот завет за Христовото раѓање и неговото детство, посебен интерес привлекуваат градовите Витлеем и Назарет. Двата града денес се под палестинска управа, како автономни територии. Според Новиот завет, Исус Христос е роден во градот Витлеем, каде се наоѓа светото место во пештерата и во црквата „Раѓањето на Исус Христос“. Овој храм доживеал многу архитектонски градби и надградби и постојано бил зголемуван во различни периоди од историјата.

Црквата претставува творечко постигнување на човештвото преку вонредно убавите креации на повеќе библиски мотиви, содржини и специфични христијански карактеристики. Денес, Витлеем е туристичко место и е преполно со гости од целиот свет, особено за време на деновите на одбележувањето на раѓањето на Исус Христос - Божиќ. Таму Божиќ се слави три пати во текот на годината.

Назарет, пак, е свето место за христијаните, бидејќи во него се изградени бројни христијански цркви, манастири и други религиозни објекти. Овде се наоѓаат црквите: „Благовестие“, „Свети Архангел Гаврил“, која е изградена врз природните извори на „Пресвета Богородица“ и црквата „Свети Јосиф“. Тоа е градот во кој пораснал Исус Христос.

Црквата на Светиот гроб е симбол на единството на сите кои веруваат во Синот Божји и жив сведок на поделеноста на христијаните. Животот, учењето и смртта на Исус ќе означат нова страница во историјата на човештвото. Во времето кога Евреите го оплакувале уривањето на храмот, учениците на Исус од Назарет веќе го ширеле новото, христијанско учење. Ерусалим, градот на Исусовото страдање, смрт и воскресение, до денес ќе остане најголемото светилиште во христијанството.

Ерусалим е град на вечните убавини и на светите места. Низ милениуми, населението на Ерусалим, но и тие што доаѓале и доаѓаат да му се поклонат, го воспевале и го воспеваат како град на вечноста, како центар на светот, како главен град, како град со голема политичка моќ…Според тоа, тој има повеќе имиња што му се дадени во Светото писмо, во Мојсиевите записи и во литературата. Израелците го нарекуваат Јерушалаим, од каде потекнува и денешното негово име – Ерусалим, што значи „град на мирот“.

Меѓутоа, за постоењето на Ерусалим – градот на Христовите маки, смрт и воскреснување, во текот на последните два милениума не е врзан поимот мир. Ниту на едно свето место во светот не потекле толку потоци крв како овде. Никаде толку жестоко не се бореле, никаде толку длабоко не се мразеле и напаѓале како во овој свет град што е сместен на ладните и сиви карпи на планината Јуда. Трите светски религии – еврејската, христијанската и муслиманската, од градот направиле центар на раздорот. Истовремено, никаде не се кажале толку многу молитви како во Ерусалим.

Исто така, треба да се нагласи дека Ерусалим е светото место на трите најголеми религии, центарот на светот, местото каде може да се сретнат локации на кои во исто време има остатоци од црква која била изградена и срушена, па на истото место синагога изградена па срушена и на крај изградена џамија. Ерусалим е место кое е свето и за христијаните и за Евреите и за муслиманите. Местото каде што е создадено сѐ што е свето, но во исто време е срушено и повторно изградено.

Градот е единственото место каде што една до друга се најблиску трите религии, но и место каде што се и најмногу поделени. Тоа се гледа во организацијата на стариот град на

Ерусалим кој е поделен на четири дела, христијански, муслимански, еврејски и ерменски. Ерменците се сметаат како најстара христијанска нација, затоа што биле први кои го примиле христијанството. Ова место по многу нешта е поврзано со Исус и неговите последни денови, местото на Исусовата голгота. Главната фигура на оваа слика е Ал-Акса џамијата, свето место за муслиманите.

Според преданијата, христијаните го чекаат повторното појавување на Исус, муслиманите го чекаат појавувањето на зелениот конец кој треба да ја поврзе Ал- Акса со Маслиновата Гора, а Евреите чекаат да се појави, како што тие велат, вистинскиот месија, но не знаат како точно треба да изгледа.

Израел не е само земјата на минатото, туку таа е земја на денешницата и иднината. Во Ерусалим се наоѓа музејот „Јад ва'Шем" чија мисија била да изврши комеморација и документација на настаните, како и целосна селекција, истражување и публикување на доказите за холокаустот, потоа да направи избор и регистрација на имињата од жртвите, како и понатаму да истражува и да ги едуцира генерациите што доаѓаат. Оваа современа институција на Израел е една од најопремените во светот која може да послужи за пример.

Во Тел Авив, пак, се наоѓа Музејот за дијаспората. Овој музеј ја отсликува и презентира историјата на еврејскиот народ од времето кога тие биле истерани од земјата Израел. Музејот за дијаспората го презентира вистинскиот и единствен историски развој на еврејскиот народ континуирано во целиот период на постоењето.

Преку прикажување на културните, националните, образовните, семејните, религиозните и друг на-предок, преку напорите и настојувањата кон поубава иднина се сака да се стекне, да се придобие, односно да се трасира еден широк двонасочен пат на личната и многувековна историска карта на идентификацијата на еврејскиот народ.

Македонците ја добија својата независност, социјалните, политичките и културните права во 1944 година, за во 1991 година да се конституира независна, суверена и самостојна држава - Република Македонија, а Евреите ја конституираа својата прва татковина Израел во 1948 година.

Според пишаните документи првите Евреи пристигнале во Македонија за време на Римското Царство, кога Евреите пребегнувале од Израел поради гонење. Најстар доказ за постоењето на Евреите во Македонија е старата синагога која потекнува од III век пр.н.е. во античкиот град Стоби.

Поголемите македонски градови како што се Солун, Скопје, Битола, Штип и други привлекле голем број Евреи и оваа заедница била во мошне добри односи со другото население во Македонија. Кога се пишува, пак, за тој мрачен дел од историскиот развој на Евреите во Македонија треба да се каже дека тоа има една друга димензија. Имено, судбината се поиграла со Евреите во април 1941 година, кога бугарската војска, која била сојузник на Силите на оската, навлегла во Македонија и окупирала голем дел од територијата.

Во ноќта меѓу 10 и 11 март 1943 година, биле уапсени сите Евреи во Македонија и затворени во Монополот, во Скопје, кој тогаш бил привремен концентрационен логор. Според евиденцијата на тогашните бугарски и германски окупаторски власти, биле уапсени 7.144 Евреи, потоа транспортирани во тогаш окупираната Полска, во логорот на смртта Треблинка, каде што биле егзекутирани.

Во спомен и сеќавање на погубените Евреи, во Скопје е изграден Музејот на холокаустот, кој по музеите во Ерусалим и Вашингтон е трет музеј во светот и прв во Европа посветен на жртвите на холокаустот.

Да се патува по „Светата земја“ е голем предизвик, зашто таквото патување е повеќе од секое друго; таму се патува низ библиската земја, во земјата на пророците и патријарсите, низ земјата на царевите, земјата на апостолите и нивниот учител Исус Христос

Да се чекори по земјата на Христовото детство, по брегoвите на реката Јордан, на Галилејското Езеро и на Мртвото Море, како и голем број други историски споменици, да се чекори по земјата осветена од Исуса Христа е ретко доживување за секој христијанин, за секој човек без разлика на неговите религиски убедувања и верувања.

Што е тоа и зошто Израел напредува многу повеќе во споредба со Македонија, во многу аспекти од животот; на

економски план, во религијата, културата, земјоделството, армијата, соседството, дијаспората... Тие беа прашањата кои нé заинтригираа, а кои се обидовме да ги елаборираме во ова дело. Сакавме да видиме како Израел ги решава прашањата и проблемите, слични на оние проблеми со коишто Македонија се соочува денес. Како и што треба да се учи од Израел и еврејскиот народ, што би помогнало на Македонија и македонскиот народ за подобрување на иднината на државата, нејзината економија и животот во целина?

Исто така, преку репортерските записи од патувањата по „Светата земја“ во кои се дадени бројни податоци, нашата цел во ова дело е да ги запознаеме Македонците во Татковината и во дијаспората со историскиот развој на Израел, периодот на Исус Христос, со јудаизмот и христијанството, како и со вистината за Израел и Евреите.

Од друга страна, пак, нашите намери се на Евреите да им презентираме дел од историските факти за Македонија и македонскиот народ од времето на Филип и Александар Македонски до денес. Потоа, нашата цел е да го прикажеме историскиот развој на Македонската право-славна црква, на Македонците во соседните земји и во дијаспората, на Евреите во Македонија, со што читателот ќе може да добие поцелосна слика за судбината и вистината на македонскиот народ и на Македонија.

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од ова значајна публикација за духовното живеење во Израел и во македонија биле печатени над 150 продолченија. Исто така, поголем број продолжение од ова дело биле објавени во различни информативни гласила во Република Македонија и во прекуокеанските земји.

ДЕЛА ЗА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ПРОМОВИРАНИ ОД СЛАВЕ КАТИН (7)

Според историскиот развој на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, пред самиот крај на војната, во 1944 година во селото Горно Врановци, Велешко, беше формиран Иницијативен одбор за нејзино организирање.Во март 1945 година во Скопје, е одржан Првиот црковно-народен собор, на кој е донесена Резолуција за обновување на Охридската архиепископија, како Македонска православна црква. Оваа одлука била доставена и до Архиерејскиот собор на Српската православна црква (СПЦ), бидејќи пред војната, епархиите во делот на Вардарска Македонија беа во составот на Обединетата православна црква на Србите, Хрватите и Словенците, подоцна - Српска православна црква.

Тогаш Архиерејскиот собор на СПЦ не ја прифаќа оваа одлука, заради тоа што во своите понатамошни барања, Иницијативниот одбор истапува со одредени редукции: наместо само како автокефална, бара да биде признаена како самостојна Црква. Но, повторно не наидува на одобрување. Во 1958 година во Охрид, е одржан Вториот македонски црковно-народен собор, каде што е прифатен предлогот за обнова на Свети-Климентовата Охридска архиепископија, олицетворена во самостојната Македонска православна црква, а за нејзин прв епископ беше избран г. Доситеј.

Притоа, Архиерејскиот собор на СПЦ се согласи со одлуките на Македонскиот црковно-народен собор, во одлуката АС. бр. 47/1959 година и 6/1959 година зап. 57 од 17/4 јуни 1959 година. Таквата Одлука за самостојност на МПЦ беше потврдена преку отслужувањето на заедничка архиерејска литургија со српскиот патријарх Герман, на 19 јули 1959 година во

црквата на „Свети Мина“ во Скопје, и е извршена и хиротонија на преспанско-битолскиот владика Климент.

Со тоа, Светиот архиерејски синод на СПЦ ѝ дал самостојност на Македонската православна прква, со тоа што таа и понатаму останува во канонско единство со СПЦ преку нејзиниот Патријарх. По неколку дена во црквата „Свети Никола“ во Штип е хиротонисан за владика на Злетовско-струмичката епархија г. Наум. Конституиран е Синодот на МПЦ-ОА според Уставот на МПЦ-ОА, како и другите административни органи и тела во Архиепископијата и во епархиите

На Светскиот ден на книгата во 1997 година, било промовирано изданието ***„Библијата за млади - Стар и Нов завет“,*** во издание на Библиското здружение на Република Македонија. Ова значајно дело е превод од руски јазик што го направил д-р Јован Белчевски.

Пред голем број црковни лица, меѓу кои и поглаварот на македонската православна црква господин господин Михаил, полошко-кумановскиот митрополит господин Кирил, министерот во Владата на Република Македонија господин Владимир Наумовски и бројни општественици и културни дејци, делото го претставија брегалничкиот митрополит господин Стефан и Славе Николовски-Катин, заменик-претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Библијата содржи подлабока филозофија од Платоновата и Кантовата. Исак Њутн е во право кога вели: „Светото писмо, - книгата дадена од Бога, е највозвишената философија“. Жан-Жак Русо истакнува: „Величието на Светото писмо ме восхитува, а светоста на Евангелието му говори на срцето“. Достоевски реагира: „Кој ќе ја отвори Библијата, за него сите други книги се затворени“. Некои велат дека мудроста на Сократ и Аристотел била надмината уште пред Евангелието од Сираховиот син Исус и од царот Соломон, авторите на најубавата поезија, рече митрополитот Стефан и додаде:

„Овие содржини прераскажани и приспособени на потребното ниво за претпоставените читатели, ни се нудат во оваа Библија за млади. А младите, особено децата имаат свое место во Библијата. Водечките личности во старозаветната и новозаветната историја уште како деца го имале, го добиле

своето предназначување: и Мојсеј и свети Јован Крстител уште како деца ја почувствувале раката Божја врз себе. Христос вели дека ако не бидеме како деца, ако не нé красат особини какви што имаат децата - нема место за нас во негова близина. Затоа и вели: „Оставете ги децата и не им пречете да доаѓаат при Мене, зашто за такви е царството Небесно“ (Мт. 19,14).

А свети апостол Павле, на својот ученик Тимотеј му пишува: „Бидејќи уште како мал ги знаеш Светите Писма што можат да те направат мудар за спасение преку верата во Исуса Христа. Це-лото Писмо е од Бога вдахновено и полезно за поука, изобли-чување, поправање и поучување во правдата, за да биде Бож-јиот човек совршен, годен за секое добро дело“ (2Тим. 3, 15-17).

Преку оваа илустрирана Библија и нашите млади и сите што имаат потреба од словото Божјо, ја имаат можноста да му пристапат на Исуса Христа - најголемиот учител, и да ја примат неговата спасоносна наука. Амин“, рече митрополитот брегалнички Стефан на промоцијата на ова дело во црквата „Свети Ѓорѓи“ во Кочани.

Говорејќи за „Библијата за млади“, Славе Николовски- Катин истакнал дека ова значајно дело се појави по 30-годишнината од возобновувањето на Македонската православна црква во лицето на Охридската архиепископија, во самостојна и неза-висна Република Македонија. И во минатото Светиот архи-јерејски синод на МПЦ го приреди издавањето на илу-стрираната Библија за млади, која се појавила по повод 15-годишнината од прогласувањето на автокефалноста на нашата Света Црква. Но, овој пат, се разбира, заради новите јазични, ликовни и други современи карактеристики и дополнувања, се појави новото издание на Библијата за млади - Стар и Нов завет. Како и на Библискиот речник, така и на Новиот завет издавач е Библиското здружение на Република Македонија.

Македонецот христијанин е човек на Библијата кој живеел со неа и во неа уште пред да се осознае себеси национално. Затоа, со право се вели дека Библијата за Македонците била водителка и чувар, која тој ја читал од светите ликови на иконостасите, фреските, иконите, создавани во еден долг период и кои претставуваат многу значајно културно и

национално богатство за илјадниците македонски православни цркви и манастири, за македонската држава во целина, вели Катин и продолжува: „Секоја национална култура, а во тие рамки и македонската, настојува во својата ризница да ги приопшти највисоките цивилизациски вредности, создадени низ вековите како трајно сведоштво за човековото битисување на нашата планета...

Вклучувајќи се на тој начин во светското семејство на народите, Македонија се легитимира како една од најстарите цивилизации, не само во Европа, која заедно со другите го дава својот придонес во ризницата на универзалните вредности. Тоа е она трајно сведоштво што ги поврзува луѓето независно од нивната раса, нација и вера. Тоа е начинот на кој сé повеќе се доближуваме до котата што ја идентификува нашата припадност, не само кон националната, туку и кон светската култура“, подвлекува Катин, како промотор, од позиција на човек од државната структура, одговорен за развојот на односите со Македонската православна црква и другите верски заедници.

Промоцијата на ова дело, исто така, ја одбележаа и македонските гласила во дијаспората, што придонесе тоа да допре до верниците и на овие простори, не само во Татковината, каде што неговиот тираж беше речиси исцрпен.

На промоцијата на делото „Партениј Зографски - епископ полјански“, одржана во Валандово на 12 јуни 1997 година, Катин истакнал дека со оваа најнова публикација, македонскиот книжевник и новинар Костадин Кајдамов значајно ја збогатил македонската црковна и национална историографија и литература.

Со своето долгогодишно истражување за животот и делото на истакнатиот духовен великодостојник (архимандрит, епископ и митрополит), преродбеник и народен трибун Партениј Зографски, за него успеал да создаде дело кое покажува дека со својата неуморна духовно-црковна и просветно-образовна дејност, засекогаш се вградил во црковната и културната историја на македонскиот народ. Затоа со право се вели дека во борбата за обновување на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква, епископот Партениј се вбројува меѓу првите духовни и црковни водачи, со

што станува централна личност во македонската национална и културна преродба, подвлекува Катин на оваа промотивна сеанса во Валандово.

По повод осум векови од основањето, 140-годишнината од обновувањето на манастирот „Свети Јоаким Осоговски“ и 20-годишнината од конституирањето на Полошко-кумановската епархија на автокефалната Македонска православна црква, на 7 април 1992 година, во Крива Паланка се одржала свечена промоција на монографијата за Манастирот ***„Свети Јоаким Осоговски“,*** чиј автор е Јордан Михајловски.

Во присуство на голем број претставници на политичкиот, културниот и општествениот живот и надлежниот архијереј на Епархијата, митрополитот Кирил, монографијата ја промовирал заменик-претседателот на Републичката комисија за односи со верските заедници, Славе Николовски-Катин, кој го нагласил нејзиното исклучително значење, поради фактот што е прво вакво издание посветено на овој мошне стар и значаен Светиклиментов македонски духовен храм, кој низ вековите го собирал македонскиот народ од овој крај и на молитва и за негување на обичаите и традициите.

Темелите на ова огромно духовно богатство, според зборовите на митрополитот Кирил, се ставени од протом-ајсторите на словенското писмо, светите Кирил и Методиј и светите Климент и Наум. Врз тие темели градел и создавал македонскиот народ вистински бисери на сликарството и иконографијата. Ова бесмртно дело на македонскиот народ е гаранција за меѓународната афирмација на Македонија. Европа мора да разбере дека е време македонскиот народ и неговата независна и суверена држава да доживее целосно вклучување во пазувите на меѓународната заедница олицетворена во Европската Унија, истакнал Катин.

Во летото 1994 година, во Охрид, на македонската културна јавност, Катин ѝ ја претставил книгата под наслов ***„Патописи и разговори“*** од Вера Стојчевска-Антиќ, чие име го среќаваме во тандем со него, на неколку заеднички дела на теми од македонската културна историја. Станува збор за патеписни белешки и разговори на овој наш истакнат научен работник, од престојот во Соединетите Американски Држави, и Канада, како

и од разговорите со повеќе нејзини колеги од тамошните универзитети. Почнувајќи од Колумбос, преку Лозана и Женева, до Њујорк преку Софија и Скопје, Москва, Виена и Братислава, Детроит и Чикаго и други градови на северноамериканскиот континент.

Посебно внимание во оваа книга заслужува галеријата на истакнати научници и личности со кои професорката Антиќ имала средби и разговори, меѓу кои и со познатите научници Збигњев Голомб, Виктор Фридман, Нина Усикова, Франтишек Вацлав Мареш, Влоѓимјеж Пјанка и Рудолф Прајнерсторфер, како и со истакнатите македонски иселеници Борис Ничов, претседател на МПЦ „Свети Кирил и Методиј“ во Чикаго, Никола Стојановски, претседател на МПЦ „Свети Климент Охридски“ во Торонто, со Митре Котески и Стојан Котески од Њу Џерси и со Наум Наумовски, претседател на Движењето за човекови права на Македонците од Њујорк, Њу Џерси, вели Катин, подвлекувајќи дека и ова, како и сите други десетина нејзини дела, изобилува со бројни сведоштва за животот на Македонците и нивните активности во иселеништвото, но и со значајни мислења и ставови на голем број научни работници за Македонија и Македонците.

Пред голем број претставници на МПЦ и беровци, во 1995 година, Катин ја промовирал книгата ***„Записи и натписи во манастирот „Свети Архангел Михаил“ во Берово“,*** од прота Ахил Николов Теохарев. Книгата е посветена на Берово од средината на XVIII век и на неговата манастирска црква, изградена во 1818 година. Името на Јоаким Крчовски, вели Катин, не случајно е поврзано со манастирот „Свети Архангел Михаил“, бидејќи по потекло е од Владимирово, а освен тоа, во наведената година бил учител во Берово. По барање на беровци и на поп Пецо издејствувал дозвола од турските власти за изградба на црквата и на училишниот простор.

Со сигурност се тврди дека јеромонахот Јоаким Крчовски во 1859 година училиштето го предал во владение на манастирската женска сестринска заедница, за што постојат и пишани документи. Покрај името на познатиот Димитар Поп Георгиев-Беровски, внук на поп Пецо, близок човек на манастирот, учител во црковното училиште, името и делото на дедо Иљо

Малешевски е тесно поврзано со манастирот „Свети Архангел Михаил“ како чувар и бранител на беровскиот народ, но и на имотот на манастирот, истакнал Катин.

Во книгата „Записи и натписи на манастирот „Свети Архангел Михаил“ во Берово“, авторот Ахил Теохарев ги претставил иконописците, односно зографите чиишто икони се наоѓаат во манастирот, црковните великодостојници, а дава и регистер на монашките имиња на свештениците во манастирската црква од 1818 до 1992 година, како и преглед на беровското архијерејско намесништво.

Покрај податоците за сите икони, авторот го претставил и библиотечниот фонд, што сé заедно покажува дека Теохарев е сведок на голем број збиднувања и настани во овој манастир, вели Катин, додавајќи дека дедо Ахил, покрај неговите свештенички службувања во Македонија, бил парох и во соборниот храм „Свети Климент Охридски“ во Торонто, каде што оставил убави спомени, покажувајќи им го патот на идните свештеници за подоброто утре на Македонската православна црква на северно-американскиот континент.

Инаку, почнувајќи од древните времиња па до денес, Македонија била, е, и ќе биде место каде што се вкрстуваат различни цивилизации и религии. Така, христијанството се појавило на овие балкански простори пред многу векови, односно уште од времето кога апостол Павле дошол во Македонија, која како земја, неколку пати се споменува и во Библијата.

Историски гледано, почнувајќи од епохата на Александар Македонски преку римскиот и византискиот период, како и преку големите миграции на Славјаните кон југ а потоа и за време на отоманскиот период, Македонија била крстосница на нации, цивилизации, култури, јазици и религии. Во текот на овие долги и важни периоди само две нации го избрале името на земјата како дел од нивниот идентитет - древните Македонци и Македонците денес.

Македонија го зафаќа централниот дел на Балканскиот Полуостров и има извонредно важна положба во спојувањето на важните патишта и цивилизациски вредности и оставнини. Земјата е отворена вдолж долините на реките Вардар и Струма кон Егејското Море, како дел од Медитеранот. Во минатото, пак,

патот Виа Игнација најважната раскрсница на Балканскиот Полуостров која поминувала од Дуразо преку Елбасан, се протегала и низ Македонија, преку Охрид и Битола до Солун и Константинопол.

Оваа географска положба ја сместува Македонија на крстосниот мегдан меѓу Исток и Запад. Сите воени експедиции морале да поминат преку неа, а таа била мост преку кој преминувала развиената трговија, заедно со различни култури, религии и други влијанија.

Христијанството е најголемата и најзначајната религија на територијата на Република Македонија со околу 65 % од населението. Од вкупниот број на христијанско население, околу 95 % припаѓаат на православните христијани, 3 % на протестантските, додека 1,2 % припаѓаат на католичките христијани. Прв кој го проповедал Евангелието во Македонија, бил апостол Павле, каде биле основани и првите христијански заедници и цркви. Според Новиот завет, првиот жител на Македонија кој го прифатил христијанството била светата Лидија Македонка.

Треба да се истакне дека најголема улога во христијанизацијата на Република Македонија и македонската дијаспора, според преданијата, хроничарите и традицијата, има формирањето на Охридската архиепископија како наследник на архиепископијата на Јустинијана Прима, заедно со нејзините мисионери браќата свети Кирил и Методиј Солунски, свети Климент и свети Наум Охридски.

На оваа македонска почва се пуштени`ркулците (никулците) на првата азбука од свети Кирил (Константин Солунски), човекот, кој во тој период се истакнувал по своето образование, а која била историски значајна за сите славјански народи.

Доаѓањето на свети Климент Охридски во Македонија, е од голема важност за првата словенска азбука, бидејќи судбоносниот момент дошол кога Македонците можеле да се образуваат на својот мајчин јазик. Како надополнување на другите мисионерски активности, во период од седум години, околу 3.500 студенти се здобиле со образование на Климентовиот универзитет во Охрид.

ЕРУСАЛИМ И ОХРИД - ГРАДОВИ НА ВЕЧНОСТА (8)

Ерусалим е град на вечните убавини и центар на свети места, затоа многумина го воспеваат како центар на светот. Во исто време, трите светски религии – еврејската, христијанската и муслиманската, од градот направиле центар на раздорот.

Ерусалим е градот на историската крстосница на многубројните свети места. Тоа е град со мултиетничко население, со посебна архитектура обликувана исклучиво од ерусалимски камен ваден од пустината со ритчеста конфигурација од чии височинки може да се види Мртвото Море. Инаку, постои закон уште од времето на Британците со кој се регулира изградбата на сите згради, куќи и други објекти, да бидат исклучиво со бел делкан камен.

Ерусалим е град на вечните убавини и на светите места. Низ милениуми населението на Ерусалим, но и тие што доаѓале и доаѓаат да му се поклонат, го воспевале и го воспеваат како град на вечноста, како центар на светот, како главен град, како град со голема политичка моќ… Според тоа тој има повеќе имиња што му се дадени во Светото писмо, во Мојсиевите записи и во литературата. Израелците го нарекуваат Јерушалаим, од каде потекнува и денешното негово име – Ерусалим, што значи "град на мирот". Меѓутоа, за постоењето на Ерусалим – градот на Христовите маки, смрт и воскрес-нување, во текот на последните два милениуми не е врзан поимот мир. Ниту на едно свето место во светот не потекле толку потоци крв како овде. Никаде толку жестоко не се борело, никаде толку длабоко не се мразело и напаѓало како во овој свет град што се сместен на ладните и сиви карпи на планината Јуда. Трите светски религии – еврејската, христијанската и муслиманската,

од градот направиле центар на раздорот. Истовремено, никаде не се кажале толку многу молитви како во Ерусалим.

Овој свет град го обожаваат и Евреите и христијаните и муслиманите. Како и речиси се' друго во овој древен свет град, и самата историја на Ерусалим е проткаена со неизвесности и спротивности. Но, во едно историчарите се согласуваат дека тој е многу постар од 3.000 години, колку што се одбележаа како годишница од неговото постоење.

Неговата големина се менувала со менувањето на генерациите, од кој секоја на свој начин му давала свој печат, пркосејќи на се' она што со себе го носела трговијата, снабдувањето со вода, патната мрежа и другите општи добра што влијаеле врз менувањето на неговиот физички изглед во секој период од неговиот развој. Денешниот Ерусалим е круна на таа долгогодишна историја на градот како крстопат на светот. И Стариот и Новиот град се израз на таа вечна потрага по светото, по мирот и хармонијата, по подобрата иднина

Често се вели дека историјата на човештвото е оградена со ѕидови. Меѓу нив, три заземаат посебно место: Кинескиот ѕид, граница меѓу цивилизацијата и варварството; Берлинскиот ѕид, сведоштво за една умисла да се пресече живото европско ткиво на два дела; и Ѕидот на плачот, симбол на секојдневната средба на Евреите од целиот свет со својата судбина.

Во Ерусалим, западниот ѕид, наречен од британската мандаторска управа како „Ѕид на плачот“, поради секојдневните, честопати со солзи накапени молитви на Евреите свртени со лицата кон ѕидот, се смета за последен остаток за најголемото светилиште во јудеизмот. Тоа е храмот кој на едно возвишение во Ерусалим го изградил Соломон, синот на кралот Давид, пред 3.000 години.

Според тоа тој има повеќе имиња што му се дадени во Светото писмо, во Мојсиевите записи и во литературата. Израелците го нарекуваат Јерушалаим, од каде потекнува и денешното негово име - Ерусалим, што значи „град на мирот“. Меѓутоа, за постоењето на Ерусалим - местото на Христовите маки, смртта и воскреснувањето, во текот на последните два милениума не е врзан поимот мир.

Ниту на едно свето место во светот не потекле толку потоци крв како овде. Никаде толку жестоко не се воделе борби, никаде толку гневно не се мразело и напаѓало како во овој свет град што е сместен на студените и сиви карпи на планината Јуда. Трите светски религии - еврејската, христијанската и муслиманската, од градот направиле центар на раздорот. Истовремено, никаде не се кажале толку многу молитви како во Ерусалим.

Приказната за Ерусалим почнува кога моќниот крал Давид го купил ридот над градот. Целта му била да изгради свет храм каде што би бил сместен Заветниот ковчег во кој се чувале плочите со Десетте Божји заповеди што Господ, преку Мојсеј, им ги објавил на децата на Израел. На кралот Давид, моќниот творец на првата еврејска држава, сепак, не му било дозволено да го изгради храмот, неговите раце биле крвави. Таа света должност ќе стане аманет на неговиот син Соломон.

Уште од Мојсеј, од колено на колено се пренесувал споменот на илјадниците Евреи кои останале затрупани под камењата на египетските пирамиди. Градењето на светиот храм како трајно седиште на Заветниот ковчег, би требало да биде паметник за годините на ропството, но и решеност никогаш повеќе да не се градат кули за туѓите господари или бесконечно да се талка по пустините.

Со храмот, Евреите се пронаоѓаат самите себеси, на својата земја, под сенката на светилиштето кое ќе биде печат на нивниот сојуз со Бога. Градот Ерусалим станува свет град, а храмот светост над светостите.

Охрид, пак, кој поради големиот број на цркви и манастири, градот е познат како балкански и европски Ерусалим. Охрид е познат и како „град на светлината“, што претставува буквален превод на неговото старо име, Лихнид.

Според една легенда, која ја запишале Браќата Милади-новци, кога се правела Охридската крепост, царот Јустинијан се качил на ридовите на кои лежи градот и гледајќи ја прекрасната околина извикал „ох рид“, т.е. каков убав рид и оттогаш останало градот да се вика Охрид.

Според податоците, градот прв пат се споменува 2.400 години пред новата ера. Лихнид се наоѓал на патот Виа

Егнација, најстарата и најзначајната римска сообраќајница на Балканот. Бригијците (Фригијците) и Енхелејците го сочинуваат најстарото население кое може според името да се идентификува во поширокото подрачје на Охридското Езеро.

Исто така, Охрид се споменува и во V век од страна на римските историчари како добро утврден град со многубројни кули, кој, како и другите римски градови, се брани од силните напади на скитачките племиња. Во X век Охрид, како престолнина на цар Самуил, има обновени и доста јаки тврдини – Охридското Кале.

Меѓутоа, Охрид како и Ерусалим, не само што бил најважниот град во регионот, туку бил и најважниот образовен центар и извор на писменоста на сите словенски народи. Во Охрид се наоѓа најстариот универзитет во Европа (IX век), додека во местото Плаошник близу градот се наоѓа реставрираната црква Св. Климент чии наоди укажуваат на фактот дека таму имало универзитет од XIII век.

Според историските податоци, пак, се знае дека охридските архиепископи, односно патријарси, се институирале со името на Јустинијана Прима од 535 година. Затоа уште повозвишено е значењето на македонската културно-духовна престолнина. „Јустинијана Прима“ со едикт на Јустинијан Први, роден во селото Таор кај Скопје, била прогласена за прва по ранг црква по Романија која го опфаќала просторот и на пропаднатото Западно Римско Царство. Тој примат траел 10 години, по што „Јустинијана Прима“ била прогласена за еднаква на Рим и Константинопол „за сите времиња“, што никогаш не е отповикано.

Често пати Охрид го викаат балкански Ерусалим. Тоа е резултат на Охридското Кале, црквата Св. Софија и галеријата на охридските икони, црквите Свети Климент, Свети Наум, убавата црква Св Јован Канео, националниот музеј кој ги чува сесловенските икони и ракописи и многу други споменици од културата, антиката, религијата, науката, хидробиологијата и архитектурата. Затоа со право Охрид е наречен бисерот на Македонија.

ТРЕТ ДЕЛ-
ЛЕКСИКОГРАФСКИ ИЗДАНИЈА

СЛАВЕ КАТИН – АВТОР НА ЗНАЧАЈНИ ЛЕКСИКОГРАФСКИ ДЕЛА..... 181

„AN ENGLISH-MACEDONIAN LIMNOLOGICAL DICTIONARY“ („АНГЛИСКО – МАКЕДОНСКИОТ ЛИМНОЛОШКИ ЛЕКСИКОН“ – ПРВО ДЕЛО НА СЛАВЕ КАТИН (1)..... 184

„ВЕТЕРИНАРНИОТ РЕЧНИК“ – ПРИДОНЕС ВО ВЕТЕРИНАРНАТА НАУКА (2)..... 189

„БИБЛИСКИОТ РЕЧНИК“ ПРВО ДЕЛО НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК (3)..... 193

ЛЕКСИКОГРАФСКИ ИЗДАНИЈА ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ НА СЕДУМ ЈАЗИЦИ (4) 199

СЛАВЕ КАТИН – АВТОР НА ЗНАЧАЈНИ ЛЕКСИКОГРАФСКИ ДЕЛА

По дипломирањето на Филолошкиот факултет, односно по враќањето од Канада, Катин четири години работел како координатор и стручен преведувач во Хидробиолошкиот завод во Охрид, во периодот на истражувањето на Охридското Езеро, утврдено со Договорот помеѓу Заводот и Смитсоновата фондација од Вашингтон, САД. Во тој период, Катин интензивно работел на повеќе преводи од научен и стручен карактер, од македонски на англиски јазик и обратно, за потребите на Заводот, но и на низа преводи на англиски јазик на научни трудови објавувани во земјата и странство, особено во САД.

Славе Катин, меѓу другото, е познат со неговите лексикографски изданија. Негово прво дело е ***„Англиско-македонскиот лимнолошки лексикон“*** *(*1986) во издание на Хидробиолошкиот завод од Охрид. Тој е резултат на неговата долгогодишна преведувачка дејност во областа на лимнологијата и хидробиологијата, остварена, пред сé, во Хидробиолошкиот завод во Охрид.

Ова дело е подготвено да пополни една празнина во овие науки и да им послужи како помагало на учениците, студентите и научните работници кои се служат со англиска литература од повеќе области и науки.

Англиско-македонскиот лимнолошки речник е резултат на долгогодишната преведувачка работа Славе Николовски-Катин, реализирана пред сè на Хидробиолошкиот институт во Охрид. Подготвен е со цел да пополни празнина во областа на биотехничката терминологија и да им помога на студентите и на научните работници кои користат англиски јазик во оваа област и други природни и биотехнички науки. Покрај тоа, речникот може да

биде корисен во многу македонски и други домови како потсетник, прирачник и јазична помош.

Речникот содржи приближно 4.000 зборови и термини, изрази и поими поврзани со биотехничките науки. Англискиот јазик опфаќа многу голема област и тој е јазик на кој се напишани повеќето научни трудови.

Исто така, Катин е автор и на „***Англиско-македонскиот биотехнички речник“*** (1994), потоа на ***„Водич низ компјутерската терминологија“*** (2000), со Стеван Томовски и на ***„Англиско-македонскиот ветеринарен речник***“, (1996) со проф. Илинка Дракулевска-Грубовиќ и проф. Никола Јордановски.

Во „***Англиско-македонскиот ветеринарен речник“*** кој е прва публикација од ваков вид во Македонија, се собрани околу 15.000 зборови кои се употребуваат во ветеринарската стручна литература. Во него се поместени термини од ветеринатa, сточарството, земјоделството и другите сродни науки, со акцент на анатомијата, физиологијата на домашните животни, заштитата, одгледувањето, производството, преработката на сточните производи, репродукцијата и исхраната на добитокот, преработката на млекото, месото и други производи, како и термини од механизацијата во ветеринатa, земјоделството и сточарството. Исто така, во речникот се собрани и термини од паразитологијата, ентомологијата, фитопатологијата, пчеларството, ловот и риболовот.

Значајното лексикографско дело ***„Библиски речник“*** (1997), од проф. д-р Петко Златески, познат педагог од Теолошкиот факултет во Скопје и претседател на Библиското здружение на Македонија и Славе Николовски - Катин е првенец од ваков вид на македонски јазик, што излезе само после неколку години од појавувањето на комплетното македонско издание на Светото писмо на Стариот и Новиот завет. Составен е да служи како патоказ за истражувањето на Библијата, како помагало за секој љубител и читател на Светото писмо. Подготвен е да биде толкувач и водич низ библиските текстови и да помогне за подобро и полесно да се разбере Божјото слово.

Овој библиски толковен речник, главно, содржи историски и археолошки податоци за личностите од Библијата, поединости за библиските настани и институции, податоци за библиските книги,. со најразновидни информации наменети за денешниот културен и религиозен свет. Исто така, дадени се и повремени кратки објаснувања на одделни теолошки термини, пропратени со бројни библиски цитати. На тој начин, доаѓа до израз изворниот мотив за составување на овој речник, тој да биде не само со научни, туку и со информативни карактеристики.

Се чини меѓу лексикографското творештво на Славе Катин, изданијата за деца ***„Ајде да учиме македонски и англиски“*** (1997)(на француски и германски; потоа ***„Ајде да учиме македонски, англиски и турски“,*** со Исние Шабан; ***„Ајде да учиме македонски, англиски и албански“,*** со Лирија Реџепи; ***„Ајде да учиме македонски, англиски и влашки“,*** со Захарица Порчу и „***Ајде да учиме македонски, англиски и ромски“,*** со Љатив Демир, имаат посебен простор во неговата дејност.

Познато е дека англискиот, францускиот, рускиот и германскиот јазик спаѓаат во групата јазици најчесто нарекувани како „јазици на иднината“, зашто се најупотребувани во науката, техниката, културата, дипломатијата и бизнисот. Поради тоа, тие се најизучувани, не само во регионите во кои се најдоминантни, туку и во секоја цивилизирана држава во светот. Не случајно, најголемиот дел од научната и стручната литература, но и од светското книжевно творештво се објавени токму на овие јазици.

Речниците во слики - Ајде да учиме англиски, германски и француски - се подготвени да пополнат една празнина во нашата средина и со нивниот скромен, но значаен фонд на зборови на овие јазици, да бидат достапни за повеќе слоеви на популацијата. Почнувајќи од оние во предучилишното, осно-вното, средното и високото образование, па сé до категориите граѓани, вработени или пензионирани, на кои ќе им помогнат да ја збогатат својата претстава за светот, преку перманентната комуникација со вредностите што допираат до нас преку електронските медиуми, од разни подрачја на нашата планета Земја.

„AN ENGLISH-MACEDONIAN LIMNOLOGICAL DICTIONARY“ („АНГЛИСКО – МАКЕДОНСКИОТ ЛИМНОЛОШКИ ЛЕКСИКОН“ – ПРВО ДЕЛО НА СЛАВЕ КАТИН (1)

Преведувачката работа во творечките активности на Славе Катин зазема значајно место. Таа е иманентна на сите негови ангажмани во научно-истражувачката, публицистичката, информативно-пропагандната, книжевната и лексикографската сфера.

Од првиот ден на неговото вклучување во активностите на државата, почнувајќи од установата Хидробиолошки завод во Охрид, преку Матицата на иселениците од Македонија и Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ, до Комисијата за односи со верските заедници и Министерството, односно Агенцијата за иселе-ништво. Доброто познавање, особено на пишаниот англиски јазик му овозможи да функционира на сите интелектуални канали во земјата и странство, преку позициите што ги заземал во Република Македонија. А тие, како што се гледа од оваа книга, не се едноставни, туку сложени и динамични, до степен кој може да им го обезбеди само личност од типот на Славе Катин.

Иако неговата евиденција на овој план не е доволно прецизна, зашто негова цел не бил квантитетот, туку квалитетот на неговите ангажмани, факт е дека објавените текстови се двојно повеќе од оние во неговата несредена евиденција. Тоа значи дека бројот од 16 преведени книги од англиски на македонски и на 12 научни и литературни дела на македонски автори, или на преку 1.250 текстови од македонски на англиски

јазик и објавени во разни списанија и весници во земјата и странство, е оној минимум кој Катин случајно го евидентирал, како библиографски единици на преведени текстови од англиски на македонски јазик и обратно, од областа на литературата, јазикот, културата, фељтони, репортажи, осврти и други текстови.

Од тие причини, во овој дел ќе се задржиме само на некои од поважните ангажмани на Катин, како што се преведените книги и трудови од македонски на англиски јазик и обратно.

Со делото „***An English–Macedonian Limnological Dictionary***“ (Англиско–македонски лимнолошки лексикон), чиј издавач е Хидробиолошкиот завод од Охрид, во 1986 година, на 206 страници, (на англиски и македонски) Славе Катин пополнува една голема празнина во областа на лимнолошката терминологија.

Во него се застапени околу 4.000 терминолошки изрази, термини и поими поврзани со биолошките и биотехничките науки, со посебна нагласка на лимнологијата, односно на хидробиологијата на копнените води.

Англиско-македонскиот лимнолошки речник е резултат на долгогодишната преведувачка работа на Славе Николовски-Катин, реализирана, пред сè, на Хидробиолошкиот институт во Охрид.

Подготвен е со цел да пополни празнина во областа на биотехничката терминологија и да им помога на студентите и на научните работници кои користат англиски јазик во оваа област и други природни и биотехнички науки. Покрај тоа, речникот може да биде корисен во многу македонски и други домови како потсетник, прирачник и јазична помош.

Речникот содржи приближно 4.000 зборови и термини, изрази и поими поврзани со биотехничките науки. Англискиот јазик опфаќа многу голема област и тој е јазик на кој се напишани повеќето стручни и научни книги. Бројни списанија и разни научни и стручни списанија и прегледи од различни науки се напишани на англиски јазик. Тој е еден од најважните јазици во светот. Англискиот е јазик на науката, технологијата, преписката, уметноста и бизнисот.

„Англиско-македонскиот лимнолошки речник“ на Славе Николовски-Катин, е голем придонес во научната работа на Хидробиолошкиот институт. За време на неговата подготовка, авторот ги користел најновите речници, енциклопедии, лексикони, научни публикации и друга литература како помош на англиски, руски, француски, германски, бугарски, српско-хрватски и македонски јазик.

Претставувајќи го ова дело во списанието „Македонија“, д-р Благој Стоичковски, го истакнал следното: „Со оглед дека хидробиологијата со своите гранки океанографијата и лимнологијата претставуваат интердисциплинарна научна област, сé повеќе расте бројот на научните работници што се занимаваат со испитување на акватичните екосистеми од биолошки, физички, хемиски, геолошки, геоморфолошки, и многу други аспекти.

Затоа и појавата на Англиско-македонскиот лимнолошки лексикон од Славе Катин, претставува мошне корисен прирачник за научните и стручните работници од хидробиологијата и воопшто за сите проучувачи на водните екосистеми и на човековата околина воопшто“.

Промоцијата на Лимнолошкиот лексикон била извршена во Клубот на новинарите во Скопје, во присуство на голем број љубители на пишаниот збор. За ова дело на Катин зборувале д-р Јорданка Серафимова-Хаџишче, директор на Хидробиолошкиот завод и д-р Борис Оцевски, научен советник во Заводот.

Како што веќе истакнавме, преведувачката кариера на Славе Катин започнала со неговото доаѓање во Хидробиолошкиот завод во Охрид, кога ја превел од македонски на англиски јазик Монографијата ***„50 години од формирањето на Хидробиолошкиот завод“,*** монографскиот дел за „***Синиша Станковиќ“,*** како основач на овој Завод и докторската дисертација на биологот д-р Милчо Точко: ***„Развиток и исхрана на младиците на ципринидите од Охридското Езеро“,*** како трето издание од циклусот на Заводот по повод неговиот јубилеј. Потоа, обемните научни трудови од Славе Хаџишче, д-р Борис Оцевски, д-р Иван Џадо и од д-р Јорданка Серафимова-Хаџишче, како и над илјада други едиции од нау-

ката, публи-цистиката, журналистиката, литературата, јазикот и културата.

Паралелно, во тој период Катин работел на делото ***„Англиско-македнски биотехнолошкиот речник“,*** кое го издала „Матица македонска“, а неговата промоција била извршена во Народната и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“ во Скопје.

Претставувајќи го ова значајно и прво дело од овој вид во Република Македонија, проф. д-р Јонче Шапкарев нагласил дека зад овој труд застанал, не само тој, туку и другите рецензенти, проф. д-р Борис Оцевски, микробиолог, како и проф. д-р Владимир Цветковски, од Катедрата по англиски јазик и литература при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ од Скопје, мотивирани од квалитетите на ова дело.

Д-р Борис Оцевски изјавил: *„Англиско-македонскиот биотехнички речник“* е резултат на долгогодишната преведувачка работа на Славе Николовски-Катин, реализирана пред сé во Хидробиолошкиот завод во Охрид. Подготвен е со цел да пополни празнина во областа на биотехничката терминологија и да им помогне на студентите и на научните работници кои го користат англискиот јазик во оваа област и други природни и биотехнички науки.

„Англиско-македонскиот биотехнички речник“ од Славе Николовски-Катин, е голем придонес во научната работа на Хидробиолошкиот институт. За време на неговата подготовка, авторот ги користел најновите речници, енциклопедии, лексикони, научни публикации и друга литература и помош на англиски, руски, француски, германски, бугарски, српско-хрватски и македонски јазик, со цел да ја постигне научната цел“.

Исто така, Славе Николовски-Катин е автор и на преводи на поетски остварувања, меѓу кои, и на австралискиот поет Јехуда Сворај (од англиски на македонски) на Трајан Петровски, Вера Бужаровска (од македонски на англиски) и други.

Преведувачкиот опус на Катин во овој период е збогатен и со преводите од македонски на англиски јазик на публикацијата ***„Странците за Македонија и Македонците***“, од Христо Андоновски, ***„Монографијата за село Неволјани – Леринско“,*** од Ристо Кираџиев, ***„Социологијата на***

образованието“ од проф. д-р Петре Георгиевски, како и повеќе други научни трудови, поврзани со одбележување на годишнини и други јубилеи.

Сепак, круна на неговата преведувачка активност, е преводот (од англиски на македонски јазик) на романот ***„Александар Македонски“*** од Улрих Вилкен, во издание на реномираната издавачка куќа „Мисла“, во 1989 година, за кого Славе Катин доби бројни ласкави оценки, особено од читателите - потомци на Александар Македонски.

По повод ова издание, во преводот на воведот во книгата од нејзиниот автор Вилкен, објавен во „Австралискиот македонски неделник“, од Катин, се вели: „Изучувањето на историјата често може да биде потешка задача отколку обидите да се добие вистинската слика за личноста на Александар. Никој не може да претпостави дека го добил вистинскиот портрет.

Но, приближно на тоа е искушението како обид што претставува лична награда на авторот затоа што се занимавал со тоа. Ова бара многу испитувања во нашево време, па така тоа стана моја преокупација уште од млади денови. Мојата цел во оваа книга е да го прикажам растењето и развојот на личноста на Александар, која е во постојан процес на еволуција и да покажам како идеите постојано се ширеле и се создавале во неговиот ум. Во врска со тоа се обидов да му презентирам на читателот поврзано раскажување за неговиот живот“.

Александар Македонски во историјата ќе остане запаметен како најголем светски војсководец и непобеден воин, творец на новиот свет, на новиот поредок. Римјаните кои ќе тргнат по стапките на Македонците, ќе го наречат „Alexander Magnus“.

Александар бил воспитуван и образован во духот на македонската аристократска традиција, во малото место Миеза, блиску до Бероја. Негов учител бил славниот филозофот Аристотел. На македонскиот престол доаѓа по убиството на неговиот татко Филип II, во 336 г. пр.н.е.

Откако ги зацврстил своите позиции на македонскиот трон и ги принудил соседите на покорност ја започнал својата источна кампања. На својот пат кон земјите на изгревот на сонцето, ја покорил моќната Персиска Империја и ги проширил границите на Македонија дури до Авганистан и Индија.

„ВЕТЕРИНАРНИОТ РЕЧНИК“ – ПРИДОНЕС ВО ВЕТЕРИНАРНАТА НАУКА (2)

Англискиот јазик зафаќа големо просторно подрачје и на него е напишан најголем број стручна и научна литература. Таков е случајот со бројни списанија и разновидни научни и стручни публикации од областа на ветеринатa, земјоделството и исхраната. Тој е еден од најзначајните јазици во светот. Англискиот јазик е јазикот на науката, техниката, кореспонденцијата, уметноста, бизнисот...

Во најново време ветеринатa особено стана прифатлива гранка на знаења. Образованите луѓе и обичните граѓани започнаа да ѝ посветуваат посебно внимание од причини што таа е една од основните гранки за опстанок на светот. Притоа, научните и стручни работници и студентите на Ветеринарниот, Земјоделскиот и на сродните факултети и институти во нивната научностручна и наставна работа се служат со светкиот англиски јазик.

Исто така, сé поголема е соработката на Република Македонија со земјите во светот, а тоа бара да се подготвуваат разни анализи, планови и програми, документи, како и да се врши кореспонденција и да се употребува обемна стручна и научна литература на англиски јазик.

Во последно време, во светот, бројни научни и стручни дисциплини се развиле до таа мерка што обичните двојазични речници не можат да ги задоволат нивните потреби. Затоа, речиси во сите земји се печатат посебни двојазични стручни и научни речници и друг вид литература од многубројни научни дисциплини. Во нашата земја, пак, на стручњаците од областа на ветеринатa и на сродните науки и служби им недостига речник кој ќе им ја олесни работата, пред сé, во следењето на литературата и комуницирањето на англиски јазик.

Затоа, овој ***„Англиско-македонски ветеринарен речник“*** е подготвен со цел да пополни една празнина во областа на лексикологијата на ветеринарната наука и да биде помагало на студентите по ветерина и на научните и стручни работници коишто го употребуваат англискиот јазик во областа на ветеринатa и другите сродни научни дисциплини. Во исто време, речникот може да биде користен во многу домови како потсетник, прирачник и помагало, бидејќи во него се застапени зборови, изрази, термини и поими сврзани со ветеринарната струка и другите блиски науки и области на англиски и на македонски јазик.

Во овој речник, кој е прва публикација од ваков вид кај нас, собрани се околу 15.000 зборови кои се употребуваат во ветеринарната стручна литература. Во него се поместени термини од ветеринатa, сточарството, земјоделството и другите сродни науки, со акцент на анатомијата, физиологијата на домашните животни, заштитата, одгледувањето, производ-ството, преработката на сточните производи, репродукцијата и исхраната на добитокот, преработката на млекото, месото и други производи, како и термини од механизацијата во ветери-ната, земјоделството и сточарството. Исто така, во речникот се собрани и термини од паразитологијата, ентомологијата, фито-патологијата, пчеларството, ловот и риболовот.

При составување на речникот авторите посебно се служеа со следните дела: An English Reader for Veterinary Medicine, Webster New World Dictionary of the American Language, the Vete-rinary Dictionary, Енглеско-српски ветеринарен речник и Англиско-македонски биотехнички речник.

Авторите на речникот ја изразуваат својата благодарност на сите организации, институции и претпријатија кои го помогнаа неговото печатење.

Исто така, авторите изразуваат благо-дарност на бројните научни и стручни работници, студенти, колеги и пријатели кои придонесоа за подобрувањето на формата и содржината на речникот. Авторите со респект и благодарност ги очекуваат сите забелешки, дополнувања и сугестии кои би го помогнале натамошното усовршување и проширување на речникот.

Станува збор за термини од ветеринатa, сточарството, земјоделството и другите сродни науки, со акцент на анатомијата и физиологијата на домашните животни и заштитата, одгледувањето, производството, преработката на сточарските производи, репродукцијата и исхраната на добитокот, прерабоката на млекото, месото и други производи, како и термини од механизацијата во ветеринатa, земјоделството и сточарството, се вели во предговорот на овој речник, од неговите автори.

На промоцијата на Речникот во Клубот на новинарите, рецензентите д-р Михајло Зориќ и д-р Зозе Мургоски, истакнале дека оваа значајна публикација на Илинка Грубовиќ, Славе Николовски-Катин и Никола Јордановски, е резултат на нивната долгогодишна практика во преведувачката, научно-стручната и публицистичката дејност, која тие ја остваруваат во земјата и странство.

Она што е значајно, е фактот дека овој Англиско-македонски ветеринарен речник, во издание на реномираниот издавач „Матица македонска“ е единствен во македонската ветеринарна лексикографија, очекуван од многу стручни и научни институции и поединци.

„Со оглед дека англиското јазично подрачје е едно од најголемите во светот, разбирливо е што и користената литература е од тоа подрачје. Речникот ќе им биде значајно помагало на оние кои се занимаваат со двојазична лексикографија за изнаоѓање на семантички еквиваленти во македонскиот јазик,“ итакна д-р Зозе Мурговски, професор на Филолошкиот факултет, на промоцијата на ова дело.

Во ова современо време компјутерот стана прифатлива и потребна електронска машина на секое семејство и на секој поединец. Тој влезе во домовите, училиштата, факултетите, фирмите, институциите и во бизнисот, почнувајќи од детските игри до комплицираните програми и комуникацијата преку интернетот.

Притоа, обичниот граѓанин, научните и културните работници, студентите, луѓето од администрацијата, трговците, менаџерите и пензионерите веќе се служат со оваа „чудесна играчка“. Тоа го овозможува особено англискиот јазик на кој е изразена речиси целата компјутерска технологија.Меѓутоа,

таквата комуникација бара одредено познавање на англискиот јазик и на компјутерската технологија.

Во сите земји во светот се печатат посебни двојазични стручно-научни речници и лексикони од многубројни и различни дисциплини. Во нашата земја има голем број вакви помагала од различни области, но, сепак, недостига еден вид речник кој ќе ја олесни работата, пред сé, во следењето и користењето на компјутерскиот информативен фонд, кој речиси е исклучително на англиски јазик.

Публикацијата ***„Водич низ компјутерската терминологи -ја“*** чии автори се Стеван Томовски и Славе Николовски-Катин, а е издание на „Македонска искра“ Скопје, 2000 година, 1-256, (на англиски и македонски), треба да пополни една празнина во нашиот живот и, со својот скромен, но значаен фонд на зборови на англиски и на македонски јазик, го прави компјутерот достапен за сите слоеви на населението.

Во една ваква верзија Водичот има функција на основно помагало и упатство во разјаснувањето на бројни термини, кои се врзани со компјутерската планетарна шема. Преку својот фонд на зборови на англиски јазик (над три илјади) а преточени преку толковното објаснување на македонски литературен јазик, корисниците во своите раце имаат помагало кое ќе ги воведе во богатата и со различни теми ризница на компјутерската терминологија.

Исто така, се очекува овој толковен речник да мотивира голем круг вљубеници на компјутерот да ги прошират своите хоризонти во компјутерската наука, но и ќе придонесе македонскиот јазик да се вклучи во бројното светско компјутерско семејство.

При составувањето на речникот е користена и обемна стручна и научна литература на англиски, германски, руски, српски, бугарски, хрватски и македонски јазик, која придонесе „Водичот низ компјутерската терминологија“ да биде збогатен со бројни изрази, термини, зборови...

БИБЛИСКИОТ РЕЧНИК“ ПРВО ДЕЛО НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК (3)

Делото „Библиски речник”, чиј автори се м-р Петко Златески и Славе Николовски - Катин е прво дело од ваков вид на македонски јазик во издание на Библиското здружение на Република Македонија и на книгоиздателството „Македонска искра” од Скопје.

Делото *„Библиски речник”,* е отпечатено во 1997 година на 215 страници на македонски јазик, со благослов на поглаварот на Македонската православна црква Охридска архиепископија, неговото блаженство, архиепископот г.г. Михаил, а во редакција на д-р Јоаким Хербут, Скопски бискуп на Католичката црква во Македонија, д-р. Ратомир Гроздановски и м-р Ѓоко Ѓерѓевски, двајцата професори на Православниот теолошки факултет „*Свети Климент Охридски*“ во Скопје, при што голем е придонесот на уредникот на *Библиски речник”,* Елена Стојанова.

Значајното лексикографско дело ***„Библиски речник“*** од проф. м-р Петко Златески, познат педагог од Теолошкиот факултет во Скопје и претседател на Библиското здружение на Македонија и Славе Николовски-Катин е првенец од ваков вид на македонски јазик, што излезе само после неколку години од појавувањето на комплетното македонско издание на Светото писмо на Стариот и Новиот завет. Составен е да служи како патоказ за истражувањето на Библијата, како помагало за секој љубител и читател на Светото писмо. Подготвен е да биде толкувач и водич низ библиските текстови и да помогне за подобро и полесно да се разбере Божјото слово.

Овој библиски толковен речник, главно, содржи историски и археолошки податоци за личностите од Библијата, поединости за библиските настани и институциите, податоци за библиските книги со најразновидни информации наменети за денешниот културен и религиозен свет. Исто така, дадени се и повремени кратки објаснувања на одделни теолошки термини, проследени со бројни библиски цитати. На тој начин, доаѓа до израз

изворниот мотив за составување на овој речник, тој да биде не само со научни, туку и со информативни карактеристики.

Појавата на „Библискиот речник“ на македонското издавачко небо е забележана, речиси, во сите делови на светот каде што живеат Македонци, почнувајќи од Соединетите Американски Држави, Канада, Европа и завршувајќи со Австралија. Сите македонски весници и електронски медиуми на овие континенти го регистрираа овој културен настан, со кој се прави чекор натаму во свртувањето на македонскиот народ кон верата на која ѝ припаѓа - православието, кое по осамостојувањето на Република Македонија ја доживува својата ренесанса. Заслугата за тоа е, колку на Македонската православна црква, толку и на Славе Николовски-Катин, како генератор на односите меѓу државата и црквата, воопшто.

„Библискиот речник“ е уникатно издание од овој вид на македонски јазик, кој излезе само неколку години по појавата на комплетното македонско издание на Светото писмо на Стариот и Новиот завет. Составен е да служи како патоказ за истражување на Библијата, како прирачник за секој љубител и читател на Светото писмо.

Подготвен е да биде толкувач и водич низ библиските текстови и да помогне за подобро и полесно разбирање на Божјото слово, вели во воведот на ова дело м-р Ѓоко Ѓорѓевски. Неговите автори, истакнал тој, се задржале, главно, на историските и археолошките податоци за голем број личности од Библијата, на поединостите за библиските настани и институции, на податоци за библиските книги и друга литература со најразновидни информации наменети за денешниот културен и религиозен свет.

Инаку, м-р Петко Златески бил почитуван вонреден професор на Православниот теолошки факултет „*Свети Климент Охридски*“ во Скопје, по предметите Македонско црковно пеење – теорија; Црковно пеење; Типик; Апологетика и Историја на религијата. Тој како долгогодишен генерален секретар бил душата на Библиското здружение на Република Македонија, кое е посветено на превод, подготовка, издавање и дистрибуирање на Светото писмо до сите граѓани кои живеат во Република

Македонија и оние кои се насекаде во светот и сакаат да го читаат ова значајно дело на македонски јазик.

Почитуваниот професор м-р Петко Златески бил роден на 10 јуни 1955 година во револуционерното село Дуње, Прилепско, а во Господа се упокоил на 13 мај 2020 година, на празникот Преполовение.

Во врска со печатењето на „*Библискиот речник“* треба да се нагласи дека темелите биле поставени во 1988 година кога бил издаден Новиот завет во нов превод на архиепископот Гаврил, а целата Библија била издадена од United Bible Societies (UBS) во 1990 година, која е позната како „Гаврилова“ Библија. Новото ревидирано издание, познато како Македонска стандардна Библија, било издадено во 2006 година од Библиското здружение на Република Македонија.

Оваа Библија е одобрена и со благослов на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, а ја користат голем број македонски христијани нашироко во светот.

Коавторот на *„Библискиот речник”* Славе Николовски - Катин, кој како публицист е познат само како Славе Катин, е аналитичар на Македонците во светот и е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија, на животот на Македонците во светот, на Македонската православна црква – Охридска архиепископија и на Античка Македонија.

Инаку, публикацијата *„Библиски речник“,* е меѓу први-те објавени дела на реномираната издавачка куќа „*Македонска искра“,* чиј главен и одговорен уредник е Славе Катин. Ова македонско книгоиздателство е крстено во 1997 година по првиот македонски весник *„Македонска искра“,* што започна да се печати во Перт, Австралија во 1946 година.

Во врска со излегувањето на делото *„Библискиот речник“,* поглаварот на Македонската православна црква архиепископот Гаврил, кој бил еден од најзаслужните за печатењето на црковните книги го напишал следното:

„Секому е познато дека Библијата не е само учителка, туку и воспитувачка затоа што во неа е содржана мудроста за нашиот

живот овде на планетата Земја, а потоа и во царството небесно. Таа нé учи на вистинољубие, Богољубие, на човекољубие, на правдољубие, на миролљубие, но не и на самољубие, оти зборува за Божјата вистина, за правдата и љубовта во човечкиот живот. Таа е основа на нашата христијанска вера и надеж за вечниот живот.“

Словото Божјо е живо, дејствува и е поостро од секаков меч со две острици: навлегува до разделување на душите и духот, до зглобовите и мозокот и ги проценува мислите и намерите на срцето *(Евр. 4.12).*

Во воведот, пак, на делото *„Библискиот речник“,* д-р Ѓоко Ѓорѓевски, меѓу другото го напишал следното: „Библискиот толковен речник од Петко Златески и Славе Николовски-Катин е првенец од ваков вид на македонски јазик, кој излегувал само после неколку години од појавувањето на комплетното македонско издание на Светото писмо на Стариот и Новиот завет.

Составен е да служи како патоказ за истражување на Библијата, како помагало за секој љубител и читател на Светото писмо. Подготвен е да биде толкувач и водич низ библиските текстови и да помогне за подобро и полесно да се разбере Божјото слово.

Далеку и временски и просторно од местото на библиските збиднувања, на денешните читатели често им се случува да се изгубат во безбројните непознати лични имиња, називи на земји, реки, градови, места, племиња... Бидејќи авторите на древните ракописи пишувале за своите современици и сонародници, воопшто и е се труделе да дадат објаснувања за работите, нештата и дејствијата кои на нивната читателска публика им биле општопознати.

Во нашите околности, пак, Библискиот речник се јавува како корисен прирачник, објаснувач, помагач, а често и како неопходен појаснувач на сложените текстови, Светото писмо е составувано низ вековите, од мноштво автори и пренесувачи на Божјиот збор. Тоа опфаќа период од повеќе илјади години и претставува ризница на огромното историско богатство, а пред се’ на спасителната мудрост објавена од Бога.

Текстовите од Стариот и Новиот завет опишуваат неброени случки во кои главните ликови се мажи, жени, деца, овчари и мудреци, цареви и војници, богати и бедни и други жители древни. Библискиог толковен речник од Петко Златески и Славе Николовски - Катин, главно содржи историски и археолошки податоци за личностите од Библијата, поединости за библиските настани и институциите, податоци за библиските книги, со најразновидни информации наменети за денешниот културен и религиозен свет.

Исто така, дадени се и повремени кратки објаснувања на одделни теолошки термини, пропратени со бројни библиски цитати. На тој начин доаѓа до израз изворниот мотив за составување на овој Речник, кој да биде не само со научни, туку и со информативни карактеристики.

Речникот е богат со разновидни илусграции кои на читателот му го доближуваат чудесниот свет на Библијата, го освежуваат и оживуваат и на моменти наликува на еден вид мала енциклопедија.

Затоа со право може да се рече дека со својот скромен придонес од областа на библиското проучување, Словото Божјо ќе биде ,,како дождот и снегот што паѓаат од небото, ја напојуваат земјата и ја прават способна да раѓа и да зеленее, како оган и чекан што крши карпа, но и како духовна храна послатка дури и од восочен мед." (Иса 55,10, Ер 23,29; Пс 18,11).

На крајот ќе споменеме една мудра изрека која вели: „Не е доволно само да се поседува Библијата, таа треба и да се чита; не е доволно само да се чита, треба и да се разбере и да се проникне во неа; но не е доволно само да се разбере и да се проникне во неа, туку според неа треба и да се живее!“

Првата промоцијата на „Библискиот речник“ била направена на 7 април 1998 година, на празникот „*Свето Благовештение*“, во црквата *„Света Петка“* во Скопје. Говорејќи за ова дело, Неговото Блаженство, архиепископот охридски и македонски господин господин Михаил, меѓу другото, истакнал дека делото на Петко Златески и Славе Николовски-Катин е од огромно значење за читањето и обработката на Светото писмо (Библијата), особено за учениците од Македонската богословија и за студентите од Богословскиот факултет „*Свети Климент Охридски*“.

Според него, Библијата е едно од најзначајните културни наследства, не само на еден, туку на сите народи во светот. За Евреите, како и за православните, римокатолиците и протестантите, таа е Света книга, инспирирана од Светиот Дух, а за човекот е светлост која постојано го осветлува неговиот живот.

Во опширното излагање, пак, протаѓаконот д-р Ратомир Гроздановски нагласил: „Библискиот речник на Петко Златески и Славе Николов-ски–Катин е вистинско помагало во толкувањето и објаснувањето на Светото писмо, бидејќи Библијата е дадена, не само како книга која треба само да ја читаме, туку, таа е Божјо слово кое треба да биде разбрано и спроведено во живот.

„Библискиот речник“ е работен според западната библиска теологија и тој е за општохристијанска употреба и библиска помош на сите што ја читаат Библијата. Содржи 215 страници и текст со табели во кои се вклучени годините, месеците и деновите на Евреите, мерките и тежините, потоа парите, календарот, еврејските празници, кратенките за насловите на книгите од Библијата, како и хронологијата на животот на апостол Павле“.

Од овие причини „Библискиот речник“ започнува со мотото: „Преку ноќта имаше Павле видение: стоеше пред него еден човек, Македонец, кој го молеше и му велеше: „Премини во Македонија и помогни ни“ (Дап.16.9).

Благодарение на порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од публикацијата „Библискиот речник“ биле печатени 30 плус 18 продолженија од ова лексикографско дело, што значеше запознавање на читателите со терминини, изрази и други зборови од Библијата. Исто така, поголем број продолжение од дело „Библиски речник“ биле објавени во различни информативни гласила во Република Македонија.

ЛЕКСИКОГРАФСКИ ИЗДАНИЈА ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ НА СЕДУМ ЈАЗИЦИ (4)

Се чини меѓу лексикографското творештво на Славе Катин, изданијата за деца ***„Ајде да учиме македонски и англиски“*** (1997)(на француски и германски; потоа ***„Ајде да учиме македонски, англиски и турски“,*** со Исние Шабан; ***„Ајде да учиме македонски, англиски и албански“,*** со Лирија Реџепи; ***„Ајде да учиме македонски, англиски и влашки“,*** со Захарица Порчу и ***„Ајде да учиме македонски, англиски и ромски“,*** со Љатив Демир, имаат посебен простор во неговата дејност.

Така, есента 1997 година, во издание на „Македонска искра“ се појавиле првите и единствени „Речници во слики“ за изучување на англискиот, францускиот, германскиот, турскиот, албанскиот, ромскиот и влашкиот јазик, од Славе Николовски-Катин, кои предизвикале голем интерес во македонската јавност, бидејќи на најмладата популација во земјата ѝ понуди помагало практично за изучувањето на шест јазици, од кои три европски (англиски, француски и германски) и четири на малцинствата во Република Македонија (турски, албански, влашки и ромски јазик).

Овој мултилексиколошки проект го реализирал во соработка со најдобрите познавачи на споменатите јазици, со што е потврдено професионалното ниво на „Речникот во слики“, за кој се заинтересирани, освен учениците и возрасните кандидати за совладување на некој од овие јазици. Ова издание е своевиден придонес на Славе Катин за лингвистички развој и афирмација на меѓунационалните односи во Република Македонија, а особено за поефикасно зближување и комуникација на нејзините граѓани од различните етнички заедници, но и за нивните врски во светот.

Така, англискиот и германскиот јазик спаѓаат во групата јазици најчесто нарекувани како „јазици на иднината“, зашто се најупотребувани во науката, техниката, културата, дипломатијата и бизнисот. Поради тоа, тие се најизучувани, не само во регионите во кои се најдоминантни, туку и во секоја цивилизирана држава во светот. Не случајно, најголемиот дел од научната и стручната литература, но и од светското книжевно творештво, се објавени токму на светските јазици-англискиот и германскиот.

„Речникот во слики - ајде да учиме англиски и германски“ и „Речникот во слики - ајде да учиме англиски и француски“ чиј автор е Славе Катин се подготвени да пополнат една празнина во нашата средина и со својот скромен, но значаен фонд на зборови на овие јазици, да биде достапен за повеќе слоеви на популацијата.

Почнувајќи од оние во предучилишното, основното, средното и високото образование, па сé до категориите граѓани, вработени, ентузијасти или пензионирани личности, на кои ќе им помогне да ја збогатат својата претстава за светот, преку перманентната комуникација со вредностите што до нас допираат преку електронските медиуми, од разни подрачја на нашата планета.

Во една ваква популарна верзија, речниците имаат функција на почетен курс за овие светски јазици, зашто преку својот фонд од зборови, сите заинтересирани на кои ќе им се најде во рацете, ќе ги воведе во богатата ризница на англосаксонската култура. Но, и ќе ги мотивира за проширување на своите хоризонти, знаења и информации за разни појави, состојби и настани што секојдневно се случуваат во разни делови на светот.

Се разбира, ваквите обиди ќе придонесат и за усовршување на македонскиот јазик и негово збогатување до степен кој овозможува приопштување на повеќеслојните вредности на културите што се создаваат на овие два големи светски јазици. Визуелната компонента на Речникот е најдобриот начин за остварување на оваа цел.

На крајот на секој речник се поместени и индекси на зборовите како што следи за секој јазик и тоа, на пример: на

македонски – англиски - германски, англиски – македонски - германски и германски - македонски - англиски јазик. Сите тие зборови се дадени според азбучен редослед и по бројот на страниците лесно можат да се пронајдат. Затоа, ќе причинува задоволство да се работи со сите овие речниците, да се откриваат нови видици кои нашиот живот ќе го прават поубав и посреќен.

Пишувајќи за овие дела во гласилото „Македонија“ од 15 октомври 1999 година, од Торонто, Зорица Ангеловска истакнала дека „Речниците во слики“ на Славе Николовски-Катин имаат функција на почетен курс за овие светски јазици, зашто преку својот фонд од зборови, сите заинтересирани на кои ќе им се најдат во рацете, ќе ги воведат во богатата ризница на англофонската и франкофонската култура.

Во исто време, ќе ги мотивираат читателите да ги прошират своите хоризонти, знаења и информации за разни појави, состојби и настани што секојдневно се случуваат во светот. Визуелната компонента на реченицата е најдобриот начин за остварување на оваа цел.“

Во воведот на „Речникот во слики - ајде да учиме англиски, македонски и турски“ чии автори се Славе Катин и Исние Шабан се вели дека англискиот го зачува своето место меѓу јазиците што обично се нарекуваат „Јазикот на иднината“ и станал најкористениот јазик во науката, техниката, дипломатијата и деловниот свет.

Затоа, тој е јазик што се чита не само во регионите каде е доминантен, туку и во секоја цивилизирана земја. Не случајно голем дел од светските книжевни и други различни дела, како и научната, стручната и друга литература се објавуваат на овој јазик (англискиот).

Да научиме англиски и македонски - сликовниот речник е подготвен да ја пополни постојната празнина во лексикологијата на турски, англиски и македонски јазик, за да допре до многу слоеви на населението со својот скромен, но важен вокабулар на овие јазици.

Турски-англиски-македонски на крајот од речникот; англиски - македонски - турски и македонски - англиски - турски зборови лесно може да се најдат според бројот на нивните

страници. Сметаме дека работата со овој речник ќе донесе среќа, ќе ги направи нашите соништа поубави и посреќни и ќе отвори нови хоризонти.

Во воведот на „Речникот во слики - ајде да учиме англиски македонски и албански“ чии автори се Славе Катин и Лирија Реџепи се вели дека во ваква популарна визија, Речникот има функција на почетен курс за овие јазици, бидејќи преку овој фонд на зборови, тој ќе ги води сите заинтересирани за богат круг на албански, англиски и македонски јазик. Но, тоа, исто така, ќе ги мотивира да ги прошират своите знаења и информации за различни феномени, настани и настани што се случуваат секој ден во различни делови на светот.

Секако, ваквите напори, исто така, ќе придонесат за усовршување на албанскиот и македонскиот јазик и проширување на знаењето до степен што овозможува генерализирање на различните вредности на културите што се создадени на овие јазици. Визуелната компонента на Речникот е најдобриот начин да се постигне оваа цел.

Исто така и „Речникот во слики - ајде да учиме англиски македонски и влашки“ чии автори се Славе Катин и Захарица Порчу и „Речникот во слики - ајде да учиме англиски, македонски и ромски“ чии автори се Славе Катин и Љатив Демир се подготвени да пополнат една празнина во средините каде се зборуваат тие јазици и со нивниот скромен, но значаен фонд на зборови на овие јазици, да бидат достапни за повеќе слоеви на популацијата.

Почнувајќи од оние во предучилишното, основното, средното и високото образование, па сé до категориите граѓани, вработени или пензионирани, на кои ќе им помогнат да ја збогатат својата претстава за светот, преку перманентната комуникација со вредностите што до нас допираат преку електронските медиуми, од разни подрачја на нашата планета Земја.

ЧЕТВРТТИ ДЕЛ

ПУБЛИКАЦИИ СО ИСТОРИСКА СОДРЖИНА

ДЕЛА СО ИСТОРИСКИ ТЕМИ НА АКАДЕМИК АНТОНИЈЕ ШКОКЉЕВ - ДОНЧО, СЛАВЕ КАТИН И РИСТО СТЕФОВ 205

ЗНАЧЕЊЕТО НА ДЕЛОТО „ПРИДОНЕСОТ НА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА“ (1) 210

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕЛОТО „ОД ПАНОНИЈА ДО ЕГЕЈ“ (2) 216

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕЛОТО „ПРАИСТОРИЈА НА ЦЕНТРАЛНИОТ БАЛКАН“ (3) 221

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ВО ДЕЛОТО „ИЛИНДЕН 1903-2003“ (4) 226

ВИСТИНАТА ЗА АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ (ВЕЛИКИ) И АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА (5) 230

ДЕЛА СО ИСТОРИСКИ ТЕМИ НА АКАДЕМИК АНТОНИЈЕ ШКОКЉЕВ - ДОНЧО, СЛАВЕ КАТИН И РИСТО СТЕФОВ

Разновидната палета на Славе Катин за реализација на стратешките цели на полето на историјата опфаќа бројни напори, од кои дел веќе функционираат. Покрај релативно честите посети на трите континенти и неговите приватни средби со мигрантите, преку неговите монографски публикации за најуспешните од нив, во подолг период тој имаше контакти на полето на публицистиката со академик Антоније Шкокљев-Дончо од Белград и Ристо Стефов од Торонто. Како резултат на нивната соработка излегоа од печат следните публикации:

Делото ***„Придонесот на Македонија во светската цивилизација“*** од академик Антоније Шкокљев-Дончо и Славе Николовски - Катин, „Македонска искра“, (2006) е отпечатено на 350 страници. Со оваа книга се потврдува нараснатиот научен интерес за анимиран пристап кон историјата на Македонија, особено кон античкиот период, кој посебно кај нас не бил често и континуирано истражуван и претставуван. Нараснатиот интерес не е случаен и доаѓа во одредена еволуција на прашањата во посочениот контекст. Токму затоа имаме можност да се запознаеме со ова дело, кое се осврнува на историскиот развоен континуитет на Македонија.

Во трудот е проследена традиционалната македонска култура и наследството. Посебно е акцентиран периодот на праисторијата на Јужниот Балкан, улогата на домородците и палеобалканската средина, селидбите на Ахајците, појавата на Микенската држава, миграцијата на Дорците, Дорската Спарта, Дорска АРГА, Македонија и други прашања.

Делото е поделено на седум глави во кои паралелно со историските настани се проследува културата и писмениот израз

во Македонија, при што посебно е проследена развојната нишка на македонскиот јазик, чиј јужен дијалект влегол како основа во литературниот старословенски јазик (нарекуван терминолошки и како старомакедонски).

Понудената публикација опфаќа значаен и голем период на настани што се случувале на теренот на Македонија, чии граници и континуитет се менувале, но сепак, нешто трајно и обврзувчко оставало видливи траги во историјата на цивилизацијата. Недостатниот број извори ја отежнуваат очевидно, сликата на прецизното историско претставување, но, сметаме дека нараснатиот интерес за недоволно проучените периоди и настани, ќе вроди плод. Како пример за таков поттик во науката го сметаме и ова дело. Со тоа може да се утврдат многу поставки, а можно е и да се видоизменат или дополнат.

Поголем дел од публикацијата „Придонесот на Македонија во светската цивилизација“ е објавено и на англиски јазик под наслов ***„Macedonia in Anciant Times“*** (2010) (Македонија во античкиот период), од авторите академик Антоније Шкокљев-Дончо, Славе Николовски-Катин и Ристо Стефов, кој го изврши преводот на англиски јазик. Тоа е издание на „Македонска искра“, отпечатено на 230 страници.

Ова дело наиде на голем одзив меѓу Македонците, особено од егејскиот дел на Македонија кои живеат во прекуокеанските земји Австралија, Канада и САД.

Само во весникот „Македонија“ од Торонто се отпечатени дваесеттина продолженија од оваа англиска верзија на „Македонците во античките времиња“. Но, се чини најзначајно е тоа што неколку стотици книги како поклон на Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје и сопственикот Славе Катин се испратени на голем број дипломатски претставништва во Македонија и во светот, на дипломати и претставници на Европската Унија, друштва и асоцијации ширум светот, со цел во овие бурни времиња тие да се запознаат со вистината за Македонците во Античка Македонија.

Исто така и делото ***„The Balkan and Macedonia“*** (2014) („Балканот и Македонија“), кое е на 300 страници на англиски јазик, од авторите академик Антоније Шкокљев-Дончо, Славе Николовски- Катин и Ристо Стефов, ја третира Античка Македонија.

Многу историографи би сакале да ја наречат „Егејска култура“ „Хеленистичко историско чудо“, кое, според повеќето, започнало во VIII век пр.н.е. Најстарите таканаречени статии на грчки јазик што служеле како пишани извори датираат од овој „архаичен период“. Од особена важност се делата на античките историчари кои ни дале повеќе или помалку поврзан приказ на настани од античката историја на тој регион.

Со векови, светската наука била загрижена со енигмата на таканареченото „Хеленистичко историско чудо“, но допрва треба да се најде соодветно објаснување за потеклото на овој феномен. Има многу спротивставени ставови во врска со ова прашање, главно, затоа што оние што го контролираа минатото сакаа да ја диктираат иднината. Но, бидејќи повеќе не живееме во тоталитарни времиња во Европа, авторите на ова дело се обидоа да го адресираат ова познато таканаречено „Хеленско чудо“ со факти и аргументи кои ги користат современите науки, особено лингвистиката и археологијата, со пристап до епистемологијата.

Публикацијата ***„Од Панонија до Егеј“*** од авторите, академик Антоније Шкокљев-Дончо и Славе Николовски-Катин (2007) „Македонска искра“,Скопје, е печатена на 196 страници и е подготвена со желба да понуди еден научен поглед, еден систематизиран прилог за овие европски простори од праискона, што можеби би било предизвик за одредена појава на научниците, пред сé, историчарите и лингвистите, за неконформистичка анализа на праисторијата врз основа на новите извори на информации.

Покрај тоа, таа е пишувана и за тоа на читателите со поширок интересирања да им претстави слика за праисториските случувања сочувани во митологијата и лингвистиката. Поединечната обработка на ономастиката услови и делумно повторување заради честопати испреплетената материја.

Во делото ***„Илинден 1903-2003 и македонското иселенишво“*** се вели дека Македонците како библиски народ, своето постоење и опстанокот низ историјата, најверојатно, му го должат, меѓу другото, и на празникот Илинден, издигнувајќи ја неговата верска и национална симболика до ниво на маѓија која ги поврзува, независно дали се наоѓаат во Австралија, САД, Канада, Европа или на други простори. Овој македонски празник е ден над деновите, симбол над симболите, магнет над магне-

тите, со кој националното ткиво има своја резонанса и планетарна шифра, по која светот ги распознава Македонците.

Илинден во дијаспората најсилно се доживува во текот на илинденските иселенички празнувања. Во тој период најголемо внимание привлекуваат Илинденските пикници, како најмасовни манифестации на иселеништвото. На тие денови се одржуваат бројни црковни осветувања, полагање камен-темелници на нови духовни храмови и одржување на национални, културни, црковни, спортски и други манифестации. Овие празнувања, особено во Австралија, САД, Канада и Европската Унија, се одржуваат повеќе од шест децении, што значи дека тие се веќе традиционални.

Славе Катин, пак, имаше можност и убава прилика овој пат на македонски јазик да го претстави и да го преведе од англиски на македонски историскиот роман ***„Александар Македонски“ (Велики)*** (1988) на 320 страници, од германскиот автор Улрих Вилкен, што е базиран врз вистинските аргументи и историските материјали за Античка Македонија.

Овој историски роман е лика и прилика за развојниот континуитет на Македонија, претставен во романи-зирана литературна форма, со посебна нагласка на ликот и делото на големиот стратег, мислител и дипломат - Филип II Македонски и најголемиот досега воин, освојувач на земји, гениј над гениите, обединувач на народите, почитувач на различните култури, традиции и обичаи и цар на силното Македонско Царство - Александар III (Велики) Македонски.

Затоа, со право може да се каже дека ова дело претставува библиска вистина за македонските корени и непресушен извор од каде секој Македонец ќе се напојува со чистата патриотска љубов кон татковината – Македонија, кон својот народ, со правичен однос кон своите собраќа, пријатели, кон човештвото…

Историскиот роман „Александар Македонски“ на авторот Улрих Вилкен, а прв превод од англиски на македонски јазик во Република Македонија што го направил авторот на овие редови и претставува збир на традиционалната македонска вистина, култура и наследство, почнувајќи од времето на владеењето на Филип II Македонски (359-336 пред Христа) до владеењето и

смртта на неговиот син Александар III Македонски (336-323 пред Христа).

На страниците од книгата е обработена македонската вистина, многу успешно се претставени ликовите на Филип и Александар, како и на другите личности од тој период. Авторот Улрих Вилкен навлегол во корените од каде проник-на ‘ркулецот на принцот Александар, а потоа го следи неговиот раст до небесните височини, за да напише дека тој од своите предци наследил душа како Шарената Планина и ум чист како бистрите води на реката Бистрица.

Но, откако во Оазата Сива ја доживеал чудесната трансформација од човек во Бог, чинот на просветлувањето, јасно и персонално ја видел Екумената, братската заедница на целото човештво. Тој верувал дека наближува времето кога ќе создаде еден единствен свет на рамноправни луѓе со кои тој владеел, не како нивен господар, туку како добродушен и правичен Бог.

Меѓутоа, вистината е таа дека Александар, со своето големо дело, не само со силината на мечот, туку и со доблеста на душата, како никој пред него и по него, направил најмногу да ги сплоти луѓето од сиот Свет во Екумената, братската заедница меѓу сите народи, за која верувал дека таа некогаш ќе стане стварност. Со еден збор, тој бил основачот на денешната заедница во Европа и пошироко.

Романот „Александар Македонски“ од авторот Улрих Вилкен опфаќа значаен и голем период на настани што се случиле на просторот од Македонија и Македонското Царство, чии граници и континуитет се менувале, но многу нешта останале трајни со неизбришливи траги во историјата на цивилизацијата.

Овој историски роман, во кој се претставени извонредните раскажувачки способности на авторот, кај читателот буди чувства за интерес на недоволно проучените периоди од античкиот период и ја јакне љубовта кон Македонија.

ЗНАЧЕЊЕТО НА ДЕЛОТО „ПРИДОНЕСОТ НА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА“ (1)

Публикацијата „***Придонесот на Македонците во светската цивилизација“*** чии автори се академик Антоније Шкокљев-Дончо и Славе Николовски-Катин, е издание на „Македонска искра“, Скопје, издадено во 2004 година, на 346 страници, на македонски јазик и делото ***„Македонците во античко време“*** („***Macedonians in Ancient Times***“) од авторите академик Антоније Шкокљев-Дончо од Белград, Славе Николовски-Катин од Скопје и Ристо Стефов од Торонто, кое исто така е издание на „Македонска искра“ од Скопје во 2010 година на 232 страници на англиски јазик, се посветени на Македонија и Македонците.

Во воведот на публикацијата „Придонесот на Македонците во светската цивилизација“ се вели дека непосреден повод за оваа публикација е повторното отворање на „македонското прашање“ како завереничка концепција на историјата, која не се симнува од дневно-политичката светска сцена веќе 2.500 години, нарушувајќи ги меѓународните односи на овој многу чувствителен простор на Европа.

Истражувањата на овој план имаат за цел да придонесат за согледување на историската вистина за автохтоноста на македонскиот народ, неговиот национален идентитет и континуитет, за придонесот на Македонија во светската цивилизација, но и за Македонците и спротивставувањето на историските злоупотреби на македонското прашање.

Оваа книга е посветена на Македонија и Македонците, односно на прашањето дали издвоените политички ентитети имаат исклучително право на монопол над историското наследство, односно дали денешните млади генерации, родени

и израснати во двата политички конфротирани се одраснати и воспитани со убедување дека Македонците немаат доволно сознанија за историскиот факт дека се делови од еден народ и од една земја која се нарекува Македонија.

Како да бидат убедени денешните Грци, чии предци на Балканот дошле во XI век пр.н.е. без ова име, туку дошле како Дорци (Херодот, I, 56), а името не го добиле ни 800 години подоцна во Хомеровата „Илијада“, во VII век пр.н.е, туку како Ахајци, Аогејци или Данајци, а подоцна како Хелени, Греки или Ромеји (Мпампиниотис, 1998, 596). Како да се сфати тоа што името Македонија не е најтесно поврзано со она што некои современи историчари погрешно го нарекувале „елинизам“. Елините првпат во својата вековна историја, административно го освоиле јужниот дел на Македонија дури по Првата балканска војна 1912 година, односно во 1913 година (Букурешки договор, 13 август 1913 година).

За публикацијата „Придонесот на Македонците во светската цивилизација“ имало неколку промоции и тоа во Скопје, Торонто и Љубојно. Првото претставување на делото пред македонската јавност било во Домот на АРМ во Скопје на 25 мај 2004 година. Пред голем број видни личности од политичкиот и општествениот живот и голем број Македонци од етничка Македонија Делото го претставиле проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ и д-р Васил Тупурковски. Во нивните излагања, меѓу другото, било изнесено следното:

„Со делото „Придонесот на Македонците во светската цивилизација“ се потврдува зголемениот научен интерес за анимиран пристап кон историјата на Македонија, особено кон античкиот период, кој посебно кај нас не бил често и континуирано истражуван и претставуван. Зголемениот интерес не е случаен и доаѓа во одредена еволуција на прашањата во посочениот контекст. Токму затоа имаме можност со интерес да го проследиме и ова дело, кое се осврнува на историскиот развоен континуитет на Македонија.

Во трудот е проследена традиционалната македонска култура и наследството. Посебно бил акцентиран периодот на праисторијата на Јужниот Балкан, улогата на домородците и палеобалканската средина, селидбите на Ахајците, појавата на

Микенската држава, миграцијата на Дорците, Дорската Спарта, Дорска АРГА, Македонија и друго.

Поглавјето „Потекло - етногенеза на древните Македонци“ започнува со припадноста на античките Македонци на семејството на индоевропските народи, творци на неолитската култура на централниот Балкан, за да заврши, преку митолошките македонски династии, со македонската династија на кралот Македон, со легендата за кралот Мид, со Кадмо, со топографската локализација на праисториска и античка Македонија.

Посебно внимание му е посветено на античкото – македонско кралство Аргеада. Притоа, се користени доста делови од историјата на Херодот и други извори. Исто така проследен е и периодот на Македонија од Пердика до Пердика III, и дадена е табела на кралевите од македонската античка династија на Аргеадите, како и на Антигонидите.

Вториот дел од трудот е насловен како „Античка Македонија“, Во ова поглавје доминираат и недоволно до денес истражените области од културните достигања на Античка Македонија. Имињата на многу божества укажуваат на македонска, а не на елинска етимологија. Посебно е разгледан развојот на писмото во Македонија.

Во најново време е нараснат интересот за јазикот на античките Македонци. Во светот се појавиле повеќе трудови на оваа тема, посебно и за палеоглосијата на Балканот. Македонците во антиката зборувале со посебен јазик, неразбирлив за Елините, за што авторите даваат повеќе сведоштва.

Третиот дел се однесува на Александар Македонски, со сите негови подвизи и дела, посебно формирањето и состојбата на единственото Македонско Царство, со цивилизацискиот придонес, со целиот блесок на создавње на познати градови со висока култура и библиотеки (како, на пример - Александрија, итн.) Притоа се проследуваат сите истакнати уметници и значајни творци од тие периоди.

Неверојатно интересни соопштенија добиваме во Четвртиот дел насловен како „Македонија во римскиот период“. Долгогодишните војни меѓу македонската и римската војска завршиле во 176 година пр. н.е. со победа на Римјаните на чело со

Емилио Паул. Со тоа завршила независноста на земјата на Филип II и Александар Македонски, по илјадници години траење. Меѓутоа, Македонците и нивните појави на сеопшт план не престанале, што е и предмет на ова излагање.

Посебна важност има Шестиот дел „Словените и Македонија“. Не помалку интересни се и текстовите кои говорат за потомците на античките Македонци во овој период. Трудот посебно се осврнува на христијанизацијата на нивниот општ старомакедонски, односно старо-словенски јазик, на просветителската улога на браќата Кирил и Методиј, чија дејност ја продолжиле нивните ученици, а свети Климент Охридски ја формира Охридската книжевна школа во Македонија. На ова значајно писмено жариште авторите му посветиле нужно и достојно внимание.

Исто така, авторите го истакнуваат непроценливото значење на Охридската архиепископија, која израснала во светски цивилизаторски центар, од кој се напојувале поблиски и подалечни земји (Киевска Русија и многу други словенски народи).

Со Седмиот дел „Македонската духовна галаксија“ се дава нужен осврт на појавата на богомилството во Македонија, како израз и одраз на општествено-историските услови, по кое следи исихазмот на Балканот. Самуиловата држава е значајна појава на Балканот воопшто, со остварување на значајната државна македонска формација, која зазела широки размери.

Понудената публикација опфаќа значаен и голем период на настани што се случувале на теренот на Македонија, чии граници и континуитет се менувале, но, сепак, нешто трајно и обврзувачко оставало видливи траги во историјата на цивилизацијата. Недостатниот број извори ја отежнуваат очевидно сликата на прецизното историско претставување, но, сметаме дека нараснатиот интерес за недоволно проучените периоди и настани ќе вроди со плод. Како пример за таков поттик во науката го сметаме и ова дело. Со тоа многу поставки може да се утврдат, а можно е и да се видоизменат или дополнат“ истакнале промоторите проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ и д-р Васил Тупурковски.

Публикацијата „Македонците во античко време“ („Macedonians in Ancient Times“) од авторите, академик Антоније Шкокљев-Дончо од Белград, Славе Николовски-Катин од Скопје и Ристо Стефов од Торонто е издание на „Македонска искра“ од Скопје во 2010 година на 232 страници на англиски јазик била промовирана, исто така, во Домот на АРМ во Скопје на 4 септември 2010 година, кога преведувачот на ова дело Ристо Стефов за првпат престојувал во Република Македонија.

На таа промоција на која зборувале д-р Васил Тупурковски, д-р Димитар Керамичиев, Ристо Стефов и Славе Катин, во преполнетата сала на голем број заинтересирани за Античка Македонија, особено од егејскиот дел на Македонија, меѓу другото било изнесено дека публикацијата „Придонесот на Македонците во светската цивилизација“ е излезена и на англиски јазик под наслов „Macedonia in Antient Times“ која го опфаќа периодот пред Христос до доаѓањето на Римјаните во Македонија. Книгата е поделена на неколку делови, во Првиот дел е опфатен историскиот развој на Македонија во античко време, има текст за Македонската Империја, за војсководецот Александар Македонски, за ФилипII, сé до распадот на Македонската Империја.

Славе Николовски-Катин истакнал дека академик Антоније Шкокљев-Дончо живее во Белград и е поранешен генерал и автор на голем број дела за Античка Македонија. Авторот Ристо Стефов е од Торонто, Канада, а по потекло е од Леринско. Автор е на 10-тина дела за Македонија.

Тој истакнал дека за издавањето на книгата се служеле со повеќе јазици, со англиски и грчки. Нашата цел е оваа книга да се најде во рацете на голем број историчари, политичари, претседатели и сите оние кои се интересираат да дознаат повеќе за Македонија. За тие луѓе книгата е бесплатна, истакна Славе Николовски-Катин и додаде дека во книгата не се задржале на грчкото прашање.

Ристо Стефов изјавил дека за книгата „Македонија во античко време“ имал функција на уредник и дека ја превел за поширокатa читателска публика од македонски на англиски јазик. Книгата треба да биде достапна на сите оние кои се

служат со англискиот јазик, со цел да се запознаат со вистината за Античка Македонија.

Организатори на промоцијата на книгата биле Републичкото здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија и Книгоиздателството „Македонска искра“ - Скопје. На промоцијата присуствувале голем број вљубеници на вистината за Античка Македонија, особено оние Македонци кои имаат голем респект кон името и делото на Филип II Македонски и на Александар III Македонски (Велики).

Исто така, на промоцијата било речено: „Заради подобро согледување на проблемот и наследникот на традиционалната македонска култура и наследството воопшто, истражувањата и анализите го опфаќаат, прво, периодот од прастарите времиња на праисторијата на Јужниот Балкан.

Како последица од тој егзодус посветено е внимание на првите Елини на Балканот и воспоставувањето на новите општествено-политички односи во Архајскиот и класичниот период, со појавата на Дорска Спарта, Дорска Арга, Македонија и значењето на нивните култури.

Потоа следи историјата на Античка Македонија, македонската окупација на Елада и создавањето Македонска светска Империја и нејзиниот придонес во светската цивилизација, улогата на палеобалканскиот јазик во формирањето на старогрчкиот јазик, македонскиот или Александровиот „коине“, кој денес е основа на официјалниот јазик во Грција и друго.

Значи во прашање е процесот на етнонимите. Се работи за еден сложен проблем, кој во македонскиот случај има драматичен карактер и претставува предизвик кој долго ќе биде експлоатиран за да се докаже овој или оној карактер на Македонија, односно за да се дефинира македонската нација“.

Благодарение на порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од публикацијата „Придонесот на Македонците во светската цивилизација“ биле печатени 77 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со Античка Македонија.

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕЛОТО „ОД ПАНОНИЈА ДО ЕГЕЈ“ (2)

Публикацијата „***Од Панонија до Егеј“,*** чии автори се академик д-р Антоније Шкокљев-Дончо и Славе Николовски-Катин, е издадена од Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје во 2007 година, на 196 страници и објавена на македонски јазик. Рецензенти на ова дело се: Александар Донски и м-р Мартин Треневски.

Публикацијата е напишана со желба да понуди еден научен поглед, еден систематизиран прилог за овие европски простори од праискона, што можеби би било предизвик на одредена пројава на научниците, пред сé, историчарите и лингвистите, за неконформистичка анализа на праисторијата врз основа на новите извори на информации.

Покрај тоа, таа е пишувана и за тоа на читателите со пошироки интересирања да им претстави слика за праисториските случувања сочувани во митологијата и лингвистиката. Поединечната обработка на ономастиката услови и делумно повторување заради честопати испреплетената материја.

Инаку, името „Балкан“ е од подоцнежен датум, по стариот италијански Бог на огнот Вулканус, првенствено, Бог на вулканскиот оган, а подоцна и Бог на ковачката вештина. Ова име се однесува на планината Хем и на целиот Полуостров. Погрешно е да се смета дека е од турско потекло. Науката за Балканот е балканологијата, која е основана во XVIII век, заради изучување на општествено-политичките, културно-историските, филозофските, фолклорните и други особености на овој дел од светот.

На југоисток од Европа се наоѓа Балканскиот Полуостров, кој во историски и цивилизациски поглед претставува „Стара Европа“, матица на европската цивилизација. Се простира меѓу

35° и 46° 53` северна географска ширина и 13° 23` и 30° источна географска должина. Древното име за Балканот е Хем (Haimos), по планината на север во Тракија.

Според една легенда, планината Хем е наречена така по тракискиот тиранин Хем, кој во двобој го убил Посејдоновиот син Бизант кој, пак, се смета за основач на истоимениот град на Босфорот. Според друго кажување, Хем бил син на Богот на северниот ветер Борej, најсилен од сите ветрови и персонификација на тракиската планина. Бил оженет со Родопа, која му го родила синот Хебар (реката Марица или Хебар). Заради кавгата со боговите, тие биле претворени во планини.

Инаку, во географска смисла праисториска Македонија се наоѓала како ,,сендвич" меѓу Пелазгија на југ и Бригија и Пелагонија на север. Таа го опфаќала просторот на планинските масиви на Олимп, на исток, преку Пиерија и Пинд на запад, Каракамен и Вич северно со `рбетот на сливот на реката Бистрица (Халиакмон). Многубројните автохтони неолитски племиња им биле соседи на Македонците. Најблиски сродници им биле Магнетите во тесалиска Магнезија, југоисточно од Олимп. Позападно биле Еолците (Минијците, Лапитите, Тироите и Флегијците), потоа Хистиеотидите и Теспротите. На запад биле Енхелејците, а на север Бригите и Пелагонците, додека на исток Пеонците, Тракијците и Мигдонците.

Во предговорот на публикацијата се вели дека свеста за себе и за творењето се основни карактеристики како на поединецот индивидуално, така и на човечкиот род како целина. Најзначајни иновации на луѓето, како основа за формирање на историјата:

Најзначајна одлика на човечкиот род е свеста (индивидуална и колективна) која има универзално значење во сите духовни активности. Затоа феноменот на свеста е еден од најстарите проблеми и централна тема на расправите од самиот почеток на филозофските мисли на Исток и Запад, кој до денес се третира низ разни митолошки, мистични и филозофски системи.

Првиот научен обид за објаснување на феноменот на свеста (како најкомплексна мозочна функција) е даден од страна на

Обединетите нации, каде последната деценија на XX век се означува како деценија токму на истражувањата на мозокот и свеста.

Во услови на модерна информатика и будење на регионалните национализми, желбата на авторите на ова истражување е, со понирање во палеобалканскиот свет, да укажат на значењето на низата најнови археолошки, лингвистички и историски информации за едно културно наследство, кое се злоупотребува за обликување на свеста.

Покрај тоа, целта е да се истакне како е родена и именувана Европа на овие меридијани и да се покаже дека палеобалканската култура претставува прапочеток, „архетип“ на светската цивилизација. Овие разгледувања се комплементарни со теориите за етногенезата на разни народи на Балканот, а ја намалуваат исклучителноста на многу теории, што е предуслов и залог за опстанокот на идните генерации на овие простори.

Моделот на основачот на комплексната психологија д-р Јунг, за архетипското колективно несвесно, ни послужи како парадигма во разоткривањето на таа палета на архетипското колективно несвесно по прашањето на археологијата, лингвистиката, праисторијата и митологијата од палеобалканологијата. Пишаната историја е главниот дел кој архетипски допира длабоко наназад, до појавата на човечкиот вид на Земјата. Археолозите, лингвистите и историчарите ги проширија нашите знаења за минатото за повеќе илјади години.

Публикацијата од „Панонија до Егеј“ е поделена на четири дела. Во Првиот дел се дадени географски карактеристики на Балканот и археолошки наоди од праисториските култури на Балканот. Вториот дел е насловен како „Историска реконструкција на палеобалканските и егејските популации“. Во него се дадеди материјали за: Хиперборејците (Северците) и нивните современици, потоа за народите: Бриги, Тракијци. Енхелеи, Пелагонци, Пеонци, Македонци, Еолци или Еољи, Минијци, Лапити, Тирои, Пелазги, Јонци, Минои – Крит и Киклада, Ахејци во Пелазгија, Лелези или Лелеги, Карци, Ликијци Лувијци, Лиќани, Хетити.

Исто така, во овој дел се дадени материјали под наслов: „Големите селидби на Балканот во бронзено-железниот период“, „Илири“, „Миграцијата на Дорците (Хелените) во Пелазгија“ и „Келти“.

Во Третиот дел се поместени материјали за палеоглосологијата на Балканот, ономастиката на Грција, ономастиката на Централен Балкан, како и материјали за хидронимите, хоронимите и оронимите.

Во Четвртиот дел е пренесена реконструкција на античкиот митолошки систем на Балканот на основа на панонските хидрономи од митолошки содржини, потоа материјалите „Олимписки Пантеон во Панонија“, „Хераклитовите патувања по Дунав“, „Еволуција на палеоглосологијата на Балканот“, „Историскиот развој на грчкиот јазик“, „Посебност на јазикот на Македонците“ и „Улогата на Скитите - Прасловените во континуитетот на палеобалканската цивилизација“.

Инаку, академикот проф. д-р Антоније Шкокљев-Дончо е еден од доблесните Македонци кој својот живот го посветил на науката, на здравјето на луѓето, на напредокот на новите генерации во областа на медицинските науки, на палеолингвистиката и на древните корени на народите на Балканот, со особена нагласка на Античка Македонија, како и на македонскиот народ и Македонија.

Проф. д-р Шкокљев бил роден во познатото македонско револуционерно село Д’мбени, Костурско, во егејскиот дел на Македонија, денешна Грција, на 24 септември 1923 година, а починал на 94-годишна возраст, на 1 мај 2018 година во Белград.

Неговото Д’мбени е село во кое се родени плејада предвоени македонски борци и интелектуалци, меѓу кои, Лазар Поп Трајков, Лазо Москов, Лазо Трповски, Ташко Караџа и други кои се бореле за афирмација на Македонија и на македонските идеали. Во Д’мбени се родил и најголемиот донатор од македонската дијаспора, Атанас Близнаков, кој живеел во Гери, Индијана, во Соединетите Американски Држави.

Во текот на својата плодна работа и живот, професорот Шкокљев објавил повеќе од 260 трудови од областа на медицината и стоматологијата, како и 10 книги во Србија, 3 во

Македонија и по една во Германија и во Грција, а е и автор на три научни филмови во издание на „Застава филм“. На стручно, научно и образовно поле е пронаоѓач на десет иновации-патенти. Во неговото долгогодишно работење имал многу плодна соработка со бројни стоматолошки и медицински факултети, а посебна со Медицинскиот факултет во Скопје.

Ценејќи ја неговата афирмација, Светската здравствена организација на Обединетите нации (ОН), во 1986 година го избрала за признат експерт од максилофацијалната и оралната хирургија за Далечниот Исток, каде бил ангажиран во Индија и Кореја. Тој е човекот кој ги лечел, меѓу другите и претседателите Кенет Каунда и Моамер ел Гадафи.

Академик проф. д-р Антоније Шкокљев-Дончо бил експерт на Светската здравствена организација, бил член на Македонската академија на науките и уметностите, член на Академијата за медицински науки на Српското лекарско друштво во Белград, член на Американскиот меѓународен колеџ за акупунктура и електротерапија во Њујорк.

На крајот ќе нагласиме дека публикацијата „Панонија до Егеј“ е пишувана и за тоа на читателите со поширок интересирања да им претстави слика за праисториските случувања сочувани во митологијата и лингвистиката. Поединечната обработка на ономастиката услови и делумно повторување заради честопати испреплетената материја. Посебно значење на публикацијата е тоа што таа е дел од историјата за Македонија.

Инаку од делото „Од Панонија до Егеј“, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, биле печатени 82 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со Античка Македонија.

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА АНТИЧКА МАКЕДОННА ВО ДЕЛОТО „ПРАИСТОРИЈА НА ЦЕНТРАЛНИОТ БАЛКАН“ (3)

Публикацијата под наслов „***Праисторија на Централниот Балкан“*** е објавена, прво, на српски јазик, а потоа во превод на македонски јазик, чиј автори се покојниот академик Антоније Шкокљев–Дончо од Белград и Славе Николовски-Катин од Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје.

Исто така, делото „Праисторија на Централниот Балкан“ било објавено под наслов „Балканот и Македонија“ („The Balkans and Macedonia“) чии автори се академик Антоније Шкокљев–Дончо од Белград, Славе Николовски–Катин од Скопје и Ристо Стефов од Торонто и тоа дело било објавено од Издавачката куќа „Македонска искра“, Скопје, на англиски јазик. Овие публикации се дел од вистината за Балканот и Македонија.

Во Воведот на публикацијата „Праисторија на Централниот Балкан“, меѓу другото се вели дека за многу историографи вообичаено е „егејската култура“ да ја нарекуваат „хеленско историско чудо“, кое, според нив, почнува во VIII век пред Христа. Од тој „архајски период“ можеме да ги датираме најстарите написи на грчки јазик кои служат како пишани извори. Особено значење имаат делата на античките историчари кои ни даваат помалку или повеќе поврзан приказ на настаните од античката историја на Грција.

Тоа се: Херодот, Тукидид, Ксенофон, Полибиј, Диадор, Паусанија, Стработ, Ератостен, Посејдониј и Плутарх. Современи писатели - хеленисти се: Томсен (Thomsen), Томсон (Thomson), Вилкен (Wilcken), Блеген (Blegen), Вентрис (Ventris), Чедвич

(Chadwich), Робертс (Roberts), Борза (Borza), Хамонд (Hammond), Папаставроу (Papastavrou), Папазоглу (Papazoglu) и многу други.

Меѓутоа, надвор од границите на историјата, наидуваме на настани од неисцрпната ризница на грчките митови и легенди, од херојските епови „Илијада“ и „Одисеја“ кои до нас дошле под името на Хомер. Тука се и делата на Хесоид од Аскра во Беотија, авторот на „Дела и денови“ и „Теогонија“.

Светската наука со векови се занимава и со енигмата на „грчкото историско чудо“ и не пронашла соодветни објаснувања за настанокот на тој феномен. По ова прашање постојат спротивставени ставови за минатото, бидејќи оној кој го контролира минатото, безобзирно тежи да ја диктира и иднината. Бидејќи во Европа денес не живееме во тоталитарни времиња, ќе се направи обид да се објасни тоа фамозно „хеленско чудо“ врз основа на аргументите од современите науки, пред сè, на лингвистиката и археологијата, со еден епистемиолошки пристап.

Просторно, под поимот Грција, обично, се подразбира територијата од Олимп на север до Тенар и Крит на југ. Додека, пак, етногенезата на античките Грци се базира врз составот на учесниците во Тројанската војна: Данајци, Ахејци и Аргејци кои ги навел Хомер во „Илијада“, хеленистите ги означуваат иститете како единствен „грчки народ“ или „хеленски народ“ и тука грешат – бидејќи Хелените го колонизирале Пелопонез 80 години после Тројанската војна.

Натамошна енигма претставуваат боговите од Олимп. Херодот истакнува дека поетите Хомер и Хесиод биле првите кои кај Хелените ги создале приказните за настанокот на боговите и на светот, им дале имиња и ги објасниле божествените почести и вештини и ги одредиле областите во кои тие владеат. Приказните биле подарок на Музите од Пиреја во Македонија, „елоквентните ќерки“ на Мнемосина (Меморија). Покрај верата, енигма претставува и јазикот на античките Грци, како и потеклото на азбуката и на митот.

Во делото „Праисторија на Централниот Балкан“ се вели дека според бројни научници се смета дека историските податоци за древните народи на Балканот се многу оскудни,

дека нивните јазици и дијалекти не се сочувани, како и нивното писмо - палеографизми. Меѓутоа, се претпоставило дека фасцинантната цивилизација на Лепенскиот Вир, Средно Подунавје и на централниот Балкан од VII милениум пред Христа, морала да остави траги во географските имиња на местата и дека етимолошките и семантичките називи на тие локалитети е можно да се „преведат“ од старогрчкиот јазик..

Многу истражувачи истакнуваат дека античкиот јазик на југот на Балканот, во Грција, стигнал од север, од Дунав, но не наведуваат од кој дел на оваа голема река која била долга 2860 километри.

Во рамките на епистемиолошките, лингвистичките, етимолошките и семантичките истражувања на ономастиката на географските имиња во Средно Подунавје во Србија, во период од околу триесетина години, утврдено е дека Панонија и Централниот Балкан се колевка на егејската култура и дека ономастиката на хидролошкиот систем на Дунав, неговите притоки и на адите претставува алегорија на целиот митолошки систем на Хомеровата и Хесиодовата теогонија на Олимпискиот пантеон на богови.

Идентификувани се, исто така, и творците на таа култура, а тоа биле Дануните, Борејците и Хиперборејците, во Древна Грција познати како Еоли (Лапити, Македонци, Минијци, итн.), нивните миграции на просторите на Егејот и пошироко, нивното учество во Тројанската војна како и нивниот придонес, племенската етногенеза сè до Перикловото „златно доба“, што ја условило и структурата на оваа монографија.

Во делото „Праисторија на Централниот Балкан“ се прави обид да се објаснат творците на „хеленското чудо“, бидејќи обликувањето на минатото може да влијае врз иднината. Добиените резултати ќе дадат/обезбедат елементи на една богата древна баштина која народите на Југоисточна Европа, особено на Балканот, повеќе ги поврзува и приближува отколку што ги раздвојува, со надеж дека ќе се отстрани искривената слика за хиерархијата на изворната европска духовна култура. Историјата на народите на Балканот е заедничка и комплементарна, а заедничка им е и нивната иднина во рамките на Европската заедница..

Исто така, во Заклучокот на ова дело, меѓу другото, било забележано дека во современата археологија се смета дека Балканскиот Полуостров била колевка на културата на „Стара Европа“. Пред повеќе милиони години, Балканот претставувал систем од острови и архипелази во океанот Тетис, сместен помеѓу Африка и останатиот дел од Европа. Со геолошките промени, новоформираното балканско копно се нашло помеѓу Средоземното Море на југ и Панонското Море на север.

Со истекување на панонските води преку Карпатите во Црното Море, создадени се теренитe на денешните српски територии. По своето геолошко наследство, овие територии претставуваат исклучителни терени и ризници од материјали од кои може да се реконструира развојот на значајните етапи во еволуцијата на копнената вегетација и на животинските видови.

Со повлекување на последната ледена прекривка пред 12.000 години од просторот на Средно Подунавје, создадени се поволни услови за опстанок на човекот. Првите човечки заедници на риболовци, а подоцна и на земјоделци, на овие простори ја развиле културата на Лепенски Вир, една од најстарите духовни манифестации во Европа.

Тргнувајќи од хипотезата дека археолошките наоди на уметноста во Лепенски Вир се најстари докази за материјалната култура на една човечка заедница на Балканот, се претпоставува дека постојат и други духовни остварувања. Веројатно е дека постојат и други архетипски спиритуалности, нам непознати, што била и примарна цел на овој труд.

Во публикацијата „Праисторија на Централниот Балкан“ се вели дека Македонија во античко време била кралство кое во својот зародиш ја опфаќало територијата на денешна Република Македонија и Беломорска или Егејска Македонија, во северниот дел на денешна Грција, на запад се граничело со Илирија, на југозапад граници на кралството допирале до кралството Епир, на север во почетокот кралството се граничело со Трибалите, а подоцна со Дарданија, додека пак на исток кралството се граничело со Тракија. Подоцна Кралството Македонија станало најмоќната држава на светот кога Александар Македонски го освоил речиси целиот познат свет во

тоа време и со тоа го започнал македонскиот период на светската историја.

Првиот крал за кој има пишани извори е Пердика I. Во времето на кралот Александар I, македонската територија почнала да се шири во земјите населени со тракиски племиња: Еордаја, Ботиаја, Пиерија, Мигдонија и Алмопија. Близу денешниот град Воден, Пердика I (или поверојатно неговиот син Аргеј I) ја изградил првата престолнина Ајга (Кутлеш).

Инаку од делото „Праисторија на Централниот Балкан“ во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, биле печатени 53 + 29 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со Античка Македонија.

Инаку, Врз општествено-економските односи на праисторискиот Егеј многу влијаела географската конфигурација и еколошките промени на Балканскиот Полуостров. Во геолошките процеси на формирање на земјината кора, Балканот бил архипелаг од острови во океанот Тетис. Океанот се простирал помеѓу Африка и тогашната палео-Европа, вклучувајќи го Црното и Каспиското Море. Со поместување кон север на африканската плоча под морето, дошло до издигање на Динаридите и Карпатите

Во текот на неогенот, пред околу 25 милиони години, Панонското, Дакијското, Црното и Каспиското Море биле дел од Паратетис, епиконтитенталното море. Во горниот миоцен, со издигнување на планина кај Ѓердап се создала препрека помеѓу Панонското и Дакијското море. Во текот на овој период, Панонското Море станало внатрешено, т.е. епиконтинентално, затворено море, како и Каспиското, со низок салинитет од околните реки.

Во публикацијата „Праисторија на Централниот Балкан“ е забележано дека во „понтското време“, врската помеѓу Панонското и Дакијското Море воспоставена е преку Ѓердап. Бидејќи нивото на Дакијското и Црното Море било 30-80 м пониско, Панонското Море се одлеало во Дакијското преку „железните врати на Ѓердап“, во митологијата познати како Посејдонови „бронзени капии“. Така е обновена врската помеѓу Панонското и Црното Море и формирана е големата Панонска низина со сливот на реките од Дунавскиот хидролошки систем.

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ВО ДЕЛОТО „ИЛИНДЕН 1903-2003 И МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО“ (4)

Во делото ***„Илинден 1903-2003 и македонското иселенишво“*** се вели дека Македонците како библиски народ, своето постоење и опстанокот низ историјата, најверојатно, му го должат, меѓу другото, и на празникот Илинден, издигнувајќи ја неговата верска и национална симболика до ниво на маѓија која ги поврзува, независно дали се наоѓаат во Австралија, САД, Канада, Европа или на други простори.

Сега, со извесна дистанца од скромните дела за дијаспората, се гледа колку е силно и моќно илинденското племе Македонци, прифатено од меѓународната заедница како библиска нација, која го задолжила светот со старословенската писменост и култура.

Крушевската Република е најславната страница на Илинденското востание. Тоа е најконкретен израз за симболиката на државноправните стремежи на македонскиот народ, што беа идеал кон кој со години потоа се стремеле новите генерации.

Во текот на илинденските иселенички празнувања најголемо внимание привлекуваат илинденските пикници, како најмасовни манифестации на иселеништвото. На тие денови се одржуваат бројни црковни осветувања, полагање камен- темелници на нови духовни храмови и одржување на национални, културни, црковни, спортски и други манифестации. Овие празнувања, особено во Австралија, Соединетите Американски Држави, Канада и Европската Унија (Европа), се одржуваат повеќе од седум децении, што значи дека тие се веќе традиционални.

Република Македонија е поборник за воспоставување, одржување, проширување и поттикнување на соработката и врските со иселениците и нивните потомци во дијаспората со тоа што помагала, помага и во иднина треба да помага во негувањето на националната свест, јазик, култура, религија и друго. Притоа, посебна нагласка е ставена на големиот празник на македонскиот народ – Илинден, кој досега е прославуван во сите македонски заедници во целиот свет.

Илинден е особено изразен во македонските православни цркви, манастири и црковни општини, во нивните друштва и асоцијации кои работат во состав на духовните центри. Голем број активности се врзани за името на празникот и се одвиваат токму во текот на големиот македонски празник Илинден.

„Илинден 1903-2003 и македонските иселеници“ е дело на Славе Николовски-Катин во неговиот богат опус за македонското иселеништво во светот. Ова дело кое е посветено на големиот јубилеј Илинден, претставува ретко оригинално издание од овој вид во македонската историографија. Тој во него успеал да оствари синтеза на историската борба на македонскиот народ за национална и социјална слобода во текот на цел еден век, крунисан со неговата самостојна и независна држава - Република Македонија.

Ова го напишал проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ како еден од рецензентите на книгата „Илинден 1903-2003 и македонските иселеници“, кое е издание на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје, отпечатена по повод стогодишнината од најсветлиот празник на македонскиот народ – Илинден.

Вториот рецензент проф. д-р Цане Мојаноски во својата рецензија, меѓу другото, напишал: „Книгата „Илинден 1903-2003 и македонските иселеници“ од Славе Катин е сведоштво за силината на македонскиот дух и неговата трајна поврзаност со македонската земја. Таа, меѓу другото, сведочи за раселеноста на Македонците по земјите на сите континенти, но и за духот македонски, за копнежот, а и за тоа да се покаже и докаже дека иселувањето не значи искоренување од матицата земја. Македонските иселенички организации и заедници, особено македонските храмови се матиците околу кои се обединуваат Македонците од сите делови на Македонија. Македонските

православни цркви низ светот, мноштвото гласила, објавените книги и неброените песни и ора, се само дел од историската ризница и културниот подем што го постигнуваат Македонците насекаде низ светот“.

Во воведот, пак, на делото „Илинден 1903-2003 и македонските иселеници“ авторот Славе Катин напишал дека Македонците како библиски народ, своето постоење и опстанокот низ историјата, најверојатно му го должат, меѓу другото, и на празникот Илинден, издигнувајќи ја неговата верска и национална симболика до ниво на маѓија која ги поврзува, независно дали се наоѓаат во Австралија, Соединетите Американски Држави, Канада, Европа (Европската Унија) или на други простори. Овој македонски празник е ден над деновите, симбол над симболите, магнет над магнетите, со кој националното ткиво има своја резонанса и планетарна шифра, по која светот ги распознава Македонците.

Стогодишниот јубилеј на Илинден е оној генетски предизвик од кој мора да се родат вакви и слични книги, посветени на неговите cosвездија чие зрачење, ние Македонците го чувствуваме цел еден век, не само во нашата колевка на Балканот, туку и на сите континенти на кои изртило нашето семе.

Илинденските празнувања на сите континенти имаат свој типично македонски концепт, односно функционираат како систем кој го мотивира и стимулира најкреативното кај Македонците на овие простори. На нив доаѓа до израз исконското, цивилизациското кредо на нацијата, изразено низ вредностите создавани со векови во областа на музиката, фолклорот, везот, резбата и носијата, кои ја збогатуваат културната.

И Крсте Петков Мисирков за Илинденското востание, рекол дека Илинден претставува епоха во македонската историја, но жестоко ги критикувал револуционерите-раководители за неподготвениот и крајно ризичен чин. Тој го осудувал отсуството на една општоприфатена национална програма, па предлагал заедно со барањето македонска држава да се побара и признавање на македонскиот национален идентитет, македонскиот литературен јазик и Македонската православна црква, во лицето на обновената Охридска архиепископија.

На тој голем историски настан Илинден 1903-2003 авторот Славе Катин му ја посветува и оваа книга, со која фактички сака да даде скромен придонес кон општите напори на македонскиот народ од етничка Македонија, да го одбележи како најсветол датум во својата историја, која заслужува да биде осветлена од сите позначајни аспекти од неговата појава до денес.

Покрај тоа што македонскиот народ во 1903 година се крена на востание да се бори за својата слобода и за создавање независна македонска држава, само десет години подоцна Македонија беше брутално нападната, окупирана и поделена од своите соседи Грција, Србија и Бугарија; поделба потврдена од страна на големите европски сили на 10 август 1913 година, со Букурешкиот договор.

Познато е дека Македонците постоеле во 1912 и во 1913 година. Всушност, целиот свет знаел дека Македонците постоеле дури и пред тоа, бидејќи читале за нив во весниците. Целиот свет читал за Илинденското востание од 1903 година и за тоа како македонскиот народ се обидувал да се ослободи од турското ропство.

Денес имаме стотици исечоци од весници од тоа време, практично од секој голем весник во светот, кои, без сомнение, докажуваат дека Македонците постоеле во 1903 година, само една деценија пред Македонија да биде брутално нападната, окупирана и поделена од соседните земји.

Исто така, треба да се знае дека ние сме Македонци затоа што ние, нашите татковци и мајки, нашите дедовци и баби и многу генерации мажи и жени пред нив, кои биле родени во етничка Македонија, биле Македонци, бидејќи земјата на која сме родени, во која сме пораснати и во која почиваат илјадници генерации се вика Македонија. Нам не ни требаат нашите непријатели да нѐ дефинираат и да ни кажуваат кои сме ние, а кои не сме. Ние сме Македонци бидејќи тоа е она што сме!

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од публикацијата „Илинден 1903-2003 и македонското иселенишво“ биле печатени 44 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со Илинден и македонските иселеници..

ВИСТИНАТА ЗА АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ (ВЕЛИКИ) И АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА (5)

Често се поставуваат прашањата: Од каде потекнува Александар III Македонски? Кој е Александар Велики? Какво е неговото потекло, образование, воспитание? На која нација ѝ припаѓал? Кои биле неговите знаења, умеења, намери, погледи, постигнувања? Каков бил неговиот однос кон културите надвор од Античката Македонска Империја кон античките Елини - Грци и кон нивните градови - држави (полисите), кон империите, кон глобалниот свет, воопшто? Како тој станал најголем освојувач во целокупната историја на човештвото?

Многу прашања, многу одговори од илјадници научници, намерници и вљубеници на ликот и делото на Големиот Александар III Македонски, кој оставил вечни траги и за кој се напишани милиони страници од папируси до современи средства за информирање.

Историскиот роман ***„Александар Велики“*** од германскиот научник Улрих Вилкен (Ulrich Wilcken ALEXANDER THE GREAT), бил преведен и приспособен од англиски на македонски јазик како ***„Александар Македонски“*** од Славе Николовски-Катин, а во издание на Издавачката куќа „Мисла“ од Скопје, во 1988 година. Преводот на делото „Александар Македонски“ било прво дело за Античка Македонија на македонски јазик и добро било прифатено пред триесетина години.

Тој широко ги отвори портите ние денешните Македонци да се запознаеме со нашето минато, а таа дејност да ја продолжат бројни интелектуалци, зошто во овој долг и богат со настани временски период, само два народа се нарекле Македонци: античките Македонци и сегашните Македонци кои денес живеат

на просторот на етничка Македонија и на сите континенти во светот.

Денес, ние Македонците, правдољубивите научници и реалниот свет сме сведоци на тоа дека одреден број земји, „потковани“ со ненаучни факти и невистини, а поддржани од некои глобални политики на одредени големи сили, за жал, и голем срам сакаат да ни го одземат нашето минато, сегашност и иднина и да ја изменат античката македонска библиска и денешна историја, култура, религија, јазик и македонската вистина.

Често за преведувачот на вака голем, значаен и одговорен превод, на латински се вели – „traduttore, traditore“ („преведувачот е предавник“), сепак, авторот Славе Катин се потрудил да биде реален и преводот од англиски на македонски на романот да го приспособи за читателите на македонски јазик, со цел преводот да биде најсоодветен на оригиналот на преводот од германски на англиски јазик.

Уште на почетокот авторот Улрих Вилкен во романот „Александар Македонски“, пишува дека откако се појавила од донекаде заостанатата античка македонска нација за да присвои за себе поголем дел од Античка Елада - Грција и Азија, Александар Македонски сигурно загосподарил со човековата имагинација.

Природата на оваа појава е комплексен феномен. Доволно е да се рече дека има многумина со името Александар, веројатно, толку многу колку што ги има и оние што покажуваат голем интерес за него. Сложената природа на Александар бара јасно испитување на дилемата во која современиот научник често се наоѓа самиот себеси.

Се доаѓа до сознанието дека навистина се работи за тројца Александровци, или подобро речено, Александар на три понекогаш јасни, понекогаш нејасни посебни нивоа. Првиот од нив е митолошко-романтичниот Александар. Тој е Александар кој се појавува во литературата на осумдесет нации од Британските Острови до Малајскиот Полуостров.

Тој е херој во многу религиозни и световни дела во европскиот средновековен романтичарски период, квазипосветен човек во талмудската литература, Бог во Коптската

црква на Египет, а и нов Ахил во грчката традиција. Неговото персиско име Искандар, сè уште предизвикува необични реакции кај некои народи кои се населени во пустите предели што се протегаат од Каспиското Море до горните притоки на реката Инд.

Горчливите спомени за Александар како освојувач сè уште се многу силни во народниот фолклор. Така, еден патник од Запад, со цел да го проследи патот на Александар преку Азија бил изложен на пцости на некои авганистански селани, само поради тоа што прашал дали Александар поминал оттаму.

Според многу легенди, тој е крал, херој, бог, освојувач, филозоф, научник, пророк, државник и визионер, чиишто идеали за универзалното братство се сметаат како основа на стоицизмот, кој датира три века пред христијанството. Тој, исто така, е пијаница, убиец на родителите, арамија и колач. Обвинуван е од развратниците дека не ги почитува чувствата на сите возрасти. Накусо, тој е џин во литературата и во народната традиција и неговото име и подвизи, измислени или вистинити, веројатно, нашироко се познати повеќе од кои да било до денешно време.

Вториот Александар е историскиот Александар. Познато е дека со својот татко Филип II Македонски, потчинил и скарал многу грчки градови на кои во тоа време им поминал златниот период. Следејќи го Филипа, преминал од Европа во Азија, а на бојното поле го уништил древното, но колебливо величество на Персиската Империја.

Бидејќи ја исполнил својата улога како водач на света војна против традиционалниот непријател, Александар ја довел војската дури до реката Инд, крајот на тогашниот познат свет, а се вратил за да умре во Вавилон, во својата триесет и трета година од животот. За овој неверојатен поход се познати оскудни податоци со несредена хронологија.

Сигурно е дека тој го променил делот на светот низ кој поминал, поставувајќи ги темелите за евентуално воведување на елинската (грчката) цивилизација во огромниот дел на Западна Азија. Процесот на елинизација делумно довел до развој на институции кои, покрај другото, овозможиле ширење на римската хармонија и на христијанската религија.

Неговата оставнина го опфаќа важниот и фасцинантен град во Египет, кој сè уште го носи неговото име, како и други дваесетина Александрии, расфрлени во Централна Азија. Потомците на неговите војници влијаеле можеби врз антропоморфната форма што, евентуално, ја прифатил Буда. И во некои оддалечени долини на Каракорум и денес живеат луѓе кои, веројатно, се Ариевци, зборуваат индо-ариевски јазик и водат потекло од војската на Александар. Историски, тој е рангиран меѓу најважните луѓе, кои некогаш живееле, врз основа на неговото духовно и телесно совршенство и врз промените што ги направил во историјата на тој дел од светот.

Третиот Александар е Александар човекот. Она што овозможува да се сфатат вистинските тешкотии на човекот е постојаниот конфликт меѓу митолошките и историските фигури. Александар стана легенда на своето време, која се прошири во античкиот свет и го направи загатка, влијаејќи како и секое делче од сериозните или од лекомислените текстови за него.

Така, секој што сака да го изучува Александар се соочува со митолошките и со историските ликови. Она што ќе го протолкува од тоа, за него тоа е вистинскиот Александар, интерпретација што станува лична. Проблемите со кои се соочува биографот на Александар, иако не се ретки, сепак, се темелат врз многу скудни податоци. Биографот на Винстон Черчил или на Франклин Рузвелт се среќава со премногу материјали што овозможуваат вистинско и сестрано проучување што ќе му дозволи на некој начин да ги редуцира многуте податоци.

Историскиот роман, пак, ***„Александар Македонски“*** од Славе Катин и Георги Бранов чии рецензенти се д-р Владан Велков и Александар Донски е луксузно издание на Книго-издателството „Македонска искра“ од Скопје. Тој е отпечатен на македонски јазик, на 540 страници. Ова интересно дело претставува зна-чаен придонес и прилог кон осветлувањето на голем број аспекти за древноста и континуитетот на историската вистина за Античка Македонија.

Во ова дело се вели дека Александар Македонски во историјата ќе остане запаметен како најголем светски војсководец и непобеден воин, творец на новиот свет, на новиот поредок.

Римјаните кои ќе тргнат по стапките на античките Македонци, ќе го наречат „Alexander Magnus“ (Александар Велики). Така и германскиот научник Улрих Вилкен (Ulrich Wilcken) во историскиот роман ќе го нарече ALEXANDER THE GREAT (Александар Велики), кој е преведен и приспособен од англиски на македонски јазик како „Александар Македонски“ од Славе Николовски-Катин, а во издание на Издавачката куќа „Мисла“ од Скопје, во 1988 година, на 390 страници.

Благодарение на порталот „Македонска нација“ романот „Александар Македонски“ бил печатен во континуитет речиси една и пол година, во 75 продолженија, со цел широката читателска публика да се запознае со вистината за Античка Македонија, со ликот и делото на големиот стратег, мислител и дипломат - Филип II Македонски и со неговиот син - најголемиот воин досега, освојувач на земји и цар на силното Македонско Царство - Александар III (Велики) Македонски. Затоа, со право се вели дека овој историски роман претставува значаен придонес и прилог кон осветлувањето на голем број аспекти за древноста и континуитетот на историската вистина за Античка Македонија.

Во ова дело како втор автор е приклучен Георги Бранов, по потекло од селото Буф, во Егејска Македонија, доктор по ветеринарни науки кој педесеттина години живее во Канада и ја брани вистината за Македонија, особено за Античка Македонија. Тој е еден од Македонците кој најмногу се запознал и го почитува историскиот развој и вистината за Александар Македонски и Античка Македонија од автори кои пишуваат за оваа проблематика на англиски јазик.

На 10 ноември 2019 години, во салата на МПЦ „Света Богородица“ во Кембриџ, Онтарио се одржала промоција на публикациите „Александар III Македонски“, дело на Славе Катин и Георги Бранов. Свеченоста ја отворил свештеникот на МПЦ „Света Богородица“, Гоце Деспотовски, а за романот „Александар III Македонски“ зборувала Бранкица Кузмановска-Матеска, претседател на Женската секција во Црквата. Во своето излагање таа рекла дека Александар во историјата ќе остане запаметен како најголем светски војсководец и непобеден воин, творец на новиот свет, на новиот поредок.

Во своето излагање Бранкица Кузмановска-Матеска истакнала дека според историските документи Александар III Македонски бил роден на 22 јули 356 година во македонската престолнина Пела, на 20 години станал македонски цар, а починал во Вавилон на 13 (според некои на 10) јуни 323 година пред Христа. Неговото воено дело, според кое е познат во целиот свет, се изучува во воените академии на сите држави.

Кај нас, за жал, античкиот период не бил често и континуирано истражуван, затоа бројот на делата кои се занимаваат со ова прашање е многу мал, за разлика од нашите јужни и други соседи, кои со векови копаат по „нивната“, за да ја замаглат и покријат нашата вистина. Меѓутоа, вистината не може да се закопа во земја, кога тогаш таа ќе излезе на површина. Таков е случајот со вистината за Античка Македонија и древните Македонци, за кои е напишано толку многу литература што може да се спореди со литературата за Светото писмо - Библијата.

Токму затоа имаме можност и убава прилика овој пат на македонски јазик да го претставиме и да се соочиме со историски роман што се темели врз вистински аргументи и историски пишани материјали за Античка Македонија. Овој историски роман на Славе Катин и Георги Бранов е лика и прилика за развојниот континуитет на Македонија, претставен во романизирана литературна форма, со посебна нагласка на ликот и делото на големиот стратег, мислител и дипломат – Филип II Македонски и најголемиот досега воин, освојувач на земји, генија над гениите, обединувач на народите, почитувач на различните култури, традиции и обичаи, и цар на силното Македонско Царство – Александар III (Велики) Македонски.

Затоа, со право може да се рече дека ова дело претставува библиска вистина за македонските корени и непресушен извор од каде секој Македонец ќе ја пие чистата патриотска љубов кон татковината – Македонија, кон својот народ, со правичен однос и почит кон своите собраќа, пријатели, соседи, кон човештвото, рече Бранкица Кузмановска-Матеска.

Во врска со патувањето на Исток на големиот Александар Македонски (Велики) постојат повеќе легенди. Меѓу нив ќе ги спомене следните: Имено, една легенда го носи насловот

„*Осаменото дрво*” и била запишана некаде во северниот дел на Иран., каде постоело едно осамено дрво среде огромна пустина. Наводно тоа дрво изникнало на местото на голема битка помеѓу Александар Македонски и персискиот цар Дарие.

Дрвото било со огромна големина и дека од едната страна имало зелени лисја, а од другата бели. Она што е многу интересно е фактот дека на најстарата зачувана претстава на битката кај Ис (мозаикот од Помпеј од 80 година пред Христа) и навистина во позадината (над главата на Александар, кој е првата фигура од лево) се гледа едно осамено дрво.

Една легенда за Александар Македонски носи наслов “*Наследникот на Александар*” Според оваа легенда, Александар се оженил за ќерката на Дарие некаде на територијата на денешен Авганистан. Од тој брак тие добиле деца, кои пораснале се омажиле и ожениле и така нивното потомство стигнало се до 13 век, затоа во земјата Бадакшан, чии владетели себе си се сметале како директни потомци на Александар и на неговата персиска невеста.

Една легенда го носи наслов „*Последниот еднорог”*, од која познатиот коњ на Александар по име Букефал, до својата четиринаесетта година од животот, наводно бил еднорог, за што во земјата Бадакшан, наводно постоело едно стадо еднорози, кои наводно потекнувале од Букефал.

Една легенда за Александар Македонски носи наслов „*Александровата преграда*”. Оваа легенда се однесува за еден настан што наводно се одиграл на територијата на денешна Грузија. Според оваа легенда во оваа земја напредувањето на Александар било запрено затоа што пред него се појавил опасен теснец. Од едната страна се наоѓало морето, а од другата имало непреодни планини со густи шуми пред нив. Овде Александар решил да изгради преграда во теснецот помеѓу двете планини. На тој начин Александар ги спречил племињата што го напаѓале и ги отсекол од цивилизираниот свет. Таа преграда го добила името „Железна порта“.

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од публикацијата „Александар Македонски“ биле печатени 150 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со Античка Македонија..

ПЕТТИ ДЕЛ: МОНОГРАФИИ

СЛАВЕ КАТИН – АВТОР НА 18 МОНОГРАФИИ ЗА ПОЗНАТИ ЛИЧНОСТИ ВО ДИЈАСПОРАТА И МАКЕДОНИЈА..... 239

ДЕЛОТО „АТАНАС БЛИЗНАКОВ“ ПРВА МОНОГРАФИЈА НА СЛАВЕ КАТИН (1)..... 246

ДЕЛОТО „АНДРЕА БРАНОВ“ – ПРВА ДВОЈАЗИЧНА МОНОГРАФИИ НА СЛАВЕ КАТИН (2)..... 254

МОНОГРАФИЈАТА ЗА „СЕМЕЈСТВОТО ЈАНОВСКИ“ ОД ТОРОНТО (3)..... 257

МОНОГРАФИЈАТА „СВЕТЛЕ (СТИВ) СТАМЕВСКИ“ ЗА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИСМЕН ВО САД (4)..... 266

МОНОГРАФИЈАТА „ТОМОВ“ – ЖИВОТНА СТОРИЈА ЗА ФОЛКЛОРИСТОТ ГЕОРГИ (ЏОРЏ) ТОМОВ (5)..... 270

МОНОГРАФИИТЕ „БОШКО РАЈЧОВСКИ-ПЕЛИСТЕРСКИ“ И „ГОГА ПЕЧЕНКОВСКИ“ (6)..... 275

ПЕТАР СТАМАТОВ – ДОНАТОР ЗА МАКЕДОНСКИТЕ СТУДЕНТИ (7)..... 280

МИТРОПОЛИТОТ КИРИЛ – ПРВИОТ НАДЛЕЖЕН АРХИЈЕРЕЈ ВО МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (8)..... 287

ГОЛЕМИОТ БИЗНИСМЕН И МАКЕДОНЕЦ ЃОРЃИЈА-ЏОРЏ АТАНАСОСКИ (9)..... 299

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА „ЗЕГИН“ ВО МОНОГРАФСКОТО ДЕЛО „ БЛАГОЈ МЕХАНЏИСКИ“ (10)..... 308

МОНОГРАФСКО ДЕЛО ЗА СИЛЈАН МИЦЕВСКИ – ПОЗНАТИОТ БИЗНИСМЕН И СПОРТСКИ РАБОТНИК (11)..... 313

ЕСМА РЕЏЕПОВА-ТЕОДОСИЕВСКА КРАЛИЦАТА НА РОМСКАТА ПЕСНА (12)..... 318

МОНОГРАФИЈАТА „СТИВ ПЉАКАС“ – ДЕЛО ЗА ДОНАТОРОТ И ГОЛЕМИОТ МАКЕДОНЕЦ (13)..... 325

ГОЈКО ЈАКОВЛЕСКИ, АЛИАС ГОЦЕ МАКЕДОНСКИ И НЕГОВИОТ ПРИДОНЕС ВО ИСЕЛЕНИШТВОТО (14)..... 333

МОНОГРАФИЈАТА ЗА СЕМЕЈСТВОТО „ВИДИНОВСКИ“ - ИНТЕРЕСЕН ИСЕЛЕНИЧКИ ЛЕТОПИС (15)..... 339

СТИХОЗБИРКАТА „ДОЖДОТ“ ОД ИЗАБЕЛ И СЛИКОВНИЦИТЕ ЗА САНДАРА, ДИНА И МАСИМО КАТИН (16)..... 345

СЛАВЕ КАТИН – АВТОР НА 18 МОНОГРАФИИ ЗА ПОЗНАТИ ЛИЧНОСТИ ВО ДИЈАСПОРАТА И МАКЕДОНИЈА

Прва монографија на Славе Катин е ***„Атанас Близнаков“*** за иселеникот од Гери, Индијана, САД, а по потекло од селото Д'мбени, во Егејска Македонија. Во ова дело се вели дека иако најголемиот дел од своето постоење го минал во емиграција, Близнаков до крајот на својот живот останал со проблемите на Татковината. Тој не се покажал како обичен печалбар, туку како личност што настојуваше да навлезе во суштината на македонската слобода, убава и правдољубива идеја, гледајќи ги работите со многу сериозен пристап, со што се издигна над времето во кое живееше.

Во целиот свој животен пат делбата на Македонија ја сфаќаше како трагедија и погуба за македонското дело. Затоа, со формирањето на Фондацијата „Атанас Близнакоф“, тој бил убеден дека ќе даде драгоцен придонес за Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, за македонскиот народ и за Македонија, а во исто време тоа ќе претставува поттик и инспирација за идните генерации во иселеништвото и пошироко. Во монографијата која е отпечатена во 2000 година на 336 страници и само на македонски јазик, се прави обид да се фрли светлина врз неговиот животен пат, со посебна нагласка на неговата донаторска дејност.

Прва монографија на „Атанас Близнаков“ доживеано низ перото на Катин претставува значаен документ за трајните врски на Македонците во светот со нивната дедовска земја Македонја, но и израз на комуникациите со неа, особено во овие пресудни времиња на големите општествени трансформации на

земјата од еден во друг подемократски систем, според европските стандарди.

Во делото посебно е нагласено дека големиот донатор Атанас Близнаков е еден од поекспонираните Македонци во дијаспората на овој план, кој ги градел ги мостовите со својата татковина Македонија.

Во неговото ново дело за Атанас Близнаков на македонски и на англиски јазик, кое се очекува да излезе во текот на оваа година, авторот Славе Катин се потрудил да ги зафати позначајните моменти од животот на овој доблесен иселеник, за кого постојано ќе навираат спомени, а најмногу ќе се потсетуваат студентите – стипендисти на Фондацијата „Атанас Близнакоф“, за неговото хумано и патриотско дело зашто тој останува да живее во историјата на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, на македонското иселеништво, на маке-донскиот народ и на Република Македонија.

Животот на Македонецот од Австралија, а по потекло од селото Буф, Леринско, „***Андреа Бранов“,*** пак, е своевидна сага за жилавоста, макотрпението, упорноста, истрајноста и непокорот. Во монографијата која е на македонски и англиски јазик, Славе Катин напишал дека сѐ она што може да биде одлика на луѓе, кои колку и да трпеле удари во животот, сепак, не се предале. Таков е случајот со Андреа Бранов кој уште како дете прогонет од својата татковина Егејска Македонија претрпел и глад и страв и неспокој.

Монографијата ***„Јановски“,*** пак, е прво дело на Славе Катин за Македонците од Канада и САД. Таа му ги отвори вратите на понатамошната негова писателска дејност. Инаку, и ова дело е на македонски и на англиски јазик и претставува документ за потеклото, животот и судбината на семејството Јановци, во Македонија и во Канада. Делото ги опфаќа генерациите родени во Велушина, Битолско и нивните потомци, кои се родени во Канада. Монографијата, главно, е наменета за идните нивни генерации, кои се раѓаат, растат и се формираат во Канада, со цел да не ги забораваат дедовските корени во Македонија. Во исто време таа е огледало за дејноста на фабриката за кујнски мебел „Јановски“ во Маркам, Онтарио.

Монографијата ***„Гога Печенковски“*** е дело за животната историја на Преспанецот од Перово кој живееше во Ресен. Во исто време таа е и историја на Преспа, а преку неа и на Македонија. Зашто она што се случувало од исконските времиња на Александар Македонски, преку незаборавните битки на цар Самуил, до оние на Гоце Делчев, Стив Наумов и Мите Богоевски, во Преспанскиот Регион, ги отсликува сите историски голготи низ кои минувала Македонија, сè до нејзиното прогласување за самостојна и независна држава. Со оваа книга за неговиот животен пат, во најкуси црти и најсублимирано, се проектира дел од најновата фаза на македонската историја.

Делото ***„Светозар-Светле Стамевски“*** е значајно и по многу нешта и е единствена монографија од овој вид. Таа претставува исцрпен осврт за вистината и за потеклото, живот-ниот пат и постигнувањата на Светозар–Светле (Стив) Стамевски од Детроит, а по потекло од селото Одри, Тетовско, истакнат македонски иселеник, сопартиец и личен пријател на претседателот на САД, Џорџ Буш Јуниор, и на неговото семејство.

Монографијата за Светле-Стив Стамевски и неговото семејство во исто време е и значајно дело за вистинска презентација и афирмација на минатото и на сегашноста на Македонија и на македонскиот народ, со посебна нагласка на Македонците во САД. Славе Катин, на нему својствен темелен и исцрпен стил, успешно го заврши и ова дело кое значи прилог и има голем придонес во иселеничката книжнина. Инаку, Стамевски е активен во македонската заедница, особено во Македонската православна црква „Света Богородица“ во Детроит.

Монографијата ***„Томов“,*** пак, претставува огледало за познатиот и признат фолклорист, етнолог, кореограф, скулптор, или како често го нарекуваа амбасадор на македонската култура, традициите и вистината за Македонија и македонскиот народ – Ѓорѓи (Џорџ) Томов. Оваа значајна и по многу нешта интересна двојазична монографија од овој вид претставува осврт за ликот и делото на Џорџ и за вистината за неговиот американски ансамбл „Томов“ од Њујорк. Монографијата е сублимат за дваесетгодишниот труд на околу 250 Американци, претежно Евреи кои го афирмираа македонскиот и балканскиот

фолклор, македонската култура, традициите и вистината за Македонија.

Во исто време монографијата „Томов“ претставува овековечување на Фолклорното друштво „Гоце Делчев“ што е во состав на Македонската православна црква „Свети Кирил и Методиј“ од Сидер Гроув, Њу Џерси, потоа на другите македонски асоцијации, на огромен број личности од македонските колонии, како и на значајни настани и активности на полето на фолклорот, културата и постигнувањата на национален план на Македонците во Соединетите Американски Држави.

Монографијата ***„Бошко Рајчовски-Пелистерски“,*** се однесува на Бошко и семејството Рајчовци, кое од втората декада на минатиот век живее и работи во Детроит, САД. Животната приказна на љубојчанецот во Детроит и Флорида се потпира на фактографијата која извира од животниот опус на иселениците со кои се гордее неговата стара татковина – Република Македонија.

Инаку, Бошко Рајчовски-Пелистерски е родољуб, роднокраен вљубеник, докажан активист, истакнато поетско и новинарско име. Книгата како траен документ, како вистинско сведоштво го овековечува богатиот личен и семеен летопис на ова познато и признато семејство чии корени се од Љубојно во Преспа, а кое се раширило во САД.

Монографијата ***„Петар Стаматов“*** од Славе Николовски-Катин и внукот на Стаматов професор Методија Трајковски, пак, е само еден аспект од историскиот развој, постигнувањата и животниот пулс на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ од Скопје. Таа е печатена на македонски и на англиски јазик во чест на животот и делото на еден од хуманистите од македонско потекло кој живееше во САД, Петар Стаматов и неговата Фондација. Доблесниот донатор Петар Стаматов, ја напуштил својата родна земја – Македонија од економски причини, а спомените, љубовта, тагата и патриотскиот дух кон татковината и својот народ не го напуштиле.

Една од најзначајните монографии, ако не и најзначајна, на Славе Катин е, секако, делото за ***„Митрополитот Кирил***“ (Кирил Поповски). Како најстар архијерej по хиротонија и архипастир со околу 45-годишно искуство и со значаен

историски изминат пат во поновата историја на Христовата Црква, тој достојно бил респектиран од македонскиот народ, особено во иселеништвото, како голем борец и поборник за запазување на честа, достоинството и автокефалниот статус на нашата света Македонска православна црква. Тоа особено се потврдува на просторите од Полошко-кумановската епархија, која митрополитот господин Кирил ја водел како нејзин надлежен архијерej.

Митрополитот Кирил бил избран за прв надлежен архијерej на Американско–канадско-австралиската македонска православна епархија, со која раководел повеќе од две децении. Тој уште од млади години покажал верност и преданост на македонската кауза, која, пред сé, се состоеше во зачувување на националната свест на Македонецот, особено во дијаспората.

Покрај монографијата за митрополитот Кирил, една од значајните монографии на Славе Катин е делото за „***Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски“,*** за човекот кој е исклучително голема, позната, призната и неодминлива личност во македонската дијаспора и во Македонија. Без сомнение, тој бил еден од економски најуспешните Македонци во светот. Иако подолго време живее на Флорида, во САД, од своето емигрирање до денес тој е длабоко и силно поврзан со судбината, вистината и настаните во Македонија. Џорџ Атанасоски е Македонец по националност и православен христијанин по вера.

Тој е еден од најголемите иницијатори и организатори на одбраната на македонското име, особено на македонското знаме од Кутлеш (Палатица). Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски е бранител и афирматор на историјата и честа на македонскиот народ и Македонија во светот, посебно во Северна Америка. Тој постојано ги изложувал своите погледи за можностите за македонски стопански, економски, културен и верски препород, како и за натамошен демократски развој на Македонија како суверена самостојна и независна држава.

Неодамна излегла од печат монографијата посветена на едно од најпознатите естрадни имиња на македонската музичка сцена и многу пошироко, Есма Реџепова-Теодосиевска и на нејзиниот животен сопатник и музички соработник Стево Тео-

досиевски. Автор на ова мошне интересно издание е истакнатиот публицист Славе Катин, воведот е на министерката за култура д-р Елизабета Канческа-Милевска, издавачи се „Македонска искра“ и асоцијацијата „Кралицата Есма и Стево Теодосиевски“ од Скопје, а со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија. Рецензенти на ова капитално дело се д-р Васил Тупурковски и д-р Јордан Плевнеш.

Инаку, монографското дело со наслов ***„Есма“*** е посветено на македонската музичка легенда и едно од најпознатите естрадни имиња кај нас и во низа земји на повеќе континенти - Есма Реџепова Теодосиевска. Тоа е сага за вистината на блескавата кариера, сублимат на животекот, биографско-публицистички времеплов за 55-те години на сцената на оваа доблесна дама, истакнат уметник, потврден хуманист, донатор, и човекољубец. Монографијата е хронопис и веродостоен приказ за угледната музичка sвезда и патриот, возљубеник во својата татковина Република Македонија и нејзиниот животен сопатник, истакнатиот музички уметник Стево Теодосиевски. Со илјадниците гостувања и концерти, со успешните настапи и мисии, Есма и ансамблот „Теодосиевски“, го пренесоа името на Македонија низ десетици и десетици земји низ сите меридијани на светот, афирмирајќи ја убавата македонска и ромска песна на нивен специфичен начин.

Славе Катин, заедно со Ѓорѓи Лумбуровски е автор на монографијата ***„Силјан Мицевски“*** на македонски јазик за бизнисменот од Битола. За човекот кој бил градоначалник на Битола, кој е спортски работник, сопственик на аптеките „Еурофарм“, почесен конзул на Република Србија во Република Македонија и кој секоја година организира симпозиум за културата и науката во градот на конзулите -Битола. Се очекува оваа монографија да излезе во најскоро време.

Исто така, Славе Катин е автор и на двојазичните монографии на македонски и англиски јазик за бизнисмените Благој Механџиски-Зегин од Скопје и за Стив Пљакас од Канада. Монографијата „***Благој Механџиски-Зегин*“** е посветена на бизнисменот, хуманистот и донаторот Благој Механџиски, име, кое е познато и респектирано на низа полиња и дечениски потврдено во бизнис-заедницата во Република Македонија. Во

исто време делото е посветено на 30-годишниот јубилеј на веледрогеријата „ЗЕГИН“, на 45-годишнината за посветеноста на бизнисот и 75-годишниот живот на Благој Механџиски.

Монографијата ***„Стив Пљакас***“ е дело за познатиот канадски бизнисмен од македонско потекло, Стив Пљакас. Публикација е на англиски и македонски јазик, на 340 страници и е посветена на името и делото на еден од големите бизнисмени и истакнати општественици од македонско потекло во Канада.

Тој е исклучително позната, призната и неодминлива личност меѓу Македонците во Канада и Соединетите Американски Држави. Тој е еден од најистакнатите Македонци кои се иницијатори, организатори и големи борци за афирмација и за одбраната на многувековното име на Македонците ширум светот, Македонската православна црква - Охридска архиепископија и на духовниот и националниот живот на Македонците во дијаспората.

Монографското дело насловено ***„Гојко – еден живот, една вистина“*** од Славе Катин е посветено на доблесниот Македонец, бизнисмен, истакнат хуманист и докажан донатор, духовен-посветеник и горд припадник на својот библиски род и македонската земја, Гојко Јаковлески, алиас Гојко Делчев-Рафкин – Гоце Македонски.

Тој е познат политички емигрант кој долги години живеел во Германија, во градот Берлин. Неговото име е познато, признато, уважено и респектирано на низа полиња и деценискиот потврдено во македонската заедница во Берлин, Германија и пошироко.

Монографското дело ***„Семејството Видиновски“*** на Славе Катин, а во издание на Книгоиздателството „Македонска искра“, од Скопје, 2019 година, 1-445 (на англиски и македонски) е посветено на ова македонско семејство кое пред педесеттина години се преселило во демократска Канада, но не ја заборавиле родната земја чии корени се протегаат во селото Крстоар, Битолско во Македонија.

Инаку, Рада Видиновска е позната на нашата македонска книжевна јавност. Досега таа напишала четиринаесет поетски остварувања кои излегоа во Македонија. Затоа, ние сме длабоко уверени дека нејзиниот книжевен растеж станува сé повпечатлив, со ист или сличен тематски круг.

ДЕЛОТО „АТАНАС БЛИЗНАКОВ“ ПРВА МОНОГРАФИЈА НА СЛАВЕ КАТИН (1)

За животот и делото на Атанас и Славка Близнакови се напишани две монографски дела. Монографијата ***„Атанас Близнаков“ (2000),*** на македонски јазик во издание на Ректоратот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ и Министерството за иселеништво на Република Македонија од Славе Николовски-Катин и монографијата ***„Атанас Близнаков“ (2017),*** на македонски и на англиски јазик, во издание на Ректоратот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, исто така, од Славе Катин.

Монографиите Славе Катин му ги посветил на животот и делото на најголемиот македонски донатор и хуманист од дијаспората, кој заедно со својата сопруга Славка ја формирале Фондацијата „Атанас Близнакоф“ на Скопскиот универзитет „Свети Кирил и Методиј“.

Кој е човекот што одбележа цел еден век со своето патриотско и хумано дело, со кое ќе остане во трајно сеќавање на генерациите млади Македонци - корисници на стипендија од неговата Фондација? Кој е човекот кој на младите Македонци и на својата земја ѝ подари четири милиони американски долари?

Одговорите на овие и на други прашања се содржани во книгата „Атанас Близнаков“ од Славе Катин, која претставува вистинска студија за вековната борба на Македонците да опстојат како народ, не само на овие балкански меридијани, туку и насекаде во светот, каде што нивното присуство секогаш било нераскинливо поврзано со стремежите за создавање своја самостојна и независна македонска држава.

Ова дело доживеано низ перото на Катин претставува значаен документ за трајните врски на Македонците во светот со нивната дедовска земја Македонја, но и израз на комуникациите со неа, особено во овие пресудни времиња на големите

општествени трансформации на земјата од еден во друг подемократски систем, според европските стандарди. Несомнено, големиот донатор Атанас Близнаков е еден од поекспонираните Македонци во дијаспората на овој план, кој градејќи ги мостовите со својата татковина Македонија, меѓу првите зачекорил по нив, со цел да се стави на располагање што побрзо да го изоди својот пат кон Европа и светот.

Иако најголемиот дел од своето постоење го минал во емиграција, Близнаков до крајот на својот живот останал со проблемите на Татковината. Тој не се покажа како обичен печалбар, туку како личност што настојувала да навлезе во суштината на македонската слобода, убава и правдољубива идеја, гледајќи ги работите со многу сериозен пристап, со што се издигнал над времето во кое живеел.

Во целиот свој животен пат делбата на Македонија ја сфаќал како трагедија и погуба за македонското дело. Затоа со формирањето на Фондацијата „Атанас Близнакоф“, тој бил убеден дека ќе даде драгоцен придонес за Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, за македонскиот народ и за Македонија, а во исто време тоа ќе претставува поттик и инспирација за идните генерации во иселеништвото и пошироко.

Истакнатите универзитетски професори д-р Радмила Кипријанова и д-р Тодор Џунов, како рецензенти на монографијата, го потврдуваат евидентниот факт дека Славе Николовски-Катин непосредно и аргументирано ја пренесува животната судбина и определбата на големиот донатор и хуманист Атанас Близнаков, кој својот долгогодишен животен пат го изоди чесно и достоинствено и го вгради во светото македонско патриотско дело.

„Не знам што е потешко - да се одживее достојно за почит и чесно речиси едновековен живот, или да се напише книга за еден таков живот? - се прашува д-р Џунов и додава: „Во овој случај авторскиот труд за нашиот почитуван сонародник Близнаков личи на светло огледало или на веродостоен документ за еден таков живот. Документ кој е верен одраз на еден живот и на едно дело достојно за почит“.

Монографијата за Атанас Близнаков била промовирана на 19 април 2000 година на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, по повод 23-годишнината од основањето на Фондацијата

„Атанас Близнакоф“. Книгата ја промовирала проф. д-р Радмила Кипријанова, а за делото зборувал и неговиот автор Славе Катин. По повод овие два значајни настана била одржана и свечена седница на Управниот одбор на Фондацијата, на која за монографијата „Атанас Близанкоф“ говорел ректорот Александар Анчевски и министерот за иселеништво м-р Мартин Треневски.

Овој значаен настан, меѓу другите медиуми, го одбележа и весникот „Македонија“ од Торонто, во кој новинарката Дора Ангелова истакнала: „Подолго време се чувствуваше празнина и потреба од еден ваков комплексен труд за хуманистот Атанас Близнаков. Честа му припадна, секако, не случајно, тоа да го направи Славе Николовски-Катин, кој не само што беше близок пријател на Близнаков, туку и негова продолжена рака за реализација на неговите замисли“. Посебен простор на промоцијата и на ова дело на Катин му посветило и списанието „Македонија“, во кое Атанас Близнаков бил чест гостин и соработник.

Со осамостојувањето на Република Македонија како независна, суверена и демократска држава, Славка и Атанас Близнакови добиле македонско државјанство што за нив било голема чест и гордост. Со тоа тие станале државјани и на Соединетите Американски Држави и на Република Македонија, за што Атанас Близнаков зборувал со одбрани зборови. Често тој истакнувал дека двете државјанства не значат само припадност на двете држави, туку и придобивка, гордост, обврска и израз на љубов кон двата народа и двете држави - Соединетите Американски Држави и Република Македонија.

Подготовката на монографии за истакнати македонски бизнисмени во Австралија, Америка и Канада е првиот чекор на Славе Катин во оваа насока, кој наиде на одличен прием кај нашите иселеници, бидејќи со овие двојазични изданија се остваруваат двојни ефекти: од една страна, се афирмира нивниот успех во земјата во која се докажале како успешни луѓе, а од друга страна, нивните роднини и пријатели во Македонија имаат можност да ги доживеат во поинаква светлина, која го зголемува нивното значење и углед во светот на бизнисот.

Инаку, Атанас Близнаков со неговата сопруга Славка живееле во Скопје повеќе од дваесет години (1976-1998). Во тој период Близнаков публикувал две книги. Првата е „Д'мбени и револуционерното минато во Костурско", издадена од Издавачката куќа „Мисла" од Скопје во 1982 година, а втората е „Националната, политичката и културната дејност на Македонците во САД и Канада", што ја издаде „Култура" од Скопје во 1987 година.

Книгата за неговото родно село Д'мбени има цел да ја запознае младата генерација со активностите, дејноста, корените и животот на Македонците од костурскиот крај, кои, не по своја вина, се распрскани насекаде по светот, но со душата се врзани со дедовската земја.

Во второто дело „Националната, политичката и културната дејност на Македонците во Сединетите Американски Држави и Канада" го презентирал македонското иселеништво, особено првата генерација доселеници во САД и Канада. На многу жив и наративен начин го дава интегрирањето на македонското иселеништво во новата средина, организирањето на македонските друштва и клубови, весници, организации и црковни општини. Книгата, всушност, е пресек на историјата и збиднувањата на македонските доселеници во Сединетите Американски Држави и Канада.

Во монографијата за Атанас Близнаков се вели дека тој има објавено и поголем број текстови во инфор-мативни гласила во САД и во Македонија, особено во списанието „Македонија", гласило на Матицата на иселениците од Македонија, сега на Министерството за иселеништво, во весниците „Нова Македонија", „Вечер", „Студентски збор" и други.

Инаку, животот на Атанас Близнаков започнал на 15 декември 1901 година во познатото револуционерно село Д'мбени, Костурско, во егејскиот дел на Македонија. Селото во кое се родени плејада предвоени македонски борци и интелектуалци, меѓу кои Лазар Поп Трајков, Лазо Москов, Лазо Трповски, Ташко Караџа и други кои се бореле за афирмација на македонските идеали.

Во Илинденското востание имал само дваесет месеци кога турскиот аскер навлегол во селото и кога неговата мајка Доча

во својата прегратка го однела во планината да го спаси од Турците, а неговиот татко Иван, заедно со другите мажи од селото, им се приклучил на востаничките чети кои се бореле за слобода на родната Македонија. По балканските колежи и Првата светска војна, како последица на лошите економски и политички услови, голем број Македонци, особено од Костурско, Леринско, Битолско, Преспанско, Воденско и од другите краишта на поделена Македонија, побарале спас, напуштајќи ја родната земја и своите најблиски и заминувајќи во белиот свет.

Еден од нив бил и Атанас Близнаков, кој на 19-годишна возраст, во цутот на младоста, ја вкусил горчината на емигрантскиот живот. Тој во 1920 година го напуштил родниот крај и тргнал во потрага за подобар живот по белиот свет. Од родителскиот дом го понел сознанието дека го гони немаштијата, но го понел и единственото чувство дека е Македонец, дека ќе остане тоа на кој и да е дел на земјата и дека, пак, ќе се врати во својата Македонија.

Новата страница од интересниот животен пат на Атанас Близнаков започнала на 16 декември 1920 година, кога пристигнал во Соединетите Американски Држави, во градот Медисон, во државата Илиноис, каде што веќе имало македонска колонија. Таму првпат се вработил како фабрички работник без знаење на англискиот јазик. По една и пол година се населил во Гери, Индијана, град што е сместен на езерото Мичиген, а кој во тоа време се развивал во индустриски центар. Таму, во Железарницата во Гери, еден од големите гиганти на тие простори, работел цели 34 години, сè до денот кога бил пензиониран.

За сето време во Соединетите Американски Држави, деловноста на Близнаков се состоела од купување на недвижнини и акции. Потоа, за вложување на стекнатото било потребно следење на целокупната економска состојба, како и знаење и умеење, особини коишто тој ги поседувал.

Времето во туѓина му поминувало многу брзо и по петнаесет години печалбарски живот, се вратил во родниот крај, каде што се сретнал со својот животен сопатник, Славка, млада и убава девојка од Д'мбени, која во период од шеесет и три години постојано била со него, го храбрела, живеела со

неговите идеи и заеднички копнееле за Македонија. Потоа, повторно заминал за Гери и засекогаш го оставил своето родно Д'мбени. Ги оставил сите убави и горчливи денови поминати во родниот крај, кога во Д'мбени, живееле над илјада Македонци, и со тага зборувал за денешното Д'мбени во кое пустелијата и утките го замениле детскиот џагор и селската врева.

Иако најголемиот дел од своето постоење го минал во емиграција, Близнаков до крајот на својот живот останал со проблемите на Татковината. Тој не се покажал како обичен печалбар, туку како личност што настојувал да навлезе во суштината на македонската слобода, убава и правдољубива идеја, гледајќи ги работите со многу сериозен пристап, со што се издигнал над времето во кое живеел.

Во целиот свој животен пат делбата на Македонија ја сфаќал како трагедија и погуба за македонското дело. Затоа со формирањето на Фондацијата „Атанас Близнакоф", тој бил убеден дека ќе даде драгоцен придонес за Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", за македонскиот народ и за Македонија, а во исто време тоа ќе претставува поттик и инспирација за идните генерации во иселеништвото и пошироко.

Во монографијата за Атанас Близнаков е забележано дека во текот на Втората светска војна, Близнаков, заедно со други македонски патриоти преку МАНС (Македонско – американски народен сојуз), морално и материјално ја помагал народно ослободителната борба на македонскиот народ. По војната Атанас Близнаков бил претседател на Комитетот за помагање на изградбата на Интерната клиника на Медицинскиот факултет во Скопје, што бил формиран во градот Гери, Индијана, Сединетите Американски Држави. Таа акција била окончана со успех и денес на Клиниката во знак на признание, стои ознаката за големата помош и љубов на македонските иселеници кон својата земја и својот народ.

Голема била желбата на Атанас Близнаков да ја посети Македонија, да види како се остварени неговите идеали. Желбата му се остварила за првпат во 1958 година, кога со сопругата Славка го посетил Скопје. Си заминал со надеж дека повторно ќе дојде. Повторно дошол во 1968 година и учествувал во прославата на Илинденските свеченост.

По враќањето во Америка кај Атанас Близнаков се родила мислата и желбата дефинитивно да се врати во Македонија. За сето време постојано бил опседнат со идејата да направи нешто со што ќе може на некој начин да и помогне на својата татковина, на својот народ што толку многу го сакал. Така се родила мислата за основање на Фондацијата „Атанас Близнакоф“ за стипендирање студенти од Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 1976 година дефинитивно се населил во Скопје и покренал иницијатива за основање на фондација. Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје има свој Статут по кој работи. За остварување на целите и задачите на Фондацијата се грижи Управен одбор чиј претседател е ректорот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, а потпретседател е авторот на овие редови како постојан член на Фондацијата.

Првите стипендии се доделени на 10 студенти, за постепено таа бројка да се зголеми на 50 студенти. Заклучно со учебната 2014/2015 година стипендија имаат добиено околу 250 студенти. Мнозина од нив, по дипломирањето, се вклучиле во образовниот процес на Универзитетот како асистенти, доценти и вонредни и редовни професори.

Голема благодарност од Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје и од студентите и почит кон починатите Атанас Близнаков и неговата сопруга Славка Близнакова. Затоа, името „Атанас Близнаков“ го носи Домот за постдипломци во Скопје.

Атанас Близнаков починал на 10 јули 1998 година во Скопје, Универзитетот, на донаторот и големиот хуманист, му е вечно благодарен и неговото име го зазема почесното прво место на Спомен-плочата на донатори, изработена во знак на почит и благодарност кон сите кои дале значаен придонес во создавањето и развојот на творечкиот подем на Универзитетот.

Покрај донаторската активност Атанас Близнаков се занимавал и со публицистика. Ги објавил трудовите: Д’мбени (монографија за селото) и Спомени за националната, политичката и културната дејност на Македонците во Синетите

Американски Држави и Канада, како и статии, интервјуа и други материјали во дневниот печат, на радиото и телевизијата.

Во монографијата за донаторот Атанас Близнаков се вели дека тој долги години активно соработувал со Матицата на иселениците во Македонија, со Македонската православна црква и со други невладини организации.

За своето големо дело Атанас Близнаков е одликуван со Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда, од тогашното Претседателство на СФРЈ, го добил највисокото републичко признание наградата „11 Октомври“, потоа со Плакета на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, со Плакета на Одборот на децата бегалци од Егејска Македонија, како и многу други плакети и благодарници.

По повод 2000 години од христијанството, Министерството за иселеништво (сега Агенција за иселеништво), на истакнати поединци, асоцијации, клубови и добротвори (дарители) и луѓе кои на најразличен начин помагале за афирмација и напредок на Република Македонија и македонството, воопшто, им додели медали „Свети Климент Охридски“, „Свети Јован Кукузел“ и плакета „Јустинијана Прима“. Прв добитник на медалот „Свети Климент Охридски“ е Атанас Близнаков.

Близнакв има објавено и поголем број текстови во информативни гласила во Сединетите Американски Држави и во Македонија, особено во списанието „Македонија“, гласило на Матицата на иселениците од Македонија, сега на Министерството за иселеништво, во весниците „Нова Македонија“, „Вечер“, „Студентски збор“ и во други гласила со кои тој останал приврзан до крајот на својот живот.

Благодарение на порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од публикацијата „Атанас Близнаков“ биле печатени 35 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со донаторството на македонските иселеници.

ДЕЛОТО „АНДРЕА БРАНОВ“ – ПРВА ДВОЈАЗИЧНА МОНОГРАФИИ НА СЛАВЕ КАТИН (2)

Монографијата **„Андреа Бранов“** е првото издание на македонски и на англиски јазик. Тоа дело Славе Катин му го посветил на Андреа Бранов, истакнат Македонец од Австралија. За ова дело, во предговорот Фиданка Танаскова, уредник во „Нова Македонија“ истакнала дека е своевидна сага за жилавоста, макотрпението, упорноста, истрајноста и непокорот на Македонците во дијаспората.

Немирниот дух продолжува да се ефектуира во позитивна енергија, низ активност мошне силовита и плодотворна за Бранов во македонската заедница во Викторија. Андреа е активен во клубови, здруженија, црковни општини, а новинарството е неговиот предизвик и големата љубов. Како успешен човек не ја заборавил и Македонија, а особено родниот Буф и неговата Битола, со која соработува преку страниците на македонските и австралиските весници.

Андреа Бранов бил сведок на бомбардирања, на тортури и на тежок живот, на уцени на квазидемократската грчка власт. Спасувал глава како босоног трчајќи од полињата да стаса пред портите, а вдолж патот летале гранати од сите страни. Тој ја изодил и бегалската голгота '48-та, кога заминува кон селото Браилово во прилепскиот атар. Натаму, патиштата го носат кон штипските и други синори на Македонија. Од утро до мрак работи кревкото доста изгладнето, ама храбро издржливо момче.

Инаку, монографијата за иселеникот Андреа Бранов од Мелбурн, Австралија, е дело на Славе Катин, а го печатела Издавачката куќа „Македонска искра“, од Скопје во 2001година, на 222 страници (на македонски и англиски). Монографијата е поделена на четири дела. Првиот дел е насловен „Мојата Македонија“, а во него е поместен текст за Егејска Македонија, во кој,

меѓу другото се вели дека овој дел на етничка Македонија се нарекува уште Приморска или Беломорска Македонија.

Во текстот за неговото родно село Буф, Леринско, пак, е забелеѓано дека тоа е село во Егејска Македонија, денешна Република Грција, во општината Лерин, кое според пописот во 2001 имало 134 жители. Меѓутоа, во времето на посетата на Ѓорче Петров во 1896 година Буф имало 200 куќи со 2120 жители, сите Македонци под духовенство на Егзархијата. Улиците на селото биле нерамни, а некои биле поплочени со тесна груба калдрма. Селото Буф е сместено на надморска височина на околу 1000 метри, под источните падини на Баба Планина, расположено во котлината која ја формираат планините Баба и Бигла.

Во монографијата е посветено посебно место за познати личности од Буф, меѓу кои се:поп Костадин Трпков-Буфски, интелигентен свештеник кој оставил длабоки траги во македонското национално револуционерно движење во втората половина на XIX век, израснувајќи во една од најмаркатните фигури во борбата за национално ослободување на Македонија од турскиот јарем.

Посебно место во историјата на Буф и воопшто на Егејска Македонија имаат борците за човекови права на Македонците, особено во Егејска Македонија, Димче Хаџи Поповски и д-р Трифун Пановски. На овие личности градот Битола им се оддолжил со именување на една улица на Димче Хаџи Поповски, а Болницата во Битола го носи името на големиот хуманист д-р Трифун Пановски.

Вториот дел од монографијата е посветен на животниот пат на Андреа Бранов. Во него се дадени податоци за детството и младоста на Андреа, бегството од родното огниште, како и неговиот престој во селото Пишица, Свети Николско и во Битола. Потоа се дадени текстови за неговите подготовки за одење во Мелбурн, Австралија.

Меѓу другото, во монографското дело „Андреа Бранов“ се вели дека Андреа Бранов е роден во убавото македонско село Буф, Леринско, на 13 септември 11935 година, од татко Филип и мајка Марија.

Тој произлегува од видната фамилија Бранови која се смета една од најстарите во селото, чиј корени одат повеќе векови наназад дури до формирањето на ова убаво македонско патриотско село во Егејска Македонија.

Третиот дел е посветен на семејното стебло на Брановци, кое се расселило насекаде по светот, со посебна нагласка на фамилијата на Андреа Бранов. Во овој дел се поместени бројни податоци за семејството на Андреа проследени со интерсни фотографии од Македонија и Австралија.

Инаку, Андреа Бранов со фамилија тргнал од Битола за Австралија на 14 март 1963 година, а еден месец потоа на 14 април, на ден Велигден пристигнале во далечниот Мелбурн, во австралиската држава Викторија. Патувањето со брод било напорно но многу интересно. Во тоа време Австралија била мека за новодојденците од целиот свет.

Четвртиот дел го носи името „Печалбарски хоризноти“ и е испонет со дел од неговите новинарски и спортски активности. Притоа се дадени неговите активности на спортското поле како член на Управниот одбор на фудбалскиот клуб „Македонија Престон“ од Мелбурн. Таму ја откриле својата дарба и наклоност кон спортското новинарство. Учејќи го „занаетот“ прво соработувал со „Австралиско-македонски неделник“, а потоа со Етничкото радио и други гласила.

За одбележување за монографијата „Андреа Бранов“ од Славе Катин е и тоа што ова дело својата прва промоција ја доживеала во Торонто, Канада, во просториите на МПЦ „Свети Климент Охридски“, во организација на Литературното друштво „Браќа Миладиновци“, во 2001 година. По тој повод, истакнатиот македонски академски сликар Ѓорѓи Даневски, ќе нагласи: „Ова дело е лика и прилика за еден иселеник, откорнат од својата дедовска земја, кој, како и илјадници други Македонци, е прогонет од Егејска Македонија. Преку него, Катин ни го претставува животот, постигањата, судбината и вистината за Македонците насекаде во светот“, нагласува Ѓорѓи Даневски.

МОНОГРАФИЈАТА ЗА „СЕМЕЈСТВОТО ЈАНОВСКИ“ ОД ТОРОНТО (3)

Втората монографија на македонски и на англиски јазик Славе Катин му ја посветува на ***„Семејството Јановци“,*** од село Велушина, Битолско, иселено во Канада, сопственици на успешна фирма во Торонто. Во неа тој истакнува:

„Можеби оваа книга кога ќе дојде во рацете на идните канадски потомци на браќата Петре, Марко и Васил Јановски, ќе го поттикне нивниот интерес за племето стројни горди Македонци, растурени по светот.

Можеби таа ќе ги мотивира и стимулира тие да дојдат во Македонија, да застанат за миг пред портите на убавите куќи на нивните прадедовци во Велушина и да ја земат судбината во своите раце. Да видат што можат да направат за Татковината на нивните родители, која денес е самостојна и независна држава“.

Ако некој историчар бара оригинално македонско семејство, со сите карактеристики на национален, културен и верски план, подобар избор од Јановци, веројатно, нема да најде. Зашто историјата и генезата на ова македонско семејство, фактички е дел од историјата на Македонија, со сите нејзини голготи низ вековите.

Сликата за ова семејство е лика и прилика за оваа наша земја страдалничка. Поради тоа и не случајно во Биб-лијата (Светото писмо) и другите древни документи Македонија се споменува како библиска земја“, истакнува Славе Катин

Монографијата „Семејството Јановци“ не е само дело за успесите на ова иселеничко семејство во канадската економија, туку и за земјата од која потекнуваат. Историјата на Велушина, на Битола и на Македонија, Катин ја отсликува низ фактографијата на која можат да му позавидат многу публицисти.

Инаку, по повод празникот посветен на македонскиот просветител и патрон на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“, а во организација на Соборниот македонски храм што го носи неговото име и Литературното друштво „Браќа Миладиновци“ (чиј член е и Катин), на 8 декември 2002 година, во Торонто, Канада, се одржала значајна културна семакедонска манифестација.

Во големата сала на храмот, а во присуство на неколку стотини членови на македонските православни црковни општини, на бројни македонски друштва и асоцијации, бизнисмени, македонски дипломати и видни граѓани на културната јавност од метрополата Торонто, било претставено твореш-твото на хроничарот на македонското иселеништво, Славе Николовски-Катин. Тогаш било промовирано неговото најново двојазично дело (на македонски и на англиски), монографијата „Семејство Јановци“.

За Монографијата, пак, на доблесното македонско семејство на Петар, Марко и Васил Јановски, кое е познато и признато во македонската комуна во Торонто, а чии корени се од селото Велушина, Битолско, зборувал протаставрофорот Јован Босеовски, свештеник од црквата „Свети Климент Охридски“. Во своето пригодно обраќање, свештеникот Босеовски, меѓу другото, истакнал:

„Луксузната двојазична монографија „Семејството Јановци“ е прво дело од ваков вид во иселеништвото во Канада и претставува значаен прилог за корените, постигнувањата и животната приказна за браќата Јановски. Ова дело на Славе Катин е документ за трите генерации на семејството Јановски. Тоа е трајно сведоштво и прекрасна слика за ова познато и признато семејство.

Тоа е дело кое ќе предизвика поттик кај голем број македонски иселеници, особено кај помладите генерации, да не ги забораваат дедовските корени во стариот крај - во Македонија. Напротив, тие треба да бидат мост на зближување, разбирање и соработка на нашата нова татковина Канада и на земјата на нашите предци - Македонија, како што е случајот со семејството Јановски“, нагласил свештеникот Јован Босеовски.

За делото „Семејството Јановски“ зборувал и поетот Алексо Лозановски, истакнат иселеник од Преспа. Во своето обраќање, тој рекол дека монографијата „Јановски“ е ретко дело од ваков вид и затоа претставува значаен прилог за македонското иселеништво. Ова дело на Славе Катин, е документ за сите генерации на семејството Јановски.

Тоа е трајно сведоштво и прекрасна слика за овие наши луѓе, кои напуштајќи ја својата татковина поради економските проблеми со кои се судруваше земјата, во периодот на нејзината изградба и обнова, заминале во непознатиот свет за да се потврдат и афирмираат како способни и успешни Македонци, на кои нивната Татковина е горда. Од тие причини ова дело ќе предизвика поттик кај голем број македонски иселеници да не ги забораваат дедовските корени во Македонија.

Исто така, со пригодни зборови на присутните им се обратил и Звонко Муцунски, вршител на должноста амбасадор на Република Македонија во Канада, кој дошол специјално за промоција на монографијата.

На промоцијата на делото „Семејството Јановски“ што се одржа на 16 април 2003 година во Народната и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“ во Скопје, свое излагање под наслов „Предноста и моќта на книгата“ имал д-р Димитар Керамичиев, претседател на Матицата на иселениците од Македонија. Во своето излагање д-р Димитар Керамичиев го истакна следното:

Ми претставува чест и задоволство што ми е дадена можноста да го искажам своето мислење за трудот кој денес се промовира - монографијата за „Семејството Јановски“ од Славе Николовски-Катин, веќе 20-ти по ред труд, со тематика за македонското иселеништво.

Овој труд на Славе Катин го прочитав, речиси, во еден здив, при што ме опфати силно чувство на восхит, чувство на прекрасно задоволство. Се навратив од почетокот, од првите страници, ги прочитав повторно потцртаните зборови, реченици и мисли и се обидов да ги објаснам чувствата што ме исполнија. Утврдив неколку моменти: прво, самата структура на содржините на монографијата овозможува да се добие сосема јасен и целосен увид на основната цел на авторот.

Користејќи го индуктивно-дедуктивниот пристап авторот ги прикажал историските настани и развојот на селото Велушина, битолско, од каде потекнува семејството Јановски, а потоа ги опишал на најпластичен начин физичките, интелектуалните, емоционалните, карактерните и другите особини на главните ликови во монографијата, посебно таткото Ѓорѓи со синовите Васил, Марко и Петар, кои долги години заедно со своите семејства живеат и работат во Канада.

Меѓу нашата научна и публицистичка елита тешко може да се најде личност која може да се спореди со обемот, разновидноста на содржините и психолошката вдлабоченост, со кои се карактеризира богатиот опус на Славе Катин кога станува збор за неговите трудови кои се однесуваат за Македонците раселени по целиот свет, пред сè , во САД, во Канада и во Австралија.

Во што е предноста и моќта на Славе Катин за да биде најконтинуиран, најширок, најсеопфатен и најавтентичен, како што вели академик Блаже Ристовски во својата рецензија за книгата на Славе Катин „Македонците во САД и во Канада“, кога се во прашање проблемите на македонското иселеништво?

Мислам дека за таквата успешност на Славе Катин значајни се некои негови карактеристики, пред сè , без двоумење тоа е плод на структурата на неговата личност во која доминантна улога игра неговата изразена сензитивна перцепција која му овозможува да ги согледа најосетливите, би рекол, најскриените видови на однесување на Македонците во иселеништвото и без тешкотии да ги објаснува.

И при простото, фактографско изнесување на податоци за однесувањето и при описот на изразувањето на емоциите, или при описот на личните карактерни особини, Славе Катин тоа не го прави на обичен начин. Тоа го прави на свој сопствен начин. Тоа не го прави и со китење на зборови, туку со едноставни, искрени зборови, кои овозможуваат да се добие јасна слика за профилот на личноста за која зборува.

Си земам за право да кажам дека станува збор за надареност и со присуство на високо ниво на конотивно-мотивациско влијание. Вториот значаен фактор, за да се создаде ова извонредно дело на Славе Катин, е неговото добро

познавање на македонското иселеништво, кое долги години го проучувал.

Во нашите први контакти имав впечаток за потоа тој да се трансформира во увереност, дека Славе Катин живее со проблемите и настаните на македонското иселеништво, како да е тоа дел на неговата личност. Насекаде низ светот ги познава сите македонски цркви и црковни општини, организации, друштва и многу поединци, од пред многу години и сега. Кај Славе Катин постои трајна ориентација на неговата свест кон појавите и проблемите на Македонците во иселеништвото. Значајно е да се потенцира дека кај овој автор постои позитивен емоционален однос, како и јасно изразени позитивни ставови.

Тие негови психолошки карактеристики, верувам, се силата која го тера непрекинато и неуморно да го проучува македонското иселеништво. Иако нема формална едукација по историски науки Славе Катин во ова дело покажува извонредно познавање на историските настани и појави во Македонија од периодот на Античка Македонија до денешен ден. Посветете внимание во деловите на оваа монографија од 17-та до 94-та страница па ќе се уверите во оваа моја констатација.

Поголемиот број од овие страници буквално можат да бидат дел во некој учебник по историја за нашите ученици. На страниците од монографијата за историските настани за Македонија и за Велушина авторот Славе Катин е консеквентен во своите уверувања и храбар во своите кажувања. Кај него нема дилеми дека корените на Македонците се античките Македонци и нивните водачи Филип и Александар Македонски.

Надареноста на авторот да ги открива и да ги прикажува појавите и однесувањето на ликовите во монографијата како и неговото добро познавање на македонското иселеништво, се значајни фактори за создавање на овој извонреден труд, кој предизвикува восхит и задоволство кај читателот. Меѓутоа, третиот фактор, исто така, многу значаен, беше изборот, определбата на авторот да пишува за семејството Јановски, по потекло од село Велушина, кое се простира на 10-тина километри на југ од Битола, на патот што води од Драгош за Егејска Македонија, во Грција.

Ова семејство долги години живее во Канада. (Опишувајќи ги генезата и корените на членовите на ова семејство и нивниот животен развој, прво, во родното Велушина, а потоа во Канада, на авторот му овозможува да ги актуализира споменатите негови карактеристики. Во самиот почеток на трудот (стр.17), авторот истакнува: „Ако некој историчар бара оригинална македонска фамилија, (психолозите би рекле типична македонска фамилија), со сите карактеристики на национален, културен и верски план, подобар избор од Јановски, веројатно, нема да најде.“

Авторот со право го тврди тоа, зашто семејството Јановски е типично по бројните македонски карактеристики: честитоста, благородноста, скромноста, гостољубивоста, хуманоста, чувствителноста, работливоста, грижата за чување и негување на заедништвото во семејството итн. Поради тие изразени особини беа познати и почитувани во Велушина и пошироко во битолскиот крај.

Но, според исказите од многу поединци, што ги наведува авторот, членовите на ова семејство се карак-теризираат уште и со исклучителна надареност, талентираност и љубопитност во пристапот кон решавањето на секојдневните проблеми на нивниот живот во селските услови на живеење.

Среќата на семејството Јановски им беше наклонета што ја избраа Канада за своја втора татковина, зашто само таква земја (која го признава мултикултурното шаренило, со континуирана недискриминациска политика, каде секој има право на слобода на изразување на мислата, на верата, на негување на сопствената култура, обичаи и мајчиниот јазик), можеше да им овозможи да го изразат целиот свој потенцијал.

Секако, благодарение на сите особености на едно типично македонско семејство и на наследената надареност и талентираност (иако без особено образование, особено стожерите на семејството - таткото Ѓорѓи и неговите синови Петре, Марко и Васил), но, во канадски услови, и прифаќањето особини како: енергичноста, динамичноста, дисциплинираноста и организираноста, што се бараат и се важен предуслов за успех во западната цивилизација.

Денес семејството Јановски се успешни бизнисмени со фабрика за производство на мебел и кујнски елементи многу барани на канадскиот пазар поради нивниот квалитет. Постарите создадоа голема и сигурна иднина за бројните членови на нивните генерации: синовите, нивните сопруги и внуци кои се школуваат по разни универзитети во Канада и стекнуваат високо образование и стануваат специјалисти во разни области.

Покрај успесите што ги постигнуваат на полето на бизнисот членовите на семејството Јановски останале скромни, умерени, милозливи, со питомо срце и душа, чесни и хумани а над сè со изразени чувства за својот крај, за својата Македонија. Надвор од својата работа членовите на ова широко семејство се активни членови во македонските организации, посебно во македонските цркви, редовни во органите на Црквата „Свети Климент Охридски“.

Тие се големи донатори и покровители на црквите и на сите секции (културно-просветни, образовни, спортски и др.), кои функционираат во рамките на македонските цркви. Едноставно: тие ниту во еден момент не заборавија дека се Македонци, непрекинато интересирајќи се не само за она што се случува во нивното Велушина, туку и за настаните и животот во нивната Македонија. И во овој дел авторот Славе Катин ги пренесува нивните стремежи, нивните желби и надежи со една посебна ерупција на задоволство што лесно се пренесува и кај читателот.

За да не остане сам во своите раскажувања, на крајот на книгата авторот ги пренесува и исказите на повеќе лица (свештеници, новинари, бизнисмени и пријатели), кои зборуваат што значи семејството Јановски меѓу Македонците во Торонто и пошироко и што значи за бизнисот во Канада. Еве некои од тие искази...

Тие служат за пример во нашата македонска средина. Како големи домаќини тие помагаат сè што е македонско во Торонто и се редовни членови на Катедралата македонска – „Свети Климент Охридски“, ги помагаат радио и ТВ часовите, весниците кои се печатат на овие простори и се учесници на голем број хуманитарни акции...“ (Протаставрофор Јован Босеовски);.„срцето, душата и мислата е во оваа позната угледна

велушинска фамилија од која блика радост и топлина за сè што е македонско...“ (Драгица и Никола Белчевски, водители на радиопрограмата „Глас од Македонија“);...

„Семејството Јановски ужива голема почит како Македонци и голем респект како сопственици на нивниот бизнис. За мене Јановски се семејство кое во новиот свет го персонифицираат македонскиот дух со сета негова блескавост...“; (Зоран Карапанчев, пријател на семејството);... „ги познавам браќата Јановски... тие се многу искусни, честити, љубезни, ценети и многу сакаат да помагаат... им пожелувам многу успеси во нивниот развој и нивните цели...“

На крај, ќе завршам со надеж и со увереност дека монографијата на Славе Николовски-Катин претставува огледало за минатото и сегашноста на семејството Јановски, патоказ и развој на идните нивни генерации, метафора на едно македонско семејство кое минувајќи низ трновитиот пат на преселбите прерасна во семејство со голем углед во едно развиено општество, во една земја каква што е Канада.

И, сосема на крај, дозволете ми со длабоко чувство на резигнација, да укажам дека монографијата има и една друга порака, таа е за нас, овде во Република Македонија. Таа ни укажува, нè опоменува колку нашите луѓе раселени по светот мислат на својот крај, на својата Македонија. А, ние овде? Верувам дека авторот на монографијата посакува одговорот сами да го откриеме. Тој би требало да биде следниот: Република Македонија кон делот од својот народ кој се исели од македонската земја и кој живее надвор од границите на Република Македонија, не може да се однесува никако поинаку освен како кон припадници на својот македонски народ“, рече Драгица Белчевска.

Благодарение на порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од публикацијата „Јановски“ биле печатени 26 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со македонските иселеници.

МОНОГРАФИЈАТА „СВЕТЛЕ (СТИВ) СТАМЕВСКИ“ ЗА БИЗНИСМЕНОТ ВО САД (4)

.

Една од значајните монографии на Славе Николовски–Катин е, секако, публикацијата за истакнатиот македонски бизнисмен од Детроит, Светле (Стив) Стамевски, од тетовското село Одри, пријател на Џорџ Буш и голем македонски патриот и донатор.

Монографијата ***„Светле (Стив) Стамевски“*** е огледало на семејството Стамевски кое минало низ сите фази на македонското распетие, исполнувајќи го, речиси, целиот XX век со настани типични за вековната борба на Македонецот, не само во старата татковина, туку и на сите светски иселенички меридијани.

Во својот текст за монографијата авторот Славе Катин пишува: „Анализата на нивниот бурен животен пат, токму од изнесените причини, ни го открива светот на Македонецот во планетарни размери, покажувајќи и потврдувајќи дека потомците на Александар Македонски, независно од нивните родокрајни коти, се дел на една од најстарите светски цивилизации, чии трајни вредности ги вградуваат во сите делови на нашата галаксија“, истакнува Славе Катин во уводот на оваа книга и додава:

„По нив светот нè препознава и затоа, историјата на кое било успешно македонско семејство во дијаспората, фактички е историја и на нашето вековно битисување, не само на Балканот и во Европа, туку и на сите други континенти. Оттука, обидот да напишам монографија за семејството Стамевски, во мојата научноистражувачка работа за македонското иселеништво, претставува бисер на тој сложен проект, бидејќи се потпира на фактографијата која извира од животниот опус на тие луѓе, со

кои се гордее нивната стара татковина - Република Македонија. Таа, и покрај сите проблеми што денес ги има, успешно чекори кон својата демократска преобразба, свртена кон европските и светските интегративни процеси.

Стамевски живее во Соединетите Американски Држави, но не го заборава и својот роден крај. Тој не само што не кренал раце од своето родно Одри, Тетовско, во кое често доаѓа, туку ефектно влијае и врз тековите на американската политика. Изборот на нејзиниот прв човек Џорџ Буш Јуниор, меѓу другите, е и негова заслуга, со која се гордее. Зашто неговиот влог на тој план, е влог во иднината на најмоќната држава во светот, но индиректно и врз иднината на Македонија. Дали оваа наша држава, тоа ќе знае и умее да го цени, ќе покаже времето“, заклучува Катин.

На 24 септември 2006 година, во просториите на Македонска православна црква „Света Богородица“ во Детроит, САД, се одржала промоција на монографијата за успешниот бизнисмен Светле (Стив) Стамевски. На промоцијата зборувал свештеникот Благоја Ацевски, кој го изнел следното:

„Автор на ова двојазично дело е познатиот и признат истражувач на Македонците во дијаспората, новинарот и публицист Славе Николовски-Катин, а делото го издаде Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје. Оваа значајна и по многу нешта единствена монографија од овој вид, претставува исцрпен осврт за вистината и за потеклото, животниот пат и постигнувањата на Светозар-Светле(Стив) Стамевски, истакнат македонски иселеник, сопартиец и личен пријател на претседателот на Соединетите Американски Држави, Џорџ Буш Јуниор и на неговото семејство.

Монографијата за Светле-Стив Стамевски и неговото семејство од Славе Катин, во исто време е и значајно дело за вистинска презентација и афирмација на минатото и на сегашноста на Македонија и на македонскиот народ, со посебна нагласка на Македонците во САД. Славе Катин, на нему својствен темелен и исцрпен стил, успешно го завршил и ова дело кое значи прилог и има голем придонес во иселеничката книжнина. Книгата е поделена на девет делови.

Презентиран е краток осврт на историјата на Македонија, на полошкиот крај и на родното село Одри, Тетовско, на семејството Стамевски, потоа родословието на ова семејство, нивниот историски развој во Македонија и во САД, пријателството на Светле со угледни американски личности од јавната администрација, неговите активности во македонската заедница, особено во Македонската православна црква „Света Богородица“ во Детроит и други значајни настани, кои оваа книга ја прават интересна за читање.

Со оваа монографија Славе Николовски-Катин уште еднаш успеал да оттргне од заборавот и да овековечи дел од животот на македонските иселеници, овој пат преку личноста и делото на познатиот и признат бизнисмен и виден Американец од македонско потекло, Светле-Стив Стамевски“, истакнал свештеникот Благоја Ацевски.

Делото „Стамевски“ е значајна и по многу нешта единствена монографија од овој вид и претставува исцрпен осврт за вистината и за потеклото, животниот пат и постигнувањата на Светозар–Светле (Стив) Стамевски, истакнат македонски иселеник, сопартиец и личен пријател на претседателот на САД, Џорџ Буш Јуниор и на неговото семејство. Инаку, на Светле Стамевски крстеното име му е Светозар, а во Америка го викаат Стив.

Монографијата за Светле (Стив) Стамевски и неговото семејство од авторот на овие редови, Славе Катин, го отпечати Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје во 2005 година, на 222 страници на македонски и на англиски јазик. Таа во исто време е и значајно дело за вистинска презентација и афирмација на минатото и на сегашноста на Македонија и на македонскиот народ, со посебна нагласка на Македонците во САД. Делото е темелно и исцрпно кое значи прилог и има голем придонес во иселеничката книжнина.

Делото е поделено на девет делови. Презентиран е краток осврт на историјата на Македонија, на Полошкиот крај и на родното село Одри, Тетовско, на семејството Стамевски, потоа родословието на ова семејство, нивниот историски развој во Македонија и во САД, пријателството на Светле со угледни американски личности од јавната администрација, неговите

активности во македонската заедница, особено во Македонската православна црква „Света Богородица“ во Детроит и други значајни настани, кои оваа книга ја прават интересна за читање.

Авторот на ова дело, последниве години сè повеќе го преокупираат успешните Македонци во дијаспората, чиј број не е мал, а кои му даваат своевиден белег на овој стар иселенички феномен. И не само заради спецификата на миграциските движења во светот, особено во минатиот век, туку поради фактот што Македонците, независно на кои светски меридијани ќе се најдат, посебен белег им даваат на општествата во кои се интегрираат.

Типичен пример за тоа е почитуваното семејство на Светле (Стив) Стамевски од село Одри, од Полог. Тој е македонски иселеник во САД, во државата Мичиген, истакнат бизнисмен, познат и признат донатор, хуманист и верен патриот на Македонија и Соединетите Американски Држави (САД). Неговото семејство минало низ сите фази на македонското распетие, исполнувајќи го целиот XX и овој XXI век со настани типични за вековната борба за македонскиот опстанок, не само во старата татковина, Македонија, туку и на сите светски иселенички простори.

Во монографијата за Светле (Стив) Стамевски е забележано дека тоа е семејство за почит и пример од кое можат и треба да се огледаат и другите македонски семејства во двете татковини, САД и Македонија. Затоа што делото што го направиле Стамевски претставува убав пример и патоказ на едно честито и благородно македонско-американско семејство.

Анализата на нивниот бурен иселенички пат, токму од изнесените причини, ни го открива светот на Македонецот во планетарни размери, покажувајќи и потврдувајќи дека потомците на Александар Македонски, независно од нивните роднокрајни коти, се дел на една од најстарите светски цивилизации, чии трајни вредности ги разнесуваат на сите делови на нашата галаксија, по кои светот и нè препознава.

Поради тоа историјата на кое било македонско успешно семејство во дијаспората, фактички е историја на македонското

вековно битисување, не само на Балканот и во Европа, туку и на сите други континенти.

Затоа, обидот да напише монографија за семејството Стамевски, во истражувачката работа на Катин за македонското иселеништво, претставува круна на тој слободен проект. Монографијава се потпира на фактографија која извира од животниот опус на тие наши луѓе, со кои се гордее нивната стара татковина, Република Македонија, која, и покрај сите проблеми што денес ги има, успешно зачекори кон својата демократска преобразба, во рамките на европските и светските интеграциски процеси.

Во монографијата за Светле (Стив) Стамевски се вели дека една од значајните личности која дала голем придонес во афирмирањето на самостојноста на Република Македонија и нејзино признавање од страна на Соединетите Американски Држави, секако е Светле (Стив) Стамевски, бизнисмен, политичар, сопартиец и пријател на американскиот претседател Џорџ Буш – Јуниор.

Книгава е монографија за семејството Стамевски, од село Одри, Полог, Македонија, кое од втората деценија на минатиот век живее и работи во Соединетите Американски Држави, во Детроит, во државата Мичиген. Целосна претстава за нив може да се добие само под еден услов: ако за проекцијата на Стамевци се прекрши родното огниште Одри, Тетовско како негов атар и Македонија како Татковина.

Така историјата за нив ќе биде комплетна, особено за оние во чии раце ќе се најде оваа книга, за американските пријатели на Светле (Стив) и неговите нови генерации, но и на оние во татковината кои сè уште немаат целосна претстава за неа. А не знаат како да ѝ помогнат. Таа лекција ќе ја научат од Светле (Стив) Стамевски, кој не кренал раце од неговото родно место Одри во Полог и Македонија.

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од монографијата „Светле (Стив) Стамевски“ биле печатени 22+10 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со македонските иселеници..

МОНОГРАФИЈАТА „ТОМОВ“ – ЖИВОТНА СТОРИЈА ЗА ФОЛКЛОРИСТОТ ГЕОРГИ (ЏОРЏ) ТОМОВ (5)

Една од значајните монографии на Славе Николовски – Катин, секако, е публикацијата за истакнатиот македонски фолклорист Георги Томов од Њујорк. Монографијата ***„Томов“*** е луксузно издание на 320 страници на голем формат, илустрирано со бројни фотографии.

На двојазичното дело (на македонски и на англиски јазик) монографијата „Томов“ автор е познатиот истражувач на Македонците во дијаспората, новинар и публицист Славе Николовски-Катин, а делото го издаде Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје, на македонски и на англиски јазик.

За монографијата „Томов“ од Славе Катин, проф. д-р Вера Стојчевска–Антиќ напишала дека ова дело претставува огледало за познатиот и признат фолклорист, етнолог, кореограф, скулптор, или како често го нарекуваат амбасадор на македонската култура, традициите и вистината за Македонија и македонскиот народ – Ѓорѓи (Џорџ) Томов.

Оваа значајна и по многу нешта единствена двојазична монографија од овој вид претставува осврт за ликот и делото на Џорџ и за вистината за неговиот американски ансамбл „Томов“ од Њујорк. Монографијата е сублимат за дваесетгодишниот труд на околу 250 Американци, кои го афирмираат македонскиот и балканскиот фолклор, македонската култура, традициите и вистината за Македонија во САД.

Во исто време монографијата „Томов“ претставува овековечување на Фолклорното друштво „Гоце Делчев“ што е во состав на Македонската православна црква „Свети Кирил и Методиј“ од Сидер Гроув, Њу Џерси, потоа на другите македонски асоцијации, на огромен број личности од македонските колонии, како и на значајни настани и активности на полето на

фолклорот, културата и постигнувањата на национален план на Македонците во Канада и Соединетите Американски Држави.

Монографијата „Томов“ од Славе Катин претставува луксузно издание на 320 страници на голем формат, илустрирано со бројни фотографии од кои најголем дел се во боја. Во неа се среќаваат фотографии од времето кога Џорџ Томов бил дете во Струмица, потоа играорец на националните ансамбли „Танец“ од Скопје и „Ладо“ од Загреб, до фотографии од многубројните настапи на ансамблот „Томов“ и друштвото „Гоце Делчев“ во САД, Канада и Европа.

Познатиот историчар и аналитичар на иселеништвото Александар Донски, за промоцијата на 17 мај 2007 година, истакнал дека во просториите на Домот на армијата на Република Македонија (АРМ), се одржало претставување на монографијата „Томов“, пред големиот аудиториум, меѓу кои биле поглаварот на МПЦ архиепископот Стефан, митрополитот Кирил, поранешниот претседател Киро Глигоров и многу други познати личности од јавниот, културниот и политичкиот живот во Македонија.

Книгата ја претставиле рецензентот Вера Стојчевска-Антиќ, поранешниот претседател на Матицата на иселениците од Македонија проф. д-р Димитар Керамичиев и директорот на Националниот ансамбл „Танец“ м-р Бошко Тренески. Притоа, извонредниот и незаборавен настап на машката група на играорците на „Танец“ со древното оро „Тешкото“ бил примен од присутните со возбуда и одушевување.

Исто така, на триесет и четвртите „Љубански илинденски иселенички средби“ во 2007 година продолжиле традициите од предходните години. Тие започнале во „Чивлик“ пред културното љубанско наследство „Воденицата“. Пред големиот број посетители на средбите се одржала промоција на две монографии за македонски иселеници од Америка и тоа: „Светле–Стив Стамевски“ од Детроит и „Ѓорѓи–Џорџ Томов“ од Њујорк, чии автор е Славе Катин.

За монографијата посветена на познатиот иселеник од тетовскиот крај, Светле (Стив) Стамевски кој е сопартиец и пријател на семејството Буш и има заслуги во активностите САД да ја признае Република Македонија под уставното име,

зборувал проф. д-р Димитар (Таки) Керамичиев, тогашен претседател на Матицата на иселениците од Македонија.

За делото на Катин посветено на амбасадорот на македонската култура Џорџ Томов од Њујорк, пак, зборувала проф. д-р Вера Стојчевска–Антиќ. За одбележување е тоа што Фолклорниот ансамбл „Томов“ чии членови биле исклучително Американци, кои научиле да играат и пеат македонски ора и песни, во текот на турнејата на Балканот во 1985 година имало значаен и прв настап на друштво од дијаспората на Љубанските иселенички средби.

Монографијата „Томов“ од Славе Катин претставува огледало за познатиот и признат фолклорист, етнолог, кореограф, скулптор, или како често го нарекуваат амбасадор на македонската култура, традициите и вистината за Македонија и македонскиот народ - Ѓорѓи (Џорџ) Томов. Оваа значајна и по многу нешта единствена двојазична монографија од овој вид претставува осврт за ликот и делото на Џорџ и за вистината за неговиот американски ансамбл „Томов“ од Њујорк.

Монографијата е сублимат за дваесетгодишниот труд на околу 250 Американци, кои го афирмираат македонскиот и балканскиот фолклор, македонската култура, традициите и вистината за Македонија во САД. Во исто време монографијата „Томов“ претставува овековечување на Фолклорното друштво „Гоце Делчев“ што е во состав на Македонската православна црква „Свети Кирил и Методиј“ од Сидер Гроув, Њу Џерси, потоа на другите македонски асоцијации, на огромен број личности од македонските колонии, како и на значајни настани и активности на полето на фолклорот, културата и постигнувањата на национален план на Македонците во Канада и САД.

Рецензенти на ова значајно дело се факултетскиот професор д-р Вера Стојчевска-Антиќ и еден од постојаните членови на ансамблот „Томов“, д-р Кристина Калас. Книгата е објавена двојазично на македонски и на англиски јазик во превод на Соња Прус, а ликовното и графичкото обликување го направи Тони Васиќ. Исто така, во тимот за подготовка на монографијата придонес дадоа Сузана Стојковска, Снежана Велкова, Фиданка Танаскова и други. Монографијата „Томов“ од Славе Катин е поделена на пет дела.

Во делот насловен како Македонско-американското наследство, дадени се материјали за Македонија од времето на Александар Македонски до денес и за активностите на Македонците во Њујорк и Њу Џерси. Потоа, во делот за животниот пат на Ѓорѓи Томов, поместени се репортажи за родниот град Струмица, за Скопје и за Њујорк, а е претставен и Џорџ Томов како играорец, кореограф, етнолог, вајар. Посебен простор е даден на материјалите со кои ансамблот „Томов“ за настапите е претставен низ страниците на медиумите во целиот свет, почнувајќи од „Њујорк тајмс“ до „Нова Македонија“.

Во Петтиот дел во кој е дадено педесетгодишното творештво се вели дека скромниот Ѓорѓи Томов, меѓу другото, е добитник на највисокото американско признание: „Елис Ајланд“, награда за ширење на македонската култура и збогатување на американската историја - признание што го добиле американски претседатели, конгресмени, глумци, пејачи, спортисти, уметници и други видни личности во САД, потоа наградата „Обединети нации“, за неговиот придонес за зближување на народите, како и многу други значајни награди, пофалници и признанија за фолклорната ризница на ансамблот „Томов“.

Со излегувањето на монографијата „Томов“, авторот Славе Николовски-Катин успеал да го овековечи познатиот и признат Македонец Ѓорѓи (Џорџ) Томов и неговиот американски ансамбл „Томов“ од Њујорк, како и друштвото „Гоце Делчев“ од Њу Џерси. Со тоа Катин успеал од заборав да оттргне една сторија на дел од македонското иселеништво во САД.

Георги (Џорџ) Томов бил човекот кој целиот свој живот го мина во создавање, во творење на нешто свое, нешто автентично. Го живеел својот животен сон, споделувајќи ја реалноста со својот народ без кој сонот не би постоел. Тој бил неуморен, со неверојатен творечки дух: скулптор, вајар, публицист, уметнички кореограф, основоположник на бројни македонски фолклорни асоцијации.

Со еден збор - успешен амбасадор на македонското културно творештво на тлото на Соединетите Американски Држави. Георги (Џорџ) Томов бил едноставен, скромен, човек од народот, достоинствен и горд на древните македонски традиции.

Тој го создал познатиот ансамбл на народни игри и ора „ТОМОВ“ кој настапувал и одржувал турнеи во целиот свет. Тој, исто така, раководел со Фолклорниот ансамбл „Гоце Делчев“ при Македонската православна црква „Свети Кирил и Методиј“. Формирал и голем центар за народни игри и песни во Њујорк. Томов, без ничија помош, на меѓународно поле промовирал добра волја и разбирање низ поврзувањето на културите на Америка и Македонија, како и на државите од поранешна Југославија и на Балканот.

Македонецот Томов организирал и држел часови за балкански игри и песни во целиот свет. Овој динамичен уметник е еден од неколкуте изведувачи кој беше брилијантен не само во својот занает, туку и во уметноста на подучување, така што на учениците им ја пренесуваше и радоста која се изразува при играњето. Без разлика дали подучувал групи или поединци, Георги (Џорџ) Томов бил прекрасен и надарен инструктор во сите фази на кореографијата, играњето во заедништво и во костимо-графијата.

Томов бил еден од првите Македонци кои ги запознавал американските личности со нашата македонска култура, особено со фолклорот. Всушност, немало доволно Македонци да ги учи, затоа тој примал ученици од универзитетите во Њујорк, Колумбија, Њу Џерси. Земал родени Американци и ги учел да играат македонско оро и да пеат македонски песни. Исто така, во 1980 година, под негово влијание, македонскиот јазик почнал да се изучува на Универзитетот Њу Џерси како предмет.

Работилниците и стручните часови по музика што Георги (Џорџ) Томов ги одржувал на универзитетите, во клубовите, училиштата, организациите и играорните групи, му донеле меѓународни признанија, како и радост на илјадници играорци низ целиот свет.

Бидејќи бил брилијантен играорец, Георги (Џорџ) Томов, чиј дом бил во Њујорк, бил добредојден во големите главни градови од целиот свет како истакнат ороводач во познатото национално Културно-уметничко друштво „Танец“ од Македонија и со „Ладо“ од Хрватска.

МОНОГРАФИИТЕ „БОШКО РАЈЧОВСКИ-ПЕЛИСТЕРСКИ“ И „ГОГА ПЕЧЕНКОВСКИ“ (6)

Автобиографското дело ***„Бошко Рајчовски-Пелистерски“,*** чиј автор е Славе Николовски-Катин е издание на „Македонска искра“ од Скопје, отпечатено во 2008 година, на 254 страници и е двојазично издание - на македонски и на англиски јазик, а како дел од печатарската активност на „Киро Дандаро“ од Битола.

Монографијата „Бошко Рајчовски-Пелистерски“, всушност, е огледало на вистината за иселеникот, поетот, општественикот, новинарот и патриотот Бошко. Тој бил уредник и водител на програмата „Оро македонско“ која ја прославила својата 50-годишнина, што тој лично со голем сентимент, го доживеал како многу важен овој радиојубилеј. Програмата имала стандардна шема - се емитувала секоја сабота, а од 2017 година во недела, по два часа, во периодот кога повеќето луѓе се во своите домови и можат преку слушањето радио да се пренесат со мислите во родниот крај.

Ова дело е презентер на голем број аспекти поврзани со дијаспората, со културата, литературата, јазикот, журналистиката, историјата, науката и религијата, како и со животот на Бошко Рајчовски-Пелистерски, но и на низа други аспекти. За ова многу темелно и луксузно биографско издание кое е отпечатено во боја, и содржи повеќе од 250 страници, рецензенти се: амбасадорот на УНЕСКО м-р Јордан Плевнеш од Скопје, примариурс д-р Иван Апостолов од Флорида и професор Синиша Ристевски, свештеник од Детроит.

Инаку, промоцијата на монографијата „Бошко Рајчовски-Пелистерски“, се одржала во 2008 година, кога програмата започнала пред „Воденицата“со рецитал на Славица Петреска-Диневска и Бошко Рајчовски-Пелистерски. Потоа, како дел од културните случувања во Љубојно се промовирала моногра-

фијата за Бошко Рајчовски-Пелистерски, чиј автор е Славе Николовски-Катин. За оваа книга која е огледало на животот и делото на овој американски љубојчанец од Детроит и Флорида, запис на настаните на иселеникот, новинарот, поетот, организаторот на средбите и водителот на македонското радио во Детроит „Оро македонско“, Пелистерски, зборувале проф. д-р Васил Граматиковски од Љубојно и д-р Иван Апостолов од Флорида.

Монографијата за Бошко Рајчовски е летопис за мошне големото семејство Рајчовски. Најголемиот број од фамилиите од сојот Рајчовски од втората декада на минатиот век претежно живеат и работат во Соединетите Американски Држави, особено во најголемиот град на државата Мичиген – Детроит. А Бошко кој во зима живее во Флорида, другиот период во Детроит, во лето доаѓа во Македонија, во Преспа, во Љубојно.

Тој е извонреден родољуб, роднокраен вљубеник, докажан активист, истакнато поетско и новинарско перо и македонски родољуб. Затоа, со право може да се рече дека ова дело на Славе Катин, е траен документ и вистинско сведоштво кое го овековечува богатиот личен и семеен летопис на познатото семејство чии корени се од Љубојно - Преспа, а кои се раширила и во Соединетите Американски Држави

Успешните Македонци во дијаспората, чиј број е голем, му даваат своевиден белег на македонскиот печалбарски феномен и на општествата во кои се интегрирале. Еден од таквите Македонци кој цел живот талка по светот, секако, е, мојот другар од детството, почитуван соработник, колега и пријател Бошко Рајчовски-Пелистерски од преспанското печалбарско село Љубојно. Тој во лето живее во Детроит и Љубојно, а во зима на Флорида. Бошко и неговото семејство минале низ сите фази на македонското распетие во целиот XX век и почетокот на XXI век, исполнет со настани типични за вековната борба на Македонецот, не само во неговата стара татковина, туку и во втората татковина – САД. Меѓутоа, тој остана доследен на својата вековна македонска национална припадност - на своите корени, а во исто време стана приврзаник и почитувач на втората татковина - Америка (САД).

Монографијата е посветена на 50-годишното литературно творештво на Бошко Рајчовски-Пелистерски. Ова дело од Славе Катин е поделено на 5 глави во кои се опфаќа родната земја Македонија, потоа втората татковина – Соединетите Американски Држави, активностите на Бошко на поетски и новинарски план, како и лозата на семејството Рајчовски. Посебен простор во книгата е посветен на нивните корени на неговото родно село Љубојно – Преспа, на САД, на македонскиот радиочас „Оро македонско“ од Детроит, на неговото литературно творештво и трите стихозбирки.

Јосиф Грежловски–Гандето во воведот на монографијата „Бошко Рајчовски-Пелистерски“ напишал дека анализата на неговиот бурен животен пат, токму од многу-бројните причини и последици, ни го открива неговиот свет во планетарни размери. Притоа, покажувајќи и потврдувајќи дека потомците на Александар Македонски, независно од нивните родокрајни коти, се дел на една од најстарите светски цивилизации, чии трајни вредности ги вградуваат во сите делови на нашата галаксија, по кои светот и не препознава.

Поаѓајќи од овој факт, историјата на кое било македонско успешно семејство во дијаспората, фактички е историја на нашето вековно цивилизациско битисување, не само на Балканот и во Европа, туку и на сите други континенти. Затоа, обидот да напишам монографија за Бошко Рајчовски-Пелистерски, во мојата истражувачка работа за македонското иселеништво, претставува значајно постигнување на тој сложен пат.

А животната приказна на љубојчанецот во Детроит се потпира на фактографијата која извира од животниот опус на тие наши луѓе со кои се гордее нивната стара татковина – Република Македонија. Стариот крај, како често нашинците милуваат да кажат, кој, и покрај сите проблеми што денес ги има, успешно чекори кон својата демократска преобразба, во рамките на европските и светските интеграциски процеси.

За ова значајно автобиографско дело, новинарката Фиданка Танаскова ќе напише дека, всушност, тоа е огледало на вистината за иселеникот, поетот, општественикот, новинарот и патриотот Бошко Рајчовски-Пелистерски. Тоа е значајно

постигнување на Славе Катин во неговата истражувачка работа за македонското иселеништво.

Животната приказна за љубојчанецот од Детроит и Флорида, заедно со семејството Рајчовски, е своевиден биографски блик, се потпира на фактографијата која извира од многудеценискиот животек, од вруточниот животен опус на Македонците во дијаспората, со кои се гордее нивната стара татковина – Република Македонија.

По мојот повеќегодишен ангажман во проучувањето на македонското иселеништво, кој ми овозможи да објавам голем број трудови од оваа област, последниве години моето внимание сè повеќе го преокупираат успешните Македонци во дијаспората, чиј број не е мал. Зашто тие му даваат своевиден белег на овој стар македонски печалбарски феномен. И не само заради спецификите на миграциските движења во светот, особено во минатиот век, туку поради фактот што Македонците, независно на кои светски меридијани ќе се најдат, отфрлени од вековната македонска голгота, им даваат посебен белег на општествата во кои се интегрирале.

Во монографијата „Бошко Рајчовски-Пелистерски“се вели дека свештеникот и професор Синиша Ристовски, пак, ќе напише дека Бошко Рајчовски првпат го запознал на Иселеничките средби во село Одри – Тетовско, во 2007 година. Потоа кога дошол како нов парохиски свештеник во Детроит, покрај разговорите што ги водел за нашата држава, Република Македонија, состојбите во неа и како да се инвестира.

Читајќи ја монографијата прво уште повеќе се запознал со господинот Бошко, за неговите активности и за афирмацијата на неговото село Љубојно. Од тоа навистина се покажа што, всушност, тој правел за афирмација на неговата прва татковина, Република Македонија.

Историјата на семејството „***Печенковски“,*** пак, е тесно поврзана со настаните во Македонија, со нејзината историја. Нивната неверојатна приказна е македонски летопис за опстојувањето на Македонците, за кои тешко можат да се најдат слични примери во историјата на кој било народ. Македонија како земја и традиција, како етнички организам и општествена заедница, цели милениуми била запретана во пепелта на

долгата бескруполозна обесправеност, потчинетост и ропства од најразличен вид, сè до нејзиното појавување на историската сцена како птицата феникс, рамноправна на големото светско семејство на народите и државите.

Животната историја на Гога Печенковски е, истовремено, историја на Преспа, а преку неа и на Македонија. Зошто она што се случило од најраните времиња на Александар Велики, преку незаборавните битки на цар Самуил, до оние на Гоце Делчев, Стив Наумов и Мите Богоевски, во регионот на Преспа, ја одразува целата историска голгота низ која минувала Македонија, од нејзиното прогласување до независна и суверена држава. Со оваа книга е проектирана најновата фаза од македонската историја за неговиот животен пат, на највкусните одлики и на најсублимираниот начин.

Инаку, Гога Печенковски е роден во Долно Перово, село кое се наоѓа на средишниот дел од територијата на Општината Ресен, а непосредно до северниот брег на Преспанското Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 854 метри, како и езерото. Од Ресен населбата е оддалечена околу десет километри.

Се чини како Перово да е дел од туристичкиот комплекс Отешево. Тоа произлегува од фактот што Долно Перово се наоѓа на крајбрежната линија на Преспанското Езеро, едно од најблиските населби до Сир Хан, а со тоа и до Отешево и Царина. Во овој туристички простор и во минатото и денес, нашле вработување, меѓу другите и луѓе од Долно и Горно Перово.

Убаво е во Долно Перово, а со тоа и во цела Преспа во есен кога разновидните бои се преплетени како пајажина, кога мирисот на зрелите јаболка се разнесува низ чистиот воздух. Прекрасно е во зима кога планините надвиснале над Езерото, а летовите и звукот од пеликаните се пренесуваат по езерската шир. Но, Преспанското Езеро е најубаво во пролет кога јагликата ги пробива последните остатоци на снегот на Галичица и Пелистер и во лето кога свежината од Езерото го исполнува треперливиот воздух и е преполно со многубројни капачи и риболовци.

ПЕТАР СТАМАТОВ – ДОНАТОР ЗА МАКЕДОНСКИТЕ СТУДЕНТИ (7)

Делото ***„Петар Стаматов“*** чии автори се Славе Николовски-Катин и внукот на Стаматов професор Методија Трајковски е едно од значајните изданија на Универзитетот „Свети Кирил и Методој“ (УКИМ), отпечатено во 2010 година на 192 страници, на македонски и на англиски јазик. Во ова издание се дадени животот и делото на донаторот Петар Стаматов и неговата сопруга Јажа, кои оставиле длабоки траги за студентите на Универзитетот во Скопје и воопшто за идните генерации во иселеништвото.

Животната историја на Петар Стаматов е, истовремено, и скромен дел од историјата на неговото родно Смилево, на Македонците во дијаспората, а преку нив и на нивната татковина – Македонија. Тој ја основа Фондацијата „Петар Стаматоф“ во 1988 година, по примерот на Фондацијата „Атанас Близнакоф“, која е формирана во 1977 година.

Петар Стаматов, доблесниот донатор, ја напуштил својата родна земја – Македонија од економски причини, а спомените, мислата, љубовта, тагата и патриотскиот дух кон татковината и својот народ не го напуштиле. Проникнувањето на овие хоризонтали во животот на Петар Стаматов и другите донатори, како и сите Македонци ширум дијаспората, ја открива сликата за библиската природа на земјата на нивното потекло сместена на балканските простори.

Она што се случувало од исконските времиња на Филип II и Александар III - Македонски, или како што е познат Александар Велики, преку незаборавните битки на цар Самуил, до оние на Гоце Делчев, Даме Груев и сите борци по нив, ги отсликуваат историските голготи низ кои минала Македонија, сè до нејзиното

прогласување за самостојна, демократска и независна држава на Балканот.

Затоа, може да се рече, со монографскиот труд за доблесниот иселеник Петар Стаматов, во скромни рамки се проектира најновата фаза на македонската иселеничка историја. Тој е личност за почит и пример на кој можат и треба да се огледаат и други Македонци во двете татковини, САД и Македонија. Делото што го направиле Петар Стаматов и неговата сопруга Јажа, Американка од полско потекло, претставува убав пример и патоказ на еден честит, мешан и благороден американски брачен пар, меѓу Македонец и Полјачка.

Инаку, родниниte, соселаните и пријателите во Македонија, Петар Стаматов го викале Петре, додека неговото презиме Стаматов, со доаѓањето во новата земја, администрацијата во САД го завела како Стаматоф (со две ф), што е случај за сите славјански презимиња што завршуваат на „в“. Затоа и неговата донација при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје е регистрирана како Фондација „Петар Стаматоф“ во 1988 година.

На Илинден во Смилево се игра и се пее, се јаде и се пие, се чувствува топло гостопримство и срдечност кај сите оние што доаѓаат да се сретнат со своите роднини, пријатели, познати... Зашто на Илинден во Смилево се собира голем број смилевчани кои живеат надвор од татковината; иселеници од прекуокеанските земји, од европските земји, смилевчани што живеат низ Македонија, гости и иселеници од другите села, туристи и голем број повратници од Демирхисарско и Битолско.

Доблесниот донатор Петар Стаматов, кој е роден во револуционерното село Смилево ја напуштил својата родна земја – Македонија од економски причини и заминал за Чикаго, меѓутоа, спомените, љубовта, тагата и патриотскиот дух кон татковината и својот народ не го напуштиле.

Селото Смилево е родното место на Петар Стаматов. Тоа за донаторот било и сон и јаве и желба и замаглена слика, и љубов и тага и минато и вечност. Затоа Смилево му било често во мислите и многупати го сонувал, но во исто време и се интересирал и читал за родното место

По угледот на најголемиот донатор во иселеништвото, Атанас Близнаков, со формирањето на својата Фондација „Петар Стаматоф“ бил убеден дека ќе даде драгоцен прилог и придонес за Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, а во исто време за македонската младина и народ и за неговата родна земја - Македонија. Тој бил убедуван, по примерот на Атанас Близнаков дека неговото дело, во исто време ќе претставува поттик и инспирација за идните македонски генерации, особено во иселеништвото, а и пошироко во Македонија.

Петар Стаматов е човекот кој поголемиот дел од животот го поминал во Чикаго, САД, и кој направил големо дело со формирањето на неговата Фондација, со цел да им помогне на младите македонски генерации - студенти. Меѓутоа, целосна претстава за него може да се добие ако за проекцијата се прекрши родното огниште - легендарното Смилево, потоа Битола, каде го поминал своето детство и неговите две татковини – Македонија и САД.

Фондацијата „Петар Стаматоф“ е животен завет на Петар Стаматов и на неговата сопруга Јажа. Иако тие немале биолошки пород, меѓутоа имаат стотина свои студенти кои остануваат крајно благодарни за помошта што им ја дале во овие дваесетина години. Името и делото на Петар Стаматов ќе се слави вечно кај генерациите кои досега, а и во иднина ќе ја почувствуваат економската поткрепа од Фондацијата „Петар Стаматоф“.

Како израз и одраз на почитта кон Петар Стаматов и неговата Фондација беше изготвено монографско дело. Така, монографијата „Петар Стаматоф“ од Славе Николовски-Катин и внукот на Стаматов проф. Методија Трајковски е дело на историскиот развој, постигнувањата и животниот пулс на донаторот Петар Стаматов.

Монографијата е печатена на македонски и на англиски јазик во чест на животот и делото на еден од хуманистите од македонско потекло кој живеел во САД, Петар Стаматов и неговата Фондација „Петар Стаматоф“. Појавата на ова дело е кулминација на многу значајни активности кои се случиле во текот на речиси еден век во животот на Петар и Јажа

Стаматови и на постоењето на Фондацијата „Петар Стаматоф“ во период од дваесет и пет години.

Животот на еден благороден иселеник од Македонија во Соединетите Американски Држави, како што бил Петар Стаматов, сместен во еден ограничен со податоци биографско-публицистички времеплов е своевидна сага за неговото опстојување. Монографијата за Петар Стаматов, со сета скромност, е лика и прилика за неговиот живот и за делото што тој го оставил вечно да се сеќаваат младите генерациите во Македонија.

Монографијата за Петар Стаматов и неговата Фондација „Петар Стаматоф“ се потпира на фактографија која извира од неговиот животен опус и од големото дело. Книгата е скромна слика за човекот кој поголемиот дел од животот го поминал во Чикаго, САД, и кој направил големо дело со формирањето на неговата Фондација, со цел да им помогне на младите македонски генерации - студенти. Меѓутоа, целосна претстава за него може да се добие ако за проекцијата се прекрши родното огниште - легендарното Смилево, потоа Битола, каде го поминал своето детство, и неговите две татковини – Македонија и САД.

Треба да се нагласи дека биографските податоци за донаторот на Фондацијата „Петар Стаматов“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, доблесниот иселеник од Македонија, Петар Стаматов, ги дознавме од документот што тој самиот го напишал на македонски јазик во септември 1988 година и го испратил до неговиот внук проф. Методија Трајковски.

Во документот, меѓу другото, се вели дека Петар Стаматов бил роден во 1897 година во револуционерното и живописно село Смилево – Битолско (денес административно припаѓа на општина Демир Хисар). Уште како дете на претшколска возраст, Петар се соочил со тежок и суров живот. Но, најстрашно било во бурните времиња на Македонија кога Османлиите го запалиле Смилево.

Тогаш, неговата мајка ги грабнала двете дечи-ња; неговата сестричка Христина ја дигнала на раце на левата страна, а него го водела со десната рака. Потоа во голема паника со другите

смилевчани кои панично бегале успеале да влезат во шумата, оставајќи го селото во пламен.

При крајот на 1920 година Петар Стаматов донел одлука да замине за Соединетите Американски Држави во потрага по подобар живот. Среќата му се насмевнала кога ги поднел документите заедно со пасошот да бара виза. Со визата за САД му се отвориле видиците и можноста да ја стаса групата којашто пред извесен период заминала за Америка. Среќата не го одминала и навистина групата ја стасал во Загреб, од каде заедно го продолжиле патувањето кон САД.

По неколкудневно патување Петар Стаматов заедно со неколку други емигранти пристигнал во Гери, Индијана. Таму имало поголема македонска колонија, каде тој се приклучил и се чувствувал како да е во Македонија. Петар Стаматов во Чикаго ја запознал Јажа, девојка од полско потекло, со неа се оженил и со неа останал до нејзината смрт. Петар во својот брак немал деца. Тој починал на 27 јануари 1995 година во Чиаго каде е и погребан.

Петар Стаматов по природа бил благороден човек, хуман и културен. Тешкиот живот што го поминал, го направил таков секогаш да биде подготвен некому да помогне. Материјално помагал многу луѓе, а неговата финансиска помош за изградба на болница во Скопје после катастрофалниот земјотрес не била мала.

Инаку, Монографијата за донаторот Петар Стаматов е поделена на неколку дела. Во нив се претставени неговите две татковини – родната Македонија и Соединетите Американски Држави каде го завршил неговиот овоземен живот. Посебен простор е посветен на Фондацијата „Петар Стаматоф“ која е формирана по примерот на Фондацијата „Атанас Близнакоф“. Овие две фондации на македонски иселеници во дијаспората, досега се најголеми на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, а и во Македонија во целина.

Животот на еден благороден иселеник од Македонија во Соединетите Американски Држави, како што бил Петар Стаматов, сместен во еден ограничен со податоци биографско-публицистички времеплов е своевидна сага за неговото опстојување. Монографијата за Петар Стаматов, со сета

скромност, е лика и прилика за неговиот живот и за делото што тој го оставил вечно да се сеќаваат младите генерации во Македонија.

Монографијата е печатена на македонски и на англиски јазик во чест на животот и делото на еден од хуманистите од македонско потекло кој живееше во САД, Петар Стаматов и неговата фондација „Петар Стаматоф“. Појавата на ова дело е кулминација на многу значајни активности кои се случија во текот на речиси еден век во животот на Петар и Јажа Стаматови и на постоењето на Фондацијата „Петар Стаматоф“ во период од дваесет и пет години

Монографијата беше промовирана во Ректоратот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, како издавач, на 26 ноември 2010 година. На промоцијата за животот и делото на Петар Стаматов и неговата фондација зборуваа: ректорот проф. д-р Велимир Стојковски, потоа, проф. д-р Максим Каранфиловски, како рецензент и на крајот се заблагодари авторот Славе Николовски-Катин.

Во текстот објавен во агенцијата МИА се вели: „Денес, 26 ноември 2010 година на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје се одржа промоција на ново печатено дело, на монографијата „Петар Стаматов“, чии автори се Славе Николовски-Катин и Методија Трајковски.

Петар Стаматов е наш сонародник и голем Македонец од Илиноис, САД, по чија желба со Одлука на Универзитетскиот совет, на 1 април 1988 година, е формирана фондација, која го носи неговото име, за стипендирање студенти кои покажуваат особени резултати во студиите на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје.

Петар Стаматов е роден пред повеќе од сто години во Смилево, а починал во 1995 година во Илиноис, САД, каде што живеел и работел повеќе од половина век. Печалбарскиот живот далеку од родниот крај, во Америка, го започнал на 18-годишна возраст. Живеејќи до крајот на својот живот на тие простори, Стаматов бил активно вклучен во прогресивните движења на Македонците во прекуокеанска Америка.

Од формирањето на Фондацијата „Петар Стаматоф“ до денес, корисници на стипендии се двесте шеесет и шест

студенти од голем број факултети од сите научни области, кои покажуваат врвни резултати во студирањето, а од нив досега дипломирале над сто стипендисти.

„Издавањето на оваа монографија е само скромен израз на нашата голема благодарност за доблесниот гест на донаторот Стаматов кој ќе го паметат бројни генерации студенти-корисници на стипендии од оваа Фондација“ – истакнал ректорот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје проф. д-р Велимир Стојковски.

Промотор на монографијата бил деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ проф. д-р Максим Каранфиловски кој во својата реч изразил надеж дека оваа книга ќе го добие својот живот во рацете на читателите. Од името на авторите на монографијата се обратил Славе Николовски-Катин.

Инаку на промоцијата на монографијата „Петар Стаматов“ присуствувале членовите на Управниот одбор на Фондот, ректорската гарнитура, декани на УКИМ и други членови на академската заедница, секако, и студентите корисници на стипендиите од оваа Фондација.

Монографијата за Петар Стаматов и неговата Фондација „Петар Стаматоф“ се потпира на фактографијата која извира од неговиот животен опус и од големото дело. Книгата е скромна слика за човекот кој поголемиот дел од животот го поминал во Чикаго, САД, и кој направил големо дело со формирањето на неговата Фондација, со цел да им помогне на младите македонски генерации - студенти.

Монографијата за донаторот Петар Стаматов е поделена на неколку дела. Во нив се претставени неговите две татковини – родната Македонија и Соединетите Американски Држави каде го завршил својот овоземен живот.

Посебен простор е посветен на Фондацијата „Петар Стаматоф“ која е формирана по примерот на Фондацијата „Атанас Близнакоф“. Овие две фондации на македонски иселеници во дијаспората, досега се најголеми на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, а и во Македонија во целина.

МИТРОПОЛИТОТ КИРИЛ – ПРВИОТ НАДЛЕЖЕН АРХИЈЕРЕЈ ВО МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (8)

Кога се зборува или пишува за духовно-црковното и националното обединување на Македонците во етничка Македонија и во дијаспората, името и делото на митрополитот Кирил, кој бил прв надлежен архијерej на Американско-канадската епархија е тесно поврзано со тоа.

Имено, во Монографија за ***„Митрополитот Кирил“,*** издание на Полошко - кумановската епархија и на „Маке-донска искра“, Скопје, 2007 година, на 342 страници, на маке-донски и на англиски јазик, на авторот на овие редови се вели, дека митрополитот Кирил (Никола Поповски) е роден на 23 јуни 1934 година во Царев Двор, место кое е ни село ни град во Преспа.

Основното образование го завршил во родното место, а богословија завршил во Призрен. На Благовештение, 7 април 1964 година, Никола се замонашува во манастирот „Раѓање на Пресвета Богородица“ кај Кичево, и со радост го примил името на свети Кирил Солунски. Притоа, од страна на Неговото блаженство, архиепископот господин господин Доситеј, е ракоположен во чин ероѓакон, а само по кратко време и унапреден во архиѓаконски чин.

Во тоа својство пролетта 1965 година, младиот архиѓакон Кирил го придружува архиепископот господин господин Доситеј при посетата на Соединетите Американски Држави и Канада, каде асистира при евангелисувањето на првата македонска црква во Торонто, на празникот Цветници, посветена на свети Климент Охридски.

По враќањето од Соединетите Американски Држави и Канада, архиѓаконот Кирил е испратен на студии во Русија на Московската духовна академија во градот Загорск, со благослов на српскиот патријарх Герман. Меѓутоа, по две години студирање, односно по завршувањето на првиот степен, бил повикан да се врати во татковината, поради повозвишени црковно-духовни и национални интереси на Македонската православна црква - Охридска архиепископија и македонскиот народ.

На 5 јули 1967 година бил избран за викарен епископ со титула тивериополски од страна на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква – Охридска архиепископија и станува негов најмлад член. По унапредувањето во чин архимандрит, на 11 јули истата година, во предвечерието на празникот посветен во чест и слава на апостолите свети Петар и свети Павле, било извршено наречението во епископски чин, а утредента, на самиот ден Петровден, бил хиротонисан за викарен епископ тивериополски.

Како член на Синодот, веднаш се вклучил во довршувањето на обемниот елаборат за обнова на автокефалноста на Охридската архиепископија. Пет дена подоцна (на 17 јули 1967 година) Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква – Охридска архиепископија одржала седница во црквата „Света Богородица Перивлепта“ во Охрид, на која била донесена историската Одлука за целосно возобновување на автокефалноста на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква - Охридска архиепископија (МПЦ-ОА).

По потпишувањето од страна на сите членови на Синодот: архиепископот господин господин Доситеј и митрополитите: господин Климент, господин Наум, господин Методиј и господин Кирил, истиот ден била презентирана одлуката пред членовите катедралниот храм на охридските архиепископи „Света Софија“ во Охрид.

На овој Собор господин Кирил бил избран за прв надлежен архијерej на штотуку востановената Американско-канадско-австралиска македонска православна епархија, со која раководел повеќе од две децении. Земал учество во повеќе

делегации на Македонската православна црква – Охридска архиепископија за запознавање на сестринските цркви со обновата на автокефалноста на Црквата на македонскиот народ, преку претставување на опширниот елаборат. Истовремено ја извршувал и функцијата претседател на Комисијата за враќање на отуѓените македонски богослови од богословиите на Српската православна црква.

Во 1968 година ја реализирал првата посета на северноамериканскиот континент како надлежен архијерej на Американско-канадско-австралиската македонска православна епархија. За време на едномесечниот престој во САД и Канада, го осветил третиот македонски православен храм на американските простори, црквата „Свети Ѓорѓи“ во градот Сиракуз, во државата Њујорк, а посетил и други градови во кои го отворил и поттикнал процесот за формирање нови македонски православни црковни општини и за изградба на нови цркви под јурисдикција на Светиклиментовата македонска православна црква – Охридска архиепископија.

Митрополитот господин Кирил во текот на наредните повеќе од две децении одиграл голема духовно национална улога, оттргнувајќи десетици илјади Македонци од српските, грчките, бугарските и други цркви, со цел да доаѓаат во македонските православни храмови.

На тој начин е спречена натамошната асимилација и денационализација на маке-донскиот православен народ на тие американски простори. Тој бил добредојден во сите македонски асоцијации, македонски домови, особено во македонските православни цркви на северноамериканскиот континент, во кои, тој имал голем удел за формирањето на тие македонски црковно-национални храмови за генерациите

По враќањето од САД вршел интензивни подготовки за реализација на првата посета на Македонците во Австралија. Притоа, со одбран тим на свои најблиски соработници ги изработил првата епархиска конституција со експозе и новите правилници, со кои македонските црковни општини ќе се усогласат со светите канони и новиот Устав на Македонската православна црква – Охридска архиепископија. Според нивното слово ќе бидат формирани и раководени новоизградените

македонски православни цркви. Првата канонска посета на Австралија ја извршил во почетокот на 1969 година, заедно со митрополитот дебарско-кичевски господин Методиј.

По враќањето од Австралија, направил обемни подготовки за посета на Канада и САД. Во канадската метропола Торонто, каде македонската етничка заедница е најбројна, заедно со ѓаконот Александар Цандовски им било нивното седиште и тука се преземени темелни потфати за формирање на првите органи и тела на Американско-канадско-австралиската македонска епархија.

На 10 август 1969 година, во катедралниот храм „Свети Климент Охридски- Чудотворец“ – во Торонто, со величествени свечености било извршено неговото востоличување во епископскиот Светиклиментов трон на Американско-канадско-австралиската македонска православна епархија од страна на Неговото високопреосвештенство митрополитот дебарско-кичевски господин Методиј.

Кога во 1971 година, била востановена и Полошко-кумановската епархија, митрополитот Кирил бил избран за нејзин администратор со сите права и должности кои произлегувале од Уставот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија .

Неговото архипастирствување со оваа Епархија било крунисано со најголем успех преку возвеличувањето на Шар Планина, со изградбата на манастирот посветен на „Свети Наум Охридски- Чудотворец“, на надморска височина од околу 1.000 метри. Овој македонски храм е и чувар на македонската вистина на тие планински простори во северозападниот дел на Македонија.

Од 1996 година митрополитот Кирил ја вршел функцијата претседател на Хуманитарната организација „Милосрдие“ при Македонската православна црква – Охридска архиепископија, која за негово време имала обезбедено храна, лекови, медицински помагала, разни апарати и друга помош во вредност од десетина милиони евра.

Помоштa се распределувала на најбедните, гладните, изнемоштените, на селски и други помали амбуланти, деловни центри и асоцијации во Република Македонија на кои им е

најпотребна. „Милосрдие“ најголемиот хуманитарен дострел го потврди во војната во Република Македонија 2001-2002 година, кога помошта за загрозеното население значеше елементарен опстанок.

Извонредните резултати ќе го поттикнат третиот поглавар на автокефалната Македонска православна црква, архиепископот охридски и македонски господин господин Гаврил, во една пригода на авторот на овој текст да му изјави дека „... она што го работи владиката Кирил е света работа“. Тоа ќе го потврди и четвртиот поглавар на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, архиепископот охридски и македонски, господин господин Михаил.

Митрополитот господин Кирил целиот свој живот го посвети на духовно- црковното, националното, културното, односно на сестраното единство на македонскиот народ во татковината и во дијаспората. Американските, канадските и австралиските власти, следејќи ги и согледувајќи ги големите успеси на нашите сонародници, предводени од нивниот митрополит господин Кирил, кој заедно со своето свештенство, секогаш ги ориентирал како Македонци да бидат лојални граѓани на тие држави, уште повеќе ќе ги удостојат со признанија и почит, а ќе ги засакаат и ќе ги возвишат Македонците.

Тоа ќе биде потврдено и со прогласувањето на митрополитот господин Кирил за почесен граѓанин на повеќе градови во САД, Канада и Австралија, што е извршено со одлука на тамошните градски совети и нивните градоначалници.

Митрополитот Кирил како надлежен на Полошко-кумановската епархија починал на 79-годишна возраст на 10 јуни 2013 година. Тој си отиде без најава, без да рече збогум. Притоа, поглаварот на Македонската православна црква-Охридска архиепископија, архиепископот Стефан, пред државниот врв, свештенството и верниците се збогувал од упокоениот митрополит Кирил.

Владиката Кирил, по негова желба оставена кај авторот на овие редови како негов биограф, бил погребан во манастирот „Свети Ѓорѓи“ во кумановското село Дељадровце. По неговата смрт со Полошко-кумановската епархија управува архиепископот Стефан, со помош на епископот Јосиф Лешочки.

Почитуваниот митрополит Кирил бил еден од поборниците и подржувачите на првото одржување на средбите „Во чест на свети Кирил“ во Рим. Тој бил и последниот жив митрополит што присуствувал на собирот на македонските архијереи во 1967 година, кога е возобновена автономијата на Македонската православна црква-Охридска архиепископија

Една од најзначајните монографии, ако не и најзначајна, на Славе Катин, секако, е делото за митрополитот Кирил (Кирил Поповски). Монографијата „Митрополитот Кирил“ која е на македонски и англиски јазик е издание на „Полошко-кумановската епархија“ и на „Македонска искра“, Скопје, издадена во 2007 година, на 342 страници текст и бројни документи и фотографии. Монографијата го открива животот на митрополитот од неговото детство, преку неговиот архипастирски живот во Америка, Канада, Австралија и Република Македонија.

Како најстар архијерej по хиротонија и архипастир со околу 45-годишно искуство и со значаен историски изминат пат во поновата историја на Христовата Црква, тој достојно беше респектиран од македонскиот народ, особено во иселеништвото како голем борец и поборник за запазување на честа, достоинството и автокефалниот статус на нашата света Македонска православна црква.

Тоа особено се потврдува на просторите од Полошко-кумановската епархија, која митрополитот господин Кирил ја водеше како нејзин надлежен архијерej.

Митрополитот Кирил бил избран за прв надлежен архијерej на Американско–канадско-австралиската македонска православна епархија, со која раководел повеќе од две децении. Тој уште од млади години покажал верност и преданост на македонската кауза, која, пред сé, се состоела во зачувување на националната свест на Македонецот, особено во дијаспората. Затоа со право се вели дека митрополитот Кирил целиот свој живот го посветил на духовно-црковното и националното обединување на македонскиот народ.

За животот и делото на митрополитот Кирил ќе биде забележан 14 декември 2007 година, кога во Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ во Скопје се одржала промоција на неговата монографија. На промоцијата архиепископот охридски

и македонски господин господин Стефан ни го истакна следното: „Запишаното се памети, а сликаното сведочи дека било – токму со таква цел ја издаваме и монографијата на митрополитот Кирил која ќе сведочи за неговите 40 години посветена работа кон Бога и Македонија“.

Промотори на монографијата „Митрополитот Кирил“, пак, беа повардарскиот митрополит господин Агатангел и публицистот Ставре Џиков. Во присуство на црковниот врв на Македонската православна црква, на голем број видни личности од општествениот, политичкиот и културниот свет на Република Македонија, митрополитот Агатангел го рекол следното за македонскиот духовен пастир господин Кирил:

„Секој народ има свои истакнати пастири, свои духовни водачи, луѓе врз чии дела и зборови се темели неговиот опстој, неговата историја, идентитет и култура. Во зборовите и делата на тие луѓе, народот ја наоѓа својата духовна сила, која му помага да истрае во тешките животни моменти, со кои секој етникум се соочува при својот историски развој. Основната духовна мисија на таквите народни водачи е да бидат вечни чувари на сопствениот народ, а нивниот глас го препознаваме веднаш, зашто тој постојано нé повикува на нашето единство, ги посочува нашите заеднички корени, зборува за стабилноста на нашата братска заедница и за сите други работи кои се витални за егзистенцијата на една нација.

Таквите пастири, во секој момент од својот живот, во секој момент од своето дејствување ги води една света мисла, никогаш да не престанат да го заштитуваат својот народ, никогаш да не престанат да бидат последната линија на одбраната на неговиот идентитет и национална самобитност.

Ние, православните христијани, во своето сеќавање посебно ги запазуваме и славиме личностите кои на одреден начин ја „спровеле“ во дело Божјата промисла. Таквите луѓе ги нарекуваме свои учители и нивниот пример се обидуваме постојано да го остваримe и примениме во своите животи. Некои од нив се удостоиле Божјата милост и Неговата света промисла да ги определи да бидат првенци и херои во својата непосредна средина, токму меѓу својот сопствен народ. Таквите луѓе се објект на воодушевување и анализа за целото народно

потомство и за сите идни генерации. Понекогаш, врз тие луѓе, односно врз нивните животи, се базираат сите битни и значајни настани од одреден историски период на целиот народ, а некои, пак, се директни „виновници“ за цивилизациското и културното напредување на цело едно општество.

Македонскиот народ отсекогаш, во сите моменти на својот еволутивен пат, имал среќа да ги има таквите луѓе во своето јадро. Во секое време од својата страдалничка и токму заради тоа и свештена историја, имал бројни патријарси, кои со својата величина и самопрегорна работа силно влијаеле на културното и цивилизациското издигнување и напредување на Македонецот. За среќа, македонскиот човек е силно втемелен врз Христовата база и основа, која во себе ги содржи добрината, правдата и убавината.

Националната историја на македонскиот народ во исто време е и свештена и црковна историја на Македонската православна црква, од едноставна причина што токму Црквата на просторите на нашата татковина ги дала личностите кои го описмениле, просветиле и умудриле македонскиот човек. Црквата ги родила личностите кои ја создале самосвојната македонска литература и уметност, оригиналната македонска култура и наука, потоа македонското чувство за државност и политичко дејствување итн.

Еден од тие многу наши пастири, духовни татковци, кои со својата појава и дејствување во одредени моменти од нашата историја биле двигатели на мислата за слободна Македонија и обединет македонски народ, секако, е и митрополитот полошко-кумановски господин Кирил. Можеме да искажеме многу епитети и многу убави зборови за да ја објасниме величината на овој човек, но најголемиот, највеличествениот и најсоодветниот збор за големината на неговата личност и дело е едноставно зборот - пастир.

Овој збор, најмногу од сите нé води до вистинското определување на неговата личност.

Неговото Високопреосвештенство, господин Кирил, носејќи ја во своето срце Божјата благодат и сведочејќи го во секоја прилика вечното слово Божјо, е нашиот пастир, нашиот најценет духовник кој, до ден денешен, не престанал да нé

повикува да се препознаеме како браќа, да се поздравиме како ближни, да го зачуваме единството меѓу нас, да си помогнеме во тешки моменти и сите заедно да го кренеме својот глас за македонската вистина, кога нашата македонска заедница ќе ја надвиснат какви било непријателски – туѓински пропаганди и притисоци.

Она што посебно го одликува дедо Кирил, уште од млади години, е неверојатната верност и преданост на македонската кауза, која, пред сé, се состои во зачувување на националната свест на Македонецот, а потоа и во негово издигнување и промовирање на духовен и религиозен план. Ретко може да се сретне таков човек кој ќе држи исто темпо на своите уверувања, но, се разбира, ќе биде и постојан во напорот и желбата за практично дејствување и спроведување на зацртаниот план. За него зборовите „мајка – црква“ не значат само една обична флоскула, која се користи за обични и секојдневни потреби. Повикот на Мајката - црква за влегување во нејзиниот клир за дедо Кирил значи целосно, беспоговорно и безрезервно служење и преданост. За владиката Кирил ништо не е побитно од овој повик, ниту своите лични амбиции, ниту личните желби, ниту своето образование.

Сето ова со еден збор ќе биде ставено во втор план за да се оствари во некое подобро време, тогаш кога од него било побарано да се врати од туѓина и да се зафати со работа на Божјата нива во љубената Македонија. Почитуваниот митрополит Кирил тогаш сериозно ќе ја сфати поставената задача, македонскиот народ треба да се организира и духовно да се раководи, а во исто време да се гради и возобновува Македонската православна црква и славната Охридска архиепископија.

„Чест, слава и благодарност на сите оние синови и ќерки кои кога требало, не зажалија да го подарат животот за слободата на татковината и кои умееја еднаш херојски да умрат, за потоа да живеат со ореол на вечна слава во срцата на сите идни македонски рожби и поколенија“ - ќе рече во една прилика митрополитот полошки-кумановски господин Кирил. Владиката Кирил се карактеризира како човек со истенчено национално чувство за делото на оние наши предци, на

хероите, на творците кои оставиле бескрајни и епохални добра за својот народ и својата татковина. „Тие никогаш не умираат, туку заедно со своите дела вечно живеат, да го следиме нивниот саможртвен пример и да се инспирираме од нивната неизмерна љубов и искрена преданост кон својата татковина Македонија“ - повикува господин Кирил.

Неговата витална улога во возобновувањето на Охридската архиепископија и основањето на Македонската православна црква, како единствен жив архијерej од тоа време, неговото сведоштво за македонската вистина на секое светско тло кое го почувствувала неговата нога, како и храброста која ја демонстрираше во најтешките моменти во поблиската историја на Македонија, возобновувајќи ги разрушените манастири од бесниот воен виор кој ја зафати територијата на Македонија се само еден дел од татковската заштитничка ролја која со направените дела и жртвата за македонското единство му се наметнува на дедо Кирил, како знак за негово вечно препознавање.

Значајна е улогата на дедо Кирил и во опфаќањето и во сплотеноста на Македонците надвор од Македонија, особено во преку-океанските земји, кога благодарение на неговата активност, во еден долг период, Македонската православна црква направи силен пробив меѓу бројното македонско иселеништво, овозможувајќи задово-лување на црковните чувства и потреби, јакнење на единството среде македонскиот народ, зацврстување на слогата, евангелската љубов, чувството за слобода, разбирањето и заедништвото со сите луѓе во средините во кои нашите македонски браќа се определиле да живеат.

Нему Бог ќе му промисли да ги организира и изгради од корен македонските црковни општини во дијаспората. Македонското иселеништво, повеќе отколку тука во матичната земја, ќе биде со години нагризувано и индоктринирано од лицемерните и себичните политики на соседите. На овој пат ќе треба одлучно да се застане и во име на вистината и правдата со сите сили да се победи опскурноста и мрачното зло кое одблизу се заканувало со асимилација. На време е испратен дедо Кирил за да ја спречи оваа катастрофа и со силна вера и

молитва во срцето и усните и со добра порака ќе се појави тогаш младиот и корпулентен мирополит и со силината на божествената проповед набргу ќе го отера непредвидливиот виор кој како Дамоклов меч виси над главата на македонскиот народ.

Ваквата негова одлучност и пламена истрајност во проповедта ќе наиде на гнев и безумен отпор кај непријателите на вистината, но сето тоа ќе биде сфатено како ново семе што ќе даде стократен плод на плодната македонска православна нива. Македонската православна црква во дијаспората ќе продолжи да се гради и изградува и со текот на времето ќе ги трасира основните постулати на своето дејствување од кои и ден денеска нема отстапување.

Божјата промисла го определи дедо Кирила да и се најде на својата татковина тогаш кога и е најтешко, кога опасностите и лукавите искушенија се најголеми. Мораме да признаеме дека за да се води и брани еден народ повеќе од 40 години не е воопшто лесна и едноставна работа. За да се биде одлучен во најтешките времиња, кога се заканува страшното ропство со сите негови пропратни демонски замки, единствено е сведоштво за големата желба за слобода, која е основниот човечки порив и основната човечка потреба да се добие она што Господ го дарува..

Во ситуација кога од сите страни демне опасноста, а во исто време да се гради и да се сведочи вистината, навистина е потребна состојба на духот како на свет маченик и цврстина на волјата како на апостол - мисионер. Македонија е непобитна реалност и покрај сите обиди за негирање на нејзината вековна и од древни времиња историја, јазик, идентитет, култура, име, па и територијата на кои како македонски народ имаме единствено ексклузивно и наследено право.

Среќен сум што во мојот животен век, живее и нашиот македонски пастир, дедо Кирил. Сигурен сум дека како таков, тој го има одговорот на секое прашање за нашата мила Македонија, бидејќи го познава и последниот атом од македонската душа.

Навистина е тешко делото на еден човек да се увиди и оцени додека е тој жив, а дедо Кирил поседува пастирски авторитет и кај најслабата по дух македонска личност.

Големината на неговиот лик и дело сé уште ќе расне и сигурен сум дека тој уште од сега го осигури своето место во македонската историја и со многу го задолжи македонскиот народ. Дедо Кирил е нашиот учител и неговата личност е урнекот на кој ќе треба и ние помладите да се подучуваме и угледуваме.

Во Монографијата посветена на ликот и делото на Неговото Високопреосвештенство митрополитот полошко-кумановски господин Кирил, преку фотографии, на еден илустративен начин ќе видиме раскажана една цела историја не само на еден човечки живот, туку овде ќе го увидиме подемот на една Црква и на еден народ. Оваа Монографија е силен доказ дека Македонската православна црква е жива Црква, осенета и закрилена од Троичниот Бог.

Во неа може да се види националниот дух и карактеристика на обичниот македонски православен човек, да се согледа неговиот литургиски живот, неговата надеж и смирение и неговата стрпливост и преданост на Божјото раководење. За оној кој искрено стои пред Божјата правда, во оваа Монографија ќе биде видлива целата Божја мудрост и убавина во раководењето на цел еден народ на патот на спасението во Неговото свето царство. Навистина голем и семудар е нашиот Бог, кој во тешките и клучни моменти од македонската историја ни го испрати за народен чувар и просветител македонскиот владика Кирил.

На многаја лета високопреосветени владико Кириле! Ние твоите духовни рожби ти изразуваме поклонение и благодарност и во исто време те молиме да се застапуваш пред Бога за спасение на нашите души“, рече митрополитот Агатангел.

.Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од монографијата „Митрополитот Кирил“ биле печатени 47 + 33 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со митрополитот Кирил и со МПЦ-ОА...

ГОЛЕМИОТ БИЗНИСМЕН И МАКЕДОНЕЦ ЃОРЃИЈА-ЏОРЏ АТАНАСОСКИ (9)

Делото ***„Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски“*** чии автор е Славе Николовски-Катин е едно од најзначајните изданија во македонското иселеништво. Првото и второто издание на монографиите насловени ***„Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски“*** **(2012) (2015)** се публикации на издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје и ТВ Сонце од Скопје, отпечатена на 468 и на 496 страници (на македонски и на англиски јазик. Во овие изданија се дадени животот и делото на најголемиот бизнисмен и еден од донаторите во македонското иселеништво Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски.

Во монографиите се вели дека Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски е исклучително голема, позната, призната и неодминлива личност во македонската дијаспора и во Македонија. Тој, без сомнение, е еден од економски најуспешните Македонци во светот. Иако подолго време живее на Флорида, во Соединетите Американски Држави, од своето емигрирање до денес тој е длабоко и силно поврзан со судбината, вистината и настаните во Македонија. Џорџ Атанасоски е Македонец по националност и православен христијанин по вера. Тој е еден од најголемите иницијатори и организатори на одбраната на македонското име, особено на македонското знаме од Кутлеш (Палатица). Џорџ Атанасоски е бранителот и афирматорот на историјата и честа на македонскиот народ и Македонија во светот, посебно во Северна Америка. Во овие мигови на распетие на Македонија, кога Република Македонија е меѓународно призната, иако не под нејзиното уставно име, тој ги изложува своите погледи за можностите за македонски, стопански, економски, културн и

верски препород, како и за натамошен демократски развој како суверена самостојна и независна држава на овие балкански ветрометини.

Господинот Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски е роден на 18 февруари 1952 година во селото Марул, Прилепско, од татко Алексо и мајка Спасија. Во 2012 година го прослави своето шеесетто лето Господово на наговиот бурен живот, за кој со право се вели дека тој е еден од најуспешните македонски бизнисмени во светот. Тој во брак има четири сина кои успешно одат по неговите стапки. Во неговото потесно семејство се и сестра му Виолета, која е кардиолог на Флорида, а брат му Јосиф е позната и призната личност во бизнисот во американското општество.

Во 1970 година, Џорџ Атанасоски заминува за САД, кај својот постар брат Јосиф, со кого ја почна својата кариера како инженер вработен на Универзитетот во Њујорк. По само пет години сложните браќа формирале своја фирма што подоцна ќе прерасне во голема компанија. Седиштето на „Мајкрофлекс инк.“ е во Ормонд Бич на Флорида чии целосно автоматизирани погони се распослани на над 16 илјади квадратни метри. Врвниот квалитет на флексибилните метални производи ги задоволуваат потребите на светски познатите: Форд, Крајслер, Џенерал моторс, Џенерал електрик, НАСА и други фирми ширум светот. Неодамна е почната изградбата на нови производни погони во Америка. А наскоро господинот Атанасоски планира да го изгради и првиот погон во Македонија за да се задоволат потребите на Европската Унија, НАТО и другите европски земји со производи од добро познатата и призната програма на „Мајкрофлекс инк.“ потврдени со сертификати за стандардизација, ИСО 9001.

Меѓутоа, бизнисменот Атанасоски, во дијаспората, е препознатлив како најзначаен инвеститор од Македонците кои инвестирале во дедовската земја - Република Македонија. Тој е основач на Македонски светски неделник „Македонско сонце“, на претпријатијата „Мак ам“, како интернационална компанија, на хотелот со бензинска пумпа „Сонце ГА“ во Прилеп, најпатриотската телевизиска станица во Македонија ТВ „Сонце“ во Скопје, „Жито Прилеп“ во Прилеп, на Женскиот ракометен клуб

„Прилеп“ и други инвестиции, а планира да вложи сопствени средства за нови производствени капацитети во Република Македонија и пошироко. Со тоа тој се вбројува меѓу економски најуспешните Македонци во светот. Иако подолго време престојува во Америка, од своето емигрирање до денес, тој е нераскинливо поврзан со судбината и со настаните во Македонија.

Меѓу другите активности во новата средина во Соединетите Американски Држави, господинот Атанасоски стана член, а подоцна и секретар (1974-1980) на една од најстарите македонски организации во Северна Америка, Македонската заедница во Њујорк. Организацијата ја промовира македонската нација, нејзината историја и култура. За време на работата во Македонската заедница во Њујорк, тој ја обединил македонската заедница преку спонзорирање на социокултурни настани, вклучувајќи и фолк-фестивали, симпозиуми, вечери на поезија, спортски настани и слично. Тој е особено активен во промовирањето на демократијата во Македонија.

Имено, тој е шеф на Организацијата за заштита на македонското име, знаме, Устав, како и промотор на признавањето на Македонија како суверена држава од страна на земјите во светот. Паралелно со промовирањето на демократијата во Македонија, во мај 1992 година, господинот Атанасоски ги фокусирал своите напори за финансиско помагање на Светскиот македонски конгрес (СМК). Оваа асоција е широка организација која го форсира цивилното општество и економскиот развој, ги координира и им дава техничка поддршка на невладините организации. Истата година, Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски е избран за претседател на Светскиот македонскиот конгрес за Северна Америка, една од највлијателните македонски невладини организации во светот. Неговата работа во Светскиот македонскиот конгрес резултира со организирање хуманитарни активности за спонзорирање на истражувачки работи од областа на историјата во Македонија.

По осамостојувањето на Република Македонија, господинот Атанасоски активно се вклучил на македонската политичка сцена, а на меѓународен план е еден од најголемите борци за зачувување и негување на националните интереси на Маке-

донците во земјава и во светот, при што особено внимание посветува на нивниот економски напредок.

На 24 јуни 1994 година, за да ја назначи важноста и да создаде верба во независните медиуми, тој го кофинансирал, организирал и етаблирал првиот светски македонски неделник „Македонско сонце“, кој успешно опстојува на македонскиот медиумски простор, кој е отворен за секој граѓанин во земјата и во светот.

Како резултат на неговата политичка кариера, на претседателските избори во октомври 1994 година, македонскиот бизнисмен Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски се кандидираше за независен кандидат за претседател на Република Македонија. Исто така и во 1999 година Атанасоски се кандидирал за претседател на Македонија, со желба, доколку ја добие довербата на граѓаните, да ја унапреди демократијата во земјата, да промовира економски систем базиран на принципите на слободен пазар и држава во која ќе владеат законите на правниот систем. Основната агенда во неговата кампања била да се забрза економскиот и социјалниот развој на Македонија. За жал, од познати причини не успеа да ја реализира својата намера.

Меѓутоа, Атанасоски не ја напушти почнатата патека за доброто на македонскиот народ и за неговата подобра сегашност и иднина. Продолжил со своите активности и како резултат на тоа, во текот на јануари 1996 година, поведе иницијатива за формирање на политичката партија „Македонска алијанса“.

Окружниот суд во Скопје, како надлежен за Судскиот регистар на политичките партии, во вонпроцесна постапка, а во согласност со законските одредби, одлучи и донесе Решение со кое „Македонска алијанса“ со седиште во Скопје стекнува својство на правно лице и дека може да започне со работа од 22 март 1996 година.

Од 1996 година до денес, господинот Атанасоски е претседател на партијата „Македонска алијанса“. Партијата е регистрирана во Скопје, но има свои ограноци речиси во сите земји во светот, во кои живеат Македонци и е во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. Промовирајќи ги своите патриотски ставови, „Македонска алијанса“ стана синоним за националната

борба на македонскиот народ. За таа цел, во 1998 година „Македонска алијанса“ ја формира „Македонската национална коалиција“, со која учествуваше на парламентарните избори.

„Македонска алијанса“ продолжува со својот амбициозен план за развој на македонската економија, за излез од кризата и за развој на државата. За таа цел, партијата нуди рака за соработка со сите Македонци и малцинства во Република Македонија, за во иднина сите да партиципираат во севкупниот просперитет на државата.

Во 1996 година, господинот Атанасоски ја основал и станал претседател на „МАК АМ“ интернационална трговска компанија со филијали во Флорида, САД, Скопје и Прилеп во Република Македонија. Основната дејност на „МАК АМ“ била увоз и извоз на производи во Македонија и надвор од неа. И денес, тој упорно продолжува со својот амбициозен план за развој на македонската економија, за излез од кризата и за унапредување на македонската држава. Тој е човекот кој се докажа како исклучително способен и успешен бизнисмен, докажан патриот, за кого родното огниште, неговиот народ и македонската кауза се во прв план.

Тој долги години се занимава со изработка на софистицирани флексибилни метални висококвалитетни производи наменети за авионската, за автомобилската, за машинската индустрија итн., при што е добитник на многубројни високи меѓународни награди за успешен бизнисмен. Дел од својот капитал инвестира во Прилеп и во Скопје, а успешно се занимава и со други професионални и стручни ангажмани.

Тој навистина е прототип на Македонец кој со своето знаење, интелигенција, итрина и адаптибилност успешно се снашол во туѓина. Воден од љубовта кон Македонија и од нејзиното сонце како Големиот Александар, цели дваесет години активен е и во Македонија на полето на економијата, политиката, културата, медиумите и воопшто позитивно дејствува во социјално-општественото живеење и опстојување на македонскиот народ и Македонија.

Господинот Џорџ Атанасоски е еден од најуспешните македонски бизнисмени во САД и во светот, за што е добитник

на бројни награди, меѓу кои и на највисокото американско општествено признание „Елис ајленд“.

Бизнисменот Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски е личност за почит и пример на кој можат и треба да се огледаат и други Македонци во двете татковини, САД и Македонија. Нему му припаѓа заслуженото високо место во хиерарсиската пирамида на луѓето кои имаат големи заслуги во иселеничката македонска сага и во градењето пријателски и бизнис-мостови меѓу Република Македонија и Соединетите Американски Држави.

Фондацијата ***„Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски“*** е насочена кон зачувување на уставното име на Република Македонија, унапредување и заштита на македонскиот национален идентитет, стипендирање најдобри ученици, студенти, поттикнување на спортскиот дух и друго. Исто така, бизнисменот Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски е голем хуманист, донатор и мецена на многу важни национални и културни манифестации во Република Македонија и во прекуокеанските земји, каде живеат и работат многубројни Македонци.

Меѓутоа, овој пат ќе пишуваме за неговата Фонда-ција „Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски“. Имено, на 7 октомври 2015 година, во големата сала на хотелот „Александар Палас“ во Скопје е формирана Фондацијата „Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски“. Чинот на формирањето се извршил пред голем број присутни, поддржувачи на овој познат македонски иселеник од Флорида, од Соединетите Американски Држави, бројни гости од цела Република Македонија, од егејскиот и пиринскиот дел на Македонија, од Општината Пустец и други места од Мала Преспа и Албанија, од Гора, претставници од општествено-политичкиот живот, од дипломатскиот кор, претставници на Македонската православна црква, од Македонската православна црква „Света Злата Мегленска“ од Соботско, како и претставници на бројни хуманитарни и други организации од Прилеп и Скопје.

На свеченото основање на присутните им се обратил директорот на Фондацијата, Николас Атанасоски, роден Американец а горд Македонец, син на Џорџ Атанасоски. Тој, меѓу другото, истакнал дека Фондацијата „Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски“ ќе ги унапреди сите досегашни хуманитарнии донаторски

активности во Македонија и регионот. Исто така, Фондацијата ќе биде посветена на промовирање на македонската култура и традиција, ќе иницира широк спектар на програми кои ќе ги опфатат сите Македонци од етничка Македонија, а ќе се грижи и за богатото македонско културно и духовно наследство.

Во своето излагање основачот на Фондацијата Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски истакнал дека владеењето на правото, почитувањето на човековите слободи и права, економскиот развој, толеранцијата за различностите, се столбови на кои треба и мора да опстојува модерната македонска република. За таа цел Ѓорѓија–Џорџ Атанасоски ја основал Фондацијата преку која ќе се промовира македонската култура и традиција преку поддржување на образованието, медиумите, јавното здравство, човековите права и правата на жените, спортот, на социјалните, правните и економските реформи.

Исто така, Атанасоски истакнал дека активностите на Фондацијата ќе бидат насочени кон зачувување на уставното име на Република Македонија, унапредување и заштита на македонскиот национален идентитет, стипендирање најдобри ученици, студенти, поттикнување на спортскиот дух, развивање и реализација на едукативни програми, поддршка на мали бизниси, издавање публикации, организирање дебати и трибини за македонското културно творештво, развивање на етничка толеранција, промовирање на социјални проекти од интерес на заедницата, реставрирање на стари градби, финансирање на археолошки истражувања и друго.

Во делот на промоцијата на второто издание на монографијата „Ѓорѓија–Џорџ Атанасоски, авторот на овие редови, Славе Катин, меѓу другото, истакнал дека делото е израз на силната љубов на патриотот и големиот бизнисмен Атанасоски кон родната земја – Македонија, која, во исто време, претставува и гордост и радост и тага и сон и јаве за Македонците во дијаспората. Монографијата е сведетелство на неговото духовно и национално живеење, на убавиот збор и откривањето на животот и постигнувањата на овој доблесен патриот.

Второто издание на оваа двојазична монографија (на македонски и на англиски јазик) која содржи 500 колорни страници,

претставува еден вид огледало за ликот и делото на Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски. Со монографијата се овековечува овој познат и признат Македонец, за кого со право се вели дека нему му припаѓа заслуженото високо место во градењето пријателски и бизнис-мостови меѓу Соединетите Американски Држави и Република Македонија.

Познатиот македонски бизнисмен Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски е уште голем хуманист, донатор и мецена на многу важни национални и културни манифестации во Република Македонија и во прекуокеанските земји, каде живеат и работат многубројни Македонци, дава стручна, економска и политичка анализа за состојбите во земјава и пошироко. Меѓу другите заслужуваат внимание следните донации:

Споменикот на Александар III Македонски Велики во Прилеп е израз на силната љубов и почит кон Античка Македонија и кон древните корени на бизнисменот Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски. Имено, на 30 јуни (жетвар) 2006 година во Прилеп го потврдил тоа и го одбележал со поставувањето на споменикот на Александар III Македонски. Имено, тој го финансирал создавањето на бистата, дело на Жарко Башески, со цел да му се оддаде должната почит на најголемиот Македонец, кој славата на својата земја ја пренел низ целиот свет. Дотогаш Република Македонија била една од ретките земји каде што немало никакво обележје за Александар. Затоа, таквото монументално дело станало македонски препознатлив знак за народот кој некогаш големиот Александар го водел во походи со цел да ги обедини народите.

Благодарение на Ѓорѓија Атанасоски Република Македонија го доби симболот на својот национален идентитет за да потсетува на незаборавот на македонската кауза. Со тоа, Прилеп, градот херој, градот под Марковите кули, во 2006 година стана единствениот град во Република Македонија чиј плоштад се гордее со грандиозен споменик на македонскиот великан и војсководец Александар Македонски.

На 13 јуни (жетвар) 2008 година, бизнисменот Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски заедно со делегација на неговата партија, „Македонска алијанса“, од името на целиот македонски народ му оддаде достојна почит на кралот Персеј. Всушност, на тој

ден бизнисменот Атанасоски поставил масивна бронзена спомен-плоча со вечното шеснаесеткрако македонско сонце. Со тоа се потврди дека традицијата и почитта кон големите ликови од сопственото минато е нешто најсвето и секогаш ги носи народите кон посреќна иднина.

Во македонската православна црква „Свети Димитрија“ има голем број Македонци кои од почеток до денес се вклучени во купувањето, изградбата и реконструкцијата на зградите, меѓу кои најголеми донатори досега се бизнисмените браќата Јосиф и Ѓорѓија- Џорџ Атанасоски, кои во 2004 година подарија 200.000 американски долари.

Исто така, на 2 март 2014 година на пикникот што го организираше црквата „Свети Димитрија“, а на кој присуствуваа околу 250 посетители, членовите на црквата и други добронамерници и пријатели на Македонците, се собраа повеќе од 30.000 долари. Притоа еден од големите донатори беше Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски кој со брат му подарија по 10.000 долари. Затоа, со право се вели дека браќата Јосиф и Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски се најголеми донатори на Маке-донската православна црква „Свети Димитрија“ во Флорида.

Бизнисменот Ѓорѓија–Џорџ Атанасоски е познат хуманист и донатор не само во Соединетите Американски Држави туку и во Македонија. Тој е донатор на бројни македонски православни храмови во Република Македонија, Мала Преспа и други места.

Исто така, тој е донатор и поддржувач и на голем број културни, спортски, фолклорни и национални активности кај Македонците во егејскиот и пиринскиот дел на Македонија. Една од значајните донации на господинот Ѓорѓија–Џорџ Атанасоски е, секако, камбанаријата за Македонската православна црква Свети Никола во Мавровo. Камбаната во која е втиснато шеснаесетзрачното сонце тежи 350 килограми и била завршена до крајот на семптември 2004 година..

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од монографијата „Ѓоргија-Џорџ Атанасоски“ биле печатени 70 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со бизнисменот Атанасоски.

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА „ЗЕГИН“ ВО МОНОГРАФСКОТО ДЕЛО „ БЛАГОЈ МЕХАНЏИСКИ“ (10)

Животната и бизнис-сага на Благој Механџиски, истовремено е еден вид сторија и историска вистина на Малешевијата, на Македонија, на деловното живеење, на успесите, падовите и постигнувањата на една голема компанија како што е „ЗЕГИН“. Во биографијата што Славе Катин ја подготви за него, за неговиот животен пат, дело и постигнувања, сублимирано се проектира најновата фаза на историјата на деловниот живот во Македонија. Затоа, монографијата ги надминува рамките на обично дело за животот на еден бизнисмен од Македонија.

Оваа монографија е посветена на бизнисменот, хуманистот и донаторот Благој Механџиски. Име, кое е познато и респектирано на низа полиња и деценски потврдено во бизнис-заедницата во Република Македонија. Во исто време делото е посветено на 30-годишниот јубилеј на веледрогеријата „ЗЕГИН“, на 45.годишнината за посветеноста на бизнисот и 75-годишниот живот на Благој. Монографијата чиј автор е Славе Катин е подготвена на македонски и на англиски јазик на 480 страници со голем број текстови и фотографии. Рецензенти на ова дело се поглаварот на МПЦ-ОА господин господин Стефан и проф. д-р Лазар Лазарев.

Тој е исклучително позната и неодминлива личност меѓу македонските деловни луѓе. Него со право веќе неколку децении во Македонија и регионот го претставуваат како хуман, благороден човек и голем бизнисмен, кој управува со фармаколошки бизнис и паралелно со тоа им помага на луѓето. Познат е како голем христијанин, посветен и верен на Македонската православната црква – Охридска архиепископија, на македонскиот народ и на Македонија.

Личноста Благој Механџиски воопшто не е лесно да се опише. Имено, неговите пријатели често велат дека тој е човек кој во текот на бизнисот се претвора во „машина“, додека во приватниот живот и во ретките слободни моменти знае да се пошегува, да викне и да го забавува друштвото. Како негов биограф го познавам уште од студентските денови и знам дека неговиот животен пат не бил лесен. Тој секогаш се борел за својот став, па дури и по цена на пропаст, затоа Бари, како што го викаме Благој, заедно со „ЗЕГИН“ е еден-единствен и неповторлив.

Во исто време монографското дело ***„Благој Механџиски“*** е и скромен пример за афирмација на аптекарството во Македонија, на Балканот и пошироко, афирмација на минатото, сегашноста и иднината на компанијата „ЗЕГИН“, како и на родното Русиново, убавиот Малеш и на Македонија.

Делото е посветено на животот и делото на Благој Механџиски, кој постојано се залага за афирмација на аптекарството во Македонија, на Балканот и пошироко. Таквата угледна легенда во аптекарската фела, вљубеник во народот, во својата татковина, секогаш го водела светата мисла да го претстави бизнисот и да остави вечни траги за идните генерации. Во исто време треба да се потенцира дека оваа Монографија е подготвувана подолго време и чека да биде отпечатена и да го види македонското Сонце.

Често се вели дека Благој Механџиски е душата на веледрогеријата „ЗЕГИН“, чија идеја за формирање датира од 1974 година, кога тој го завршил Медицинскиот факултет. Тогаш му се отворија патиштата да влезе во бизнисот со лекови. Како претставник и во соработка со „Кемофармација“ од Љубљана, Механџиски ги покажа неговите квалитети и капацитети во бизнисот со лекови.

Овој бизнисмен како водечка личност и сопственик на веледрогеријата „ЗЕГИН“, е донатор и поддржувач на голем број културни, спортски, фолклорни и национални активности, особено во Малешевијата и Скопје. За период од 26 години, колку што постои неговата фирма „ЗЕГИН“ има донирано во домови за деца без родители, поединци, училишта, спортисти и спортски настани, здравствени и други установи и институции и

најразлични манифестации, како и дарител на бројни македонски православни храмови во Република Македонија.

Во ова монографско дело е даден дел од сликата на Благој Механџиски и неговиот животен сопатник, д-р Вера Механџиска, младото поколение, нивната животна прикаска и судбина, нивниот заеднички живот и постигнувања. Во автобиографското дело, на наративен начин, на македонски и на англиски јазик се презентирани историскиот, животниот, семејниот, деловниот и творечкиот опус, пред сè, на Благој Механџиски-Зегин.

Со тоа се прави обид да се фрли светлина врз неговиот животен пат. Трудот е компониран во девет поглавја, во кои секој дел има по повеќе делови, претставувајќи хронолошка и тематска заокружена целина. Така, Првото поглавје е насловено како дел од животот на Благој Механџиски, во кое се дадени текстови за неговиот живот, посветеноста на бизнисот, за неговиот брачен живот со сопругата Вера, како и за неговото семејно стебло.

Вториот дел е посветен на неговата татковина Македонија, при што се поместени материјали и податоци од античко време до денес. Во делот, пак, посветен на Малешевијата презентирани се пригодни материјали за Берово и Русиново, родниот крај и пошироко, секаде онаму каде што Благој Механџиски и денес е присутен со бизнисот, живеењето и донаторството.

Посебно поглавје е посветено за големиот македонски револуционер Даме Груев, чија судбина била да погине за Македонија, токму во атарот на селото Русиново, на планинскиот врв Петлец. Тоа е место од каде Даме Груев ја рашири љубовта кон етничка Македонија и со истата таа исконска љубов ги задои младите македонски генерации, кои со почит се поклонуваат пред неговата спомен-плоча.

Името и делото на Даме Груев е тесно поврзано со голем број знајни и незнајни револуционери од Малешевијата, особено со револуционерот од Русиново, Никола Петров-Русински (Чукарски). Личност кој со своето спомен-обележје, донација на Благој Механџиски го краси центарот на Берово, а со своето име на Основното училиште во Русиново ги потсетува

и старите и младите генерации да ги чуваат придобивките на слободата.

Најголем простор во монографијата е посветен на минатото и сегашноста на веледрогеријата „ЗЕГИН“, аптекарскиот бисер во Македонија. Компанијата која има околу 150 аптеки и околу 1700 вработени, кои со најевтините лекови им служат за доброто здравје на народот. Исто така, сместени се материјали за иднината на „ЗЕГИН“, особено со проширување на бизнисот и во лозарството и во виното, како и во здравата храна, што претставува иднина на животот на современиот човек. .

Монографското делото е посветено на значајниот јубилеј на „ЗЕГИН“, на неговиот живот и дело, како и на благородното семејство Механџиски. Во делото се презентирани голем број текстови за бурната историја за веледрогеријата „ЗЕГИН“ и за бизнисменот Механџиски, како и документи, фотографии и други материјали со кои монографијата претставува приказ на неговиот живот и дело и историја за веледрогеријата „ЗЕГИН“.

Механџински е познат донатор на бројни македонски православни храмови во Република Македонија. Имено, како своја донација ја подари иконата (акрилик, природна големина) со ликот на свети Никола за најстарата македонска православна црква во Малешевијата, „Света Петка Параскева“ во неговото родно Русиново.

Затоа, мај 1999 година за Русиново е запишан како светол ден за спас на душите на македонските револуционери Даме Груев, Сандо Китанов, Атанас Карчев и Никола Петров-Русински, како и на соселаните на Механџиски кои почиваат на селските гробишта.

Потоа, во 2000 година, во период од 100 дена, Механџиски своето донаторство го насочи во реставрирањето и конзервацијата на иконите од црквата „Света Петка Параскева“. Беа конзервирани повеќе од 60 икони, а по велигденските празници во Русиново се изврши реставрирање на иконостасот во црквата, за која податоците тврдат дека е најстара и најубава црква во Малешевијата, односно во родното место на донаторот Благој Механџиски.

Исто така, во летните месеци беа изведени и градежни работи на црквата, и до крајот на 2000 година „Света Петка Параскева“ во Русиново беше во ново руво.

Во 1999 година, неизмерната хуманост на Механџиски се потврдила со неговата донација на Клиниката за онкологија. Тогаш Клиниката добила лекови, односно цитостатици, во вредност од 80.000 германски марки.

Потоа, за 45 лица со бубрежна инсуфициенција од источниот дел на земјава, тој подарил линија за реверзна осмоза во вредност од 20.000 германски марки и тоа за Медицинскиот центар во Делчево, со што се овозможило да профункционира Центарот за дијализа, а болните од Кочани, Делчево и Берово повеќе да не патуваат во Струга, за што бил прогласен за донатор на годината во Република Македонија.

На почетокот на април 2002 година, хуманитарна помош му била доделена на населението на Лешок, во Тетовскиот Регион. Таму беше разрушен македонскиот православен храм „Свети Атанасиј“ големо македонско историско светилиште, а помошта, исто така, беше доделена од веледрогеријата „ЗЕГИН“, во соработка со Француската амбасада. Притоа, во старата црквичка „Света Богородица“ која потекнува од XIV век, сместена во внатрешноста на Лешочкиот манастир беше одржана молитва со порака за мир меѓу луѓето.

За неговата докажана хуманост и солидарност, тој е лауреат на многу домашни и меѓународни награди и признанија, меѓу кои и на наградата „Најхумано лице“ за 1999 година; во истата година, тој бил прогласен за донатор на годината во Република Македонија: во 2007 година, Механџиски е избран за најменаџер за Југоисточна и за Средна Европа; веледрогеријата „ЗЕГИН“ чиј сопственик е Благој Механџиски, е македонски лауреат на престижната награда „Бизнис-партнер 2009“, што по петнаесетти пат се одржала во Белград, потоа добитник е на наградите: „Признание за најпознат бренд на Југоисточна Европа“, „Супер бренд во Македонија 2009 година“, „Најменаџер на Југоисточна и Средна Европа“ и „Регионален бизнис-партнер за 2009 година“.

МОНОГРАФСКО ДЕЛО ЗА СИЛЈАН МИЦЕВСКИ – ПОЗНАТИОТ БИЗНИСМЕН И СПОРТСКИ РАБОТНИК (11)

Монографијата ***„Силјан Мицевски“*** за бизнисменот од Битола е дело на Славе Николовски-Катин во коавторство на Ѓорѓи Лумбуровски, а е подготвена од Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје, во 2014 година, на 320 страници, на македонски јазик.

Рецензенти на монографијата за Силјан Мицевски, угледниот македонски стопанственик, спортист, поддржувач на културата, уметноста и спортот, донатор, актуелен почесен конзул на Република Србија во Република Македонија и поранешен градоначалник на Општина Битола, се академик Владо Камбовски и проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ.

Инаку, Силјан Мицевски-Циле, како често го викаат неговите блиски, е роден на 16 октомври 1945 година во Битола. Тогаш во семејството Силјанови славењето било големо и радоста неизмерна, особено за мајката Василка (1917-2001) и таткото Јован (Јонче како што сите го викале) Мицески (1915-1971). После првата рожба, сестрата Нада (1935) и братот Благој (1939), трета среќа бил Силјан (1945) кој дошол во ова семејно гнездо како најмалечко чедо.

Во монографијата „Силјан Мицевски“ е забележано дека тој по завршувањето на гимназијата, прво, се запишал на Правниот факултет во Белград, а потоа на Економскиот факултет во Прилеп, кој го завршил со висок просек, во 1975 година. Но, тука не запрел. Отишол понатаму. Предизвик му била науката. По извесен период, магистрирал во Софија, на отсекот Економија и менаџмент, со што се стекнал со титулата магистер по менаџмент.

Почетокот на работата на ГП „Пелистер“ датира од 1968 година, кога работело под името „Уметност“, занимавајќи се со

градежно занаетчиство. Од 1977 година почнува да се занимава со покрупни зафати на градежни работи и тогаш формира голема градежна оперативa со фузирањето на четирите помали градски оперативи: „Млад ѕидар“, „Солидна работа“, градежниот погон на КИБ „Битола“ и „Уметност“. Со константен подем и рапидно темпо на пораст, ГП „Пелистер“ станува комплетен изведувач од проект, преку градба, па сè до предавање на објектот по принципот „клуч на рака“.

М-р Силјан Мицевски е првиот човек на градежното прет-пријатие „Пелистер“. Неговото семејство поседува близу 50 аптеки „Еурофарм“ низ цела Македонија. Поседува капитал и во повеќе компании низ Македонија што се занимаваат со градежништво. Инаку, важи за човек што со години помага во битолскиот спорт, културата, а им помогнал и на голем број битолчани.

Битола, градот на конзулите, како што го нарекуваат, е родното место на Силјан (Циле) Мицевски и неговото семејство. Битола е неговата гордост, инспирација и предизвик. Тоа е градот во кој Силјан поминал голем дел од животот со својата сопруга Виолета и нивното поширoко семејство. Во Битола тој има постигнато значајни резултати како успешен и деловен човек, спортист, активист, градоначалник, хуманист, како и признат граѓанин на Битола, на Република Македонија и пошироко на овие балкански и европски простори.

Битола е седиште и на десетина почесни конзулати, меѓу кои на: Франција, Велика Британија, Турција, Романија, Грција, Русија, Словенија, Бугарија, Хрватска и Србија чиј почесен конзул е Силјан Мицевски-Циле.

Според пишаните медиуми, денес Силјан Мицевски е еден од најмоќните бизнисмени во југозападниот дел на Република Македонија и најбогат во тој регион во бизнисот со ископ и градежништво. Затоа, според листата на најбогати фамилии во Македонија, тој е на дваесеттото место.

Љубовта кон спортот е од таков интензитет и димензии што никогаш ниту ќе престане, ниту некој може да посегне да му ја оттргне од емоциите. Имало меѓуфази, имало најразлични пулсативни амплитуди, но во конечна смисла и кога играта на паркетот е во прашање и кога судењето било предизвик, тој ја

давал најсилната поддршка за овој спорт на кондиција, уметност, работа, талент, знаење, досетливост, волшебност и благородност. Затоа, кога се портретира големиот Силјан спортувањето и неговата љубов, наречена ракомет, се огромни.

Од големиот број активности треба да се споменат двата настана од спортот, за кои клучен човек за нивното остварување бил Силјан Мицевски.

Првиот е поврзан со ракометот и со одржувањето на ракометниот турнир „Трофеј на Југославија“ од 30 јуни до 5 август 1981 година во Битола. На овој настан учествувале спортисти од Демократска Република Германија, Советскиот Сојуз, Швајцарија, двете селекции на Југославија и од Социјалистичка Република Македонија.

Вториот настан е поврзан со одржувањето на Првото европско боксерско првенство за кадети во 1997 година, одржано од 4 до 14 јули во Битола. Учествувале 28 боксери од: Албанија, Ерменија, Азербејџан, Хрватска, Кипар, Република Чешка, Англија, Естонија, Германија, Унгарија, Ирска, Израел, Италија, Латвија, Литванија, Македонија, Молдавија, Холандија, Полска, Романија, Русија, Шкотска, Република Словачка, Словенија, Турција, Украина, Велс и поранешна СР Југославија.

Огромна е заслугата на Циле за сè што денес постигнува ракометниот клуб „Пелистер“, а постигна многу. Беше најдобар клуб во Битола, најтрофеен клуб во Македонија и најприфатен клуб во цела бивша Југославија и многу делови во Европа.

Кога се пишува за дипломатска Битола, едно од најзначајните дипломатски имиња, секако, е Силјан, кој е почесен конзул на Република Србија во Република Македонија. Имено, на свечен чин, во присуство на голем број високи гости, на 4 декември 2007 година, во Битола бил отворен почесниот конзулат на Република Србија. Од страна на Владата на Македонија, за прв почесен конзул бил назначен Мицевски, кој бил десетти по ред конзул во Битола.

Чинот на свеченото отворање на просториите на почесниот конзулат се случило напладне, во објектот лоциран на Широк Сокак, непосредно каде што се сместени почесните конзулати на Словенија и на Романија.

Со отворањето на почесниот конзулат на Република Србија во Битола се отворило поле за подобрување на традиционално добрите врски меѓу двата соседни народа Македонците и Србите. А тоа го направил почесниот конзул Силјан Мицевски, кој отворил широк простор за развој и збогатување на културните, спортските, научните и економските врски меѓу стопански субјекти од Битола и околината со фирми од Србија.

Инаку, во организација на Конзулатот на Република Србија во Република Македонија под покровителство на почесниот конзул м-р Силјан Мицевски досега се одржани пет меѓународни научни собири и од нив се издадени четири посебни зборници на трудови во кои се презентирани повеќе од 150 научни трудови.

Исто така, името на Силјан Мицевски е тесно поврзано и со бисерите на одржувањето на „Малиот битолски Монмартр“, кој го воздигнал името на градот под Пелистер и се слушнал надалеку за оваа единствена детска ликовна работилница, која премостува меридијани, држави, нации, раси, училишта. Таа ја спојува уметноста, креацијата, инвенцијата, идејата, умешноста и фантазијата на детските создатели.

Силјан Мицевски како градоначалник на Битола успеал „Малиот битолски Монмартр“ да биде меѓу најпознатите детски ликовни фестивали не само во Република Македонија, туку и во светот. За тоа зборуваат и бројките дека интересот за Битолската манифестација од година во година е сè поголем.

Името на Силјан Мицевски е поврзано и со прашањето и судбината на 3.268 битолски Евреи, кои беа депортирани од фашистичката машинерија во логорите на смртта. Тоа е црна страница од историјата на Битола која се случила на 11 март 1943 година. Во знак на сеќавање, тага и должна почит кон илјадниците сограѓани, на комеморацијата посветена на 57-годишнината од македонскиот холокауст, во 2000 година, градоначалникот Силјан Мицевски, меѓу другото, истакнал дека при таа прилика чувствува должност да укаже и да потврди дека битолчани со длабоко чувство ги негуваат спомените на битолските Евреи со кои четири и пол века ја делеле заедничката судбина како сложни граѓани.

Силјан Мицевски е добитник на многубројни награди и признанија, меѓу кои: Наградата „4 Ноември“ на градот Битола во 1979 и 1996 година, потоа наградата во „Златната категорија – Париз 2003 година при WQC – награда интернационална ѕвезда“, која му е доделена во 2003 година на 20. Интернационална WQC конвенција во Европа во конкуренција од 166 земји од светот, како и на престижното признание „Личност на Југоисточна Европа“ итн.

Но, се чини дека признанието на „Олимпискиот ден“ во Битола останало во посебно сеќавање кај овој доблесен бизнисмен. Имено, во рамките на манифестацијата „Олимписки денови во Македонија“, во Битола се одржа спортско-културен дел од оваа манифестација под името „Олимписки ден во Битола“. На оваа манифестација претседателот на МОК, д-р Васил Тупурковски, му врачи Златна плакета на битолскиот градоначалник Силјан Мицевски, кој беше и претседател на Сојузот на спортови на Битола.

Силјан Мицевски е награден и со престижното признание „Личност на Југоисточна Европа“, кое Одборот на Филмскиот фестивал за Југоисточна Европа секоја година го доделува на исклучителни личности од регионот на Југоисточна Европа. Ова високо признание за 2016 година му припадна токму на почесниот српски конзул во Македонија, Силјан Мицевски. Церемонијата на доделувањето на ова престижно признание се одржа на 26 мај 2016 година во еден од најстарите универзитети во Европа, а тоа е Универзитетот „Хумболт“ во Берлин кој работи од 1810 година. Наградата му ја врачи ректорот на Универзитетот професор д-р Сабине Кунст.

Од горенаведеното со право може да се каже дека м-р Силјан Мицевски е исклучителна, неодминлива и значајна личност во македонската дипломатија и во спортот, а најмногу во бизнисот. Циле е голем македонски родољуб и филантроп, кој ја сака Битола и Македонија со зборови и со дела. Затоа, како резултат на сè она што го постигна во изминатиот период, неговото име е запишано со златни букви во аналите на Битола и Република Македонија.

ЕСМА РЕЏЕПОВА-ТЕОДОСИЕВСКА КРАЛИЦАТА НА РОМСКАТА ПЕСНА (12)

Илустрираното монографско дело ***„55 години Есма со нејзината песна“*** на авторот Славе Катин, издадена во 2015 година, на 410 страници, во издание на Издавачката куќа „Македонска искра“ и асоцијацијата „Кралицата Есма и Стево Теодосиевски“ од Скопје, а со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија е отпечатено на 412 страницина македонски, англиски и ромски јазик.

Монографијата е посветена на амбасадорот на ромската песна и македонски музички освојувач на сите меридијани. Име познато и признато, уважено и респектирано во музиката. Вистината за Есма Реџепова–Теодосиевска е една необична, интересна и многу убава приказна, која е облагородена во ов аа монографија и со авторовата имагинација, знаење и умеење, Есма е претставена како пример за афирмација на македонската и ромската песна и за Република Македонија.

Есма Реџепова–Теодосиевска е најмаркантното музичко име на ромската, македонската, балканската и светската музичка фолк-сцена. Но, таа е и жената која животот го посветила на хуманоста, човекољубието и добрината. Жената со божественио глас која почнувајќи од првото музичко откри-вање на 11-годишна возраст кога ја пријавуваат да се натпреварува во радиоемисијата „Микрофонот е Ваш“, во која ја освојува првата награда па сè до нејзините последни мигови од животот.

На таа рана возраст станала популарна и тогаш ја забележал музичкиот уредник Стево Теодосиевски, кој набргу од Есма направил музичка дива на која успесите и концертите биле нејзин неминовен белег. Благодарение на својот ангелски глас таа станала прифатена и призната ширум светот. Со

песната, темпераментот и ромскиот музички ритам, со својата оригиналност и музичка виртуозност го освои светот и стана лесно препознатлив македонски бренд на сите континенти.

Есма Рецепова-Теодосиевска била истакнат естраден уметник цели 55 години, јубилеј кој ретко кој може да го доживее. Таа била неуморна на музичката естрада како гласовен гениј однегуван во неприкосновен добродетел на врвна уметничка креација. Есма владеела со волшебниот клуч на комуникацијата, срцето, емоциите и страста, па така, разгорени истите ги пренесувала на публиката од целиот свет.

Таа со неподнослива леснотија ги интерпретирала ремек-делата на македонскиот и ромскиот дух што го достигнува маестралната изведба на гласот на Кралицата на песната. Тоа излегува од дното на душата и со својата сила успевала да ги расплаче и најтврдите срца, бидејќи топлината и вибрациите на нејзиниот глас ги разбудуваа и најскриените емоции кај луѓето.

Херојот на оваа монографија, Есма, со своето 55-годишно дружење со ромската и македонската песна постојано се залагала за афирмација на македонската култура во Република Македонија, на Балканот и во целиот свет. Таквата угледна музичка sвезда, легенда и патриот – вљубеник во својата татковина, секогаш ја водела светата мисла да ја претстави песната и да остави вечни траги за идните генерации.

Многумина рекле и напишале дека Есма била Есма, една и единствена и неповторлива. Гласот на Есма проникнувал од нејзиното срце, па таа светот го опејувала, храбрела, воздигнувала, облагородувала, збогатувала, го хранела и напојувала со својот милозвучен глас, што ја правел редок музички уметник, а тоа и го дарувала судбината, а мисијата и го трасирала патот да биде хуманитарка.

Со својот божествен глас таа досега „излажала“ многу народи. Кога пеела во Шпанија, мислеле дека е шпанска Ромка. Во Русија „малку го згрешила акцентот“, па публиката помислила дека е од Узбекистан. Во Келн публиката од 20.000 посетители занемела пред нејзиниот глас. Во концертната сала завладеала апсолутна тишина како никогаш дотогаш.

Таа била многу среќна што по вторпат била номинирана за Нобелова награда за мир. Првпат во 2002 година, како

кандидат на Црвениот крст на Југославија, а во 2006 година, како адут на Светската организација на Ромите, со поддршка на 76 невладини организации и лајонс-клубови во земјава.

Поради својата оригиналност и музичка виртуозност Есма е нарекувана Кралица на ромската музика во светски рамки. Затоа, во 2010 година, претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, ја одликувал оваа естрадна уметничка со „Орден за заслуги за Македонија“, за нејзината дотогашна работа во музиката, како и за нејзините хумани дела и филантропски активности.

По тој повод нејзината скромност ќе рече: „Ова високо признание не го добивам јас, туку го добиваат граѓаните на Македонија, затоа што секогаш сум присутна во нивните домови. Ова не е само признание за мене, туку признание на сите националности кои живеат во Македонија“.

Исто така, Есма Реџепова-Теодосиевска била првата жена која во 2013 година, ја добила престижната титула „Национален уметник на Република Македонија“. Таа е трет добитник на ова највисоко државно признание, меѓу четворицата, Симон Трпчески, Милчо Манчевски и Борис Трајанов.

Ако некој ја воздигнал ромската жена како самосвесна, смела, решителна, топла, умна, трудољубива, пожртвувана, секако, тоа е Есма. Есма Реџепова–Теодосиевска постојано ја дарувала публиката и со убавата песна која е присутна на сите збиднувања во животот на Ромите, Македонците и на сите вљубеници на убавата песна во светот.

Таа е присутна со песната „Македонско девојче“; на сите свадбени церемонии со „Чајорије шукарије“, а на забавите, без оглед на возраста на присутните, им ја развеселувала душата со песната „Чекај животе“. Нејзината порака била дека го сака животот и не штедејќи се ја подарува љубовта на луѓето.

Нејзината судбинска мисија била дарување, помагање, да биде мајка над мајките, непоколеблива и истрајна во намерите секој да се опсипе со огромна љубов како непресушен извор на добрина, што ја чини ретка во овој по малку чудесен свет. А, нејзината цел на животот била хуманоста која доследно ја следела цел живот, станувајќи препознатлива со македонската и ромската народна музика.

Жената со божествениот глас, почнувајќи од нејзиното прво музичко откривање на 11 март 1957 година, благодарение на ангелскиот глас во период од 55 години, станала светски прифатена и призната. Со песната, темпераментот и ромскиот музички ритам таа го освоила светот. Есма со својата оригиналност и музичка виртуозност станала лесно препознатлив македонски бренд во светот.

Пеејќи во фустан од македонското знаме, таа покажала колку ја љуби својата земја и ја носи традицијата на македонскиот и ромскиот народ, кој како трепет е прелеан низ звуците што се шират. Кога била на сцената и на турнеите, Есма не била само извонреден глас, таа била вљубеник во својата земја за која говорела на сите средби со новинарите, амбасадорите, политичарите, претседателите, градоначалниците и со публиката.

Често пати на многубројните гостувања, била ангажирана да одржи предавања за нејзиното музичко творештво, на кои таа секогаш користела можност да ја претстави својата Македонија и нејзините убавини, па, така, не е преамбициозно ако се каже дека Македонија во светот е препознатлива и по Есма Реџепова, за што говорат многубројните награди, пофалници, титули, признанија и благодарници од целиот свет. Затоа, со право се вели дека Есма Реџепова–Теодосиевска била амбасадор на нашата култура и промотор на Република Македонија.

Во рецензијата за монографијата за Есма Реџепова, нејзиниот пријател Васил Тупурковски ќе го напише следното: „Навистина ми причинува големо задоволство и чест што сум рецензент на многу значајната монографија „Есма“ од Славе Николовски-Катин, автор кој ѝ е познат на македонската и меѓународната културна и научна јавност по бројните публикации, новинарски и научни трудови.

Мојата рецензија, всушност, е прилог кон ова дело посветено на доблесниот естраден уметник, истакнат хуманист и докажан донатор Есма Реџепова-Теодосиевска, која, во исто време е мој голем пријател и соработник. Есма е име, кое е познато, признато, уважено и респектирано на многу полиња и дециниски потврдено во музичкиот свет во Република Македонија и во светот.

Монографијата „Есма“ претставува еден вид огледало за Кралицата на ромската музика, или како често ја нарекуваат, амбасадор на македонската и ромската музика, културата, традициите и вистината за Македонија и ромскиот и македонскиот народ.

Оваа значајна и по многу нешта единствена тријазична монографија од овој вид (на македонски, на англиски и на ромски јазик, а има текстови и на српски јазик) претставува осврт за ликот и делото на Есма Реџепова-Теодосиевска. Монографијата претставува сублимат за уметничкиот труд на благородната Ромка, сместен во еден биографско-публицистички времеплов кој е своевидна сага за нејзиното опстојување. Монографијата со сета скромност е лика и прилика за животот и делото на Есма и нејзиниот сопруг Стево Теодосиевски што ќе остане вечно да се сеќаваат генерациите.

Есма Реџепова со своето животно дружење со песната постојано се залага за афирмација на ромската и македонската култура во Република Македонија, на Балканот и во целиот свет. Таквата угледна музичка ѕвезда, легенда и патриот – вљубеник во својата татковина, секогаш ја води светата мисла да ја претстави песната и да остави вечни траги за идните генерации.

Авторот Славе Николовски-Катин оваа монографија ја посветил на Есма Реџепова-Теодосиевска, големиот естраден уметник, хуманист и чувар на ромската и македонската песна. Делото го расветлува нејзиниот живот и богатото уметничко дело, како и делото и животот на нејзиниот животен сопатник - сопругот Стево, како и на сите нивни генерации. Во делото се презентирани голем број текстови за бурната историја на Есма и Ансамблот „Теодосиевски“, како и документи, фотографии и други материјали со кои авторот се потрудил монографијата да претставува приказ на уметничкиот живот и дело и историја на Есма и нејзините идни генерации.

Ова монографско дело е значаен придонес во продлабочувањето и проширувањето на сознанијата за Есма Реџепова-Теодосиевска, нејзиниот сопруг Стево, за семејните корени во Скопје и Кочани, за Република Македонија, за минатото, сегашноста и иднината како веродостоен документ за

големата по дела - Есма Реџепова-Теодосиевска. Во неа Славе Николовски-Катин успешно ја преточил живописната сторија за Есма Реџепова-Теодосиевска во публикација која претставува веродостоен документ, верен одраз и израз на еден живот и на едно дело достојни за почит. Во исто време ова дело претставува патоказ на другите македонски естрадни уметници и афирмација на ромскиот и македонскиот народ и на Република Македонија.

Слободно може да се истакне дека во личноста на Есма Реџепова-Теодосиевска има врвен афирматор на ромската и македонската песна, вистина, дух, полет. Таа е голем пријател, голем човек, кој за своите постигнувања има добиено најзаслужено врвни признанија и награди, меѓу кои, таа е национален уметник на Република Македонија.

Затоа со големо задоволство на читателите им го препорачувам ова монографско дело за Есма Реџепова–Теодосиевска, а на мојот пријател Славе Николовски-Катин му посакувам многу успех во понатамошната работа и животот“, напиша Васил Тупурковски.

Во рецензијата за монографијата за Есма Реџепова, пак, нејзиниот пријател Јордан Плевнеш ќе го напише следното: „Мојата рецензија за делото Монографијата за Есма Реџепова, од авторот Славе Катин, големиот вљубеник во Македонија, македонскиот народ и во македонската дијаспора и истражувач на македонската духовна вертикала во меѓународни рамки, ќе ја започнам со моето обраќање во УНЕСКО, во Париз.

Есма е присутна на сите меридијани, од годините во кои Стево Теодосиевски ја открива пред микрофонот на Радио Скопје во 60-тите години на XX век, таа поминува милиони и милиони километри, и со својот глас освојува милиони и милиони срца и насекаде ја чувствуваат како своја - Кралицата на Ромите од митската земја Македонија.

Во оваа пригода сакам да нагласам дека Есма Реџепова-Теодосиевска, е силен афирматор и вистински амбасадор на својата родна земја Македонија, чие име и слава гордо ги пронесе низ десетици и десетици земји на сите континенти низ светот. Дамата со божествен глас е музички талент. Таа стана препознатлива, прифатена и призната ширум светот со песната,

темпераментот, оригиналноста, музичкиот ритам и сензитивниот линк со публиката. Со својата дарба, труд и упорност, го почна искачувањето по естрадните скалила и стана популарна музичка дива. Нејзините континуирани успеси се нејзиниот неизбришлив белег.

Поради својата оригиналност и музичка виртуозност Есма е нарекувана Кралица на ромската музика во светски рамки. Во 2010 година, претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, ја одликува оваа естрадна уметничка со „Орден за заслуги за Македонија“, за нејзината досегашна посветеност на музиката, како и за хуманите дела и филантропски активности. Исто така, Есма Реџепова-Теодосиевска е првата жена која во 2013 година, ја доби престижната титула „Национален уметник на Република Македонија“.

Монографијата за Есма Реџепова–Теодосиевска, насловена како „55 години Есма со нејзината песна“ од Славе Катин, е посветена на животот, музичкиот дострел на добротворната хероина, Есма, најмаркантното име на ромската, македонската, балканската, но и на светската фолк- ризница.

Оваа монографија ќе го ретрасира патот на нејзината возбудлива одисеја и таа може да биде основа за еден документарен филм, по угледот на Вим Вендерс и Буена Виста Социал Клуб. Може да биде основа и за еден мјузикл, којшто би можел да се игра во Њујорк, Њу Делхи, Пекинг, Токио, Москва и во сите европски метрополи.

Може да биде основа и за театарска претстава и за опера, бидејќи, сите жанрови се слеваат во една митска река што се нарекува Есма Реџепова, таа извира во Македонија и се слева во светскиот бескрај на уметничката вечност“ напиша Јордан Плевнеш, ректор на Универзитетот за аудиовизуелни уметности - ЕСРА, амбасадор на Македонија во УНЕСКО и драмски писател.

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од монографијата „Есма“ биле печатени 33+ 26 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со Есма, Кралицата на ромската музика.

МОНОГРАФИЈАТА „СТИВ ПЉАКАС“ – ДЕЛО ЗА ДОНАТОРОТ И ГОЛЕМИОТ МАКЕДОНЕЦ (13)

Монографијата ***„Стив Пљакас“*** е дело за бизнисменот Стив Пљакас, еден од најистакнатите Македонци кој е иницијатор, организатор и силен борец за афирмација и за одбрана на македонското многувековно име на Македонците ширум светот, Македонската православна црква и на духовниот живот. Делото, за кое рецензенти се: академик Антоније Шкокљев-Дончо и проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ, е издание на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје, чиј автор е публицистот Славе Катин. Публикацијата е на англиски и македонски јазик, на 340 страници и е посветена на името и делото на еден од големите бизнисмени и истакнати општественици од македонско потекло во Канада, Стив Пљакас.

Тој е особено активен во промовирањето на демократијата во Македонија за заштита на македонското име, знаме, Устав и промотор за признавање на Македонија како суверена, независна и самостојна држава на Балканот и на македонската вистина во светот. Се гордее дека е Македонец. Исто така, бизнисменот Стив Пљакас остварува блиски контакти со повеќе познати личности, дипломати и организации во светот во врска со моменталните настани и состојби и се бори за иднината на Македонија.

Стив Пљакас е човекот на кого Македонија му е големата љубов. Тој неотстапно го брани сè она што е поврзано со Античка Македонија. Со неговата посветеност за зачувување на древните македонски корени, ја раширил вистината за Античка Македонија насекаде во светот. Меѓу другото, заедно со професорот Мајкл Димитри од САД се првите ентузијасти кои во 1995 година ги посетија и ги откриј Калешите, народ кој се

смета за потомок на Александар III Македонски (Велики) во Пакистан.

Стив Пљакас долги години работи за Македонија, за Македонците и македонското прашање, обединувајќи ги македонските иселеници и Македонците во соседните земји со спонзорирање на социокултуролошки настани. Тој особено се грижи за своите сонародници во егејскиот и пиринскиот дел на Македонија, Македонците од Мала Преспа и на други места ширум светот. Притоа, донирал средства за хуманитарни и други организации во Република Македонија, меѓу кои и апарат за дијализа. Спонзорирал информативни гласила, портали, организации, цркви и друг вид асоцијации во неговата родна земја и насекаде во светот каде живеат Македонци.

Монографијата „Стив Пљакас“ своето прво претставување го имала пред публиката во организација на Македонската православна црква „Свети Димитрија“ од Флорида. На 18 март 2018 година, се одржала промоција на делото за познатиот канадски бизнисмен од македонско потекло, Стив Пљакас. Пред голем број Македонци од сите делови на Македонија, монографијата ја промовирала Лена Гоговска.

Промоторот Лена Гоговска меѓу другото истакнала дека бизнисменот Пљакас е канадски Македонец роден во селото Зелениче, Леринско, во егејскиот дел на Македонија. Тој е исклучително позната, призната и неодминлива личност меѓу Македонците во Канада и Соединетите Американски Држави. Тој е еден од најистакнатите Македонци кои се иницијатори, организатори и големи борци за афирмација и за одбрана на многувековното име на Македонците ширум светот, Македонската православна црква - Охридска архиепископија и на духовниот и националниот живот на Македонците во дијаспората.

Во изминатите триесеттина години бизнисменот Пљакас и неговата покојна сопруга Лили биле големи промотори за признавањето на Македонија како суверена, независна и самостојна држава на Балканот. Стив остварува блиски контакти со повеќе познати личности, дипломати и организации во светот во врска со настаните и состојбите во татковината и се бори за просперитетна иднина на Република Македонија.

Стив Плъакас бил претседател на организацијата „Обединети Македонци“, претседател на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ и претседател и спонзор на Комитетот за олимписки игри од Канада. Плъакас бил и пратеник во Општината Њумаркет.

Авторот на монографијата Славе Катин, пак, рекол дека меѓу другите активности во новата средина во Канада, бизнисменот Стив Плъакас станал член на масонската ложа во Њумаркет. И како масон е познат поборник за човековите права, а со тоа за правата на Македонците во Канада и во сите делови на Македонија и во светот. Тој постојано ја промовира дедовската земја – Македонија, македонската нација, нејзината историја, литература, религија, јазик, култура, а во исто време и вистината за постигнувањата во новата мултиетничка демократска Канада.

Стив и Лили Плъакас биле сопственици на големиот и единствен Трговски центар „Македонија“ во Њумаркет. Впечатливо дизајнираните рекламни табли на центарот „Македонија“ на некои им пркосат, а за многумина е место за препознавање и запознавање со Македонија.

Затоа со право се вели Стив Плъакас ја обединил Македонската заедница во Канада, Соединетите Американски Држави и пошироко преку најразлични активности и преку спонзорирање на различни социокултурни настани. Исто така, тој соработувал со канадските власти за унапредување на правата на Македонците во Канада и претставува мост меѓу Канада и Република Македонија, вели авторот Славе Катин.

Исто така, на 22 април 2018 година, „Канадско-македонското историско друштво“ од Торонто одржало Годишно собрание на кое се расправало за сегашноста и иднината на оваа значајна асоцијација, била промовирана монографијата „Стив Плъакас“.

Инаку „Канадско-македонското историско друштво“ е единствена асоцијација од таков вид во дијаспората која игра значајна улога во севкупната научна и културолошка активност на голем број македонски интелектуалци од Канада, а кое е сместено и има своја богата библиотека во зградата на „Канадско-македонското место“ познато како „Старскиот дом“ во Торонто.

Тони Марковски, претседател на „Канадско-македонското историско друштво“ ја претставил монографијата „Стив Пљакас“. Тој рекол дека ова дело кое е издадено на англиски и на македонски јазик во 2018 година го отсликува животот и делото на познатиот канадски бизнисмен од македонско потекло, донаторот Стив Пљакас. Автор на монографијата за Пљакас е публицистот Катин, кој е почесен член на Друштвото.

Стив Пљакас многу одамна станал член, а подоцна и претседател на организацијата „Обединети Македонци“ во Торонто, една од најстарите македонски организации во Северна Америка. Во времето кога бил претседател се одржале Средбите на протераните Македонци од егејскиот дел на Македонија. Потоа бил претседател на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Торонто.

Исто така, тој бил претседател и најголем спонзор на Комитетот за олимписки игри од Канада. Тој дал значајна финансиска помош за Македонците олимпијци на Олимпијадите во 2004 година во Атина, и во 2008 година во Пекинг. Стив Пљакас е човекот кој го носел македонското знаме пред македонските спортисти на двете олимпијади и бил најсреќниот Македонец во светот.

Македонската заедница во Торонто постојано ја промовира дедовската земја – Македонија, македонската нација, нејзината историја, литература, религија, јазик култура, а во исто време и вистината за постигнувањата во новата мултиетничка демократска Канада.

Затоа со право се вели дека Стив Пљакас ја обединил Македонската заедница во Торонто и пошироко, преку најразлични активности и преку спонзорирање на социо-културни настани. Исто така, тој соработувал со канадските власти за унапредување на правата на Македонците во Канада и претставува мост меѓу Канада и Република Македонија.

Во репортерскиот запис на Стив Пљакас од октомври 1995 година, се вели дека по тригодишно планирање, проучување и сонување за патувањето, конечно сонот стана реалност. На 25 јули 1995 година јас и Мајкл Китли, пристигнавме на аеродромот во Равалпинди, поранешен главен град на Пакистан. Беше околу девет часот наутро и паѓаше ситна роса. Не знаевме дека

во тој дел од светот преовладува монсунската сезона. Чувствувавме дека сè е под контрола.

Првиот интересен момент на патот кон долината Читрал ни го посочи возачот. Тоа беше патот што го изградил Александар Македонски и неговата армија. Патот водеше од Кабул, Авганистан, до Калкута, Индија. Застанавме да направиме неколку снимки и чекоревме по трагите на Александар Македонски. Се чувствував многу возбуден, бидејќи по 2300 години ние, јас и Мајкл Китли, сме првите Македонци кои се наоѓаат таму. Треба да го посетите местото за да ги почувствувате овие емоции.

Како што одевме понатаму, возачот повторно ни посочи една од тесните патеки по која одел Александар. Патеката носи име Малаканд, а на некои места е калдрмисана, но, во најголема должина не се пошироки од 130 сантиметри (четири стапки). Меѓутоа, и покрај сè, патиштата што ги изградила војската на Александар Македонски се навистина солидни.

Верувам дека Македонците се меѓу првите градители на патиштата, а во тоа време и немало друг начин за патување освен со друмски сообраќај што најмногу го користела војската. Голем дел на патеката сосема е руиниран и само кратки делови од патеката му одолеале на забот на времето.

Населението во тие региони е многу трудољубиво. Тие од планините прават прекрасни градини. Исто така, мрежата за наводнување што тие ја изградиле е нешто навистина несекојдневно. Секое место и секое домаќинство имаат донесено вода во своите дворови. Сето тоа е постигнато со помош на методите користени за промена на текот на реките и за изградба на аквадукти.

Ако подетално ги анализирате, ќе заклучите дека овие луѓе имаат карактеристични сини очи и руси коси. Физички, сосема се разликуваат од муслиманските Пакистанци и, всушност, мразат кога некој ќе ги нарече Пакистанци, бидејќи не се тоа. Мајкл и јас дури се шегувавме со нив како да ни се браќа. Како што денот се ближеше кон својот крај, решивме да ја поминеме ноќта во градот Дир. И во овој град можеше да се види голем број наши „браќа и сестри”

Стив Пљакас иформира дека на влезот во долината Калеш ги чекаше извонредна природна убавина. Изобилство реки што

течат и исчезнуваат, овошни градини – главно кајсии, сливи и грозје. Во вегетацијата преовладуваат мали парцели, почва поредени во планинскиот масив на кој расте свеж зеленчук. Во регионот има две жетви годишно на иста почва. Но, и покрај тоа, опстанокот не им е сигурен, бидејќи недостасува земја погодна за обработување

Тргнавме во прошетка по главната улица. Имавме можност да разгледаме помали дуќанчиња каде што се продаваше сѐ што може да се замисли. Во еден ресторан испивме планински чај, пробавме лепиња 'чипати', сплескано тркалезно лепче, што на Исток го нарекуваат пита. Бевме понудени со јогурт или како што јас го викам – киселкав крем, како и со извонредна порција краставички, јогурт и лук.

Следното утро заминавме за Читрал, град и долина со исто име. До Читрал требаше да поминеме уште стотина километри. Тоа е провинциски регион без сообраќајници или не такви какви што ние подразбираме под тој термин. Патот на многу места е блокиран со потоци, одрон на карпи и буици. Сега ми станува јасно зошто жителите останале да живеат во изолација.

Се искачивме на височина од 3.200 метри (10.500 стапки), беше студено и дуваше силен ветер и ако ви се случи да застанете на работ на провалијата, ветерот може лесно да ве турне в бездна. Застанавме да испиеме чај во друштвото на едно домаќинство кое живее и работи во овој далечен регион. Од нив купивме овчо сирење да ни се најде попат. Брзината со која се движевме не беше поголема од 10 до 20 километри на час.

Така бавно пристигнавме во долината Читрал. Таа навистина е прекрасна. Една река ја сече долината точно на половина. Луѓето се русокоси, со сини очи, меѓутоа, ве потсетувам дека меѓу „белите" има и црномурести или како што тие себеси се нарекуваат – калеши.

Жално е, но, изолираните цивилизации не влијаат секогаш позитивно врз нивните соседи или пак врз цели региони. Сепак, доаѓа време кога тие ќе мора да прифатат промени, а со бранот на промени неповратно се изгубени невиноста и старите традиции. Јас и Мајкл стигнавме во Читрал токму навреме.

Преку ден ги запишував моите впечатоци според личното искуство. Рано следното утро, или да бидам уште попрецизен, на 29 јули 1995 година, заминавме од Читрал во друга долина – таканаречената долина Калеш.

На патот кон долината Калеш, бевме запрени од едно униформирано лице кое нѐ запраша каде и зошто патуваме, побара да го кажеме бројот на пасошот и должината на нашиот престој. Нормално, моравме да му платиме. Ни кажа дека ова е гранично подрачје и дека населението не сака Пакистанци.

На влезот во долината Калеш нѐ чекаше извонредна природна убавина. Изобилство реки што течат и исчезнуваат, овошни градини – главно кајсии, сливи и грозје. Во вегетацијата преовладуваат мали парцели, почва поредени во планинскиот масив на кој расте свеж зеленчук. Во регионот има две жетви годишно на иста почва. Но, и покрај тоа, опстанокот не им е сигурен, бидејќи недостасува земја погодна за обработување.

И сега во овие услови ќе биде неопходно да бидат изградени аквадукти за наводнување на почвата. Тој нѐ поведе до гробиштата и ни го опиша обичајот при закоп на мртвите. Додаде дека пред речиси 50 години тие ги поставувале ковчезите на површината на земјата.

Тоа е една градба од отворен тип, само со конструкција и кров. Просторот се користи во летата. Тоа е идеално место за танц и бендисување. Исто така, забележавме многу дрворези и дрвени столбови. На еден ваков дрворез се наоѓаше македонското цвеќе здравец и покрај тоа што ова цвеќе го нема никаде во Калеш.

Заминавме во светилиштето. Се најдовме во една затворена одаја повторно украсена со резби на ѕидовите и со столбови, кои исто така имаа форма на изгрејсонцето, знаме на Александар. Запрашавме на која религија тие ѝ припаѓаат, а тие ни одговорија дека веруваат во Господ и доколку човек прави добри дела во овој живот, во другиот живот ќе замине на прекрасно место, а доколку е злобен, ќе оди во пеколот и вечно ќе страда.

Тие не се Пакистанци и нив воопшто не ги сакаат. Во нивниот храм видов знак на крст - тие овде не се молат, туку пеат и танцуваат. Кога ја завршивме нашата посета, седнавме

да се одмориме и да јадеме. За време на оваа починка, дознавме дека од постарите сонародници и од туѓинци слушнале за Александар Македонски. Исто така, им било кажано дека тие имаат сини очи и светол тен бидејќи се потомци на Александар Македонски. Во сите земји што ги освоил Александар, живееле Македонци. Ги запрашав дали знаат каде бил погребан Александар, а тие одговорија можеби во Багдад.

Секоја недела тие организираат танчарски вечери во различни села. Во долината Калеш се лоцирани три села. Истата вечер бевме поканети да присуствуваме на нивниот селски танц. Се разбира, ја прифативме поканата и во 21 часот отидовме во отворениот двор каде што единствено танцуваа девојките, на возраст од 8 до 16 години. Тие танцуваа како сите Македонци – со ороводец, рамо до рамо, со испружени раце. Помладите девојки се во центарот на орото, а постарите поназад. Мажите само набљудуваа.

Сите девојки беа облечени во народни носии, украсени со богат вез. Музичката придружба се состоеше од двајца тапанари кои додека удираа на тапаните во исто време и пееја. Девојките пееја и играа. Ми беше кажано дека мажите играат во текот на денот. Овој младешки вечерен танц траеше до полноќ или до еден часот наутро.

Следниот ден само што се зазори, ние повторно се вративме во нивниот храм и покрај тоа што тие не го викаат така. Снимивме уште неколку фотографии, а потоа се упативме кон друга долина за да запознаеме нови луѓе. Меѓутоа, моравме да патуваме по истиот мошне лош пат. Тогаш се потсетив на филмот „Изгубени хоризонти“ во кој главните јунаци се бореа со снежната бура и вејавици, а ние се боревме со камења и вода во непознатите предели од далечната земја

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од монографијата „Стив Пљакас“ биле печатени 33+ 24 продолженија од ова дело, што значеше запознавање со бизнисменот Пљакас и Античка Македонија.

ГОЈКО ЈАКОВЛЕСКИ, АЛИАС ГОЦЕ МАКЕДОНСКИ И НЕГОВИОТ ПРИДОНЕС ВО ИСЕЛЕНИШТВОТО (14)

Македонците кои работат во поголемите центри ширум Европа, уште со доаѓањето имаат организиран живот преку организациите, клубовите, друштвата, црковните општини, печатот и другите асоцијации. Досега биле формирани четириесеттина клубови и друг вид асоцијации, со македонско национално обележје и тоа: во Германија дваесетина, во Шведска десетина, по неколку во Франција, во Данска, во Австрија и во други земји на Европската Унија.

Основоположникот на голем број македонски организации во европските земји е познатиот и признат патриот, кој си одредил Македонија да му биде негова цел и иднина, а за тоа и да биде страдалник, бил Драган Богдановски. Тој му бил близок пријател и соборец на Гојко Јаковлески. Тие заедно соработувале за иднината на Македонија и ја формира-ле Демократската партија за македонско национално единство. Затоа може да се заклучи дека Гоце Македонски е еден од основачите на денешната политичката партија ВМРО- ДПМНЕ

Оваа форма на општествено собирање придонесува за зачувување на националниот и културниот идентитет на Македонците и нивната врска со родната земја. Тука, со различен успех се организираат информативни (печат, радио), културно-забавни, воспитно-образовни, црковно-просветни, спортски и други активности, кои придонесуваат за зближување во новите средини.

Уште со доаѓањето во новите средини во повоениот период, Македонците во западно-европските земји правеле обиди да се организираат. Во почетокот иницијатори биле поединци-емигранти декларирани како антикомунисти во прифатните

логори. Оние, пак, емигранти во грчките логори кои изјавиле дека се Македонци биле изложени на посебен режим на измачување.

Тие биле, главно, членови на Македонскиот национален комитет (МНК), подоцна преименуван во Ослободителен комитет на Македонија (ОКМ), на Движењето за ослободување и обединување на Македонија (ДООМ), на Народноослободителниот фронт на Македонија (НОФМ) и други организации. Македонците во западно-европските земји, покрај тоа што се организирале во политички партии, обично се групирале и печателе информативни гласила, преку кои ја изразувале својата политичка и национална определба.

Македонците во западно-европските земји, по примерот на прекуокенаските земји, Соединетите Американски Држави, Канада и Австралија, во изминатите пет децении, започнале да се организираат на црковно-национално поле, така, уште во седумдесеттите години, најпрвин во Шведска, потоа Данска, Германија, Швајцарија, Австралија, Франција, Велика Британија. Како резултат на силниот подем денес се организирани или се во формирање околу триесет македонски православни црковни општини кои се во Европската епархија на Македонската православна црква.

За Гојко Јаковлевски може да се каже дека тој е бранителот и афирматорот на историјата на етничка Македонија и честа на македонскиот народ во светот. Драган Богдановски и Гојко Јаковлески заедно соработувале за иднината на Македонија и ја формирале Демократската партија за македонско национално единство. Главната цел на Организацијата била обединување на распарчена и поробена Македонија во самостојна македонска држава.

Гојко Јаковлески, алиас Гојко Делчев Рафкин – Гоце Македонски е исклучително позната, призната и неодминлива личност во македонската дијаспора и во Македонија. Тој, без сомнение, е еден од економски успешните Македонци во светот. Иако подолго време живеел во Берлин, од своето емигрирање до денес тој е длабоко и силно поврзан со судбината, вистината и настаните во Македонија. Гојко е Македонец по националност и православен христијанин по

вера. Тој е еден од најголемите иницијатори и организатори на одбраната на македонското име и вистина. Гоце Македонски е бранителот и афирматорот на историјата на етничка Македонија и честа на македонскиот народ во светот.

Животната приказна за Гојко започнала во убавото гостиварско село Зубовце, на 20 февруари 1935 година. Зубовце е населба сместена во подножјето на Шар Планина, од каде тој одамна заминал, но никогаш не ги заборавил својот роден праг и својата Македонија.

Судбината на своите предци - печалбари ја имал и Гојко, кој на седумгодишна возраст по одлука на родителите заминал во Софија, во екот на Втората светска војна. Во 1942 година, од Софија во Зубовце дошле Јорде и Филка, братот и снаата на Делче, таткото на Гојко со цел да го посинат, да го земат со нив, да живее во Софија и таму да го школуваат. Во Софија ги поминал младешките години. Таму завршил основно и средно образование.

По завршувањето на средното училиште во Софија, во 1955 година, Гојко се вратил во неговата родна Македонија, каде го продолжил неговото образование на Шумарскиот факултет на кој студирал четири години. Меѓутоа, во времето кога бил апсолвент и имал уште два испита, Гојко требал да замине во странство на специјализација. Бидејќи добро го зборувал германскиот јазик бил одреден да го продолжи образованието во Германија,

Дошол денот Гојко да замине од неговото родно Зубовце во Германија, а тоа било на 19 јули 1961 година. Најпрвин дошол во Белград, а потоа заминал за Германија. Додека патувал со возот имал многу време да размислува, да планира, да се радува, а во исто време и да тагува. Постојано си ги поставувал прашањата: како ќе се снајде во непознатиот свет - Германија, колку ќе му значи специјализацијата, што потоа... Многу дилеми и прашања без одговор.

Во монографијата „Гојко – еден живот, една вистина“ се вели дека првата дестинација за него во Германија бил Минхен, каде пристигнал на 5 август 1961 година, а потоа заминал за Баварската Шума, каде што требало да специјализира, најмногу три месеци. Во тој дел на Германија дрвната индустрија е

исклучително добро организирана и многу развиена. Тука ја извршувал практичната работа, за што добивал бесплатно сместување, храна и пари.

На 22 август 1963 година, Гојко Јаковлески стекнал статус на политички азилант. За да го стекне тој статус, шест месеци поминал во прифатниот логор за бегалци „Цирндорф“. Логорот се наоѓал во близина на Нинберг, во Баварската област.

Монографското дело насловено **„Гојко – еден живот, една вистина“** од Славе Катин е посветено на доблесниот Македонец, бизнисмен, истакнат хуманист и докажан донатор, духовен-посветеник и горд припадник на својот библиски род и македонската земја, Гојко Јаковлески, алиас Гојко Делчев Рафкин – Гоце Македонски.

Тој е познат политички емигрант кој долги години живеел во Германија, во градот Берлин. Неговото име е познато, признато, уважено и респектирано на низа полиња и дециниски потврдено во македонската заедница во Берлин, Германија и пошироко. Гојко е борец за самостојна, независна и обединета етничка Македонија и за обединување на македонскиот народ.

Монографијата „Гојко – еден живот, една вистина“ е посветена на херојот Гоце Македонски, кој се залагал за афирмација на етничка Македонија и етничко обединување. Таквата угледна бизнис-личност, вљубеник во македонскиот народот насекаде по светот и во својата татковина Македонија, секогаш го водела светата мисла да остави вечни траги за идните македонски генерации.

Треба да се истакне дека не е лесно и едноставно да се пишува за луѓе кои инспирираат, кои задолжуваат и кои завештуваат, за луѓе кои оставаат неизбришливи траги со животот и со своите дела, кај современиците и кај поколенијата што доаѓаат. Таков е случајот со Гојко Јаковлески, алиас Гојко Делчев Рафкин – Гоце Македонски, Македонец од Македонија, од Зубовце, Гостиварско, од Берлин, од целиот демократски свет.

Гојко Делчев Рафкин е исклучително голема, позната, призната и неодминлива личност во македонската дијаспора и во Македонија. Тој е еден од економски успешните Македонци во светот. Иако подолго време живеел во Берлин, од своето еми-

рирање до денес тој е длабоко и силно поврзан со судбината, вистината и настаните во Македонија. Гојко е Македонец по националност и православен христијанин по вера.

Гојко Делчев Рафкин насекаде го истакнувал своето македонско потекло и македонски корени правејќи го тоа со огромна љубов и непрекината верност кон татковината. Тој го правел тоа за својата најубава библиска земја на Балканот, во јужните поли на европскиот континент, Македонија.

Треба да се истакне дека не е лесно и едноставно да се пишува за луѓе кои инспирираат, кои задолжуваат и кои заветуваат, за луѓе кои оставаат неизбришливи траги со животот и со своите дела, кај современиците и кај поколенијата што доаѓаат. Таков е случајот со Гојко Јаковлески, алиас Гојко Делчев Рафкин – Гоце Македонски, Македонец од Македонија, од Гостиварско, од Берлин, од целиот демократски свет.

Со монографијата „Гојко – еден живот, една вистина“ се прави обид да се фрли светлина врз неговиот животен пат. Трудот е компониран во дванаесет поглавја, како дванаесет апостоли, во кои секој дел има по повеќе делови, претставувајќи хронолошка и тематски заокружена целина.

Делото е вистински придонес за афирмација на минатото, сегашноста и иднината на неговата родна земја - Македонија, втората татковина Германија и новата дестинација Шпанија, кои се претставени на македонски, англиски и германски јазик.

Со тоа авторите се потрудиле делото „Гојко – еден живот, една вистина“ да биде огледало на неговиот животен пат, неговите големи деловни постигнувања, судбината, минатото, сегашноста и иднината, дел од неговите лични и семејни постигнување, како и дел од неговата иднина во рамките на македонската бизнис, општествено-политичка и културна историја.

Монографијата претставува вечно дело на големиот македонски патриот, човекољубец, бизнисмен, донатор и поборник за светла иднина на етничка Македонија, Гојко Јаковлески, алиас Гојко Делчев Рафкин – Гоце Македонски, кој во 2020 година го прославил својот 85. роденден на својот бурен живот.

Во монографијата „Гојко – еден живот, една вистина“ е забележано дека во Берлин Гојко ја започнал својата бизнис-

кариера. Имено, во ноември 1966 година, отворил киоск за брза храна, таканаречен имбис. Работел денонoќно, со голема љубов и ентузијазам. Бил млад и можел да издржи секаков напор. Бил пресреќен кога пред неговиот киоск започнале да се создаваат долги редици, од што заработувал повеќе пари кои му обезбедувале голема сигурност во работата.

Кога имбисот станал претесен, решил да отвори ресторан. Така, по една година работење со киоскот, во средината на 1967 година, нашол погоден локал што го зел под закуп. Го реновирал и подготвил мени со разни специјалитети, посебно македонски. Ресторанот го нарекол „Скопје кај Македонецот“, односно познат како „Старо Скопје“. Потоа, во строгиот центар на Западен Берлин, на главната улица „Ку-Дам“, Гојко Јаковлевски го отворил ресторанот „Ново Скопје”, кој почнал со работа на 12 јуни 1969 година.

Во монографијата „Гојко – еден живот, една вистина“ се вели дека уште во почетните години Гојко Јаковлевски пројавил политичка активност, културна и црковна дејност и контактирал со бројната македонска емиграција во Европа. Според кажувањето на Гојко, во август 1971 година, по негово барање го променил името и презимето од Гојко Јаковлевски во Гоце Македонски. Неговите активности биле причина да чека многу години за да добие германско државјанство.

Меѓутоа, неговата упорност и длабока убеденост во чесноста и лојалноста кон германската држава, во која секогаш гледал олицетворение на градење на демократско општество и сигурен праведен посредник, ќе вроди со резултат, со стекнување германско државјанство. Во тоа време, во Германија, Гоце Македонски станал угледен бизнисмен и почитуван граѓанин, но во исто време со поголема љубов се однесувал кон родната татковина Македонија.

Инаку, во порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од монографијата „Гојко – еден живот, една вистина“ биле печатени 27,+ 14 продолженија од ова дело..

МОНОГРАФИЈАТА ЗА СЕМЕЈСТВОТО „ВИДИНОВСКИ“ - ИНТЕРЕСЕН ИСЕЛЕНИЧКИ ЛЕТОПИС (15)

Во издание на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје излегло од печат луксузното монографско дело ***„Семејството Видиновски“*** на публицистот Славе Катин. Во делото на 440 страници на македонски и на англиски јазик се дадени текстови кои се значаен прилог и придонес кон осветлување на голем број аспекти од историската и творечката вистина за иселениците Борче (Борис) и Рада Видиновски од Торонто, Канада. Рецензенти на делото се проф. д-р Вера Стојчевска–Антиќ и Нада Николовска.

Монографијата „Семејството Видиновски“ е слика за животот и делото на познатата поетеса Рада Видиновска и нејзиниот сопруг, бизнисменот Борче Видиновски, како и за нивното семејство во Канада и Македонија. Во исто време делото претставува интересна страница од мозаикот на македонскиот иселенички летопис во Торонто, Канада, но и во пошироките простори на северноамериканскиот континент.

Во монографијата „Семејството Видиновски“ авторот Славе Катин пишува дека Рада и Борче Видиновски се почитувани и горди Македонци. Тие се познати доблесни имиња, активисти и поети, кои со својот ангажман, со нивната активност во Македонската заедница во Торонто, оставиле достоинствени пораки за времињата идни и за генерациите следни. Тие пленат со нивното родољубие и силна посветеност за афирмација на македонското име, јазик, идентитет, култура и традиции во мултикултурна Канада.

Животната приказна на семејството Видиновски, истовремено е и скромен дел од историјата на неговото Крстоар, Битолско, на Македонците во иселеништвото, а преку него и на

нивната татковина – Македонија. Зашто она што се случувало од исконските времиња на Филип II и Александар III – Македонски, преку незаборавните битки на цар Самуил, до оние на Гоце Делчев, Даме Груев и сите борци по нив, ги отсликуваат историските голготи низ кои минала Македонија, сѐ до нејзиното прогласување за самостојна, демократска и независна држава. Затоа, може да се рече дека со монографскиот труд на Славе Катин за доблесното семејство Видиновски во скромни рамки се проектира најновата фаза на македонската иселеничка историја.

Семејството Видиновски од селото Крстоар ја напуштило својата родна земја – Македонија од економски причини, а спомените, мислата, љубовта, тагата и патриотскиот дух кон татковината и својот народ не го напуштиле. Проникнувањето на овие хоризонтали во животот на Борис (Борче) и Рада Видиновски, како и сите Македонци ширум дијаспората, ја откриваат сликата за библиската природа на земјата на нивното потекло сместена на балканските простори.

Семејството Видиновски е дел од многуте печалбари од потпелистерските краишта, за кои судбината била сурова и оставила вековни последици и лузни врз животот на иселениците. Во таа печалбарска сага, секако свое посебно место има нивното родно село Крстоар кое е тесно поврзано со историскиот и општествениот развој на Македонија и македонскиот народ и со иселеништвото во целина.

Борче и Рада се личности за почит и пример од кои можат и треба да учат и други Македонци во двете татковини, Канада и Македонија. Делото што го направиле Борче Видиновски и неговиот животен сопатник Рада Крстевска- Видиновска, претставува убав пример и патоказ на еден честит и благороден канадски брачен пар.

Кога се пишува за Рада Видиновска може да се каже дека за неа поезијата, всушност, е нејзин живот. Во нејзината поезија се испреплетени нејзините две татковини, Македонија и Канада. Затоа, поетските дела што таа ги напишала претставуваат убав пример и патоказ на една честита и трудољубива канадска Македонка, на која татковините ѝ се и радост и тага и восхит. Во

Канада, Рада Видиновска станала македонски иселенички писател, поет, есеист, раскажувач и автор на 14 стихозбирки.

Во Торонто Рада Видиновски активно се вклучила во македонските иселенички организации и црковни општини. Била член на управата на МПЦ „Свети Климент Охридски“, член на културниот комитет, како и претседател на женската секција при црквата „Свети Климент Охридски“, претседател на женската секција при организацијата „Обединети Македонци“ и претседател на Друштвото на писатели „Браќа Миладиновци“, во Торонто. Повеќе години била учесник на Меѓународната манифестација „Струшки вечери на поезијата“ по покана на Управниот одбор на СВП и застапена е во изборот „Кој е Кој“ на светските поети.

Рада и Борче Видиновски се дел од многуте печалбари од подпелистерските краишта, за кои судбината била сурова и оставила вековни последици и лузни врз животот на иселениците.

Монографијата за семејството Видиновски е поделена на неколку дела. Во нив се претставени нивните две татковини – родната Македонија и земјата на нивниот животен пристан - Канада. Во Канада се пет децении, но се чести гости и во Крстоар и во Охрид, каде имаат куќа и стан за одмор и рекреација. Претставени се нивните родни места селата Крстоар и Живојно, за кои се објавени сите релевантни податоци во текот на нивното постоење. Исто така, претставени се значајните личности, со посебна нагласка на црковно-духовните центри од двете села.

Исто така, монографијата е посветена на поетското творештво на Рада Видиновска. Така, сите четиринаесет поетски дела што ги напишала Рада Видиновска претставуваат убав пример за една трудољубива иселеничка.

Поетските дела на Рада Видиновска се промовирани на многу места во Република Македонија и на северно-американскиот континент. Тоа придонело таа да е прв лауреат на наградата „Иселеничка грамота“ во 1992 година, што за првпат Матицата на иселениците од Македонија ја додели на „Струшките вечери на поезијата“ за најдобар поет од дијаспората. Рада е член на Друштвото на писателите на

Македонија од 1994 година, а, исто така, таа е член и на Медитеранската академија „Браќа Миладиновци“ од Струга.

Затоа, може да се заклучи дека монографското дело „Семејството Видиновски“ е публикација која отсликува дел од животната приказна за Борче и Рада Видиновски. Таа претставува своевидна сага за жилавоста, макотрпението, упорноста и истрајноста на Борче и Рада од Крстоар и од Живојно, Битолско, кои педесетина години живеат во Канада. Нивната судбина е слична или идентична со судбините на голем број други иселеници од етничка Македонија кои „свиле нови гнезда“ насекаде во светот, но останале да бидат чувари на македонското име и на Македонија.

Семејството Видиновски од селото Крстоар од економски причини ја напуштило својата родна земја – Македонија, а спомените, мислата, љубовта, тагата и патриотскиот дух кон татковината и својот народ не ги напуштиле. Проникнувањето на овие хоризонтали во животот на Борис (Борче) и Рада Видиновски, како и сите Македонци ширум дијаспората, ја откриваат сликата за библиската природа на земјата на нивното потекло, сместена на балканските простори.

Дел од животот и делата на Борче и Рада Видиновски е сместен во монографија насловена „Семејството Видиновски“ што ја подготви на македонски и на англиски јазик авторот на овие редови, Славе Николовски-Катин. Монографијата е еден вид биографско-публицистичко дело и претставува своевидна сага за жилавоста, макотрпението, упорноста и истрајноста на Борче и Рада од Крстоар и од Живојно, Битолско.

Монографијата „Семејството Видиновски“ е поделена на неколку дела. Во нив се претставени неговите две татковини – родната Македонија и Канада. Првиот дел е насловен „Македонија – татковината на семејството Видиновски“, во кој се поместени текстови за Македонија од античко време до денес, за Битола и битолскиот крај и за слободарскиот дух на тие македонски простори.

Во Вториот дел под наслов „Поетесата Рада Крстевска–Видиновска“ се дадени текстовите за животната приказна за поетесата Рада Видиновска, нејзините поетски остварувања од повеќе од триесет години, како и нејзиниот израз на поетските

чувства на Струшките вечери на поезијата, како и дел од животната приказна на нејзиниот сопруг Борче Видиновски, како семеен човек, како бизнисмен, како активист во македонските асоцијации во Торонто и како скромен поет.

Третиот дел од монографијата „Историското и духовното живеење во Крстоар“ ги содржи текстовите под наслов „Од Широк Сокак до манастирот Свети Христофер“ во Крстоар, потоа се поместени текстови за црквите, манастирите и другите природни знаменитости во Крстоар, како и посебен текст за Буковскиот манастир „Свето Преображение Христово“ кој е сенародeн духовен центар.

Во Четвртиот дел се поместени текстовите за учителот и големиот македонски револуционер Ѓорѓи Поп-Христов – Крстоарец, кој оставил вечни траги во националното живеење. Потоа е поместен текст за војводата Тодор, прадедото на Борче Видиновски кој бил во четата на Ѓорѓи Сугарев и кој бил единствен преживеан борец од битката, како и пригоден текст за борачот – најсилниот маж, Тодор Јурукот од Крстоар.

Петтиот дел е насловен како „Семејните корени на фамилијата Видиновски“, во кој се дадени семејните корени на Борче и Рада и нивните семејства, потоа е поместен текст за корените на семејството Видиновски од Нивици, Преспанско до Крстоар, Битолско, за Егејска Македонија, земјата на корените на семејствата Видиновски и Крстевски, како и текст за Крстоар како дел од македонскиот иселенички регион под Пелистер.

Шестиот дел е посветен на родното место на Рада Крстевска- Видиновска, селото Живојно во Мариово, при што се дадени текстови за историскиот развој, за образовните, за културните процеси и културните знаменитости, како и биографски податоци за познати и признати личности од Живојно.

Седмиот дел под наслов „Канада – Втората татковина на семејството Видиновски“ содржи пригодни текстови за Торонто, за активностите на Рада и Борче во Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“, во Организацијата „Обединети Македонци“ и посебен простор е посветен за нивните активности во Литературното друштво „Браќа Миладиновци“.

Осмиот дел под наслов „Поезијата – дел од животот на Рада Видиновска“ е посветен на нејзиното учество на Струшките вечери на поезијата, со посебна нагласка на добивањето на престижната награда на Матицата на иселениците од Македонија „Иселеничка грамота“ што Рада ја доби на 31. Струшки вечери на поезијата.

Потоа е поместен текст за Рада Видиновска и усвојувањето на првото признание „Златен клас за македонски вознес“ на Пелагониските средби во Новаци и текст за посебното признание од Медитеранската академија „Браќа Миладиновци“ од Струга.

Во додатокот е посветен посебен простор на признанијата, пофалниците и дипломите што Рада Видиновска ги добила од голем број македонски асоцијации во Македонија и во иселеништвото, како и текстови кои се однесуваат на богатото поетско творештво на поетесата Рада Видиновска.

Животната приказна на семејството Видиновски е многу интересна страница од мозаикот на македонскиот иселенички летопис во Торонто - Канада, но и во пошироките простори на северноамериканскиот континент. Рада и Борче Видиновски, како горди Македонци, се познати доблесни имиња на активисти и поети, кои со својот ангажман, активност во творечкиот опус, поетскиот збор и порака, остваат културни достоинства за идните времиња и за следните генерации.

Рада и Борче Видиновски пленат со својата родољубивост и силна посветеност за афирмација на македонското име, јазик, идентитет, култура и традиции во мултиетничката мапа на Канада. Животната приказна на семејството Видиновски, истовремено, е и скромен дел од историјата на неговото родно Крстоар, Битолско, на Македонците во иселеништвото, а преку него и на нивната татковина – Македонија.

Благодарение на порталите „Македонска нација“ и „Македонско сонце“ од Скопје, од монографијата „Семејството Видиновски“ биле печатени 35,+18 продолженија од монографијата на семејството Видиновски од Торонто..

СТИХОЗБИРКАТА „ДОЖДОТ“ ОД ИЗАБЕЛ И СЛИКОВНИЦИТЕ ЗА САНДАРА, ДИНА И МАСИМО КАТИН (16)

Славе Катин е публицист, журналист и аналитичар на македонското иселеништво. Тој е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија и на животот на Македонците во дијаспората. Во брак е со Нада Николовска, родена Иванова, во Виница. Нада и Славе Катин имаат две деца: Синот Александар доктор по ветеринарна медицина - ДВМ и ќерката Дафинка професор по англиски, шпански и македонски јазик. Александар е женет со Радмила Николовска, родена Чрчева, доктор по ветеринарни науки. Дафинка, пак, е мажена за Џампаоло Скатоца познат како Џипи (Giampaolo Scatozza - Jippi) роден во Рим, џез музичар, (бубневи) и професор по музикаќ

Меѓутоа, во ова дело ќе го одбележиме најзначајниот настан на баба Нада и дедо Славе Катин. Имено, неодамна, во издание на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје од печат излезе тријазичната стихозбирка под наслов „Дождот“ на Изабел Катин Скатоца од Рим. Делото е напишано на трите јазици со кои Изабел комуницира во нејзиниот секојдневен живот: италијански,македонски и англиски. Стихозбирката „Дождот“ беше промовиранана 44-те традиционални „Илинденски исленичките средби“ во печалбарското Љубојно, во Преспа.

Изабел Катин Скатоца е прва рожба на Дафинка и Џампаоло, како и втора внука на Нада и Славе Катин и прва внука на Умберто и Лаура Скатоц. Таа е родена на 26.01.2006 година во Торонто, Канада, каде живееше девет години. Во 2015 година, во пресрет на уште еден предизвик се пресели во

Рим, Италија каде сега живее со нејзината фамилија и посетува средно гимназиско училиште.

Изабел има пријатели од скоро секое ќоше на светот и преку нив таа продолжува да учи и да го развива своето разбирање за различни култури и верувања. Но, она што најверојатно е најкарактеристично за Изабел е нејзиното убедување дека – како што таа рече кога имаше шест години:

„...сите луѓе се добри, но понекогаш прават грешки“.

Оваа изненадувачки длабока мисла дава надеж дека нејзината генерација и оние по нив ќе постигнат повисок степен на свест и хармонија отколку од предходните.

Нејзината стихозбирка „Дождот“ е напишана на трите јазици со кои Изабел комуницира во нејзиниот секојдневен живот: англиски, македонски и италијански. Исто така, таа течно зборува и француски јазик По нејзино барање нејзината прва книга се промовира во Љубојно на 2-ри Август 2017 година, на големиот македонски национален празник Илинден. На овој празник Изабел и нејзиното семејство скоро секоја година доаѓа од Рим за да се радуваат на средбите за Илинден. На средбите, пред голем број присутни, особено ученици за стихозбирка „Дождот“ зборуваа Болјана Лубаровска и Славе Катин, а се обрати на македонски и авторката Изабел Катин Скатоца.

Инаку, подготовката и печатењето на стихозбирката го направија нејзините дедо Славе Катин и баба Наде, како во знак на искрена поддршка и верба во нејзиниот креативен исказ. Но, уште повеќе, оваа книга е поклон полн љубов. Стихозбирката „Дождот“ е ексклузивно издание на Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје и на уредникот Славе Катин

Стихозбирката „Дождот“ е израз на нејзината љубов кон пишаниот збор.Таа содржи текстови на трите јазици во кои се дадени опширни податоци за авторката, а во продолжение се поместени 50 детски песни. Песните се огледало на нејзините детски способности, погледи, љубов и дарба. Тие се напишани на лесен и разбирлив стил преку кои таа го изразува своето познавање на трите јазици што ги зборува, потоа љубовта кон природата, кон лугето на целиот свет, а особено доаѓа до израз почитта кон нејзините три татковини: Канада, Италија и Македонија.

Инаку, покрај стихозбирката „Дождот“ прво нејзино дело е сликовницата насловено „Изабел“, која е огледало на нејзините детски способности и дарба за цртање, љубовта кон боите и хартијата, како секое дете до шестгодишна возраст. Така, Изабел уште од малечка започна да црта, да твори и преку цртежот да ги развива нејзините животни имагинации, љубовта кон семејството и хуманизмот кон сите луѓе во светот. Сликовницата „Изабел Катин Скатоца“ во 2012, година, како публикација на издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје на 64 страници на Македонски, италијански и англиски јазик.

Но, како одминуваа детските години Изабел започна да чита, да има љубов кон пишаниот збот и да ги практицира трите јазици: македонскиот, италијанскиот, англискиот, а да учи и француски и кинески јазик.

Како резултат на таа силна љубов кон книгата, таа започна да пишува поезија. Најнапред на англиски, во периодот кога живееше во Торонто, но се чини „скокот“ во создавање поетски творби го направи во Рим, кај Колосеумот каде живее, таму ги доби инспирациите да пишува на италијански, а со доаѓањата во Македонија, особено посетите на Скопје, Охрид, Виница и Љубојно, каде стекна бројни пријатели кои и’ дадоја поттик да пишува и на македонски јазик.

Затоа, стихозбирката „Дождот“ е ексклузивно издание на Издавачката куќа „Македонска искра“ и е во знак на искрена поддршка и верба во нејзиниот креативен исказ и љубов кон пишаниот збор во нејзините идни перспективи.

Инаку, Нада и Славе Николовски-Катин имаат две деца: Синот Александар, (Алек- кој го носи името на прадедото Алексо-Алек кој живееше 40 години во Детроит, САД)) роден во Скопје на 10 април 1974 година, доктор по ветеринарна медицина - ДВМ и ќерката Дафинка,(која го носи името на пра-пра бабата Дафина) родена во Штип на 19 јуни 1975, професор по англиски, шпански и македонски јазик. Александар е женет со Радмила Николовска, родена Чрчева, во Гостивар во 1974 година, доктор по ветеринарни науки. Тие имаат три ќерки: Сандра, Костадина (Дина) и најмалата – петгодишната Надја.

Сандра Николовска - Катин, е прва рожба на Радмила и Александар, како и прва внука и голема љубов на Нада и Славе

Николовски - Катин и на Дивна и Дино Чрчеви. Таа е родена во Скопје на 23 април 2003 година и го носи името на покојната мајка на Славе Катин. На нејзиниот шести роденден Катин објави пригодна монографија со цртежи што таа ги направи во градинката и фотографии од нејзиното детство кога Сандра ја напушти Детската градинка „Раде Јовчевски-Корчагин„ и го започна своето школување како првоодделенче, живот исполнет со љубов, радост и детски игри. Тоа е периодот кога ќе го започне своето школување како првоодделенче.

Ова дело на Сандра е исполнето со многу мигови од детското слободно време, со многу радост, како и со петки на рачињата, со милувања и бакнежи. Тоа претставува еден траен белег на нејзината силна љубов кон книгата, моливот, фломастерот, бојата...

Сигурно дека нејзината идна определба денес како матурантка е различна од онаа до 6 годишна возраст, период на среќното и убаво детство. Затоа, сликовницата ја потсеќа на среќното и убаво детство кое е поттикнувач на нејзините идни насоки и перспективи во животот. Секако дека Сандра со својата трудољубивост, жар, благост, желба и стремеж за женска убавина има отворени патишта за среќна иднина.

Втората ќерка Костадина (Дина) Николовска - Катин, е родена во Скопје на 21 декември 2006 година. И на нејзиот шести роденден Катин објави пригодна монографија со цртежи што таа ги направи во градинката и фотографии од нејзиното предшколско детство. Третата ќерка Надја, која го носи името на бабата Нада, е родена на 3 јуни 2016 година, , за која уште една година и ќе следи нејзина сликовница

Дафинка, ќерката на Нада и Славе Катин е мажена за Џампаоло Скатоца познат како Џипи (Giampaolo Scatozza - Jippi) роден во Рим, Италијан. Тој завршил Музичка академија во Рим и сега е џез музичар, (бубневи) и професор по музика, со кого има една ќерка Изабел (Isabel) Катин – Скатоца и синот Масимо (Massimo) Катин – Скатоца, кој е роден во Торонто на 8 август во 2007 година. И на неговиот шести роденден Славе Катин објави пригодн монографија со цртежи што тој ги направи и фотографии од неговото предшколско детство.

На баба Наде и дедо Славе Катин им се свежи сеќавањата за детскиот период на сите пет внучиња, за нивните дружења во многу земји во светот, но најповеќе во Македонија, во родната земја на нивните родители. Денес нивните внушиња живеат во различни земји: Изабел и Масимо во древниот Рим, во Италија, Костадина (Дина) учи и живее во Гуелф, во Канада, Сандра и Надја пред една година се вратија од Канада во Скопје, каде продолжија да учат и да живеат во родната Македонија.

Нивната семејна поврзанот е за почит. Тие организираат многу заеднички патување во летниот период на многу земји во светот. Меѓуто, магнетот на поврзување што го има Македонија е навистина силен. Целото семејство, особено внучињата на Нада и Славе цела година размислуваат и ја носат Македонија во своите срца Затоа, се очекува во летниот период од 2021 година целото семејство да се собере во Скопје, Охрид и Љубојно, со цел да ги прослави 80-те години на дедо Славе. Тоа секако ќе биде еден светол ден и патоказ да се продолжи почитта и љубовта кон семејството и родната Македонија.

ИЛИНДЕН ВО ЉУБОЈНО

Какоп тици преселници се враќаат
луѓето печалбари од целиот свет
така баба и дедо не' собираат и нас
на Илинден како пчелички на цвет.
Безброј прегратки и бакнежи има
и многу приказни слушам
зошто тајни и љубов Љубојно крие
тоа се гледа на Полена кај сите луѓе.
Песни и ора на средсело се вијат
вечерта како сите да се играорци
а на утро во црквата „Свети Илија"
се собира и младо и старо.
Те сакам Љубојно-село мое мило
и секогаш ќе се топлам во твоето крило
Илинден вечно да се слави
и посакувам секој да биде среќен.
Изабел

ДУШАН РИСТЕВСКИ - МАКЕДОН

Душан Ристевски е роден во 1954 год. во Битола, Македонија. Од 1973 година живее и работи во Сиднеј. Во Австралија завршил Виша социјална школа во 1985 год., дипломирал на Факултетот по социологија во 1991 год., а магистрирал во 1996 год. на Факултетот по социологија и хуманистика.

Автор е на стихозбирките: „Полутици“ (1984) издадена двојазично на англиски и македонски јазик; „Полутици-Фрагментс“ (1989); „Страдалници на сонот“ (1992); „Копча“ (2001); „Цвеќе-Жена“ (2003); „Украдени мисли“ (2009) и „Забранета љубов“ (2009); монодрамите: „Мајка“(1990), „Ченто“ (2015/2016), „Неда“ (1996/2016), „Каменот од Роби“ (2018), „Тага за југ“ (2019); драмите: „Страв и срам“ (2008), „Мр Балкан“ (ко-автор), (2009-10), „ Стари и весели“ (2010), „Раскол“ (2012), „Остави ја свеќата да гори“ (2012), „Борење со мечка“ (2013), „Ограда“ (2014), „Доктор Жими Мајка“ (2015), „Куферот“ (2016), „Баба се мажи“ (2016), „Сонце мое“ (2017), „Последниот Македонец“ (2018), „Баба бегалка“ (2019).

Наградуван е повеќе пати. Драмата „Страв и срам“ во 2007 год. доби посебна награда за иновација за просвета во здравството. Со драмата „Ограда“ се здоби со национална награда за култура во 2015 год. Владата на Нов Јужен Велс во 2015 год. го награди со посебна државна награда за унапредување на драмската уметност. Во 2015 година се здоби со наградата „Александар Македонски“ за животно дело во театарската уметност. За книгата поезија „Забранета љубов“ во 2010, ја доби наградата Иселеничка грамота, а во 2011 година за книгата поезија „Украдени мисли“ ја доби престижната награда „Стојан Христов“ на СВП.

Душан Ристевски е основоположник на Литературното друштво „Григор Прличев“ (1978), Македонско австралиската добротворна асоцијација (1982) и на Австралиско-македонскиот театар од Сиднеј (2007), член на Друштвото на писателите на Македонија, член на Друштвото на новинарите на Македонија и член на Македонското научно друштво од Битола.

DUSHAN RISTEVSKI - MACEDON

Dushan Ristevski was born in 1954 in Bitola – Macedonia. He migrated to Sydney in 1973. Having completed his Diploma in Welfare Work in 1985 and Bachelor of Social Sciences in 1991, in 1996 he gained his Masters Degree in Counselling/ psychotherapy.

Dushan's plays have been performed both in Australia and Macedonia and is published author of the following books of poetry: Polutici (1984) republished bilingually Polutici – Fragments (1989), Dream-Agony (1992), Clasp (2001), Flower-Woman (2003), Stolen Thoughts (2009), and Forbidden Love (2009); the Monodramas: Mother (1990), Chento (2015 & 2016), Neda (1996 & 2016, The Stone of Robi (2018), Longing for South (2019); Dramas: Fear and Shame (2008), Mr Balkan (co-author) (2009), Old and Happy (2010), Raskol (2011), Leave the Candle Alight (2012), Wrestling the Bear (2013), The Fence (2014), Doctor Dodgy (2015), The Suitcase (2016), Grandma's Getting Married (2016), My Sunshine (2017), The Last Macedonian (2018), Grandma Elopes (2019).

For the play Fear and Shame in 2007 he was awarded with the St George Hospital and Community Health Service Award of Excellence for Innovation in Health Education and also the National Centre of Mental Health (2009) awarded Dushan for promoting mental health. In 2015 he was awarded with the "Aleksandar the Great" Life achievement theatre award. The play The Fence in 2015 received the National marketing award for art and culture. In 2015 the State Government of NSW awarded Dushan for promoting art and culture. In 2010 his book of poetry Forbidden love was awarded with Iselenichka Gramota and in 2011 for the book Stolen Thoughts he received the prestigious award Stojan Hristov at the Struga International Poetry Festival.

Dushan is a founding member of the Macedonian Literary Association of Australia "Grigor Prlichev" (1978), Macedonian Australian Welfare Association (1982) and Australian Macedonian Theatre of Sydney (2007), member of the Writers' Association of Macedonia, the Journalists' Association of Macedonia and Macedonian Art and Science Society of Bitola.

Содржина

ВОВЕД.....5

INTRODUCTION.....9

КОЈ Е СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН? (Биографија).....13

WHO IS SLAVE' KATIN? (Biography).....22

ПРВ ДЕЛ.....31

МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО.....31

СЛАВЕ КАТИН И НЕГОВИТЕ ДЕЛА ПОСВЕТЕНИ НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО.....33

СО ПОЧИТ КОН МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (1).....40

ПУБЛИЦИСТИКАТА – ГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК И ЉУБОВ КОН МАКЕДОНСКИОТ И АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ЗА КАТИН (2).....45

„МАКЕДОНСКИ ХОЛОКАУСТ" - ПРВО ДЕЛО ПОСВЕТЕНО НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (3).....49

ИНФОРМАТИВНИТЕ ГЛАСИЛА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ВО СВЕТОТ (1945-1992) (4).....53

ПЕЧАЛБАРСКИОТ КОПНЕЖ НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (5).....59

ДЕЛ ОД СУДБИНАТА НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО ВО СВЕТОТ (6).....65

ИСЕЛЕНИЧКИ ХОРИЗОНТИ КОН ПАТУВАЊАТА НИЗ СВЕТОТ (7).....71

ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНЦИТЕ ВО САД И КАНАДА" – ЗНАЧАЈНО ДЕЛО НА СЛАВЕ КАТИН (8).....76

ПАТУВАЊАТА ПО СВЕТОТ ПРЕТСТАВЕНИ ВО ДЕЛАТА „СВЕТОТ НА ДЛАНКА" И „ЕВЛИЈА ЧЕЛЕБИЈА" (9).....88

ИСЕЛЕНИЧКА ВИСТИНА ВО ДЕЛАТА „ИЛИНДЕН ВО ЉУБОЈНО И ПРЕСПА“ И „ИСЕЛЕНИЧКА ВРТЕЛЕШКА“ (10) 94

ДЕЛОТО „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“ – БИОГРАФСКИ КОЛАЖ ЗА ИСЕЛЕНИЦИТЕ (11)..... 99

„MACEDONIANS IN THE WORLD“ (МАКЕДОНЦИТЕ ВО СВЕТОТ) (12)..... 105

„МАКЕДОНЦИТЕ ВО СВЕТОТ“ – ДЕЛ ОД ИСЕЛЕНИЧКАТА ВИСТИНА (13).....112

ВИСТИНАТА ЗА ЕТНИЧКА ПРЕСПА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „ПРЕСПАНСКА РАЗГЛЕДНИЦА“ (14).....117

ДЕЛ ОД ПУБЛИКАЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЦИ ОД СВЕТОТ ПРОМОВИРАНИ ОД СЛАВЕ КАТИН (15)..... 122

ВТОР ДЕЛ 127

ЦРКОВНОТО ЖИВЕЕЊЕ.....127

СЛАВЕ КАТИН И НЕГОВИТЕ ДЕЛА ПОСВЕТЕНИ НА ЦРКОВНОТО ЖИВЕЕЊЕ 129

МАКЕДОНСКИТЕ ОПШТИНИ, ЦРКВИ И МАНАСТИРИ НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ВО АВСТРАЛИЈА, КАНАДА И САД (1) 135

МОНОГРАФИЈАТА ЗА СОБОРНИОТ ХРАМ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО ТОРОНТО (2)..... 140

ВО ЧЕСТ НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ И ПОКЛОНЕНИЈАТА ВО РИМ (3)..... 144

СРЕДБИ СО ПАПАТА ЈОВАН ПАВЛЕ ВТОРИ ВО РИМ (4) 150

ЦРКОВНОТО ЖИВЕЕЊЕ ВО ДЕЛОТО ЗА МАНАСТИРОТ „СВЕТА БОГОРОДИЦА“ ВО СЛИВНИЦА (5) 155

ЗНАЧАЈНО ДЕЛО ЗА „СВЕТИТЕ ЗЕМЈИ“ ИЗРАЕЛ И МАКЕДОНИЈА (6) 161

ДЕЛА ЗА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ПРОМОВИРАНИ ОД СЛАВЕ КАТИН (7)..... 167

ЕРУСАЛИМ И ОХРИД - ГРАДОВИ НА ВЕЧНОСТА (8)..... 175

ТРЕТ ДЕЛ 179

ЛЕКСИКОГРАФСКИ ИЗДАНИЈА 179

СЛАВЕ КАТИН – АВТОР НА ЗНАЧАЈНИ ЛЕКСИКОГРАФСКИ ДЕЛА 181

„AN ENGLISH-MACEDONIAN LIMNOLOGICAL DICTIONARY“ („АНГЛИСКО – МАКЕДОНСКИОТ ЛИМНОЛОШКИ ЛЕКСИКОН“ – ПРВО ДЕЛО НА СЛАВЕ КАТИН (1) 184

„ВЕТЕРИНАРНИОТ РЕЧНИК“ – ПРИДОНЕС ВО ВЕТЕРИНАРНАТА НАУКА (2) 189

„БИБЛИСКИОТ РЕЧНИК“ ПРВО ДЕЛО НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК (3)... 193

ЛЕКСИКОГРАФСКИ ИЗДАНИЈА ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ НА СЕДУМ ЈАЗИЦИ (4) 199

ЧЕТВРТИ ДЕЛ 203

ПУБЛИКАЦИИ СО ИСТОРИСКА СОДРЖИНА 203

ДЕЛА СО ИСТОРИСКИ ТЕМИ НА АКАДЕМИК АНТОНИЈЕ ШКОКЉЕВ - ДОНЧО, СЛАВЕ КАТИН И РИСТО СТЕФОВ 205

ЗНАЧЕЊЕТО НА ДЕЛОТО „ПРИДОНЕСОТ НА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА“ (1) 210

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕЛОТО „ОД ПАНОНИЈА ДО ЕГЕЈ“ (2)..... 216

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕЛОТО „ПРАИСТОРИЈА НА ЦЕНТРАЛНИОТ БАЛКАН“ (3)..... 221

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ВО ДЕЛОТО „ИЛИНДЕН 1903-2003“ (4)..... 226

ВИСТИНАТА ЗА АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ (ВЕЛИКИ) И АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА (5) 230

ПЕТТИ ДЕЛ 237

МОНОГРАФИИ 237

СЛАВЕ КАТИН – АВТОР НА 18 МОНОГРАФИИ ЗА ПОЗНАТИ ЛИЧНОСТИ ВО ДИЈАСПОРАТА И МАКЕДОНИЈА 239

ДЕЛОТО „АТАНАС БЛИЗНАКОВ“ ПРВА МОНОГРАФИЈА НА СЛАВЕ КАТИН (1) 246

ДЕЛОТО „АНДРЕА БРАНОВ“ – ПРВА ДВОЈАЗИЧНА МОНОГРАФИИ НА СЛАВЕ КАТИН (2) 254

МОНОГРАФИЈАТА ЗА „СЕМЕЈСТВОТО ЈАНОВСКИ“ ОД ТОРОНТО (3) 257

МОНОГРАФИЈАТА „СВЕТЛЕ (СТИВ) СТАМЕВСКИ“ ЗА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИСМЕН ВО САД (4) 265

МОНОГРАФИЈАТА „ТОМОВ“ – ЖИВОТНА СТОРИЈА ЗА ФОЛКЛОРИСТОТ ГЕОРГИ (ЏОРЏ) ТОМОВ (5) 270

МОНОГРАФИИТЕ „БОШКО РАЈЧОВСКИ-ПЕЛИСТЕРСКИ“ И „ГОГА ПЕЧЕНКОВСКИ“ (6) 275

ПЕТАР СТАМАТОВ – ДОНАТОР ЗА МАКЕДОНСКИТЕ СТУДЕНТИ (7) .. 280

МИТРОПОЛИТОТ КИРИЛ – ПРВИОТ НАДЛЕЖЕН АРХИЈЕРЕЈ ВО МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО (8) 287

ГОЛЕМИОТ БИЗНИСМЕН И МАКЕДОНЕЦ ЃОРЃИЈА-ЏОРЏ АТАНАСОСКИ (9) 299

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА „ЗЕГИН“ ВО МОНОГРАФСКОТО ДЕЛО „ БЛАГОЈ МЕХАНЏИСКИ“ (10) 308

МОНОГРАФСКО ДЕЛО ЗА СИЉАН МИЦЕВСКИ – ПОЗНАТИОТ БИЗНИСМЕН И СПОРТСКИ РАБОТНИК (11) 313

ЕСМА РЕЏЕПОВА-ТЕОДОСИЕВСКА КРАЛИЦАТА НА РОМСКАТА ПЕСНА (12) 318

МОНОГРАФИЈАТА „СТИВ ПЉАКАС“ – ДЕЛО ЗА ДОНАТОРОТ И ГОЛЕМИОТ МАКЕДОНЕЦ (13) 325

ГОЈКО ЈАКОВЛЕСКИ, АЛИАС ГОЦЕ МАКЕДОНСКИ И НЕГОВИОТ ПРИДОНЕС ВО ИСЕЛЕНИШТВОТО (14) 333

МОНОГРАФИЈАТА ЗА СЕМЕЈСТВОТО „ВИДИНОВСКИ“ - ИНТЕРЕСЕН ИСЕЛЕНИЧКИ ЛЕТОПИС (15) 339

СТИХОЗБИРКАТА „ДОЖДОТ“ ОД ИЗАБЕЛ И СЛИКОВНИЦИТЕ ЗА САНДАРА, ДИНА И МАСИМО КАТИН (16)..... 345

ДУШАН РИСТЕВСКИ – МАКЕДОН..... 350

DUSHAN RISTEVSKI – MAKEDON..... 351

СОДРЖИНА 352

ИЗДАВАЧИ „*МАКЕДОНСКА ИСКРА*“ – СКОПЈЕ
ЛИТЕРАТУРНО ДРУШТВО „*ГРИГОР ПРЛИЧЕВ*“
СИДНЕЈ

ДУШАН РИСТЕВСКИ - МАКЕДОН

ТВОРЕШТВОТО НА СЛАВЕ КАТИН

(CREATIVE WORK OF SLAVE' KATIN)

Главен и одговорен уредник
Славе Катин

За издавачот
Драган Поповски

Уредници
Марјан Поповски
Славе Катин

Лектор
Елена Тошева

Превод
Ристо Стефов

Ликовно и графичко обликување
Боби Аврамовски - Македон
КОНТУРА , Скопје

Печат
КОНТУРА, Скопје

РИСТЕВСКИ-Македон, Душан
Творештвото на Славе Катин / Душан Ристевски-Македон. - Скопје :
Македонска искра, 2021. - 409 стр. ; 21 см. - (Едиција Публикации)

Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-202-077-8

а) Николовски-Катин, Славе, 1941- -- Публицистичка и лексикографска
дејност

COBISS.MK-ID 54283781

М-р Душан Ристевски-Македон е роден на 22 февруари 1954 година во Битола, градот на конзулите. Од 1973 година живее и работи во Сиднеј. Во Австралија завршил Виша социјална школа во 1985 година, дипломирал на Факултетот по социологија во 1991 година, а магистрирал во 1996 година на Факултетот по социологија и хуманистика.

Тој е познат и признат македонски иселеник кој е поет, драматург, автор на седум стихозбирки, 5 монодрами и 13 драми. Тој е основоположник на Македонското литературно друштво „Григор Прличев“ (1978), кое е прво од ваков вид и е една од најзначајните македонски асоцијации во Сиднеј и пошироко, на списанието „Повод“ (1978), на Македонско австралиската добротворна асоцијација (1982) и на Австралиско-македонскиот театар од Сиднеј (2007).

Неговите новинарски, публицистички и драмски текстови имаат големо значење, бидејќи тој е директен учесник во настаните меѓу македонските иселеници во Австралија и тоа не како обичен набљудувач, туку како човек кој поминал низ успехот, напредокот, постигнувањата, животот и делата на македонското иселеништвото од сите делови на Македонија..

Душан Ристевски-Македон е член на Друштвото на писателите на Македонија, член на Друштвото на новинарите на Македонија и член на Македонското научно друштво од Битола. Во исто време Душан е голем афирматор на Македонците во Австралија и чувар на македонската вистина и Македонија.

ISBN 978-608-202-077-8